УНИВЕРЗИТЕТ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**м-р ЗОРАН НАЦЕВ**

# ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**( ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)**

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 1993 ГОДИНА**

# С О Д Р Ж И Н А


| | | СТРАНА |
|---|---|---|
| 1. ВОВЕД | ....... | 1 |
| 2. Општествено - историска условеност на оспособувањето за одбрана и заштита | ....... | 8 |
| **2.1. Историски преглед на развојот на оспособувањето за одбрана и заштита** | ....... | 8 |
| **2.2. Современи тенденции во развојот на оспособувањето за војна** | ....... | 25 |
| **2.3. Народно ослободителната војна и оспособувањето за одбрана** | ....... | 27 |
| 3. Повоениот развој на оспособувањето за одбрана и заштита во поранешна СФРЈ | ....... | 31 |
| 4. Основи врз кои се заснова оспособувањето на граѓаните за одбрана и заштита | ....... | 41 |
| **4.1. Основи на политиката и доктрината на одбрана на Република Македонија** | ....... | 42 |
| **4.2. Човечкиот потенцијал во Република Македонија** | ....... | 48 |
| 5. Едукација на младината за одбрана и заштита | ....... | 57 |
| **5.1. Воспитувањето и образованието на учениците од основното образование за одбрана и заштита** | ....... | 57 |
| *5.1.1. Наставната програма по одбрана и заштита во основните училишта* | ...... | 60 |
| *5.1.2. Вградените содржини од областа на одбраната и заштитата во други предмети* | ....... | 67 |
| *5.1.2.1. Патриотското воспитание во функција на одбраната* | ....... | 80 |
| *5.1.3. Воннаставните и воншколските активности од интерес за одбраната и заштитата* | ....... | 84 |

**5.2. Воспитување и образование на учениците од средното образование за одбрана и заштита** ....... 92

*5.2.1. Едукација на средношколската младина за одбрана и заштита во периодот од 1986 до 1992 г* ....... 94

*5.2.2. Изборната и факултативната настава по одбрана и заштита* ....... 104

*5.2.3. Вградените содржини во рамките на други наставни предмети* ....... 105

*5.2.4. Вонnаставните и слободните ученички активности* ....... 107

*5.2.5. Има ли потреба од едукација на младите за одбрана и заштита во средното образование* ....... 108

*5.2.6. Поставеноста на програмските содржини од одбрана и заштита во средното образование* ....... 113

**5.3. Оспособување на студентската популација за одбрана и заштита** ....... 121

*5.3.1. Предметот одбрана и заштита* ....... 123

*5.3.2. Пристап кон оспособувањето на студентската популација за одбрана и заштита* ....... 127

*5.3.3. Посебни стручни програми од областа на одбраната и заштитата на одделни факултети* ....... 143

**5.4. Оспсобување на младината која не посетува средни училишта - воншколска младина** ....... 145

6. ОДБРАНБЕНО ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВОН ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ....... 155

**6.1. Општи карактеристики на оспособувањето на младите за одбрана** ....... 156

**6.2. Оспособување на младите во Швајцарија, Австрија, Шведска, Данска, В.Британија, САД и Израел** ....... 158

7. ОСПОСОБУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ....... 167

**7.1. Историски развој на цивилната заштита** ....... 167

**7.2. Развој на цивилната заштита во светот и кај нас** ....... **170**

**7.3. Глобални аспекти на цивилната заштита во светото по Втората светска војна** ....... **178**

**7.4. Поставеноста на цивилната заштита во нашата Република и образложенија за нејзино постоење во други земји** ....... **187**

**7.5. Досегашна поставеност на оспособувањето за цивилна заштита во нашата земја** ....... **200**

**7.6. Новата регулатива за цивилна заштита и можниот начин на оспособувањето на граѓаните за самозаштита, на повереницитe, штабовите и единиците на цивилна заштита** .... **206**

*7.6.1. Оспособувањето на граѓаните за самозаштита во рамките на цивилната заштита* ....... **207**

*7.6.2. Оспособување на повереницитe на цивилната заштита* ....... **221**

*7.6.3. Оспособување на месните единици на цивилната заштита* ....... **234**

*7.6.4. Оспособување на штабовите на цивилната заштита* ....... **252**

8. ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО ОДДЕЛНИ ЕВРОПСКИ И ДРУГИ ЗЕМЈИ ....... **264**

9. МОЖНИОТ МОДЕЛ НА НОВАТА ОРГАНИЗАЦИСКА И ФУНКЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ....... **292**

10. ЗАКЛУЧОК ....... **316**

11. НАПОМЕНИ ....... **333**

12. ПРИЛОЗИ ....... **339**

13. ЛИТЕРАТУРА ....... **340**

# В О В Е Д

Природни се човековите настојувања и потреби да ги елиминира или пак да ги намали ефектите од сите можни видови на загрозувања, присутни во природата и општеството. Загрозувањата, ( природни, антропогени и биолошки ), како деструктивни појави, се стари колку и самиот живот, постојат од кога постои светот. Поради тоа, во секоја заедница на луѓе постоеле некои од облиците за заштита од загрозувањата. Доминантниот облик на заштита, во определено општество, главно бил условен од општествените односи, економската база и од оспособеноста на луѓето за активно дејство и заштита.

Војната како специфичен феномен и општествено-историска појава и како вид на загрозување е постојан придружник во историскиот развој на човештвото. Таа наметна потреба од посебен начин на оспособување и подготвување на луѓето за учество во неа. Пристапот кон оспособувањето на луѓето за оваа општествена функција секогаш бил условен од односот на општествената заедница кон војната и одбрамбено-заштитното организирање. Тој, всушност, претставува одраз на вкупните владеачки општествени односи.

Наблудувајќи го процесот на оспособување за одбрана и заштита во поранешна Југославија, во периодот до осамостојувањето на Република Македонија, може да се забележи дека тој бил сообразен со политичкиот систем на општеството, со системот на одбраната, со воспитно-образовниот систем и во согласност со концепцијата на одбраната, при што бил конституиран и развиен посебен систем на оспособување на луѓето за одбрана и заштита.

Активностите кои биле преземани за реализација на тој систем во практиката, во крајна линија, биле во функција на јакнењето на одбрамбената способност на општеството во стратегиски размери, на одвраќање на евентуалниот агресор и за спротивставување на секој вид загрозување на безбедноста и независноста на земјата. За остварување на овие темелни определби во практиката, биле создавани услови за оспособување на граѓаните во смисла на изградба на соодветен степен на нивна определеност за одбрана и заштита на вредностите, за дејство во воени услови и во ситуации на мирновременско загрозување на човекот и материјалните добра од разновидни природни и други катастрофи и незгоди.

Во суштината на сите досегашни активности во одбрамбено - заштитната област, а со тоа и во сферата на оспособувањето, доминирало поопштествувањето како фундамент на процесот на изградбата на концептот на одбрамбеното организирање - вооружен народ. Тоа била константна тенденција и определба во повоената изградба на одбраната на поранешна СФРЈ, се до осамостојувањерто на Република Македонија, кога работите на овој план радикално се менуваат. Еден од резултатите на таквата позиција и улога на граѓанинот во поопштествениот одбрамбено-заштитен систем било и тоа што огромен број на луѓе, со различни можности и нееднаква мотивација, требаа да се оспособат за она што треба да го знае секој човек за одбраната и заштитата, како и за она што од него го бараше конкретната општествена функција. Од ова можат да се насетат димензиите. сложеноста, обемот и вложувањата кои беа присутни во оваа област.

По осамостојувањето Република Македонија, и во областа на одбраната се најде во позиција да бара автентични патишта за изградба на сопствен одбрамбено-заштитен систем, иманентен на

нејзините можности и потреби. Во "наследство" останаа структурни делови на повеќедецениски изградуван заеднички федерален концепт на одбрана кои требаа да се трансформираат во согласност на новите услови на политичко и економско живеење на републиката, како и да се вклопат во современите текови и достигања во областа на одбраната и заштитата. Тоа апсолутно не е лесна задача, особено ако се има предвид дека добро поставен и функционален систем на одбрана се создава, гради, доградува со години и децении за што се потребни мошне сериозни научни и стручни истражувања и проучувања на секој сегмент од тој систем бидејќи тој мора да ги одрази сите објективни и субјективни фактори кои го детерминираат.

Република Македонија, градејќи го новиот модел на одбрана, во основа се потпре на поранешните решенија. Истите, во помал или поголем обем претрпеа одделни измени, како во делот на вооружените сили така и во цивилниот сектор. При тоа, искуствата од повеќе земји, применливи и во наши услови беа во определен обем, соодветно вградени во одделни делови на системот на одбраната. Практична операционализација на законските и другите нормативно-правни акти од областа на одбраната сеуште се во фаза на поставување и структуирање. Слична е состојбата и во делот кој се однесува на оспособувањето на граѓаните за одбрана и заштитта. Се прават определени напори тоа да се приспособи кон новонастанатите услови и состојби при што според наши сознанија и проучувања, главно доминираат парцијални, прагматични решенија, во основа недоволно научно осмислени и фундирани.

Оттука во трудов, направивме обид да понудиме еден поцелосен научен пристап кон проблематиката на оспособување на граѓаните за одбрана и заштита во Република Македонија. Се определивме за проучување и трасирање на можни решенија во две

крупни подрачја: во областа на едукација на младината за одбрана и заштита и во делот кој се однесува на оспособувањето на граѓаните за цивилна заштита.

Прашањето на воспитувањето и образованието на младината за одбрана и заштита во воспитно-образовните организации, во последно време е мошне актуелна работа, при што од страна на стручната и поширока јавност не постои единствен став. Напротив, дијапазонот на мислења се движи во релации на негирање на потребата од оваа дејност, на нејзино извлекување надвор од школскиот систем, па се до пренагласено глорификување на оваа потреба. Меѓутоа, може да се забележи дека сето ова, во определен обем и интензитет, било присутно во целокупниот досегашен развој, при што отпорите и давањето на значење на оваа работа, постојано варирале на една или друга страна, сообразно на општествената и политичката клима и промените на општеството.

Контроверзите на овој план, во трудов се обидовме да ги сведеме во рамките на она што за нас е рационално и потребно, преку нудење на решенија кои претставуваат определен сублимат на наши досегашни искуства во оваа област. барањата на новото време и потребата за вклопување на оваа дејност во современите текови на едукацијата за одбрана и заштита, присутна во развиените и демократски земји. Во тој контекст, се обидовме да дадеме одговор на неколку основни прашања,а тоа се: дали воопшто е потребна едукација на младината за одбрана и заштита во воспитно-образовните институции на сите нивоа ?, како таа да биде поставена во и вон школскиот систем ?, кои наставни и други содржини би требало да бидат застапени за одделни категории на младина и др.

На спомнативе и други прашања, одговори и видувања презентираме за основното образование, за средносто, вишото и

високото, како и за вонушколската младина. При тоа, одделуваме посебен дел во кој укажуваме на некои аспекти во оваа област, во други земји, со цел компарацијата да биде во функција на согледувањето на дострелите на другите во оспособувањето на младината и како искуство за проектирање на сопствени решенија. Мора да нагласиме дека некои искуства на другите ги искажуваме во релативно скромен обем од причини што не бевме во можност, во услови во кои се најде нашата Република, да обезбедиме пообемна и порепрезентативна странска научно-теориска и стручна литеретура за оваа проблематика.

Втората крупна целина се однесува на оспособувањето на граѓаните за цивилна заштита. Бидејќи за овој сегмент од системот на одбрана на Република Македонија, Владата на република Македонија има донесено речиси целокупни нормативни решенија за поставеноста на цивилната заштита во земјава, бевме во можност истата детално да ја проучиме и врз основа на тоа да понудиме и соодветен пристап кон оспособувањето на одделни структури на цивилната заштита. Посветивме нешто повеќе внимание на постоечката организациона и функционална поставеност на цивилната заштита во нашата Република и во одделни западноевропски земји, бидејќи тоа се и основни детерминанти врз основа на кои вршиме проектирање на пристапот и содржините на оспособувањето за цивилна заштита. Со оглед на тоа што кај нас има пријавени и одобрени теми за магистерски и доктрорски трудови, во чија основа доминира разработката на системот на цивилната заштита (односно цивилната одбрана) во Републиката, се определивме за критичен осврт и анализа на сегашните системски решенија во цивилната заштита во обем нужен за наши потреби и за елаборација на видувањата во смисла на тоа како ние сметаме дека би требало да биде поставена

цивилната заштита ( цивилната одбрана ) во Република Македонија. И за двата случаја ги презентиравме основите на оспособувањето за цивилна заштита.

Во првобитната замисла планиравме во трудот да го обработиме оспособувањето за одбрана и заштита на категоријата "население" и на кадрите кои професионално се занимаваат со одбраната. Оспособувањето на населението, кое опфаќаше вклучување на оние граѓани кои не се опфатени со некој од претходните модели на обука, не го издвоивме во засебна целина, туку го вклопивме во делот на цивилната заштита кој се однесува на самозаштитата. Тоа беше нужно и поради тоа што со Законот за одбрана и други подзаконски акти не е предвидено издвојувањето на оваа категорија на граѓани во посебна целина за која би се планирало и изведувало оспособувањето. Поради тоа понудивме едно сосема ново решение кое има поинакви димензии од досегашното.

Се одлучивме да не одвојуваме посебен дел кој би се однесувал на едукацијата на професионалните стручњаци од областа на одбраната и заштитата, од причини што оваа проблематика е веќе разработена.

Оспособувањето за одбрана и заштита има своја долга историја. Практично со самата појава на загрозувачките елементи се наметнува потребата, покрај друго, и за оспособување на луѓето да се справат со таквите деструктивни појави. Со развојот на човековата цивилизација напоредно се одвиваат процесите на напредок во сите области на човековото живеење и појави кои го загрозуваат и уништуваат човекот и неговите материјални вредности манифестирани во најразлични облици. Оттука, посебно се навраќаме кон согледувањето на развојот на оваа дејност во одделни фази на развојот на човештвото и во нашата земја, со цел да се согледа

нужноста и потребата од оспособување за одбрана и заштита.

Основната ориjентациjа на трудот е насочена кон проектирање на решениjа во функциjа на доградување и оптимализациjа на системот на оспособување на цивилните структури во согласност со можностите и потребите на Република Македониjа, а преку анализа на досегашната практика, вкупните состоjби на оспособувањето, низ призма на општите општествени промени и новите решениjа во одбрамбено-заштитната сфера во Република Македониjа и светските искуства во овоj домен.

# 2. ОПШТЕСТВЕНО ИСТОРИСКА УСЛОВЕНОСТ НА ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА

## *2.1. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА РАЗВОЈОТ НА ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА*

Човековото општество има свој настанок и свој развоен пат што претставува и пат на оспособувањето за одбрана и заштита како битна човекова и општествена дејност. Всушност, историскиот развој на општеството се јавува како детерминанта на развојот на оспособувањето за одбрана и заштита. Оспособувањето на луѓето за војна е старо колку и воеността организирање, односно колку и војната како општествено историска појава.

Постојат редица објективни ограничувања за целосна и континуирана анализа на оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита. Едно од основните е надостигот и некомплетноста на документите кои би овозможиле целосно и сигурно следење на развојот на оваа појава. Од друга страна, и постоечките парцијални зафати и осврти на одделни прашања во кои се анализираат воеността организирање и подготовките на определени општествени заедници за војна и водење на војна, во чии рамки се анализира и оспособувањето на луѓето за оваа општествена функција, докрај не ја одразуваат суштината и законитоста на проучуваната појава. Но и покрај нагласените ограничувања, во задоволителен степен е можна историска анализа на оспособувањето за одбрана и заштита, барем во рамките на барањата што се поставуваат во овој труд.

а) **Во родовското општество** луѓето биле насочени кон потребата постојано да ја обезбедуваат елементарната егзистенција. Во такви услови, во секојдневната борба со природата,работата била императив и обврска за сите бидејќи нискиот степен на развојот на производните сили не допуштал поделба на трудот и поделба на луѓето освен по пол и возраст. Анализирајќи го животот, условите и амбиентот во кои егзистирале и се бореле за опстанок поединците и групите во првобитното општество, се поставува прашањето: дали на тој степен на развојот на општеството имало некое оспособување за одбрана и заштита ? Дилеми во однос на потврден одговор не треба да има со оглед на фактот дека загрозувањето на луѓето е редовен придружник на човечкиот род, на кој и да е степен да се наоѓа општеството.

Имено, разните природни појави ги загрозуваат луѓето и нивните стекнати материјални добра што природно имплицира едно сознание дека на загрозувањето може да се спротивстави секој, но со диференциран ефект, пропорционално определен и условен од способноста и вештината на луѓето. Оттука се раѓа потребата за учење на разни вештини кои омозвожувале смалување на ефектите од загрозувањата. Деталите на старите египетски и персиски споменици прикажуваат разни физичко- вежбовни активности на луѓето преку кои овие народи стекнувале определени вештини неопходни за преживување, работа, лов и борба во суровите животни услови, во услови кога поделбата на трудот на производители и војници сеуште не била доволно издиференцирана.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Во општеството кое сеуште не знае за издвојување на сили за посебен вид општествена активност - војната, не може да има ниту посебно воспитување кое би било насочено исклучиво за оспособување за војна. Место тоа, постои соединето оспособување кое опфаќа и борба како дел од неподелениот живот.

Меѓутоа, во развојот на првите вештини се наоѓаат никулците на оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита, како претходница на развојот на боречките вештини кои подоцна се развиле во вештини за водење на борба во воените судири. Таквото оспособување имало свои цели и било во функција на спротивставувањето на загрозувањето од каква и да е природа.

Во повисокиот степен на развојот на родовското општество, кога почнало да се произведува повеќе отколку што било нужно за гола егзистенција, се јавува социјално раслојување на родовското општество, настанува поделбата на трудот и се создаваат општествени и историски услови за појавата на класното општество. По раздвојувањето на општеството на класи владеечката класа развива и оспособува сопствена воена сила, доволно подготвена да ги остварува нејзините интереси. Тука се наоѓаат корените на организираното воено воспитување и образование, кое од самиот почеток на своето настанување било издвоено од редовниот школски систем на општеството.

Моделите на оспособување директно биле условени од карактерот на вооружените судири, методите на војување и развојот на техниката за водењето на војната.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

б) **Во робовладетелската** општествено-економска формација војната е нераздвоен дел на начинот на производството. Воените походи се преземаат за обезбедување на работна сила и робови. Учеството во војната, оспособувањето и подготовките се работа на владеачката класа. Тоа е општество во кое значително се развиваат производните сили, материјалната основа, занаетите, трговијата, културата, филозофијата. Воспитувањето, како посебна дејност, организирана и институционализирана, била привилегија на робовладетелската аристократија.

Владеечката класа била во можност да развие единствен воспитно-образовен систем во кој се обезбедувало неопходното граѓанско и воено воспитување и образование. Постоечките разлики меѓу, на пример, Атина, Спарта и Рим, битно не го менуваат единството на воспитно образовниот систем на тоа општество.

**Во Спарта**, поради постоењето на огромен број робови и потребата тие да се држат во покорност, егзистирал посебен систем на оспособување на младите за војна. Вкупниот воспитен систем бил изграден со една единствена цел : оспособување на војник подготвен да владее со робовите, немилосрдно со оружје и со физичка сила да ги задушува нивните бунтови и да води успешна војна со соседите и со другите земји. Особено се инсистирало на развивањето на физичката и психичката подготвеност, способноста за ракување со оружјето, на изградувањето на кус и јасен војнички јазик, на проверката на оспособувањето на војниците. Заради тоа, децата од 7 до 18 години се издвојувале во посебни логори за развивање на физичка сила, на издржливоста, на снаодливоста, за оспособување за разни воени вештини, што, всушност, претставува и основна содржина на спартанскиот начин на воспитување.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

**Во Атина**, која била на повисок степен на економски и културен развој од Спарта, се истакнувал идеалот на хармониски развиена личност: физичка сила и убавина и духовна убавина и добрина. Но потребата за одржување на власта барала и соодветна вооружена сила. Поради тоа, тринаестогодишните деца се упатувале во школите за борба (полестри) во кои вежбале во петтобој и пливање, што претставувало физичка подготовка на младинците за воено воспитување кое отпочнувало во шеснасеттата година. Особено се преферирало моралното воспитување кое требало да придонесе за максимална приврзаност кон државата. Воведена била и заклетва со која се изразувала верноста и оддаденоста кон државата.

**Во Римската** република, на оспособувањето за војна се обрнувало уште поголемо внимание отколку во грчките држави. Причините за тоа лежат пред се во потребата за држење во покорност на освоените територии, како и во намерите за нови освојувања. Посебен акцент се придавал на развивањето на морално цврста и единствена војска. Военото воспитување се остварувало во рамките на општиот, граѓански систем на воспитување. Постојаната основа на оспособувањето била надополнувана со практикувањето на разни активности од доменот на оспособувањето за војската, какви што биле приредбите и воените игри, при што најдобрите поединци биле посебно наградувани и вреднувани.

в) **Во феудалниот** начин на материјално производство јакнењето на моќта на феудалните држави, се менувала и положбата на човечкиот фактор во војната. Воените походи веќе не биле начин за обезбедување на нова работна сила. Место робовладетелската милиција, надвладувала наемничка и ритерска војска. Мотивите за војна се повеќе се насочувале кон зголемување на вкупната општествена и економска моќ на феудалната аристократија, како и за

---

одржување на кметовите во потчинетост. Во таа војна, по правило, не можеле позначајно да се ангажираат најшироките народни маси со што и не постоела потреба за нивно посебно оспособување. Меѓутоа присутни се некои обиди (во XIV-от век) да се оспособува населението во вештини врзани за ракување и дејствување со оружје (лак и стрела) и други активности, но тие обиди набргу пропаднале.

Загрозените кметови во однос на феудалците биле во сосема друга позиција. Нивниот основен мотив за војување е врзан со борбата за опстанок. Вкупната состојба наметнувала потреба за некој вид на самоорганизирање и самооспособување на широките народни маси за намалување на ефектите на загрозувањата, но обидите да се воведе обука пропаднале поради незрелоста на објективните услови.

"Развојот на феудалните држави, пишуваше Меринг (1), е исполнет со војни и воена врева, но воените можности се многу мали, единиците се бројно слаби. Војната е постојано присутна, но борбите што имаа вистинско историско значење ...многу ретки ..." Но феудалецот беше заинтересиран да ја задржи и прошири својата моќ, а со тоа и беше условена неговата ориентација за воено воспитување, на сметка на граѓанското. Така и се роди системот на витешко воспитување претставувајќи истовремено воено и граѓанско, но со доминација на воени содржини.

Развојот на трговијата и на мануфактурата ги зајакнува и осамостојува градовите на кои се потпираше кралевската и кнежевската власт. За одржување и проширување на својата власт почнуваат да се изнајмуваат војници, со што отпочнува периодот на наемничка војска.

Последната фаза на развојот на феудализмот ( XVII-ти век ) ја карактеризира организиран пристап на оспособување на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

стоечката војска. Доаѓа до формирање на воени школи за образование на старешински кадар и војници за посебни специјалности. Офицерскиот кадар станува наставен, така што се воведува процес на усовршување.

г) **Капитилистичката епоха**, во однос на претходните општественоекономски формации, донесе нови квалитативни и квантитативни промени во сферата на материјалното производство, со што беа создадени објективни услови за производство на нови видови на вооружување, орудија и убиствени средства. Техничкотехнолошкиот подем во областа на вооружувањето резултираше со појава на нови доктрини и начини на војување. Дојде до промена и создавање на нови мотиви за војување, какви што се: изворите на суровини, екстра профит, потребата од нови пазари, развој и зачувување на капиталистичките општествено економски односи, обезбедување на ефтина работна сила, настојувањата за проширување на животниот простор и тн. Објективните општествено економски односи и новите мотиви за војување создадоа потреба за развој на масовни армии во чиишто состав нужно се вклучува и дел од населението, без оглед на класната и националната припадност.

Меѓутоа, масовните армии, опремени со се посовремени борбени средства, а во сообразност со новите доктрини за војување, условија потреба за создавање и на нови квалитети на живата сила. Луѓето требало многу повеќе да знаат, морале да имаат многу поразвиена мотивираност за учество во војната, поразвиени позитивни ставови во однос на оваа општествена активност, зголемена психофизичка оспособеност, повеќе самоиницијативност во изведувањето на акциите, како и низа други борбени квалитети.

Сето тоа беа предуслови од кои произлезе потребата за воведување на нови облици на воспитување и образование за војна.

Решенијата за зголемениот обем на задачи врзани за војувањето и оспособувањето на луѓето, мораа да се бараат надвор од традиционалниот начин на оспособување на војниците и тоа пред се во редовниот школски систем и институциите и организациите кои со својата дејност можат да придонесат за воено оспособување.

Така, во школските програми се вградуваат содржини кои придонесуваат за изградба на таква личност која што ќе биде оспособена и подготвена да ги оствари политичките определби на владеачката класа. Особено се нагласува патриотското воспитување, бидејќи тоа било добар медиум за изградба на мотивите и моралните квалитети на идниот војник.

Во стручните здруженија и општествените организации кои претежно имале полувоен облик на организирање,се реализираат активностите со патриотска интонација чијашто цел била оспособување и подготовка на своите членови за војна. Покрај тоа, во најголем број на европските капиталистички земји се преземаат и конкретни мерки за организирање и спроведување на оспособувањето за војна на најшироките слоеви на населението. Милитаризацијата на општеството станува се поизразена, а создавањето на покорен и лојален граѓанин станува идол на буржоаската педагогија.

Буржоазијата, во водењето како на одбрамбените, така и на освојувачките војни скоро редовно успевала да ги вклучи најшироките слоеви на населението. Како успевала во тоа и во ситуации кога нивните интереси не се совпаѓале со слободната волја на луѓето ? Одговорот на прашањето се наоѓа во самите процеси на конституирањето на буржоаското општество и тоа со воспоставувањето на капиталистичките производствени односи, со конституирањето на нациите како општествени групи и со оформувањето на националните држави како политички творби. Името, во тие политички заедници "на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

политички еднакви граѓани" на коишто им се гарантира слободата, еднаквоста, братството, со закон се воспоставува систем на должности, права и обврски. Бидејќи заедниците државите со самото свое постоење се повикани да ги штитат интересите на сите граѓани, тие стануваат овластени во војната сфера да ги утврдуваат правата обврските и должностите. Граѓаните, по тие норми мораат да се владеат и да ги исполнуваат. Во едни такви состојби се формираат нови мотивациски вредности коишто наемничката војска не ги познавала. Во прв план се истакнуваат: љубовта кон татковината, националната чест, светлите традиции и други вредности заради кои и работниот човек и граѓанин се ангажира во војната, најчесто во интерес на владеачката класа. "Историјата на граѓанското општество и на војните коишто се воделе и се водат, убедливо говори за тоа дека државите успеале токму врз овие вредности да ја ангажираат не само својата стоечка војска, туку и целиот народ во одбрана на земјата и општеството" (2). Меѓутоа, и самата природа на современите војни придонесе за масовно вклучување на луѓето иако не биле припадници на воените формации.

Со појавата на масовни армии бележиме конституирање на уште две форми на оспособување со кои се исполнува класичниот традиционалниот начин на организирање и подготвување на војниците за војна. Првата е воспоставување на предвојничка обука, а втората е оспособување на резервниот состав.

Со предвојничката обука е опфатена младината пред да замине на одслужување на воениот рок, а се организира и спроведува во училиштата, на факултетите,во младинските организации, во здруженијата, клубовите и во некои други политички и општествени организации. Предвојничката обука, покрај организираното спроведување и реализирање во редовниот наставен процес или во

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

некои од организираните форми на дејноста на општествените организации, за одредена категорија на млади се изведувала по пат на логорување во посебни наставни центри. Први чекори во спроведувањето на предвојничката обука бележиме во најразвиените европски земји : Германија, Франција, Англија, Италија, но набргу и другите земји го применуваат овој облик на оспособување на младината за војна.

Во рамките на нашето настојување да се уочат основните карактеристики и развојот на оспособувањето во одделни општествено економски формации, ќе истакнеме некои карактеристични примери на ова оспособување во некои најразвиени капиталистички земји во периодот на развојот на капитализмот.

Почетокот на XIX-от век е карактеристичен по интензивниот развој и унапредувањето на оспособувањето на луѓето надвор од вооружените сили, но пред се за должности во војна. Карактеристичен по многу нешта е системот на оспособувањето на луѓето за војна, развиен, во тоа време, во Германија. Имено воочувајќи ја неефикасноста на дотогашниот систем на оспособување а базирајќи се врз научните сознанија на теоријата и практиката на военото оспособување, како и на сознанијата на педагогијата и психологијата, Германија презема чекори кои претставувале нешто сосема ново во оваа област. Како прво, доаѓа до воведување на интензивно воено воспитување во германските училишта коешто подоцна се проширува на целокупната младина со воведување на посебен систем на предвојничка обука во сите организациони облици на оспособување, посебно внимание се посветува на патриотското и моралното воспитување, како и на развојот на психофизичките својства на личноста, во што особена улога имале разни спортски организации и здруженија потпомогнувани од страна на политичките и

воените органи. Брзиот подем во военото организирање на германската нација се должи токму на преземените активности во областа на оспособувањето. "До првата светска војна во Германија дејствуваа 7500 гимнастички друштва и стрелачки сојузи. Режимот што бил воспоставен во овие организации по многу нешта личел на воен, а содржината на работата обезбедувала стекнување на воени вештини, па дури и тактичко оспособување " (3).

Голема прсвртница во содржината на системот на оспособување на луѓето за водење војна претставува Француската револуција која донела сосема нови решенија во оваа област. Тие решенија се базираа врз новата општествена положба на францускиот војник граѓанин, што од своја страна придонесе за воспоставување и примена на современ систем на оспособување на народот за војна и одбрана од организационите решенија на новиот одбрамбен систем.

Во овој систем на оспособување посебно се нагласува морално политичкото и идеолошкото оспособување на народот. Со формирањето на територијалната војска програмските содржини за нејзино оспособување имаат сосема друга содржина и димензија. Кај младата генерација, предвојничката обука и физичкото воспитување стануваат обврзен начин на оспособување во училиштата. Надвор од училиштата, во рамките на активноста на голем број гимнастички, стрелачки и слични друштва се реализира патриотското, моралното и физичкото воспитување. Основна карактеристика на така развиениот систем на оспособување е сеопфатноста на воено стручното, морално политичкото и физичкото воспитување и образование. Основно значење на оспособувањето се изразува и во неговата трајност и непрекинатост на реализирање.

д) Оспособувањето на населението на **Југословенската територија** од крајот на XIIIот век па се до завршувањето на Првата светска

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

војна, во себе ги носи сите белези на околностите што владееле на Балканот и во Европа, најнепосредно одразувајќи се врз облиците, содржината и општествениот карактер на тоа оспособување. Меѓутоа, треба да се има предвид дека се присутни објективни ограничувања при разгледувањето на овој период, условени од фактот дека најголем дел на југословенските териотории бил под туѓинска власт, поради што појавата едноставно може да се следи преку примерот на Србија и Црна Гора.

Во српската држава во втората половина на XIXот век доаѓа до создавање на спортски и други општествени организации, во кои, покрај основната дејност, младите луѓе стекнувале знаења, вештини и навики од значење за војната. Во однос на школскиот систем, сите училишта биле обврзани да ја спроведуваат програмата за оспособување (воено вежбање) на учениците, почнувајќи од III клас па се до завршувањето на факултет.

Општата карактеристика на военото оспособување на населението во периодот до Првата светска војна во земјите на територијата на бивша Југославија е дека оспособувањето немало поголеми размери и системски карактер. Најчесто тоа било парцијално организирана воена обука на народната војска или предвојничка обука на младината од средните училишта или во спортските клубови и здруженија на граѓани.

е) **Во периодот меѓу двете светски војни** во поголемиот дел капиталистички земји главно егзистира веќе затекнатата практика на военото оспособување. Се поголемите општествени спротивности меѓу капиталистичките земји во тој период придонесуваа за зголемување на апстрактноста на моралните норми и тн. војнички добродетели. Меѓутоа, искуствата од Првата светска војна, а како последица на развојот на борбената техника, го

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

покажаа следното: дека полека се губи границата меѓу фронтот и задницата; дека во воените напори мора да учествува целокупното население; се појавува потреба да се оспособува што е можно поголем број на цивили за вршење на задачи непосредно или посредно во функција на вооружената борба. Исто така, се усложнува ракувањето со борбените средства, а тактичките дејства стануваат се посложени, што бараше образован и писмен борец. Од тие причини и оспособувањето за војна, во тој период, во себе соединува неколку основни елементи: воено стручно образование, моралнополитичко воспитување, општо образование и физички подготовки. Областа на организирањето и спроведувањето на оспособувањето нормативноправно се регулира со закони и упатства. Постигнатите резултати во оспособувањето биле директно пропорционални на степенот на развиеноста на воспитнообразовниот систем на секоја земја поединечно.

На планот на оспособувањето на војската и народот во периодот помеѓу двете светски војни, во однос на другите капиталистички земји најголеми резултати има постигнато Германија. Имено за остварување на реваншистичките аспирации ( по поразот во Првата светска војна ), на нацистите не им било доволно само да ги обучат своите војници за војна, туку и целата нација за таков потфат. Тоа доведе до целосна милитаризација на германското општество. Основна задача на германската педагогија беше да воспитува послушен, педантен и на фашизмот одаден војник. Во тоа посебно им помагаше и воспитно образовниот систем на германското општество , кој со сите свои елементи беше насочен кон воспоставување на "надчовек" повикан да владее со светот. Со оглед на високиот степен на општото образование на населението, оспособувањето на војската и народот за војна траеше мошне кратко,

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

без да се намали потребниот степен на оспособеноста.

Во реализирањето на задачите врзани за оспособувањето на народот за војна, особено на младите, беа ангажирани многубројни цивилни установи ( школи, факултети, специјализирани установи, клубови, друштва и слично). Резултатот на вкупното дејствување на општествените односи и фашистичката идеологија се огледаше во мошне високиот степен на оспособеноста на војската и народот за водење војна. Сепак, не може децидно да се тврди дека високиот степен на оспособеноста на војската и народот е резултат само на воспитно - образовната работа спроведувана во армијата и во цивилството пред и во текот на војната. Таквиот резултат се должи на развиениот воено - шовинистички и милитаристички систем на воспитување на германската нација граден во текот на повеќе генерации.

Системот на оспособување за војна во Велика Британија се карактеризира со низа специфичности, а една од нив е и обврската на воените обврзници да се оспособуваат по пат на логорување во траење од 10 до 12 дена, а по завршувањето на обуката биле распоредувани во резервниот состав на оперативната армија. Воените обврзници распоредени во резервниот состав биле повикувани еднаш годишно на воена вежба во траење од 12 дена заради дополнување и обновување на еднаш веќе стекнатите знаења. Надвор од армискиот состав, во системот на оспособување за војна биле опфатени учениците во средните училишта и вишите школи, религиозните младински бригади, младинските сојузи и организации. Постоела и широка мрежа на стрелачки сојузи во кои младината се оспособувала за користење оружје и со вештината на стрелање, што значително придонесувало за оспособување на младината и возрасните за војна.

---

Оспособувањето на луѓето и војската за одбрана во СССР во периодот по Октомриската револуција има специфичен белег условен од социјалистичкиот карактер на државата и нејзините настојувања да ги поопштествени класичните државни функции и одбраната. Тактичката и морално - плитичката обука заедно со идеолошката обука заедно со идеолошката работа стануваат важни фактори На оспособувањето за војна. Но, нискиот степен на општо образование на советскиот народ, се јавува како сопирачка за реализирање на концептот за масовно оспособување. Воочувајќи го значењето на општото образование за вкупнтата оспособеност за одбрана во СССР се пристапува кон просветувањето што директно се одразува и на оспособувањето за одбрана.

Оспособувањето на војската и населението на територијата на Југославија , во периодот меѓу двете светски војни, се засновувало врз веќе застарените доктринарни определби за водење војна и одамна надминатите и застарени организациони облици на обука. На ова се надоврзува и нискиот степен на општата образованост на народот и војската, што севкупно оневозможува побрзи промени во оспособеноста за одбрана. На масовното оспособување на населението не само што не се посветувало доволно внимание, туку, напротив, свесно се одело кон тоа народот да биде што подалеку од оружјето и соодветните воени знаења. Бидејќи војната доктрина не се темелела врз општенародна одбрана, биле исклучени и потребата и можностите за масовно оспособување на народот за вооружено и невооружено спротивставување.

Тежиштето на воеmake обучување во југословенската војска било насочено кон вежбање на строевата обука и на проучувањето на правилата на службата. Борбената обука не била во чекор со современите достигања и тенденции во обучувањето и не

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

била прилагодена кон современиот начин на војување. Ефикасноста на обучувањето главно се оценувала врз база на постигнатите резултати во стрелањето со боева муниција. Општата оценка за оспособеноста на народот за војна е дека ниту оддалеку не ја задоволувала потребата за неговото успешно ангажирање во престојната војна која веќе се назирала во почетокот на четириесетите години.

Ако се обидеме да ги воочиме карактеристиките на обучувањето на луѓето за војна, особено во поразвиените и подобро организираните воспитно - образовни системи на општеството, можат да се посочат три основни насоки на активностите.

Како прво доаѓа до воведување на специфични воспитно - образовни содржини во програмите на редовните школски системи. Најчесто се избирани и воведувани содржини што придонесуваат за развојот на патриотските чувства, готовноста да се војува за "интересот на татковината, народот, верата и сл.", за послушноста и оддаденоста на власта и владеачката класа. Се учеле некои вештини во функција на војувањето и се полагало на физичкото воспитување за развојот на силен и издржлив војник.

Како второ, во основната дејност на општествените организации со патриотска интонација, спортските друштва, друштвата за негување на традициите на народот, стрелачките и други организации, се инкорпорирани содржини во функција на воспитувањето и увежбувањето на луѓето, а особено на младите за подготовка и учество во војна.

Третата насока претставувало оспособувањето на луѓето во посебен систем на воено воспитување и образование, издвоен од редовниот школски систем на општеството, со посебни цели, задачи, организација и начин на реализација. Степенот на развој на овој систем бил условен од развојот на општествено - економските

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

односи, достигнатиот степен на развој на армијата како општествена институција. Издвоеноста на системот на военото образование, во својата посебност, има за последица прераснување на армијата во посебна институција и сила најчесто и над сопствениот народ.

Како општествена појава и вид на дејност, воспитувањето и образованието на луѓето за војна, имаат своја генеза, развојни фази, особености и определени законитости. Кусиот историски осврт на оспособувањето на народот и војската за водење војна во текот на развојот на општеството, покажува дека тоа секогаш е резултат на вкупните општествени односи и усвоената доктрина на одбраната.

Оспособувањето на младината, во сите фази на развојот на општеството, имало особено истакната улога и значење. Мошне рано е воочена потребата за масовно оспособување на народот и војската, чија реализација секогаш била диференцирана од развојот на вкупните општествени односи во самото општество.

Во земјите каде што постоел висок степен на општа образованост на луѓето, биле постигнувани повисоки резултати во оспособувањето за војна.

Историските факти укажуваат дека карактерот на оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита на вкупните вредности, во кој и да е општествено - политички систем, зависеле од степенот и карактерот на загрозувањето на земјата од развиеноста на борбените и неборбените средства и од развиеноста на тактичките дејства, од владеачката идеологија и степенот на нејзината прифатеност од страна на најшироките слоеви на народот и од сфаќањата за војната како општествена појава.

Постигнатите резултати во подготовката на луѓето за војна зависеле од поставеноста и развиеноста на системот на оспособувањето, од нивото на општата образованост како продукт на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

развиеноста на школскиот систем на даденото општество, и од нивото на усвоената доктрина за подготвување, организирање и водење на војна од стран на народот.

## 2.2. СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ВОЈНА

Искуствта од Втората светска војна и војните водени после неа укажаа на некои моменти од особено значење за развојот на воспитувањето и образованието на луѓето за војна. Во прв план се истакнува потребата за масовно учество во војната на секој способен човек, но, правовремено и сестрано оспособен на морален, идеолошки, организационен, војно- стручен и во секој друг поглед.

Другиот значаен момент се однесува на идеологизацијата на конфронтираните страни. Со силна информативно - пропагандна активност во периодот пред и во текот на конфронтацијата, народот на земјите во судир се изложуваат на силно идеолошко влијание и индоктринација која овозможува, покрај другото, и решавање на проблемот на прифатеноста на владеечката политика од страна на најшироките слоеви на народот.

Развојот на современите борбени средства за водење на војна и промените во начинот на изведување на борбените дејства, наметнаа барање пред идниот војник за сестрана морално - политичка и војно - стручна оспособеност во ракувањето со современи борбени средства за да може и знае да ги изврши се посложените задачи во борбените ситуации. Како резултат на тие сознанија нужно се наметна потребата за изнајдување и вклучување на нови решенија во процесот на оспособувањето на луѓето и менувањето на веќе традиционалните односи меѓу воено - моралните, психофизичките и стручните компоненти во процесот на обучувањето.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Сеопфатноста на војната по простор, време и ангажирање на луѓето , истакна потреба за диференцирано оспособување на целокупното население способно за борба и отпор. За комплетно морално - политичко, психофизичко и војно - стручно оспособување на целокупното население за војна, военото воспитување и образование се воведува во школските системи, во содржините на активноста на спортските, техничките и другите организации. Во некои земји се создаваат и посебни полувоени организации и здруженија.

Секоја земја, согласно на својот општествено - политички систем, има изграден сопствен систем на оспособување за војна. Во постоечките, конкретни системи на оспособување се воочуваат сличности но и извесни разлики. Разликите се условени пред се од општествено - историските факти и нивниот одраз врз начинот на војување, а сличностите произлегуваат од самите техничко - технолошки особености на војната и начинот на нејзиното водење. "Во земјите кои навистина се ориентирани за одбрана на сопствената територија, кои, значи, не мислат да освојуваат туѓи територии, се конституира и соодветен систем на подготвување. Потирањето врз сопствените сили во одбраната и нивното целосно ангажирање бара и соодветни решенија. Тоа условува и една широчина на зафаќањето /на секој човек/, непрекинато траење на подготовките и функционалноста на системот, за да се создадат услови за активирање на сите потенцијали. Одбраната се изведува на целата територија на бранителот, со сите сили и средства и на начин кој овозможува најефикасно спротивставување на агресорот, па, во склад со тоа се изградува одбрамбен систем кој опфаќа воспитување и образование за одбраната " (4).

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

## 2.3. НОВ И ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ОДБРАНА

Системот за оспособување на работните луѓе и граѓаните за одбрана и заштита во поранешна СФРЈ се развиваше врз темелните искуства од НОВ-а.

Комунистичката партија на Југославија, веднаш по Мајското советување, имајќи го предвид значењето на оспособувањето на народите, особено на младината, пристапува кон реализирање на програмата за оспособување на народите за водење на НОВ преку воените комитети. Но, освен комитетите, на овие задачи беа ангажирани и партиските работници, постоечкиот просветен кадар, органите на народната власт, антифашистичките организации на жените и младината, додека воените единици активно учествуваа и работеа на оспособувањето на борците и народот за вооружена борба.

Посебни задолженија имаа политичките комесари и старешините на воените единици коишто биле обврзани да работат на планот на воспитувањето и образованието на борците и народот, во духот на партиските определби. Една од задачите на комесарот била и грижата за ликвидација на неписменоста во одредот и културното издигање на партизаните.

Основни задачи на оспособувањето на партизанските единици, младината и народот, во почетниот период на војната биле насочени кон објаснувањето на крајните цели на агресорот и неговите слуги, значењето на борбата против окупаторот, потоа намалување на неписменоста, обука во ракувањето и употребата на борбените средства итн. Со оглед на тоа дека најголемиот број на припадниците на партизанските одреди бил без и какво да е познавање на воените вештини и со низок степен на општа образованост, уште од самиот почеток приоритетната активност на

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

партиското раководство и воените старешени били насочена кон оспособувањето на воените единици за ефикасно дејствување во водењето на вооружената борба.

Нискиот степен на општата образовност на населението во предвоената Југославија и големиот број на неписмено селско население, ги насочија основните активности на просветните органи на народноослободителното движење во правец на описменувањето на борците и населението, на идејно - политичка работа и оспособувањето за водење на вооруженото и невооруженото спротивставување. Специфичните услови за работа и дејствување ја диктираа организацијата, облиците и методите за дејствување. Образовната структура на просветниот кадар ангажиран во процесот на оспособувањето била мошне хетерогена, најчесто и самиот недоволно оспособен за извршување на приоритетно поставените воспитно - образовни цели и задачи. Реализацијата на задачите на оспособувањето се спроведувала во извонредно тешки услови без класичен школски систем и речиси без наставни средства.

Младината била основен носител на НОВ па и на задачите на оспособувањето за војна. Младината, уште од првите денови на војната била иницијатор, организатор и носител на разновидни политички, просветни и културни активности на воените единици, на ослободените територии и во заднината.

Но, покрај младината, голем придонес во реализацијата на задачите на оспособувањето за НОВ, дале и жените. Тие ги организирале, спроведувале и биле основни носители на здравствените и политичките курсеви, се ангажирале во описменувањето на народот итн.

Особено внимание се посветувало на оспособувањето на младите за изведување на разновидни акции од областа на

---

невооруженото спротивставување. Најзначајни активности во процесот на оспособувањето на младинците се одвивале во правец на стекнување на знаења и вештини за извршување на различни задачи во функција на оружена борба на ослободените и неослободените теритоии, за откривање на непријателот и известување на партизанските одреди за неговото присуство, негување и лекување на ранетите и болните, изработка на разновидни прирачни средства за противоклопна борба, изведување на акции за попречување, онеспособување, уништување итн.

По завршувањето на советувањето во Столице, Врховниот Штаб на НОПОЈ вложува натамошни напори за интензивирање на оспособувањето на единиците и старешинскиот кадар. Како приоритетна задача, условена од вкупната воена состојба, беше поставено барање, во што е можно покус рок да се оспособат борците, не само за ракување со оружје, туку и во изведувањето на тактичките борбени дејства. Сето тоа бараше интензивна работа за оспособувањето на боречкиот состав на военостручен и идеолошко - политички план. Основна форма преку која се реализирале поставените цели во програмата за оспособување на старешинскиот кадар, се разни видови на курсеви наменети за командниот кадар, кои по завршувањето на обуката стекнатите знаења и вештини ги пренесувале на своите непосредно потчинети.

Настојувањата да се реализира оспособувањето на народот и војската, во првите години на НОВ -а, биле сврзани со многу тешкотии предизвикани од релативно малиот број на ослободени делови на територијата, од недостигот на квалитетен и стручен кадар за реализација на оваа активност, од тешките материјални и други неповолни услови. Посебно значење за оспособувањето во овој период на војната има партизанскиот печат.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Значаен чекор во интезивирањето на оспособувањето на младите и народот за учество во војна и на планот на зголемување на општата образовност, е направен по Првото заседание на АВНОЈ. Просветниот оддел на Извршниот одбор на АВНОЈ во кус временски период изготви повеќе програми, скрипти и упатства кои требаше да ја унапредат просветната работа на ослободените територии, а со тоа и да придонесат за општата оспособеност на населението.

Во единиците на НОВ, со развојот на војната, се поголемо внимание се посветуваше на општото, морално - политичко и воено стручно образование. Со развојот на родовите во партизанските единици дојде до создавање на подофицерски и офицерски курсеви во школата на Врховниот штаб и во штабовите на корпусите, со цел оспособување на родовски специјалности.

Политичката работа, како елемент на вкупното оспособување на народот и борците, спроведувано од самиот почеток на војната, имало посебно значење. Сите старешини биле обврзани да ги воспитуваат војниците во духот на партиските определби, да ги шират идеите за рамноправност, братство и единство на народите и народностите итн.

Од овој кус приказ на начинот на оспособување на народот и борците за водење на НОВ, и начинот на воспитување и образование на младите во НОВ, видливо е дека корените на нашиот современ воспитно - образовен систем се наоѓаат во НОВ и Револуцијата. Интензивниот развој на школскиот систем на слободните територии и продолжување на таа ориентација и по војната, најдобро го илустрира значењето на општото образование на народот во вкупното оспособување за водење на општонародна одбрамбена војна.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

## 3. ПОВОЕНИОТ РАЗВОЈ НА ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА ВО ПОРАНЕШНА СФРЈ

Нашиот основен интерес во овој дел е насочен кон анализирањето на развојот на системот на оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита во повоениот период, надвор од вооружените сили.

Повоениот развој на системот на оспособувањето за одбрана и заштита ги следеше карактеристиките на развојот на општеството и одбрамбениот систем. До поопштествувањето на одбраната и заштитата, а со тоа и оспособувањето на општеството за оваа функција, таа ги носеше карактеристиките на времето и состојбите во кои што се најде и се развиваше земјата веднаш по ослободувањето.

Со воведувањето на социјалистичките самоуправни општествени односи беа создадени нови општествени услови и амбиент за поопштествување на одбраната како суштина на концептот за вооружен народ. Тие нови односи директно се одразија врз суштината, формите, облиците, содржината и општествениот карактер на оспособувањето за одбрана и заштита.

Општите услови во кои се најде земјата, непосредно по ослободувањето, беа мошне сложени, предизвикани од изолациониот притисок на Запад, од сталинистичкиот хегемонизам од Исток, од онеспособеноста на стопанските објекти и од други тешкотии кои ја доведоа во прашање слободата и територијалниот интегритет на земјата. Но и покрај сите тешкотии, народот уверен во исправноста на одбраниот пат на развој, цврсто беше решен да ја брани стекнатата слобода. Во вкупните напори за обнова на земјата се презема и конкретни чекори за оспособувањето на младината и на

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

населението за одбрана и заштита.

Поучени од поранешните искуства за местото, улогата и придонесот на младите во војната и проценувајќи дека и во секоја евентуална војна младите ќе бидат носител на одбраната на земјата, владата на ФНРЈ во 1948 година донесе уредба за воведување на предвојничка обука. Со оваа уредба се регулираат сите битни прашања врзани за организацијата и изведувањаето на овој начин на оспособувањето на младата популација за одобрана и заштита. Основните организациони решенија предвидуваат со обуката да бидат опфатени и посебно обучувани: селската, градската, и работничката младина кои не продолжиле со школувањето во средните училишта; гимназиската машка и женска младина; младината од двата пола во средните стручни школи и машката и женската студентска младина.

Младината којашто не продолжува со школувањето во средните училишта предвојничката обука ја совладуваше по пат на логорување, по единствен наставен план и програма, во циклус од три години со по деведесетишест часа годишно. Во наставата во средните училишта се воведува предмет Предвојничка обука со единствен наставен план и програма која се изучува во сите години на школувањето. Тежиште на оспособувањето на средношколската младина беше стекнувањето на практични знаења и вештини за водење на вооружена борба.

Предметот предвојничка обука на вишите школи и факултетите се изучува во сите години на студии, по единствена наставна програма, освен на медицинските и ветеринарните факултети, кои имаа посебен наставен план и програма.

Покрај обврзното изучување на посебна програма, во оспособувањето на младите за војна се преземаат и други мерки за јакнење на идејно - политичката свест, психофизичката оспособеност

и за стекнување на нови војностручни знаења и вештини во рамките на разни општествени организации и други организирани облици на собирање на младината.

Со процесот на децентрализацијата, деетатизацијата и со поопштествувањето на класичните функции на државата, а во тие рамки и на одбраната, следат определени трансформации и во областа на оспособувањето на младината за одбрана и заштита. Радикални промени во поглед на целта, содржината и организацијата на подготовката и обучувањето на младината за одбрана и заштита следуваат со донесувањето на Законот за народна одбрана во 1969 година во кој е утврдена обврската за обучување на целокупното население. "На обврската за обучување за одбрана и заштита подложни се сите граѓани на Југославија од шеснаесет до навршени шеесетипет години, ако се способни за обучување. На обука се подложни и ученици помлади од шеснаесет години ако обуката се изведува во рамките на наставната програма во училиштата" (5).

Врз основа на овој закон Сојузниот Секретаријат за Народна Одбрана ги утврдува основите на ориентационите наставни програми за "прва помош и заштита" за основните, "одбрана и заштита" за средните и "основите на народната одбрана" за вишите школи и факултетите.

Основна карактеристика на новата ориентација во оспособувањето на младите за одбрана и заштита се состои во фактот што таа веќе не се обучува само за нејзино брзо вклучување во единиците на вооружените сили за водење на вооружена борба, туку се оспособуваат за активни субјекти на вкупниот општествен развој и за субјекти на системот на одбраната. Воспитувањето и образованието за одбрана и заштита стануваат неопходност на општеството, бидејќи на тој начин нејзините членови се

оспособуваат за битна општествена функција - одбрана и заштита. Поопштествувањето на одбрамбените и заштитните функции претпоставуваше оспособување на младите за вршење на работите на одбраната и заштитата во секојдневна животна практика, како и за оспособување на одбрамбените и заштитните задачи во услови на мир, вонредни околности и во случај на војна.

Истовремено со изградбата и воспоставувањето на системот на оспособувањето на младината за одбрана и заштита во повоениот период се пристапуваше и кон оспособувањето на населението за одбрамбено заштитни задачи. Но, тој процес течеше со побавна динамика, како во поглед на реализацијата, така и во поглед на изградувањето на посебен систем. Најинтензивно се работеше на оспособувањето за потребите на цивилната заштита. Основите на цивилната заштита беа поставени во 1948 година со формирањето на одделението за противвоздушна одбрана при Сојузниот секретаријат за внатрешни работи. Со Уредбата која следи веднаш потоа беше утврдена и програмата за оспособување на обврзниците, со тежиште врз стекнување на знаења и вештини за заштита на населението и на стопанските објекти од воздушен напад.

Со законот за народна одбрана од 1969 година беа поставени темелите на цивилната заштита како значаен елемент на одбрамбениот систем чии делови се организираат и оспособуваат во населбите, месните заедници, претпријатијата, општините и во други места на живеење и работа на луѓето. Со спомнатиот Закон за народна одбрана (чл. 139) беше регулирано оспособувањето за одбрана и заштита на сите работни луѓе и граѓани од 16 до 65 години. Обврската за обучувањето беше утврдена за: младината; кадрите од областа на народната одбрана; за цивилната заштита и за населението коешто не е вклучено во претходните три категории. На

овој начин веќе беа поставени основните контури на систем за оспособување на работните луѓе и граѓани за одбрана и заштита.

Натамошната реализација на задачите на оспособувањето за одбрана и заштита се остваруваа во правец на целосно нормативно правно регулирање на оваа проблематика, усовршувањето и доградувањето на елементите на системот на оспособување и кон изграддување на единствени основи на наставните планови и програми за сите структури и нивоа на оспособување.

Со поранешните нормативно - правни документи: Уставот на СФРЈ и уставите на републиките и покраините, законите за народна обрана, насоките за одбрана на СФРЈ од агресија и други, беа уредени правата и одговорнисте и правците на акција на сите општествени субјекти во остварувањето на системот на оспособувањето. Со општествените договори беа утврдени единствени основи на оспособувањето на учениците во основните и средните училишта и на еднаков начин беа уредени сите подрачја на воспитната и образовнтата работа од одбраната и заштитата на учениците. Исто така, беа утврдени единствените основи на научно - истражувачката работа од областа на одбраната и заштитата на високо - школските установи во СФРЈ.

Истовремено, со конституирањето на системот на оспособување на младината за одбрана и заштита беше изградуван и единствен систем на оспособување на кадрите за одбрамбени подготовки на општеството. Во 1975 година беше утврден договор за единствени основи на школување и усовршување на наставниците по предметот Одбрана и заштита во средните училишта. Врз основа на тој договор отворени беа Факултети - насоки за школување и дошколовувње на кадри кои професионално ги вршат одбрамбено заштитните работи во различни сегменти на општествениот систем.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Процесот на натамошното усовршување на оспособувањето на младината и населението за одбрана и заштита беше базиран врз ставовите и определебите на највисоките државни и партиски органи кои всушност и ја одразуваат основната ориентација на општеството на овој план, и тоа:

- дека е право и должност на сите работни луѓе и граѓани на земјата, способни да ја посетуваат обуката, да се обучуваат за одбрана и заштита заради стекнување воени и други стручни знаења и вештини ;

- дека во одбраната и заштитатат на земјата во војна и мир учествува целокупното за борба, отпор и заштита способно население и

- дека е потребно сите за обука способни работни луѓе и граѓани на земјата да се оспособат за одбрана и заштита.

Овие ставови беа операционализирани во практиката преку доградувањето на постоечките организациони решенија и содржини.

Спомнатите документи и редица други наполно ги назначија сите елементи на структурата на оспособувањето на работните луѓе и граѓани во поранешна СФРЈ. Со нив беа нормативно регулирани правата, должностите, одговорноста и надлежноста на субјектите одговорни за развојот, планирањето, организирањето и спроведувањето на оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита надвор од оружените сили. Беа дефинирани општествените определби и начинот на реализирање во воспитно - образовниот процес. Во духот на тогаш важечкиот принцип на спогодување и договарање беше обезбеден единствен пристап кон остваривањето на воспитно - образовните цели на единствено организиран начин.

Со поопштествувањето на одбраната и заштитата се бараше и нов квалитет кај луѓето кои мораа да бидат доволно оспособени за

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

извршување на оваа општествена функција.

Пред да ги изложиме последните решенија во системот на оспособување за одбрана и заштита во поранешна СФРЈ надвор од вооружените сили, ќе го дефинираме поимот оспособување и оспособеност за одбрана и заштита. Зошто го правиме токму во овој дел, а не порано, како што е тоа методолошки вообичаено ? Постојат повеќе причини за тоа. Како што може да се забележи од одсегашното излагање појавата на поорганизирано подготвување на луѓето за учество во војна во смисла на тоа тие да стекнат определени војно - стручни знаења, вештини и навики и соодветно морално - политички психофизички да се подготват пред и во текот на водењето на војната, се означувала со различни термини: воспитување за одбрана и заштита, обучување, воено воспитување и образование итн. Спомнатите термини, интегрално земени, за одржуваат суштината на оваа дејност, но поединечно, секој од нив во поголема или помала мера означува само сегмент - дел од активностите на овој план. Оттука во поновата литература од областа на воените науки и од одбраната и заштитата е присутен терминот оспособување за одбрана и заштита, како поим што ги сублимира во себе сите активности кои се преземаат во оваа област. Сметаме дека во поглед на дефинирањето на оспособувањето за одбрана и заштита најадекватна е онаа на д-р Бешкер која гласи: "Оспособувањето за одбрана и заштита претставува складно развивање на спсобностите, знаењата, вештините, навиките, мотивацијата и позитивните ставови на поединецот за да може успешно да ги извршува работите и задачите на одбраната и заштитата. Тоа не е само учење кое што го поврзува обучувањето и образованието. Битна одредница на оспособувањето е во складното развивање на способностите, знаењата, вештините и навиките, мотивацијата и позитивните ставови спрема одбраната и

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

заштитата како функции на општеството " (6).

Во нормативно-правните документи се употребуваше терминот **обучување** за одбрана и заштита кој ги подразбира когнитивната и моторната димензија на учењето, додека терминот **оспособување** ја вклучува ефективната и конативната димензија (мотивацијата, ставовите, интересите, вредностите и др.).

Под поимот **оспособеност** за одбрана и заштита се подразбира "состојба која заради хиерарсиската структура на факторите од кои зависи, во определена мера им овозможува на луѓето остварување на одбрамбено заштитната функција на општеството, а условено од способностите, знаењата, вештините, навиките, мотивацијата и ставовите спрема одбраната и заштитата " (7).

Анализирајќи ја смислата и содржината на дефиницијата на поимот оспособеност, станува јасно дека патот до оспособеноста на луѓето за одбрана и заштита е мошне сложен. Во остварувањето се бара постојна интеграција меѓу знаењата, вештините, навиките, како и на мотивацијата, ставовите и определбите за одбрана и заштита на вкупните вредности.

Оспособувањето за одбрана и заштита треба да се свати како траен процес на стекнување на морални, стручни и општи знаења, вештитни, навики и развивање на способности за успешно остварување на задачите за одбрана и заштита на општеството. Оспособувањето е целосен воспитно - образовен процес кој се реализира по утврдени програми и надвор од нив. Се спроведува континуирано, плански, постепено и рационално со почитување на достигањата во вкупниот системна воспитување и образование.

Инаку, според поранешните решенија, работните луѓе и граѓаните се оспособуваа за одбрана и заштита во следните

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

институции: семејството, предшколските установи, основните училишта, средните училишта, вишите школи и факултети, бившата Југословенка Народна Армија, Територијалната Одбрана, цивилната Заштита, во органите на управа занародна одбрана, секретаријатите за внатрешни работи, месните заедници, претпријатијата и установите, Сојузот на Резервните Воени Старешини, општествените организации, општествено-политичките организации, средствата за јавно информирање и лично самообразование.

Системот на оспособување за одбрана и заштита на поранешна СФРЈ, надвор од вооружените сили, го сочинуваа следните елементи:

1. Оспособување на младината;
2. Оспособување на единиците и органите на цивилната заштита;
3. Оспособување на единиците за врски на општествено - политичките заедници;
4. Оспсобување на припадниците и единиците на службата за набљудување и известување;
5. Оспсобување на кадри од посебно значење за подготовките и спроведување на одбраната и заштитата;
6. Оспособување на населението што не е опфатено со некоја од претходните категории.

Една од основните карактеристики на тој систем на оспособување претставуваше единственоста на системот, којашто се изразуваше преку постоење на единствени програмски основи, единствени учебници, единствен стручен и научен пристап, приближно еднаква опременост на наставата со современи средства и сл. со што

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

се обезбедуваше воспитно образовната работа да се изведува единствено на сите делови на територијата на поранешна Југославија.

Сето тоа сега веќе е минато, а по распадот на бившата федерација и исто таков концепт за одбрана, во областа на оспособувањето на граѓаните на Република Македонија, мора да бараме нови и автохтони решенија.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

## 4. *ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ЗАСНОВУВА ОСПОСОБУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА*

Создавањето на пристап и систем на оспособување на граѓаните вон вооружените сили., е работа која бара мошне сериозни проучувања на низа фактори кои ги детерминираат вкупните и поединечните решенија. Било какви зафати да се преземат во поглед на подобрувањето, реконструирањето или пак промовирање на радикално нови видувања во врска со оспособувањето, секогаш се тргнува од определени основи, кои ги определуваат крајните резултати. Станува збор за глобални, генерални определби или фактички состојби кои мораат да се почитуваат, ако се сака да се создаде и реализира реално остварлив модел.

Во таа смисла би ги посочиле и основите врз кои би требало да се засновуваат поставките во оспособувањето, односно низ чија призма би требало да се градат решенија. Тоа би биле следниве:

1. Уставот и законот за одбрана;
2. Усвоенета политика и доктрина на одбраната;
3. Поранешните искуства од функционирањето на оваа дејност во Република Македонија;
4. Расположивите човечки потенцијали во Републиката.

Како посебни делови ќе ги разработиме основите на политиката и доктрината на одбраната, расположивите човечки потенцијали и поранешните искуства, додека на Уставот и Законот за одбрана и другите подзаконски акти ќе се навраќаме повеќепати при разработката на одделни сегменти на материјалот, поради што нема потреба од нивно посебно одделување.

### *4.1. ОСНОВИТЕ НА ПОЛИТИКАТА И ДОКТРИНАТА НА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Веднаш мора да се нагласи дека документ со ваков или сличен наслов и содржина, во нашата земја нема. Односно, сеуште од страна на највисоките органи на власта не е промовирана официјалната политика во областа на одбраната во вид на пишуван, комплексен доктринарен документ, што значи не е изграден политички однос кон дел од прашањата од сферата на одбраната и заштитата. Колку се тоа исправни и издржани ставови е друго прашање. Ние ќе се обидеме на определен начин да ги изразиме тие основни доктринарни определби според наши видувања за оваа проблематика, почитувајќи ги досега промовираните а прифатливи ставови соодветни за наши услови.

Имено, постојат повеќе приоди за утврдување на концепциско-доктринираните ставови за одбрана на републиката, од кои некои беа презентирани и на страниците на стручни и други списанија. Анализирајќи ги истите, може да се забележи дека во сите нив провејува желба и сериозен напор за остварување на определени чекори во оваа област, при што дострелите се различни, како во поглед на нивната опфатност, така и во поглед на нивната валидност и примерност за нашата Република.

Уставот и Законот за одбрана на Република Македонија, претставуваат нормативно-правни документи во кои се вградени и на соодветен начин операционализирани основните концепциско доктринарни определби по однос и во врска со одбраната на земјата. Некои од нив се во чиста и препознатлива форма, а дел од нив може да се издвојат од повеќе одредби и тоа само делумно. Творците на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Законот за одбрана. мораа а очигледно и вложија, извонредно голем творечко-мисловен труд во услови на делумно дефинираниот политички однос кон одбраната, при неопределени размери на ангажирање на општеството за одбрана, во услови на суштински изменетите општествени основи на одбраната и во други состојби врзани за распадот на Југословенската Федерација, да инаугурираат систем на одбрана врз база на редица хипотетички одредници. При тоа, очигледно е дека, во рамките на можното и оправданото, максимално се потпреа на досегашните решенија кои ги исчистија од идеолошко - политички конотации, соодветно ги трансформираа и прилагодија кон новонастанатите промени и кон потребите на Република Македонија, при што се утврдени и сосема нови радикални решенија.

Следејќи ја оваа во основа исправна логика во нивното работење, во елаборирањето на концепциско - доктринарните определби прво ќе ги издвоиме и посочиме оние определби кои имаат универзално и општоцивилизациско значење, а се употребливи и веќе присутни во одбраната, потоа ставовите кои по пат на дедукција ќе ги извлечеме од одредбите на Законот за одбрана, за на крајот да ги посочиме насоките и содржините на концепциско-доктринарните одредби кои недоволно или воопшто не се децидно утврдени.

Очигледно дека се определивме за приод кој оди во спротивна насока од "нормалниот" тек на работите, но тој е единствено можен и нужен во услови кога се донесени основните законски решенија за одбраната.

Од друга страна, идентификацијата на доктринарни ставови, општо гледано и во конкретниот случај, треба да се врши низ призма и со почитување на следниве барања:

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

1. Нашата доктрина своето втемелување мора да го има во вкупното досегашно искуство на планот на военото организирање на македонскиот народ;

2. Таа секогаш мора да биде свртена кон иднината , да ги уважува современите достигања на нашата заедница во сите сегменти, да биде отворена за секаков вид промени и да го следи развојот на воениот фактор во светот;

3. Во границите на објективното можно да се следат и вградат светските искуства во подготовките за одбрана како на научно - теоретски така и на практичен план, водејќи при тоа сметка дека доктрината за одбрана мора да биде одраз на нашата стварност, прилагодена на нашите услови и достигања во материјална, социјална, културна и општоцивилизациска смисла.

При тоа, треба да се има предвид, дека во основа, моделот на одбрана на Република Македонија би требало да се потпира врз три основни столба:

- **вооружени сили** составени од редовниот состав со проширен професионализам и резервен состав;

- **Цивилна одбрана** и

- Вклучување во **колективните системи на одбрана** што подразбира ползување на инструментите на европската (КЕБС) и светската заедница во зачувувањето на сувереноста на македонската држава (8).

Во контекстот на кажаното се поставува прашањето колку, во која мера и дали воопшто сега и во иднина во нашите услови можат да важат некои од поранешните концепциски определби. Одговорот на овие прашања треба да се базира на тоа дека сите промени кои се случиа со Република Македонија и на балканските

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

простори повеќе или помалку влијаат врз сите досегашни концепциски определби, при што од суштенствено значење се општествено политичките промени во Републиката бидејќи истите битно ги менуваат општествено политичките основи на концепцијата. Наблудувајќи го само овој факт, а апстрахирајќи ги другите околности, се наметнува нужност од редефинирање, корекција на бившите концепциски определби и утврдување на нови.

Во тој контекст, нема изразена потреба за отврлување на следните неколку определби бидејќи имаат универзално значење и кореспондираат со нашите ставови :

- мирољубивиот, антимилитаристички карактер на концепцијата би бил наша трајна определба;

- непризнавањето окупацијата на земјата е концепциска определба која е уставно утврдена, а значи дека борбата и отпорот ќе траат се до конечната победа на агресорот;

- концепцијата на одбрана базира врз теоретските и практичните основи на народната војна, сообразено со нашите услови;

- во одбраната на Република Македонија одлучувачка улога има човекот;

- одбраната се потпира пред се врз сопствени сили.

Искажаните ставови треба да се разгледуваат низ следниве констатации, кои на определен начин ги дообјаснуваат претходните и наметнуваат определени прашања кои ќе треба да се допрецизираат, со истовремено лоцирање на сегментите кои во себе ги содржат новите политичко - доктринарни определби за одбрана, а тоа се:

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

1. Преферирањето на атрибутите врзани за обликот на војната која би ја воделе во услови на вооружена агресија врз Републиката, од типот тотална, сеопфатна, народна, општенародна и сл., во наши услови се хипотетички. Имено, реализацијата на таквиот концепт на одбрана е условена од повеќе фактори од кои како најбитни се наметнуваат, страната од која би дошла агресијата и видот на агресија. По наше мислење, одбрамбениот концепт во основа би бил водење на војна за преживување и опстанок на државата и нејзините граѓани.

2. Квантитативната димензија на човечкиот фактор во наши услови е објективно лимитирачка компонента при проектирањето и димензионирањето на вкупните сили на одбраната, а особено на вооружениот дел. Оттука, нашата успешност во одбраната и опстанокот директно е зависен од степенот на зачувување на живата сила во општ поглед, поради што преземање на заштитни мерки во најширока смисла на зборот, треба да биде една од приоритетните задачи. Единствен начин на компензирање на нашата релативна инфериорност во бројноста и чувствителноста на загуби е во изградба на квалитативни димензии на човечкиот фактор, на што можеме и треба посебно да работиме во рамките на вкупните подготовки за одбрана.

3. Потпирањето врз сопствени сили, како генерална определба, реално гледано, има свој досег и лимит како во однос на задоволувањето на потребите на вооружените сили и вооружената борба, така и на населението. Тоа неминовно бара утврдување на нашиот однос кон сојузништвото и помошта од страна на која нужно ќе бидеме упатени, особено кога е во прашање набавка на одделни видови вооружување и опрема. За да се реализира овој став,

потребно е утврдување на нивото до кое ќе се оди во развојот на сопственото производство на вооружување и опрема, а што ќе се увезува и како.

4. Една од суштествените и примарни функции на сите наши одбрамбени подготовки треба да биде одвраќањето од агресија. Таквата определба не се остварува сама по себе, туку бара разработка на извонредно голем број на активности на надворешен и внатрешен план кои би придонесувале кон превагнување на ставот за откажување од агресија кај нејзините планери. Во таа смисла особено е важно да се разработат воено-одбрамбените аспекти на нашата политичка, економска, дипломатска и психолошко-пропагандна стратегија на надворешен план, а на внатрешен план, изградба на вооружените сили согласно нашите потреби и можности, соодветно вооружени и опремени, развој на цивилната одбрана до степен кој ќе овозможи максимална заштита на луѓето и материјалните добра, уредување на територијата за потребите на одбраната и др., што се заедно би било во функција на редуцирање на факторите на предноста на плаерените на агресија врз нашата држава.

5. Познатите територијални аспирации на нашите соседи тешко би можеле да се остварат со изолирана класична вооружена агресија пред се поради пошироки импликации кои би настанале со тој чин. Оттука реална е претпоставката дека евентуалната реализација на таквите цели би одела со примена на специјална војна против нас. Поради тоа е потребно прецизно утврдување на моделите за попречување на таквите активности на нашите простори.

6. Бидејќи предноста во односот на силите при евентуална агресија на некоја од соседните земји би била очигледна,по наше мислење, доминантен облик на водењето на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

вооружената борба би требало да биде еден поразвиен облик на партизанска војна (слично на Виетнамската во завршната фаза на војната), бидејќи и покрај надмоќноста ниту еден од соседите не може да оствари апсолутна контрола на нашата територија.

7. Еден од долгорочните концепциски определби би требало да биде и нашето вклучување во европскиот систем на безбедност, при што од степенот на инкорпорираноста во тој систем би зависеле и нашите вкупни подготовки за одбрана.

8. Ставот за демилитаризација на поширокиот регион на Балканот треба да има свое место во концепцијата за одбрана, како наша долгорочна заложба и визија за отстранување на опасностите од воени конфротации на овие простори, при што нашите конкретни чекори на овој план би се усогласувале со други земји од нашето потесно и пошироко опкружување.

### *4.2. ЧОВЕЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Имавме погодност токму во времето на изработка на трудот да се појават и бидат официјално публикувани податоците за пописот на населението извршен во 1991 година во Република Македонија. Овие податоци претставуваат основен извор за согледување на расположивите човечки сили во нашата земја, врз чија база ќе направиме определена анализа во врска со дистрибуцијата на луѓето во одделни сили на системот на одбраната. Тие претставуваат основни ориентири и насоки во кои треба да се движи и проектира системот на оспособување на граѓаните во Републиката, од аспект на бројноста на одделни категории граѓани за кои треба да се изгради соодветен програмско - содржински пристап.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Според Законот за одбрана (9), граѓаните кои имаат точно утврдени права и обврски во одбраната на Републиката се на возраст од 17 до 65 години, а тоа се однесува на извршувањето на воената обврска, учеството во цивилната заштита и извршувањето на работната обврска. Попрецизно кажано, на воена обврска подлежат сите граѓани од машки пол на возраст од 17 до 55 години живот, обврска за учество во силите на цивилната заштита во воена состојба имаат сите граѓани од наполнети 17 до 60 години за мажи, односно 55 за жени, а на работна обврска подлежат работоспособните граѓани од наполнети 15 до 65 години за мажи односно 60 години за жени.

Значи, она што може да се ангажира и активира во извршувањето на одделни задачи во одбраната е на возраст од 15 до 65 години. По овој основ во Република Македонија, според пописот (10), има вкупно **1.323.873** луѓе од кои **696.812** мажи и **626.061** жени. Според опрделени проценки се претпоставува дека 20 % од овој број, по разни основи, е ослободен од извршување на обврски во војна поради психофизичка и ментална неспособност или пак таквиот статус е утврден со закон / бремени жени, мајки и самохрани родители кои имат или се грижат за дете до 7 години, односно две и повеќе деца до 10 години / (11). Оттука може да се смета / во идеална варијанта / дека во одделни структури на системот за одбрана можат да се вклучат околу **1.060.000** работно способни граѓани. Другите граѓани, односно деца до 15 години возраст, чиј број е **492.952** / **239.409** женски и **253.543** машки / практично ќе бидат предмет на заштита на одделни сили на одбраната.

Во моментот на пописот, во странство престојувале, по разни основи, околу **76.000** наши граѓани. Колку на нив може да се смета во ситуација на загрозување на Републиката со војна, е дискутабилно, а по наши проценки, мошне малку во смисла на нивното приклучување кон одделни сили на одбраната, додека во вид на помагање од таму, е нешто сосема друго.

Податоците говорат дека во Република Македонија има вкупно вработени околу **530.000**, од кои во општествен, мешовит и задружен сектор **463.000**, а во приватниот **66.000** лица. Според податоците на Републичкиот завод за статистика, во стопанството се вработени **417.000** лица /**138.000** жени/, во вонстопанските дејности се вработени **90.000** /**51.000** жени/. Во моментов, во Републиката **160.000** лица бараат работа.

Искажавме определени, основни, бројчани показатели кои планерите во областа на одбраната мораат да ги имаат предвид при барањето на решенијата во поглед на распоредувањето на расположливиот човечки потенцијал / се мисли на оние **1.060.000**/, односно нивно оптимално организирање, оспособување и ангажирање во одделни сили во системот на одбраната и во поглед на работно активирање.

При тоа , дистрибуцијата на луѓето во силите на системот ќе зависи пред се од усвоената доктрина на одбраната. Иако таа се уште не е официјално донесена и усвоена / макар што нејзини определени основни поставки можат да се најдат во Уставот и Законот за одбрана/, постојат извесни општоважечки принципи и правила како да се изврши распоредувањето на луѓето, на кои и ќе се повикаме (12). Според нив мора да постои и да се воспостави оптимален однос меѓу: силите кои активно учествуваат во

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

вооружената борба; силите кои учествуваат во заштитата на луѓето и материјалните добра и оние кои произведуваат материјални добра за овие активности и за преживување на населението.

Општо е познато дека основни и најспособни човечки сили се распоредуваат во вооружените сили и тоа се, пред се лица од помлади годишта / 20 - 40 години/. При тоа се поставува прашањето колкава треба да биде големината на вооружените сили во Република Македонија во однос на вкупното работоспособно население, а при тоа да не дојде до нарушување на другите структури на системот на одбраната / цивилната заштита, силите на безбедност, службата за набљудување и известување и производните и услужните дејности кои продолжуваат со работа во војна/.

Според истражувањата на Гоцевски Т.(13), според светски стандарди, а во зависност од степенот на загрозеност, земјите издржуваат сили во бројност од 1 до 1.5 % од вкупниот број на населението, со тенденција долниот праг од 1 % да се смалува. Авторот истакнува и конкретни показатеки за тоа колку Република Македонија треба да има војници во оперативната армија, во зависност од тоа кој процент би се земал како основен критериум. Па така, според просекот на тринаесет земји, нашата земја би требало да има околу **25.000** војници / 1.26 % од вкупното население/, според соседите **41.000** /2.06 %/, а според просекот на стандардите на поранешна Југославија **23.000** /1.12 %/. Резервниот состав би требало да изнесува **70 - 100.000** војници. Според наши проценки, базирани врз согледувањето на вкупните состојби во нашата земја, најверојатно ќе се оди на варијанта, оперитавниот состав на Армијата на Република Македонија /војници и старешини/ да се движи околу бројката од **20.000** луѓе, при што резервниот

---

состав би бил некаде во рамките од 4.5 до 5 % од вкупното население. Значи оперативниот и резервниот состав на Армијата на Република Македонија би се заокружил на бројката околу **120.000** припадници.

Во составот на Армијата на Република Македонија, најверојатно ќе има во сосема мал обем, сили за логистичка поддршка на борбениот дел, а ќе се оди на решение заднинскиот дел, во глобала, да се потпре на цивилните структури. Без оглед како ќе се постави оваа функција, едно е сосема јасно. Техничко - технолошкото усовршување на вооружувањето и опремата, се поголемата автоматизација на огнените средства, а со тоа и се поголема потрошувачка на муниција, ќе бара се поголемо ангажирање на производствените работници во однос на бројот на војниците во војна. Решавањето на овој проблем не е воопшто лесно, ниту пак е можно секогаш оптимално да се оствари. Но, треба да се има предвид дека заднинските единици во здружени состави учествуваат со 20 до 40 % од вкупната бројна состојба, при што е присутна тендецијата за постојано процентуално зголемување на бројната состојба на заднинските единици. Во однос на потрошувачката на материјални средства / муниција, гориво и др./, речито говорат следниве примери (14) за тоа колку таа се движела по еден војник во:

| | |
|---|---|
| Првата светска војна ....... | 10 кг материјлни средства |
| Втората светска војна ...... | 20 кг. " |
| Во 1960 година ...... | 38 кг " |

Овие тежини особено се зголемени во Виетнамската војна и во војната во Заливот.

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Потрошувачката и порастот на материјалните средства по една пешадиска дивизија се движела во следниве рамки:

- во Првата светска војна ..... до 100 тони дневно
- во Втората светска војна .... до 400 тони дневно
- во Корејската и Виетнамската, до 600 тони дневно
- во евентуална војна од 1.000 до 2.000 тони дневно.

Во теоријата постојат различни гледања за тоа колкав треба да биде бројниот соодност меѓу производствените работници и војниците во современа војна. Во зависност од концептот и видот на војната за која се подготвува некоја држава, така и се разгледува ова мошне сложено прашање. Земјите кои во основа се потпираат на концептот на "народна војна", сметаат дека треба да надвладува принципот - секој да биде вооружен и истовремено да се бори и работи додека пак други, го претпочитуваат принципот за создавање мали, но врвно оспособени, технички опремени и високо професионализирани армии, кои ќе ги потпира мошне продуктивното производство. Најголем број од стручњаците се согласуваат дека, без оглед на варијантите на изградбата нас вооружените сили, тој соодност меѓу војниците и работниците ниту во еден момент на војната не би смеел да биде помал од 1 : 6, а тоа да не се рефлектира врз успешноста на одбраната. Инаку, воените стручњаци во светот главно се согласни во тоа дека на еден војник во современа војна треба да има 7 до 10 работници во производството и прометот.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Ако ја земеме, на пример, долната граница на тој сооднос /1 :6/, тоа практично значи дека во Република Македонија, во услови на војна, за **120.000** војници треба да работат минимум **720.000** луѓе.

Според истите проценки, за да се обезбеди приближно оптимална заштита на луѓето и материјалните добра во мир и во војна, во цивилната заштита и во службата за набљудување и тревожење би требало да е организирано околу 25 % од работоспособното население. Тоа во наши услови значи околу **250.000** луѓе.

Ако се направи збир на распоредените луѓе, според искажаните критериуми, произлегува дека приближно се поклопува бројката на проценетата со фактичката состојба на човечкиот потенцијал во Републиката. Кон ова би требало и да се прилагоди системот на оспособување на луѓето за одбрана. Меѓутоа, остварувањето на вакво нешто, во практиката ќе бара извонредни организациско - подготвителни активности во мир, при што најверојатно ќе мора да се бараат и изнаоѓаат и поинакви модуси, бидејќи не сме сигурни дека спомнатата дистрибуција на луѓето е реално остварлива.

Но, овие показатели попримаат други димензии и вредности ако се набљудуваат низ призмата на следниве факти.

Живата сила како потенцијал, бројка која стои на располагање при спроведување на активностите во војна, е малку вредна ако не поседува определени квалитативни својства. Тие пресудно влијаат на можноста и степенот на неговиот ангажман и вкупниот придонес во извршувањето на задачите. Нивото на општествената свест, борбениот морал, психофизичката отпорност и

издржливост, одбрамбено-заштитната организираност и оспособеност за извршување на конкретни задачи во војна, се својства кои ги покренуваат луѓето за учество во војна. Потребните својства на човечкиот фактор не доаѓаат сами по себе, туку се изградуваат низ еден организиран и примерен систем на оспособување. Тие квалитети не се статични, туку се детерминирани од многу објективни и субјективни фактори кои ги менуваат кон позитивна /посакувана/ и негативна /несакана/ состојби.

Кога се разгледува проблемот на човечкиот фактор воопшто и во Република Македонија, мора да се нагласи дека е тоа мошне сложено прашање кое бара сериозни истражувања, при што, нашето навлегување во натамошна анализа на другите аспекти на човечкиот фактор би ги надминало рамките на трудот. Сакавме само, во глобални рамки, да потенцираме некои од основните параметри кои треба да се имаат предвид кога се расправа и размислува за потребата и содржината на оспособувањето на граѓаните за одбрана и заштита.

На крајот, би нагласиле дека мошне тешко би се остварил кој и да е модел на одбрамбено-заштитното организирање во нашата држава, а во однос на тоа и крајните резултати во спротивставувањето на евентуалниот агресор, ако во републиката на планот на одбраната не постои висока внатрешна кохезија меѓу македонскиот народ и другите националности по прашањата на одбраната на суверенитетот и независноста на државата. Имено во Република Македонија според национална припадност, структурата на населението е следнава: Македонци **1.328.187** /65.30 %/, Албанци **441.987** /21.73 %/, Турци **77.080** /3.79 %/, Роми **52.103** /2.56 %/ и други **126.843** /6.24 %/. Според вероисповеста, во Републикава

66.66 % се православци. 30.06 % се од исламска вероисповест, католици 0.49 % и останати 2.79 %. Cρ голема сигурност може да се тврди, а врз основа на историски искуства и искуства од современите војни, дека секој евентуален агресор ќе се обиде да спроведе варијанта во која ќе доминира пристапот да ги раздели, стави на спротивни страни и меѓусебно да ги конфронтира граѓаните на Република Македонија врз основа на национална и / или верска припадност.

Оттука, за нашата држава, од одбрамбено заштитен аспект, од приоритетно значење ќе биде изградбата на оптимално ниво на определеноста на граѓаните на нашата земја да ја бранат, без оглед на националната и верската припадност. Создавањето на таква определеност, во никој случај не смее да се препушти на акциите од кампањски карактер, туку покрај другото, да се изгради посебен и сеопфатен систем на оспособување за такво нешто. Покрај опрделеноста, која е повеќе елемент на свеста, граѓаните треба да се оспособат да можат, знаат и умеат да извршуваат и конкретни задачи во одбраната и заштитата.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

# 5. ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИНАТА ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА

Воспитувањето и образованиетто на младината за одбрана и заштита во досегашниот период / а и сега /, претставува интегрален дел од системот на воспитување и образование во нашата земја. Меѓутоа, контроверзите во врска со потребата и начинот на остврaувaње на оваа дејност во школскиот систем биле постојан придружник во остварувањето на оваа активност. Најголем дел од нив и денес се манифестираат, при што во некои сегменти, видувањата се остро спротивставени.

Дали и како да се трансформира оваа дејност во новите услови се прашања на кои во овој дел даваме соодветни одговори. За таа цел бараме и нудиме решенија во врска со начините на воспитувањето и образованието на младината во:

1. основното образование
2. средното образование
3. на вишите школи и факултетите
4. на вонучилишната младина

## *5.1. ВОСПИТУВАЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА*

Во Република Македонија работат **1.056** основни училишта, од кои **715** на македонски наставен јазик, **189** на албански , **23** на турски, **3** на српско-хрватски и **126** основни училишта во кои наставата се изведува на два наставни јазици, најчесто / во **66** / на македонски и албански јазик, потоа на српско-хрватски јазик и на македонски и турски јазик (15).

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Наставата ја изведуваат **12.253** наставници, од кои 8.711 на македонски, **3.382** на албански, **215** на турски, **87** на српско - хрватски наставен јазик.

Во основните училишта наставата ја следат вкупно **268.059** ученици **/128.597** женски/, од кои **71.763** / **34.045** женски/ на албански, **5.482** **/2.695** женски /, на турски и **1.099** **/573** женски/ на српско-хрватски наставен јазик.

На крајот на учебната 1990/91 година основно образование завршиле **29.697** ученици од кои на македонски **21.511**, на албански **7.661**, на турски **380**, на српско-хрватски **145**.

Најголема концетрација на училишта и ученици имаме во Скопје / **164** учиишта со **73.710** ученици од кои **18.061** од албанска националност/, Тетово **/88** училишта со **27.956** ученици од кои **22.148** од албанска националност/ и Битола **/72** училишта со **12.959** ученици од кои **232** од албанска националност/.

Тоа беа некои основни статистички податоци во врска со оваа категорија на младина кои сами за себе говорат многу.

Инаку, содржината на оспособувањето на учениците од основното воспитание и образование за одбрана и заштита било поставено на мошне широки програмски основи, со низа свои специфичности. Воспитно - образоните цели и задачи од оваа област претставуваа интегрален дел на програмата за воспитна работа на учениците во целост, а се остварува во рамките на вкупната дејност на училиштата и во интеграција со општествената средина во која училиштето живее и работи. Притоа, се сметаше дека воспитувањето за одбрана и заштита претставува значајана компонента на воспитувањето на личноста на ученикот.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Последните решенија во доменот на едукацијата за одбрана и заштита на оваа категорија на младината се базираа и се спроведуваа врз основа на Општествениот договор за одбрана од 1986 година (16). *Според него*, обучувањето и воспитувањето за одбрана и заштита во основните училишта се вршеше:

а) според програмата по одбрана и заштита за основно образование, по правило во VII и VIII клас, со вкупно 70 часа;

б) со вградување на содржини значајни за одбраната и заштитата во наставните програми на други предмети, со нивно изучување во рамките на редовната настава и

в) со обучување на учениците по пат на слободни активности значајни за одбраната и заштитата.

Ги искажавме општествените определби во врска со едукацијата на оваа младина за одбрана и заштита. Преку анализа на досегашната поставеност на програмата, вградените содржини и слободните ученички активности, ќе се обидеме врз основа на доволно аргументирани показатели, да ја процениме нивната примерност во новите услови. Врз основа на заклучоците кои ќе произлезат од тоа, ќе понудиме можна проекција за поставеноста на воспитувањето и образованието за одбрана и заштита во наредниот период, сообразно на потребите и можностите на нашата држава.

## *5.1.1. НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО ОДБРАНА И ЗАШТИТА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА*

Со единствените основи на Наставниот план и програма за основното училиште, беше утврдена обврската седмо и осмоoделенците да ја посетуваат курсната настава по "Прва помош и заштита", со 35 часови годишно. Беше предвидено програмата по оваа настава да се остварува во рамките на две тематски целини:

- прва медицинска помош и
- војничка пушка М-48,кал 7.9 мм

Во рамките на првата тематска целина беа утврдени следните теми: самопомош и заемна помош, постапка со рана, самопомош и заемна помош при крварење, прва помош при прелом на коски и повреда на зглобови; поим на шок и укажување на прва помош; отстранување на опасности од задушување и давање на вештачко дишење; извлекување и транспорт на повредени; самопомош и заемна помош при повреди од разни причини.

Изучувањето на тематската целина "Пушка", беше лоцирано, во VIII клас, при што за борбените особини, намената, расклопувањето и склопувањето на пушката М-48,7.9 мм, нејзиното чување и одржување, обуката во нишанење, чкрапнување и гаѓање се предвидуваа 15 часа. Покрај изучувањето на пушката се предвидуваа и 20 часа за реализација на темата "општествена самозаштита". Во нејзини рамки беа дефинирани следните содржини: најголеми вредности на нашето општество и начините на нивната заштита; надворешни и внатрешни непријатели на самоуправната заедница и борба против нив; носители на општествената самозаштита и основи на системот на ОСЗ.

Набљудувајќи ги содржините на двете тематски целини евидентно е дека курсната настава имаше за цел, пред се, учениците да стекнат практични знаења и вештини, односно практично да се оспособат за давање на самопомош и заемна помош и да стекнат вештини во ракувањето со војничка пушка. Значи, основната интенција на програмата, гледано пошироко, била учениците да се оспособат да можат успешно да извршуваат определени задачи во вооружената борба, цивилната заштита и во невооружените облици на борба и отпор.

Меѓутоа, ова што било договорено и утврдено, во практиката, не се остварувало докрај. Имено училиштата во склад со своите интерни одлуки, можностите и вкупната поставеност на воспитно образовниот процес, истата ја организираа и ја поставуваа на различни начини. Самите училишта го утврдуваа времето и другите критериуми за реализација на оваа настава, поради што во практиката имавме различни решенија. Така, во одделни училишта наставата се реализираше како што беше утврдено / курс во VII и VIII клас/, во други во еден од тие класови, а во некои како посебен предмет со еден час неделно / слично како музичко и ликовно/. Можеа да се забележат и примери програмата по "Прва помош и заштита" да се изучува во VII одделение, а предметот биологија, во кој се опфатени темите врзани за анатомијата и физиологијата на човекот во VIII одделенеие, што само по себе укажува на апсурдноста на ситуацијата. Имаше случаи курсот да се реализира во слободните денови, што, вкупно гледано, укажува дека не се успеало во изнаоѓањето на адекватно, еднообразно и оптимално организациско-методско решение.

Од друга страна, курсот како организационен облик, со себе носи определени негативни имликации врз изведувањето на оваа настава во основното образование. Познато е дека мотивираноста и степенот на ангажирањето на наставникот и ученикот во наставата не е ист ако предметот има рамноправен статус во наставниот план и во случај тој да се изведува сукцесивно преку целата наставна година. Исто така, императив на современиот образовен процес е системската работа која кај курсната настава ја нема доволно, ограничена е можноста и за самото следење на напредувањето и оценувањето на учениците, како и соодветен увид и унапредување на наставата од страна на педагошките служби и самото училиште. Не треба да се пренебрегне и фактот дека курсната настава по "Прва помош и заштита" обично ја реализираат наставниците по биологија, хемија, физичко, кои во време на реализацијата на оваа програма паралелно изведуваат часови и по "свои" предмети, при што оптоварувањето несомнено влијаеше и врз квалитетот на наставата.

Реализацијата на наставата по курсот се одвивало во определени периоди на учебната година, со прекини во континуитетот на работењето, што на извесен начин им пречеше на училиштата во организирањето на целокупната наставна работа и во извршувањето на други активности.

Во нашата република курсот по "Прва помош и заштита" се реализираше во VIII одделение со 40 часови. Во неговата реализација беа ангажирани околу 350 наставници, од кои 90 % со педагошка академија, група биологија и хемија и главно од женски пол. Тоа бараше организирање на дополнителни семинари, советувања и други образовни форми за нивно дооспособување и тоа особено за обработка на содржините во рамките на обуката за ракување со

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

пушка. Врз основа на досегашните согледувања, пред се за тоа во надлежинте институции за образование (17), може да се даде оценката дека и покрај истакнатиот ангажман, недоволно стручната, а особено, педагошко-методската оспособеност на дел од наставниците од основното образование, преставуваше и сеуште преставува пречка за успешно остварување на програмските барања.

Анализирајќи ги темите од "Прва помош и заштита", а пред се оние кои се застапени во рамките на првата медицинска помош, основен впечаток е дека тие во многу нешта се слични на оние содржини кои се предвидени за полагање на возачки испит. Од друга страна, компарирајќи ги спомнатите содржини со одделни наставни теми кои се обработуваат во рамките на предметите биологија, хемија, физичко, основи на домаќинство, може да се изведе заклучок дека во најголем дел програмата по "Прва помош и заштита", претставува своевидна синтеза на фрагментарно стекнатите медицински знаења и уверувања во рамките на гореспомнатите предмети. Во таа смисла може да се постави прашањето за целисходноста на потребата од такво финализирање на знаења и вештини, макар што такво сублимирање доаѓа на крајот на VIII одделение, а содржините кои ги спомнавме во одделни предмети се провлекуваат од V до VIII клас.

Во практиката на остварувањето на темата "пушка", присутни се доста проблеми, особено во последните неколку години. Имено, според Нормативот (18), предвидено е оваа тема да се реализира со 5 војнички пушки на часот, услов што главно не можеше да се обезбеди поради проблемите околу нивна набавка и обезбедување, па наставниците најчесто беа принудени темите да ги обработуваат со помош на скици, шеми и слики.

Од друга страна, оваа тема е предвидена за обработка во рамките на предметот "Одбрана и заштита" во средните училишта, поради што, оправдано се наметнува потребата од преиспитување на полезноста од нејзиното узучување во основното образование. Тоа уште повеќе е нагласено ако се има предвид дека моделот на војничка пушка М-48 постепено се исфрлува од употребата во воурежените сили.

Покрај искажаните забелешки во однос на содржините врзани за темата "пушка", кои произлегуваат од практиката на нејзиното реализирање, сепак сметаме дека посуштествено е прашањето дали младината на оваа возраст, во периодот на адолесценција, треба да се сретнува и да доаѓа во допир со оружје? Би потсетиле дека често, од страна на одделни западни земји со развиена демократија, доаѓаа критики и предупредувања дека преку овие содржини го поттикнуваме милитаризмот кај младите. Апстрахирајќи се од можните побуди, цели, мотиви, намери и сл., кои во себе евентуално ги содржеа овие пораки, сепак треба да се размисли за ова прашање.

Нашите вообичаени досегашни аргументи врз кои се потпираше образложението за потреба од курсот по "Прва помош и заштита" беа во основа групирани во две целини и тоа:

- мирновременски потреби и
- воено-одбрамбени интереси.

Во првата група беа искажувани факти кои говорат за тоа дека современиот живот, динамиката на живеењето е такво што граѓанинот се повеќе се наоѓа во ситуација да биде загрозен, односно повреден на работното место, во сообраќајот, во кругот на домаќинството, семејството, како и во услови на разновидни

природни несреќи, катастрофи и акцидентни ситуации, при што непознавањето на основите од прва медицинска помош често влијаело да се загубат човечки животи.

Од друга страна, војната во современите услови станува се постравотна по последиците, особено кога е во прашање цивилното население кое страда повеќе од припадниците на вооружените сили. Последиците кои себе ги носи војната, особено во вид на масовно повредување, болести и други несреќи, посебно ќе ги почувствува населението. што од него бара елементарно познавање на можностите и постапките за пружање на самопомош и заемна помош.

Во основа, изнесеното е сосоема точно, на што укажуваат последиците од современото живеење, како и искуствата од војните водени во поново време. Но, треба да се знае дека на отпочнувањето на војната и претходат определени фази кои главно се користат за интензивна подготовка на вооружените сили и населението за водење на таа војна, односно отпор.

Имајќи го предвид сето досега кажано во врска со оваа настава, нашата заложба е да се укине курсната настава по "Прва помош и заштита" а пристапот кон оспособувањето на младината од основното образование за одбрана и заштита да се гради преку:

- патриотско воспитување,
- со вградување на содржините од областа на одбраната и заштитата во други предмети и преку слободните ученички активности од значење за одбраната и заштитата.

Причините за градење на ваков пристап во определена мера веќе ги искажавме и практично сами по себе произлегуваат од анализата на оваа настава. На нив ќе додадеме уште неколку.

Како што видовме од статистичките показатели, во Република Македонија годишно завршуваат, односно се осмоделенци околу **30.000**, од кои приближно половината се машки. Во услови на непосредна воена опасност, оваа категорија на четирнаестогодишни деца, а зависно од актуелните и натамошните планови за нивно евентуално ангажирање / на пример по основ на работна обврска, во силите на цивилната заштита и сл./, релативно брзо може да се оспособи за содржините кои денеска ги изучуваат во рамките на курсот и тоа во самото училиште. Петодневна континуирана курсна настава со по 5 часа дневно, би требало да биде доволна за стекнување на елементарни знаења и вештини од областа на одбраната и заштитата.

Треба да се има предвид дека материјалните вложувања на Републиката за изведување на оваа настава, во изминатиот период биле мошне големи, што може да се види од опремата на училиштата наменета за оваа настава. Логично се наметнува дилемата што со тие средства и опрема во услови на укинувањето на курсот. Можни се повеќе решенија, а би навеле само дел од нив за кои сметаме дека се најрационални.

Едно од тие решенија би можело да биде што организацијата на Црвениот курс би формирала /или ако веќе има формирано/ свои асоцијации / секции, активи, клубови и сл./ во училиштата, кои во своите програмски активности би вклучиле и реализација на определени активности околу оспособувањето на учениците за пружање на прва помош. Како една од стимулациите на учениците за членство и активирање во овие секции би можело да биде и доделување на уверенија, дипломи за завршување на курс по прва помош кои понатаму би послужиле и за полагање на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

возачкиispит.

Дел од средствата и опремата /филмови, дијапозитиви, слики, шеми и др./ би се користеле за реализација на инкорпорираните теми од областа на одбраната и заштитата во други наставни предмети, како и за определени воннаставни активности.

Во предвид може да дојде и повлекување на најголем дел од опремата и средствата од училиштата и нивно доделување на центрите за обука, на Црвениот крст и други структури.

Без оглед кое решение да се прифати, во основа треба да преовладува интенцијата таа да се стави во функција се додека е во таква состојба да може да обезбеди остварување на определени функционални задачи.

### *5.1.2. ВГРАДЕНИТЕ СОДРЖИНИ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И ЗАШТИТАТА ВО ДРУГИ ПРЕДМЕТИ*

Пред да го елаборираме нашето гледање на овој сегмент на воспитно-образовната работа на основното образование, сметаме дека има потреба од изнесување на неколку поставки кои на своевиден начин се поврзани со проблемот кој е предмет на нашето разгледување на овој дел, па и пошироко.

Имено, кога е во прашање одбраната на земјата, треба да се има предвид дека три елементи доминантно влијаат врз нејзината успешност и ефикасност при реализација на нејзината основна цел, а тоа се:

- адекватна подготвеност на граѓаните да ја браната својата земја;

- соодветна организација и материјално-техничка потпрепеност на планираните дејства и активностите во војната и

- примерена оспособеност на човечкиот потенцијал за војување.

Секој од овие елементи на свој начин ја одразува и изразува целината на вкупните одбранбени напори на земјата, при што отсуството или пак недоволното присуство на кој и да е од нив во практиката на одбранбеното организаирање, доведува до сериозни пропуста во областа на одбраната. Иако на прв поглед не може јасно да се издиференцира и издвои кој од овие елементи по свој ранг има доминантно влијание, една подлабока анализа би покажала дека нема успешна одбрана без подготвеноста или мотивираноста на луѓето во неа да учествуваат, макар да се добро опремени и обучени. Битна одредница на одбраната на земјата е луѓето да сакаат да ја браната независноста, слободата и интегритетот на нивната земја. Интензитетот на категоријата "мотивираност" не е еднаш за секогаш даден и непроменлив, туку напротив,лесно менлива категорија особено ако односот на луѓето спрема одбраната е препуштен на спонтано влијание на вкупната општествена стварност. Непостоењето на организиран и осмислен пристап кон оваа работа или недоволното ,присуство на таквиот пристап, носи со себе сериозни промашувања и пропусти.

И колку споменативе констатации да изгледаат логичи и "нормални" сепак, очигледно е и тоа дека ниту една општествена заедница не е рамнодушна спрема ставовите на своите граѓани кон неа, а особено кога е во прашање безбедноста на земјата. Оттука се

преземаат и конкретни чекори за да се влијае врз свеста или на некој од облиците на свеста на граѓаните во функција на одбраната на земјата. Притоа, воспитувањето претставува основа на тоа влијание и тоа на организиран, целисходен и систематски начин во рамките на воспитно-образовниот процес.

Следствено на искажаното, се надоврзува и наметнува прашањето за тоа дали и колку, воспитната компонента била присутна ви вкупниот воспитно-образовен процес, а особено во основните училишта, односно, какви биле досегашните напори на овој план и какви резултати биле постигнати во изградбата на посакуваниот однос на младината кон одбраната на земјата. Конкретна анализа на наставните планови во основното образование во Република Македонија ќе ни ги посочи одговорите на овие прашања.

Разгледувајќи ги стручните согледувања од оваа област, може да се заклучи дека во основното образование надвладувало обучувањето за сметка на воспитувањето за одбрана и заштита. "Практиката покажува дека обуката го потиснала воспитувањето "(19). Ова укажување не значи дека обуката треба да се замени со воспитувањето, туку дека би требало да постои складен однос на едното и другото, а во основното обарзование, по наше мислење, треба да се преферира токму воспитувањето во контекст и од аспект на следново.

Вкупните состојби во Република Македонија, движењата и односите во непосредното и поширокото опкружување, укажуваат на потреба за сериозен пристап кон оваа проблематика. Имено, можат да се уочат определени дефетистички гледања и мислења во поглед на можноста нашата земја да се брани од агресија, во смисла дека е тоа мошне скапа работа и дека залудно вложуваме напори и средства

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

за оваа намена кога ќе не "прегазат" за неколку дена, потоа барање на излези во вид на демилитаризација на Републиката без остварување на некои претходни претпоставки и сл., кои во крајна линија влијаат негативно и на состојбата на "духот" во нашата заедница. По се изгледа дека некој не ја сфатил во доволна мера потребата за изградување на адекватен одбрамбен систем како услов за опстанок.

Претходните неколку поопшти видувања и констатации ги нагласивме со цел да укажеме дека во основното образование се наоѓа почетната основа од која и во која треба да се почне со реализација на одделни воспитни активности на планот на одбраната и заштитата и истото да продолжи преку различни форми и во другите нивоа на образование. Со тоа би се овозможило во голема мера да се намалат опасностите за кои говориме.

Се навраќаме кон барање на одговори на нашиот основен предмет на интересирање. Како прво е прашањето: каква била состојбата со вградените содржини по одбрана и заштита во другите предмети во основното образование.

Основната платформа врз која се базираше втемелувањето на проблематиката од одбрана и заштита во основното образование, била дека, покрај курсот "Прва помош и заштита", посебна улога имаат и сите предмети преку чие совладување се создава сестрана, морално цврста и патриотска личност, како и наменски вградени содржини, со чие изучување учениците конкретно се оспособуваат за свесно ангажирање во одбраната на независноста, слободата и интегритетот на земјата. Реализацијата на целите и задачите на вградените содржини од областа на одбраната и заштитата, во рамките на другите наставни предмети и наставни подрачја, се

остваруваше на посреден начин, во сообразност со општата програмска ориентација. Во тие рамки било предвидено преку предметите мајчин јазик, историја, географија, музичко и физичко, да се остваруваат основните воспитно одбрамбено-заштитни задачи. Исто така се сметаше дека и преку предметите од природните и техничките науки /хемија, биологија, физика, ПТО/ учениците можат да стекнат пошироки знаења, вештини и навики кои во определени ситуации можат да користат во одбраната.

Посебни програмски содржини од значење за одбраната и заштитата биле вградувани во најголем дел од предметите во повисоките години од основното образование / од V до VIII одделение/. Станува збор за теми од областа на заштитата и чувањето на здравјето, за набљудување и известување, од областа на АБХО, цивилната заштита и други кои пред се имаат функционален карактер, а биле застапени со вкупен обем од 60 часови (20).

Како тоа било конкретно поставено во практиката, може да се огледа од резултатите на анлизата на Гоцевски и Адамчевска во врска со застапеноста на содржините сврзани за одбраната и заштитата во учебниците од I до VIII одделение (22) како и од нашата анализа на програмите по сите предмети од V до VIII одделение. Од наведените автори ќе ги презентираме резултатите до кои дојдоа по однос на застапеноста на содржините од одбрана и заштита во предметите мајчин јазик и запознавање на општеството и природата /ЗПО/ од I до IV одделение.

Спомнатата анализа на овие наши научни работници покажува дека по предметот мајчин јазик од I до IV одделение има вкупно 132 содржини /наслови/ кои се врзани со воспитните аспекти на одбраната, односно на нив отпаѓа вкупно 25.3 % од вкупниот број

на наслови кои се изучуваат во овие одделенија. Станува збор за содржини кои воглавно се сврзани со патриотизмот, братството и единството, за Армијата, историското минато, НОВ и револуцијата, улогата на СКЈ и Тито. Гледано по класови може да се забележи дека овие содржини се најмалку застапени во I-то одделение /7.6 %/, додека во II, III и IV-то одделение тие зафаќаат нешто помалку од 1/3 од програмата на секој од овие класови.

Очиглдно е дека, глесано по обем, овие содржини се оптимално застапени, но евидентно е дека најголем дел од темите кои се во функција на изградување на свеста, односно на емоционални патриотски чувства кај учениците, треба да претрпат темелна ревизија и да се изготват нови решенија.

Предметот ЗПО од I до IV одделение е застапен со вкупно 266 содржини од кои 44 или 16.5 % се од пошироко значење за одбраната. Најмалку се застапени во III оделение, со 9.1 %, додека во IV им е даден многу поширок простор / 38.0 %/. Преку предметот "Запознавање на општеството и природата" учениците се запознаваат со историските настани од минатото на југословенските народи, со животот, делото и борбата на одделни историски личности, при што посебно беа акцентирани темите врзани за Тито. Неоспорна е функцијата на овој предмет од аспект на одбраната и заштитата, особено кога е во прашање градењето на позитивни ставови и уверувања, негувањето и развивањето на светлите традиции од минатото и сл., но и тука се потребни соодветни содржински промени, гледано во целост, и посебно на темите од одбраната.

Вградените содржини од посебен интерес за одбраната од V до VIII одделение во предметната настава, беа инкорпорирани во неколку предмети. Доминантна улога и значење за остварување на

воспитните цели и задачи од оласта на одбраната имаат предметите мајчин јазик /македонски/ и историја, бидејќи преку делата на нашите писатели, како и преку толкувањето на учениците на нашито борбено и револуционерно минато, се овозможува воспитувањето и мотивирањето на младите за борба и отпор против секое загрозување на слободата и достигањата, како и изградување на свеста на младите за вредностите и потреба за нивно зачувување.

Идентификацијата на вградените содржини од одбраната во програмите на овие и други предмети од V до VIII одделение ќе ни овозможи согледување на вистинската досегашна состојба во поглед на обемот и содржините на темите кои се директно или индиректно врзани за одбраната и заштитата. Според нашата анализа на сите програми по предметната настава во учебната 1991/92 година, како и врз основа на сознанијата до кои дојдоа спомнатите автори, состојбата по предмети е следна:

## 1. МАЈЧИН ЈАЗИК /МАКЕДОНСКИ/

Од вкупно 346 содржини кои се изучуваат во рамките на овој предмет од V до VIII одделение, 122 или 32.2 % во учебниците отпаѓаат на содржини врзани за одбраната во поширока смисла, при што овие содржини најмногу се застапени во V и VII одделение а најмалку во преостанатите два класа.

Во поглед на тематските содржини поставените воспитно - образовни цели, состојбата по одделенија е следна:

**а) V-то одделение** - како најкарактеристични би ги издвоиле следниве наставни теми: започна бојот славен, нерамен; љубов кон татковината; денови маки големи; слободата со ништо не се заменува; братимења. Образовните цели лесно се препознаваат, а нивната суштина е учениците да ги ценат и чуваат придобивките од

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

НОВ; да се подготвуваат за одбрана на татковината; да станат активни учесници во зачувувањето на мирот во светот; развивање на чувството на љубов и почит кон борците за слобода и негување на чувството на омраза кон завојување и поробување; потикнување на љубов и приврзаност кон татковината; развивање на чувствата на одговорност во чувањето на стекнатата слобода; развивање на интернационални чувства и меѓусебен почит и помош на луѓето во светот и др.

б) **VI- то оделение** - во ова одделение посебно би ги издвоиле следните тематски содржини: природата е као книга и музика; сите здружно да тргнеме во бој за слободна Македонија; татковина се брани со убавина и др. Преку овие и други содржини учениците треба да се воспитуваат за развивање и потикнување на чувството на љубов кон природата, нејзиното негување и чување, да ги ценат и чуваат придобивките од НОВ; да станат борци за мир во светот; да се потикнува чувството на љубов и почит кон борбата за слобода и омраза кон завојувачите; љубов кон татковината, чување на нејзините убавини и богатства; готовност за одбрана од завојувачите, преданост кон татковината и др.

в) **VII одделение** - препознатливи тематски целини во функција на одбраната и заштитата се: врие, чедо, тиран гладен; светили патеки; не оди, лудо пуста туѓина и др. Преку разработка на овие и други теми се настојува да се остварат следниве воспитни цели: учениците да ги почитуваат и следат примерите на борците за слобода; да се развива почит и љубов кон оние што ги дале своите животи во НОВ, чување на таа слобода и сите други придобивки и др.

г) VIII **одделение** - како теми од пошироко значење за одбраната и заштитата се издвојуваат: патила; луѓе и нелуѓе; солзи и смеа; копнежи посилни од смртта; слободата е најсветла и др. Воспитните цели би биле: љубов и почит кон сите оние кои се бореа за слободата, омраза кон поробување , чување и негување на придобивките стекнати во НОВ, негување на морални вредности и напуштање на пороците, потик на чувствата слободата да се чува и брани како нешто најсвето и др.

Вкупно гледано содржините по македонски јазик од V до VIII одделение ги насочуваат учениците кон јакнење на патриотизмот кој е еден од најважните предуслови за одбрана на земјата. Изменетите општествени и политички состојби на територијата на поранешна Југославија, нужно наметнуваат потреба од соодветно програмско престуктуирање на овој предмет, при што и вградените содржини од одбраната и заштитата треба адекватно да се прилагодат на нашите потреби и на потребите на учениците, при што би доминирала воспитната компонента во содржините од областа на одбраната, во функција на јакнењето на патритизмот.

## 2. ИСТОРИЈА

Овој предмет опфаќа содржини со кои се разработуваат сите епохи во развојот на човековата цивилизација, преку кои учениците се запознаваат со вкупниот развој на човештвото и за уделот на македонскиот и другите народи во збиднувањата на овие простори. Од темите кои кореспондираат со одбраната и заштитата би ги издвоиле: Македонија во праисторијата, старата македонска држава, создавање на македонскаѕа држава и македонскиот народ,

Македонија од XV-от до XVIII-от век, Македонија во XIX-от и почетокот на XX-от век, до I-та светска војна, I-та светска војна, Балканот и Македонија помеѓу двете светски војни, II-та светска војна, Македонија во II-тасветска војна, светот по II-та светска војна и Македонија по II-та светска војна.

Од воспитните цели кои се реализираат во рамките на овој предмет во функција на одбраната би биле: развивање на позитивни ставови кон борбата на македонскиот народ за слобода, развивање на симпатии кон познати и непознати актери во борбата за слобода, посебно кон народот како основен носител на настаните, да ги сфатат стремежите на македонскиот народ за слобода и создавање на своја држава, формирање на сфаќања дека жртвите се цена за секоја слобода, осуда на аспирантите и на улогата на големите сили во решавањето на судбината на малите народи, осуда на денационализаторска и асимилаторска политика на околните земји кон Македонија, интерпретирање на современите настани од аспект на историските настани и др.

### 3. БИОЛОГИЈА

Овој предмет во основното образование се изучува од V до VIII одделение и за него нешто кажавме кога говоревме за курсот по "Прва помош и заштита" и за темите кои се обработуваат во овој предмет а се во врска со анатомијата и физиологијата на човекот. Тука ќе се задржиме само на оние теми кои се од пошироко значење за одбраната, односно тоа се превасходно содржини од заштитата. Имено, во сите четри класа имаме една тематска целина која ја обработува заштитата на човековата животна околина. Во рамките на

оваа тема се разработуваат следните наставни единици: заштита на шумите, шумите како засолниште во изменетите услови на живеење, загадување на езерата, позитивно и негативно влијание на човекот врз животната средина и заедница, мерки на заштита и унапредување на животната средина, значењето на растенијата за биосферата, животните и човекот, заштита на животните, нега и заштита од алкохол и никотин, заштита на животната средина и изворите на загрозување, радиоактивно зрачење на животната средина и др.

Воспитната цел на овие содржини е евидентна, а таа е учениците да пројават интерес кон чување на природата од загадување, односно да развијат навики за заштита на животната средина, која во услови на современо живеење е се повеќе загадена.

Во рамките на предметот **ФИЗИКА** се изучуваат наставни единици кои се однесуваат на радиоактивноста, фузијата, фисијата, нуклеарниот реактор, нуклеарното оружје и др.

Наставни единици од значење за одбраната во предметот **ГЕОГРАФИЈА** се: карта, заштита на биосферата. ориентација во географски простор, набљудување и скицирање во географски простор, прислушкување, извидување и известување, балкански политичко - територијални поделби и др.

Во предметот **МУЗИЧКО** се јавуваат неколку теми кои се однесуваат, пред се на слушање на музика на теми од НОВ, револуцијата и тоа: слушање на патриотски песни: Гроб на незнаен јунак, Песна за Гоце, За нашиот октомври, Болен ми лежи Миле Поп Јорданов, Родна земја, Денес над Македонија, обработка на песни за Карпош, слушање на песни со пораки за мир, музиката раскажува за НОВ и револуција, Млада партизанка, Нашата Армија и др.

Резултатите од порано спроведуваното општојугословенско истражување (23) во врска со овој проблем говорат дека начинот на реализација на овие содржини не е содветен, додека 1/3 од испитаниците се за тоа вградените содржини да се одвојат, прошират и реализираат во рамките на новиот предмет "Прва помош и заштита". Исто така, заложбата на наставниците во однос на обемот и видот на овие содржини, е тие да не се стеснуваат, туку да се прошират со нови и да се врши постојано иновирање на истите во склад со научните достигања и животната практика.

Според согледувањето на поранешниот Републички комитет за образование и наука и Заводот за унапредување на претшколското и основното образование (24), во однос на инкорпораните содржини од областа на одбраната и заштитата, можат да се извлечат неколку заклучоци а тоа се:

- евидентна е недоволната стручна, а особено педагошко - методската оспособеност на голем дел од наставниците од основното образование, кои треба низ својот предмет да ги реализираат содржините значајни за одбраната и заштитата;

- непостоење на учебен материјал за инкорпорираните содржини во одделни предмети;

- присутни се појави овие содржини воопшто да не се обработуваат, а на самите наставници им е препуштено со своја креативност и иновација да вршат програмско поврзување со други наставни содржини од соодветниот предмет;

- учебниците не се доволно добро подготвени за соодветни содржини од одбраната;

- следењето на организирањето и воспитувањето на оваа воспитно - образовна дејност, како и следењето на резултатите од

неа, се мошне отежнати, редуцирани, пред се поради присутните кадровски проблеми во институциите надлежни за тоа.

Сумирајќи ги досега искажаните огледувања за ова прашање во Република Македонија, може да се констатира дека во инкорпорирањето на содржините од одбраната и заштитата во одделни предмети, се постигнати извесни резултати, но состојбата не може да се оквалификува како задоволувачка поради редица објективни и субјективни слабости. Всушност, општиот впечаток е дека овие содржини на некој начин биле вештачки инкорпорирани, дека досега не заживеале кај наставниците како дел од нивната редовна воспитно - образовна задача, во реализацијата на програмските содржини по одделни предмети.

Очигледно е дека на овој план ќе треба да се направат нови чекори, како во организацијата, така и во изведувањето и начинот на реализација на овие содржини.

Нашата заложба е во основното образование вградените содржини од обраната и заштитата и понатаму да егзистираат, но со нивно вклопување на еден ненаметлив начин, односно како природен дел од програмата на одделни предемети, при што би требало да се направи една радикална селекција во поглед на нивниот обем и содржина. Образовните задачи врзани за овие содржини во најголем дел треба да им отстапат место на воспитните, односно целта на воспитувањето и образованието за одбрана во основното училиште би требало да биде пред се патриотското воспитување во духот на ново инаугуираните вредности на македноското општерство. Односно, како што во почетокот на овој дел нагласивме, учениците од основното образование треба пред се да се воспитуваат да сакаат да ја бранат и одбранат општествената заедница во која живеат.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

### *5.1.2.1. ПАТРИОТСКОТО ВОСПИТАНИЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ОДБРАНАТА*

Ќе се осврнеме нешто повеќе на патриотизмот, како на општиот,така и на оној во врска со одбраната, токму поради сознанијата кои говорат дека нивото на патриотската свест на поединецот значајно го дефинира неговото однесување во одбраната.

Терминот "патриот", од кој се изведува патриотизмот, потекнува од времето на француската револуција од 1789 година и "означува човек кој е готов да се жртвува за доброто на својата татковина" (25). Вообичаено патриотизмот се определува како љубов кон татковината што сепак не е доволно прецизно.

"Патриотизмот е сложен феномен на свеста на поединецот или општествени групи, а ги изразува нивните чувства на припадност на природно-социјалната средина /татковина/. Патриотизмот е позитивна општествена вредност со која се изразува односот спрема комплетните вредности на природно-социјалниот елемент -татковината во која живее човекот. Меѓутоа свеста за припадноста на етничко-националната група, сама по себе не е доволна за јавување на патриотските чувства кон глобалната заедница; патриотизмот е реалтивно автономен во онос на етничко - националната свест , а осцилациите на неговиот интензитет значајно се определени со реалните услови за егзистенција во рамките на глобалната заедница. Патриотизмот е состојба на свеста на поединци и општествени групи, изразена како нивно релативно слободно определување за природно - социјалната средина на глобалната заедница и припадност кон таа средина" (26).

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

"Патриотизмот е своевиден однос на човекот кон општествената заедница во која се остварува како општествено суштество; произлегува од сознанието за припадноста на таа заедница и врзаноста за нејзината судбина. Врз тие сознанија се развиваат сложените чувства спрема заедницата, гордост со нејзиното минато, врзаност со нејзината сегашност и чувство на обврска и одговорност за нејзината иднина" (27).

Значи, станува збор за мноштво на фактори слеани во едно сложено и силно чувство на припаѓање на определена заедница, врзаност за неа, подготвеност да се придонесе за нејзиониот напредок и да се заштитат нејзините интереси. Патриотизам нема кај оние што не се подготвени да ја бранат земјата.

Кога е во прашање одбраната на земјата, патриотот се препознава по безусловна определба да му се даде секаков отпор на освојувачот и на сите оние кои на нашата почва би му помогнале на кој и да е начин.

Колку досега, во основното образование се работело врз развивањето на патриотизмот ?

Анализата на наставните програми недвосмислено покажува дека при дефинирањето на воспитно - образовните цели и задачи патриотизмот зазема видно место. Меѓутоа досега никаде и на ниту едно место не е дефиниран концептот за патриотско воспитување. Треба да се има предвид и тоа колку до сега било застапено рационалното и емотивното во развивање на патриотизмот воопшто и во функција на одбраната. Ако се гледа низ призма на разработка на теми од НОВ, може да се заклучи дека во многу елементи одсуствувала смислата за мерка при разработка на одделни теми /"голи", "боси", "гладни" и сл./. И она што е најсуштествено кога

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

е во прашање развивањето на патриотските чувства и свест кај учениците од осмолетките, е тоа дека темелот бил развивањето на југословенскиот социјалистички патриотизам. Бидејќи се случија радикални промени во општеството, очигледно е дека е потребна темелна ревизија и на пристапот кон патриотското воспитување како и кон преструктуирање на материјата која придонесува за развој на патриотизмот. При тоа, развојот на патриотизмот во функција на одбраната не може да се одели со работата за развивање на патриотизмот воопшто. Сложеноста на поимот патриотизам и богатсво на содржините бараат осмислена работа во неговото изградување. Особено е чувствително прашањето кога, врз кои содржини и како ќе биде поставена таа работа, односно ќе мора тоа добро да биде проучено и одмерено.

Многуте кадри кои работат во областа на воспитувањето и образованието, не смеат да бидат препуштени сами на себе, да се снаоѓаат во пронаоѓањето, изборот и начинот на обработка на градивото погодно за развивање на патриотизмот. Тоа ќе мора некој да го стори за нив, како што впрочем тоа се прави за други содржини. Сигурно е дека тоа е многу посложено отколку, на пример, прикажување на вооружувањето, но веќе не смее да има отсутност на тие напори.

Патриотизмот мора да се изградува и зацврстува непрекинато и ненаметливо.

По наше видување, развојот на патриотизмот кај учениците треба да се реализира преку три сегмента во остварувањето на воспитно - образовниот процес и тоа:

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

1. развивање на чувствата за минатото на нашата заедница;

2. врзаност за нејзината сегашност;

3. развој на чувство за обврска и одговорност за нејзината иднина;

За секој од овие сегменти треба да се изготват содржини преку чие изучување кај учениците би се изградила свест за припадноста на оваа македонска природно - социјална средина / татковина /.

Со оглед на тоа дека во Република Македонија има повеќе националности, особено е важно патриотското воспитување да биде правилно одмерено за да се одбегне етноцентризмот и затварањето во сопствени национално - етнички особености, со омаловажување на вредностите на другите народи и народности.

Национален патриотизам подразбира слободна афирмација на социо - етничките вредности, самостојност и рамноправност на етничките делови во повеќенационалната држава и во меѓународни размери. Тој е отворен за меѓуетничка коегзистенција.

Националниот патриотизам израснува од здрава национална свест, лишена од предрасуди за апсолутизација на сопствените вредности, со уважување на другите народи, на нивните вредности и на објективните разлики.

При тоа треба да се одбегне етатистичкиот патриотизам, чија социјална претпоставка е граѓанин - поданик, бидејќи создадениот поданички менталитет го редуцира патриотизмот на конформизам спрема државата, што ја осиромашува содржината на патриотизмот и го сведува на "државен".

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Разбирањето на причинско-последичните врски и односи на општествениот развој ќе овозможи позитивен однос кон стварноста, а со тоа и на развојот на патриотизмот.

На развојот на патриотските чувства не влијае само училиштето, но едно е сигурно, а тоа дека, од сите фактори тоа има доминантно значење во однос на семејството, медиумите, улицата и др.

*5.1.3. Вонннаставните и вонџколските активности од интерес за одбраната и заштита*

Програмски е предвидено воспитувањето и оспособувањето на учениците за одбрана и заштита во основното училиште, освен во наставата, да се остварува и преку разновидни вонннаставни и вонучилишни активности.

Пред да направиме определена анализа за тоа како оваа дејност досега се се остварувала воопшто и од аспект на одбраната, преку кои форми, содржини и облици, сметаме дека е потребно да укажеме на неколку основни теоретски поставки за вонннаставната и вонучилишната активност и нејзиното значење за воспитувањето и образованието на младината.

Имено, вонннаставните и други дејности ја претставуваат онаа страна на училишната работа, преку кои на определен начин се врши облагородување на "класичната" воспитно - образовна работа. Преку нив се овозможува на ученикот да му се даде можност за активирање на неговите способности и склоности. Тие претставуваат еден од начините да се намали опасноста од доминацијат на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

образовниот позитивизам во наставата, а да се овозможи активирање на апликативната компонента во воспитно образовниот процес и тоа како определен вид на верификација на наученото.

Наспроти наставата, која има свои правил, главно сложена наставна програма, работа за оценка со постојано присутен страв кај учениците од неуспех, определена примена на репресивни мерки и сл., вредноста на воннаставните и други дејности во системот на воспитната работа има свои компаративни предности. Ти се огледаат во доброволноста, динамичноста, индивидуалноста, независноста, слободата и самоиницијативноста, разновидноста, прилагодливоста и др. Спомнативе карактеристики не значат и не треба да асоцираат на тоа дека при нивно одвивање не постои ред, правила на однесување. Напротив.

Преку овие дејности во определен степен се овозможува отстранувањето на "привидната изолација на училиштата" (28).

Како што истакнува Пивац, Ј (29), "воннаставните и воншколските облици на живот и работа на ученикот меѓу другото, се и :

1. место за инспирација за поорганизирана и поинтензивна наставна работа;

2. додаток на наставата, во смисла на нови содржини и нови можности;

3. место за примена на стекнатите знаења во наставата и збогатување на тие знаења;

5. начин на вклучување на други стручњаци во остварувањето на воспитно - образовните задачи;

6. пат за надминување на одвоеноста на училиштето од животот;

7. начин на остварување на индивидуалните интереси на одделни ученици;

8. поголеми можности за афирмација на личноста на ученикот на поширок план на општествено ангажирање;"

Кога се говори за воннаставните и воншколските активности, обично се мисли на различни начини на собирање и активирање на учениците во училиштето и тоа по пат на разновидни слободни, изборни дејности, кои претставуваат комплементарен дел на воспитно - образовната структура на училишната работа.

Тие во суштина претставуваат организирани форми во вид на културно - уметнички друштва, спортско - рекреативни секции, технички друштва и производно економски единици преку кои се задоволуваат различни интереси на ученикот.

Во нивното остварување училиштата соработуваат со фактори кои институционално и на друг начин се заинтересирани за грижата на децата и младината / локална заедница, месните заедници, културно уметничките друштва, спортските организации, центрите за култура разонода и рекреација, потоа театрите, музеите, галериите и др./.

Вонаставните дејности треба да помогнат во потикнувањето на творештвото кај учениците, задоволување на индивидуалните склоности кај децата, да овозможат проширување на нивните знаења, да обезбедат содржајно искористување на слободното време, развој на социјалната комуникација меѓу младите и др.

Тоа беа, во основа, најбитните нешта на педагошката наука во досегашниот период, за вонnаставните активности и за нивното значење за одвивањето на вкупниот воспитно - образовен процес во основното училиште.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Како, на кој начин, се вклопуваа вонннаставните и другите дејности, кои по својата содржина се во тесна врска со подрачјето на одбраната и заштитата и какви резултати беа постигнати на овој план ?

Според сознанијата до кои дојдовме, а се однесуваат за нашата средина, може да се констатира дека главно доминираа содржини кои се вклопуваа при реализацијата на програмите за културна и јавна дејност на основните училишта и тоа при прослави на патрони и државни празници, јубилеји и други свечености. Свое место најдоа и натпреварите по прва медицинска помош, стрелаштво, сообраќајно воспитување, различни смотри и натпревари, како и хуманитарни акции, кои опфаќаа прилично голем број на ученици.

Во рамките на воннаставната работа особено беа присутни активностите на планот на вклучувањето на учениците во историски секции, организирање на средби со учесниците во НОВ и Армијата, нивното учество на походи, во грижата за спомениците и сл. Преку нив се настојуваше да се чуваат, негуваат и развиваат традициите од НОВ и Револуцијата, со што се продлабочуваа патриотските чувства и учениците се подготвуваа за чување на нејзините придобивки, како и на слободата и независноста. Со таков концепт на интердисциплинарен пристап се настојуваше во определена мера да се вообличи одбранбено - заштитната култура.

Најкарактеристични облици на дејности, кои се во врска со одбраната и заштитата, во нашата средина и во поранешните југословенски простори, беа следниве: историски секции, одбрамбени секции - кружоци, дејноста на секцијата на Црвениот крст, секции за зачувување на традициите на на НОВ, извидници, противпожарна секција, школа во природата, походи по патеките на партизанските

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

единици, одбранбени денови /СВОЗ/, конкурси и напревари од определени теми од НОВ, меморијални денови, негување на патриотски песни и други елементи на националната култура, акции за зачувување на здрава и чиста околина, изложби со тематика од минатото и др.

Ќе издвоиме и дел од основните проблеми, кои на своевиден начин негативно влијаеа врз реализацијата на воннаставните и вонучилишните активности во нашето основно образование,а во суштина биле присутни и при реализацијата на активностите од значење за одбраната и заштитата.

Доминација на волунтаризмот и аматерски позитивизам во подготвувањето и остварувањето на воннаставните активности во практиката, веќе тешко ќе може да опстане, особено ако се знае дека таквата работа, воопшто или на неадекватен начин се надоместува во училиштата и во општествената средина. Во последните години забележливо е прекумерно зголемување на обврските на наставниот персонал, од една страна, а од друга страна, имаме состојба педагошката работа се помалку да се цени. Воспоставената практика во некои училишта секој наставник да биде ментор барем на една дејност, во најголем број случаи носи опасност од нестручност, површност, како и од формализам во вршењето на оваа работа. Оттука во практиката се зачестени појавите на симулирање на определени активности и тоа најчесто во училишниот простор, без оглед што содржините овозможуваат и треба да се остврат на друг начин.

Еден од белезите на овие активности е дека тешко се отстапува од традиционално воспоставените воглавно стереотипни, форми и содржини. Во најголем број случаи учениците овие содржини

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

ги доживуваат како продолжување на наставата. Познатите состојби во врска со материјалната положба на образованието во нашата земја, директно се рефлектират и особено ги погаѓаат вонnаставните дејности.

Редуцираноста на времето потребно за организирање и изведување на разновидни воннаставни активности воопшто и од значење за одбраната, придонесува оспособувањето на ученеиците во голем број на училишта да не ја достигне потребната педагошка ширина и содржина, сообразно на барањата утврдени во програмските документи.

Реализирањето на одделни активности од страна на училиштата главно вербално е подржано од надворешни субјекти без соодветна материјална поткрепа.

Присутни се гледања кои тргнуваат од тоа дека воннаставните активности сами по себе можат воспитно да дејствуваат, што во основа е погрешно ако се има предвид фактот дека тие патат од пропусти во организацијата и изведувањето, со што крајните ефекти можат да бидат спротивни од очекувањата.

Исто така треба да се има предвид дека практично само во големите училишта е можно да се обезбеди адекватна и рамномерна застапеност на културно - уметничките, физичко - културните, одбранбено - заштитните, општествено - хуманитарните и производно - техничките активности, додека во помалите овој избор е нужно стеснет.

Би можеле да издвоиме уште некои карактеристики на оваа дејност, но и од искажаното се стекнува јасна слика за нивната поставеност и проблемите кои биле присутни во нивното остварување. Евидентно е дека апсолутно не е спорна нивната вкупна улога и

значење во воспитно - образовниот процес и од аспект на одбраната. На тоа укажуваат и резултатите од истражувањето на Кундачина (30) кои говорат дека "организираните облици на активности на младите влијаат врз оспособеноста за нивно учество во одбраната, при што тие тоа го прават различно, условено од различноста на нивните основни обележја и особини во однос на мотивите на нивното настанување".

Проблемот е како да се изнајдат адекватни организациони и програмски решенија кои би ги надминале досегашните главно бирократско натрупани желби од оваа област. Нашите видувања во оваа смисла се движат во неколку основни насоки.

Како прво, да се надмине досегашната практика "сите да работат се", односно, прецизно да се разграничи содржајната и материјалната одговорност за реализација на планираните активности од значење за одбраната. Клучната улога при дефинирањето и утврдувањето на пристапот и концептот на остварувањето на воннаставните и вонучилишните активности од аспект на одбраната да го имаат Министерството за одбрана и Министерството за образование и физичка култура.

Прецизно да се утврди обемот, содржината, видот и начините на остварувањето на овие дејности во основните училишта, динамиката на нивното остварување и начинот на партиципирање во материјалното покривање на активностите.

Министерството за одбрана преку своите подрачни единици да воспостави еден вид покровителство, односно партнерство со најголем број на училишта во својата средина и преку сопствени или дополнително ангажирани кадри да воспостави еден вид на менторски систем за активноти од пошироко значење за одбраната, односно

преку свои стручњаци да им се помага на училиштата, како во фаза на организирањето, така и во реализацијата на конкретните активности.

Министерството за одбрана, преку свои служби, а во соработка со научни и педагошки институции задолжени и заинтересирани за грижата и воспитувањето на децата, да ја следи состојбата на овој план и да промовира нови, свежи идеи и приоди за остварување на оваа дејност во основните училишта.

Целокупното одбранбено, заштитното и самозаштитното воспитување преку воннаставните активности да ја уважува основната цел, а тоа е воспитување за мир, чување на човековото достоинство и ненасилство.

Партиципацијата на Министерството за одбрана, во воспитната работа на основните училишта, да биде такво да не се создаде впечаток дека остварувањето на активностите од областа на одбраната е во функција на остварувањето на потесни еднонасочни цели на кои мошне брзо се лепи етикета на милитаризам и слепо величање на веќе преживеаните догми.

## 5.2. ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДБРАНА И ЗАШТИТА

Во република Македонија, според податоците за учебната 1990/91 година (31) работат **90** средни училишта со **2.296** паралелки, од кои наставата на македонски јазик се изведува во **90** училишта, на албански во **5** и на турски во **2** училишта.

Наставата ја изведуваат **4.227** наставници, од кои **4.060** на македонски, **531** на албански и **70** на турски наставен јазик.

Во средните училишта, во спомнатата учебна година, наставата ја следеа вкупно **70.696** ученици /од нив **34.571** ученички/ од кои **2.535** на албански **/1.029** ученички/, на турски **186** / **70** ученички /. Истата учебна година вкупниот број на ученици кои завршиле средно образование изнесувал **21.102**, од кои на македонски **20.529**, на албански **531** и на турски **42**.

Како изгледала структурата и бројот на запишаните ученици во учебната 1990/91 година може да се види од табелите **Т-1** и **Т-2**.

**Т-1** *Број на запишани ученици по наставен јазик во учебната 1990/91 година*

| Година на образование | Организација на воспитно-образовната дејност по наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|---|
| | македонски | албански | турски | вкупно |
| I | **23.534** | **873** | **65** | **24.427** |
| II | **19.074** | **665** | **41** | **19.777** |
| III | **17.889** | **860** | **42** | **18.791** |
| IV | **11.946** | **511** | **35** | **12.492** |
| **ВКУПНО** | **72.440** | **2.909** | **165** | **75.916** |

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Т-2 *Број на запишани ученици во учебната 1990/91 година според националниот состав*

| Година на образование | Запишани ученици по национална припадност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | МАКЕДОНЦИ | АЛБАНЦИ | ТУРЦИ | СРБИ | ДРУГИ |
| I | **20.453** | **2.040** | **476** | **603** | **900** |
| II | **17.041** | **1.291** | **274** | **522** | **649** |
| III | **15.954** | **1.137** | **279** | **492** | **613** |
| IV | **10.789** | **820** | **179** | **372** | **332** |
| **ВКУПНО** | **64.237** | **5.282** | **1.200** | **1.989** | **2.494** |

Воспитувањето и образованието на средношколската популација за одбрана и заштита свои зачетоци бележи уште во дамнешната 1948 година кога и се воведува во нашите училишта како редовна дејност. Отогаш па се до денешни дни, оваа дејност, како составен дел од системот на редовното воспитување и образование, ги помина сите падови и успони низ кои поминуваше општеството во целина. Свој особен одраз врз едукацијата за одбрана и заштита во средното образование и воспитување,имаа промените во областа на идеологијата, општествените односи, одбранбено-заштитното организирање и подготвување, промените на меѓународен план, како и многубројните реформи во воспитно образовниот систем и друго. Сето тоа, директно се рефлектираше во поглед на организацијата и начинот на изведувањето на ова оспособување, проследено со определени измени и во наставниот план и програма по предметот "Одбрана и заштита" (32).

Детално елаборирање на причините, последиците, ефектите /не/оправданоста и детерминантите кои ги условија тие промени би

не доведе во ситуација да го оптовариме овој дел од текстот со мноштво податоци и толкувања, кои во крајна линија, би имале само ограничувачки ефект од аспект на нашата крајна цел. Затоа, сметаме дека би било поефикасно да направиме еден синтетизиран критички осврт на оваа проблематика во последните десетина години, врз чие исходиште ќе го градиме нашето видување во врска со воспитувањето и образованието на средношколците за одбрана и заштита. Се определивме за анализирање на спомнатиот временски период од причини што тој претставува една фаза во која се присутни сите оние основни решенија и нивните дополни, кои ја чинат основата на сегашната поставеност на оваа дејност во средното образование. Од друга страна, овој период е проткаен со евидентни напори, но со дијаметрално спротивни цели, на одделни субјекти оваа проблематика да ја сообразат со општествените, политичките, економските и одбранбено-заштитните услови и промени.

*5.2.1. Едукацијата на средношколската младина за одбрана и заштита во периодот од 1985/86 до 1991/92 година*

Освртот во функцијата на презентирање на генезата на воспитувањето и образованието за одбрана и заштита во средното образование, главно ќе биде насочен кон презентација на состојби врзани за поставеноста на оваа настава, присутните проблеми, постигнатите резултати и друго.

Појдовната платформа врз основа на која следуваше натамошната доградба и усовршување на вкупниот пристап кон воспитувањето и образованието на средношколската младина за одбрана и заштита, претставува веќе споменатиот општествен Договор за единствените основи на обучувањето за одбрана од 1985 година.

Според него, обучувањето и воспитувањето во училиштата на средно насоченото образование и воспитување се оствaрувaше според единствените основи на плановите и програмите и тоа:

1. Во рамките на наставниот предмет "Одбрана и заштита" во две години на образованието, со вкупен фонд од 140 часови;

2. Со вградување на содржините, значајни за одбраната и заштитата во наставните програми на други предмети и со нивно изучување во рамките на редовната настава;

3. Со реализација на изборната и факултативната програма, посебно значајна за одбраната и заштитата во училиштата на средното образование и воспитување;

4. Со,обучување на учениците по пат на слободни активности, значајни за одбраната и заштитата;

Во суштината на еден ваков пристап кон едукацијата на средношколската младина за одбрана и заштита, доминираа неподелени мислења дека ова е најважна фаза во процесот на оспособувањето на младината, како од аспект на можностите за нивно вклучување /со дополнителна обука/ во вооружената борба, така и во вршењето на работи и задачи од одбранбено-заштитната област во средините каде што ќе се вработуваат. Во крајна линија, поинаку и не можело да се образложува улогата и позицијата, како и самото оспособување на оваа категорија на младина, ако се има предвид дека еден од основните концепциско-доктринарни определби било поопштествувањето на одбраната.

Ќе ги презентираме четирите споменати сегменти од аспект на барањето одговори за тоа колку сите тие навистина успеаја да се остварат и заживеат во практиката.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Програмата по предметот одбрана и заштита беше така конципирана да обезбеди запознавање на учениците со следниве содржини:

- со нивното место, улогата, правата и должностите во одбраната на земјата;

- со противречностите на современиот свет, со меѓународната и военополитичката положба на земјата;

- со улогата, задачите и структурата на вооружените сили;

- со местото, улогата, поставеноста и функционирањето на цивилната заштита;

- со службата за набљудување и известување;

- со разни видови на лично вооружување, муниција и воена опрема;

- со НХБ оружјето и личната и колективната заштита, со експлозиви и минско експлозивни средства;

- со оклопни борбени средства, против оклопната борба, средствата за напад од воздух и противвоздушната одбрана, воздушни десанти и против десантна борба;

- со непријателска дејност против СФРЈ;

- со општествената самозаштита;

- со стражарската служба;

- изведување на боево гаѓање;

Со дел од спомнатите содржини учениците само теоретски се запознаваа, додека одделни теми опфаќаа и нивно практично увежбување за стекнување на определени знаења и вештини во ракувањето со оружје, минско експлозивни средства, употреба на средствата за лична заштита, деконтаминација и друго.

Спомenатата програма, како целина немаше долг век. Имено, веќе во 1987 година доаѓаа определени измени и тоа пред се во однос на тематската содржина од областа на општествената самозаштита, така што од учебната 1988/89 година важат нови Основи на програмата, со интенција и инсистирање од страна на сојузните органи, таа да се изведува во трета и четврта година. Ова последново внесе вистинска рашомонијада и предизвика големи проблеми во училиштата и кај наставниците, без оглед што од практиката доаѓаа сериозни предупредувања дека таквото поместување нема педагошко оправдување, а се нарушува и континуитетот во оспособувањето.

Гледано низ призма на настаните што се случија и сето она што денес го имаме на просторите на поранешна Југославија, ни се наметнува прашањето дали можеби префрлувањето на предметот во повисоките години на средното образование бил однапред испланиран потег од страна на военият врв (33). Поткрепа за оваа хипотетичка мисла наоѓаме, покрај другото, и во спомнатиот постулат дека младите на оваа возраст претставуваат основен извор за пополнување на вооружените сили со најквалитетен боречки состав. Имено одделни генерации на возраст од 17 до 19 години, на некои од поранешните простори на Југославија кои го учеа овој предмет во учебната 1988/89 година и 1989/90 година со што стекнаа и излегоа од училиштата со релативно свежи знаења и вештини од спомнатите содржини, кои најверојатно, дел од нив, по куса дополнителна обука и практично ги применија како директни учесници во вооружените судири.

Во Републиката, по познатите настани врзани за југословенската криза во 1990/91 година одделни институции од областа на образованието /со адекватна улога на Педагошкиот завод/

---

па и пошироко го инаугурираа "проблемот" на наставата по одбрана и заштита во средните училишта. Основното мото на тие видувања и иницијативи беше вршење на промени по секоја цена, без оглед на импликациите кои би настанале како последица на едни избрзани и недоволно фундирани согледувања. Наспроти вештачки исполитизираниот приод кон оваа проблематика, редица актуелни и латентни состојби и тенденции во југословенската криза говореа за потреба од трпение и еден "нормален" тек на работите околу согледувањето и проценката на реалните фактори и околности кои би ги детерминирале и условиле решенијата во врска со изучувањето на предметот одбрана и заштита во средните училишта. Како резултат на префорсирано наметнатата потреба од промени, во неповолна општествена клима и во услови на институционална, а не стручна доминација на видувањата на состојбите, беше создаден новиот наставен план и програма по предметот одбрана и заштита (34). Истиот беше ставен во функција во учебната 1991/92 година. Новата програма, во споредба со претходната, содржи значителни промени како во однос на тематската структуираност, така и во поглед на застапеноста на предметот во одделни класови. Имено, сега предметот се изучува во втора година со по два часа неделно / 74 годишно/, а како основна цел на изучувањето е утврдено дека: учениците треба да стекнат научно засновни знаења од областа на одбраната и заштитата, истиот да придонесе во изградувањето на одбранбено-заштитната култура и однесување при разновидни загрозувања и учениците практично да се оспособат за самозаштита, заштитно и одбранбено ангажирање при опасности што се јавуваат во секојдневниот живот и работа, во вонредни околности и за време на војна.

Програмата е структуирана во три програмски целини со вкупно 7 наставни теми и тоа:

1. Загрозување во современиот свет и нашиот одбранбено заштитен систем / 16 часа /.

1.1. видови загрозувања и последици од нив кај нас и во светот / 5 часа /.

1.2. нашата организираност за одбрана и заштита од разновидни опасности и загрозувања / 9 + 2 часа /.

2. Опасности и заштита од употребата на современото оружје и на одделни борбени средства / 20 часа /.

2.1. опасности и заштита од огнено оружје и борбени средства / 7 + 5 часа /

2.2. опасности и заштита од нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје / 8 часа /

3. Заштита и спасување од разновидни опасности и загрозувања во мир, вонредни околности и во војна / 15 + 23 часа /

3.1. цивилната заштита како најширок облик за учествување на граѓаните во системот на одбраната и заштитата / 6 часа/.

3.2. набљудување и известување во системот на одбраната и заштитата / 2 + 3 часа /

3.3. општествена самозаштита / 7 часа/.

Анализирајќи ги темите и бројот на часовите, за секоја од нив може да се забележи дека околу 40 часа се предвидени за обработка на претежно теоретски содржини, а околу 30 часа за вежби во функција на практичното оспособување на учениците за заштитно постапување и однесување.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Но, со оваа програма не беше ставен крај, ниту таа претставуваше финализирано решение за подолг период. Тоа можеше и да се претпостави со оглед на лошите состојби и редица на недефинирани суштествени прашања кои останаа отворени во фазата на нејзиното изготвување. Следуваше нова иницијатива на Министерството за образование - Педагошки завод на Македонија за измена, дополнување и усовршување на одделни теми на постојната /едногодишната/ програма по одбрана и заштита, согласно со Уставот и Законот за одбрана и новиот одбранбено заштитен систем на Република Македонија, кои во меѓувреме беа донесени.

Резултатот од таквото настојување на Министерството за образование, беше донесување на усовршена програма по предметот Одбрана и заштита, со важност од учебната 1993/94 год.

Со ова сметаме дека ја доловивме атмосферата и работата околу наставниот план и програма.

Слични состојби, со определени варијации, беа забележани и присутни во другите бивши југословенски републики. За да видиме како другите гледаат на овој предмет, ќе презентираме одделни видувања на стручните и научните работници кои беа искажани во врска со оваа проблематика. Станува збор за пишувани материјали кли произлегоа како резултат на повеќе семинари, тркалезни маси, дебати и слично, наменски организирани по повод трансформацијата на предметот во новите општественеи услови. Истите се однесуваат за периодот пред избувнувањето на војната во дел од бившите републики на југославија, односно пред кризата во 1990 година.

Така Пујиќ (35) истакнува дека сите досегашни истражувања, посебно оние кои беа реализирани во рамките на југословенскиот проект "ОНО и ОСЗ на СФРЈ" /1985 - 1990 година/,

говорат дека е оправдано воспитувањето и образованието на средношколската младина на начин како што досега било поставено. Се истакнува оти учениците во повеќе од 90 % од истражуваните случаи позитивно ја оценуваа оваа настава, а во 50 % на случаи предлагале проширување на програмските содржини. Материјално - наставната база била сосема во полза на изведувањето на овој предмет / постоење на кабинети по одбрана и заштита во сите средни училишта/. Потоа, успехот на учениците бил далеку над просекот на успехот од други слични / општообразовни и општостручни / предмети, при што овој предмет спаѓал во категоријата на средно тешки предмети. Според овој автор, нема ниту стручни, научни и методски причини за оспорување на овој предмет. Тој истакнува дека предметот бил усклаaден со индивидуалните интереси на младите и со потребата за јакнење на одбранбената моќ на земјата, како и со нивото и содржината и местото за изведување на наставата во целина.

Овој автор во својата книга (36) изнесува и податоци дека учениците во средното образование се високо мотивирани за одбраната во целина, а од спроведеното интервју со наставниците по предметот "Одбрана и заштита" и со директорите на средните училишта, дошол до следниве заклучоци:

- наставата по одбрана и заштита во целина е рамноправна со наставата од другите предмети;

- во најголем број случаи колективот на училиштата е ангажиран во оспособувањето на маладината за одбрана и заштита и тоа се спроведува плански и координирано;

Јаворовиќ Б.,(37). истакнува дека најголемата досегашна вредност на изучувањето на предметот е тоа што тој е антимилитаристички насочен и потикнува доблести и вредности кои се

од особено значење не само за одбраната и заштитата, туку и за вкупниот живот и работа, какви што се љубовта кон татковината, духот на разбирање и почит кон луѓето и народите, определбата за мир и слично. Покрај другото, тој истакнува дека меѓу наставниците е афирмиран дел од особено успешни и ценети педагози, стручњаци и јавни работници. Исто така, некогашните пензионирани офицери во училиштата ги заменија млади, за тоа професионално школувани професори по одбрана и заштита, што неминовно мораше да се одрази и врз квалитетот на наставата.

Презентираните видувања кои опфатија искажувања на она што било позитивно во оваа настава, а и други за кои не одвоивме простор, главно се слично интонирани и се недвосмислени во истакнувањето на потребата од оваа настава и дека на овој план имало евидентни резултати. Исто така, се истакнува дека општеството многу вложило во оваа настава, како во материјален поглед, така и во однос на школувањето на соодветен наставен кадар за нејзино остварување, дека младите покажуваат респективен интерес за истата проследен со соодветни резултати.

Со цел стекнување на валиден увид во врска со овој предмет, ќе елаборираме и дел од најкарактеристичните проблеми и пропусти кои особено беа присутни во последно време и тоа на општ план и во Република Македонија.

Сублимирани општи забелешки од авторите (38) кои најмногу се занимаваат со воспитувањето и образованието на младината и посебно во однос на овој предмет и неговата програма, би биле следниве:

- се истакнува дека програмата, учебникот, па и наставата во изминатиот период биле мошне идеологизирани и политички униформирани, што во голема мера оневозможувало критички

однос кон наставнта тематика;

- се забележува дека во наставта и програмата надвладувало доктринарното, нормативното, на сметка на научното;

- творечката иницијатива на наставниците и образовните институции воопшто не била застапена, ниту можела да дојде до израз во една крута концепција на воспитување и образование, што во многу средини резултираше со одбоен однос кон оваа настава, кон предметот па и кон самите изведувачи;

- се укажува на едностраноста на наставната програма, односно на тоа дека многу теми не биле застапени во програмата иако според значењето заслужувале свое место во неа.

Самите наставници, пак, укажуваат дека малку се вложувало во нивното лично и колективно усовршување, дека недостигала адекватна стручна литература за потребите на учениците и наставниците, како и тоа дека материјалните, нагледните и наставните средства од кабинетот по одбрана и заштита веќе биле застарени, тешко се обновуваат и слично. Во последно време, акутен проблем претставувало изведувањето на програмската целина која се однесува на личното вооружување поради неговото повлекување од училиштата и др.

Како најкарактеристични забелешки упатени од страна на самите наставници, стручните и научните работници, во однос на програмските содржини кои требало да се изостават од иновираната програма за учебнта 1988/89 година, би ги издвоиле следниве (39):

- содржините од областа на самозаштитата;
- непријателската дејност против земјата во мир;
- невооруженото спротивставување;
- систем на одбрана на земјата.

Во однос на темите кои би требало да се вградат во програмата, најчесто се потенцираат овие:

- екологија или заштита на животната средина;
- противелектронски дејства;
- вооружените сили;
- меѓународното воено право;
- специјална војна;
- социопатолошките појави као облик на загрозување на човекот и општеството;
- да се овозможи увежбување на делот од практичните работи врзани за мерките на цивилната заштита;
- да се воведе стрелање со воздушна пушка;
- вградување на теми во врска со работата и движењето во природата;
- култура на ракување со оружјето.

*5.2.2. Изборната и факултативната настава од одбраната и заштитата*

Изборната настава се предвидуваше да се реализира со вкупен фонд 140 наставни часови, по 70 во двата класа. Во првата година требаше дополнително да се изучуваат елементите на воената топографија со следниве теми: основни поими за земјиштето, топографски карти, релјеф на топографски карти, ориентација на земјиштето со помош на топографска карта, работа со карта и аерофотоснимки, изработка на скици и шеми и др.

Во вториот клас се предвидуваше да се изучуваат глобалните теоретски теми врзани за меѓународната и военополитичката положба на земјата, концепцијата и доктрината, за

мобилизацијата, за местото и улогата на граѓанинот во одбраната и заштитата и за невооруженото спротивставување.

Програмската градба на факултативната настава се предвидуваше да се реализира со фонд од 140 до 210 часа во втората фаза на школувањето на средношколците и опфаќаше 17 тематски подрачја од областа на воената организација на современиот свет, организацијата и функционирањето на системот за одбрана, структура, улога, и задачи на вооружените сили и нивна употреба.

Вкупните сознанија до кои дојдовме говорат дека изборната и факултативната настава воопшто не заживеала,поради што немало изготвено ниту соодветну учебници, методски прирачници и наставни средства, така што оваа определба останала на ниво на желба без практично да се реализира.

*5.2.3. Вградени содржини во рамките на други наставни предмети*

Последниот документ со кој се дефинираа и утврдуваа програмските содржини значајни за одбраната и заштитата, а кои се вградуваа во програмите на воспитно образовната работа во средното образование, е од 1985 година. Носители беа Сојузниот секртетаријат за народна одбрана / сектор за цивилна одбрана / и Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието. Со него се предвидуваше вградување на содржини значајни за одбраната и заштитата во рамките на општообразовните предмети / историја, географија, хемија, биологија, математика, физика, физичко воспитување и мајчин јазик / со вкупно 2 до 5 часови по предмет и во рамките на предметот од професионалното

подрачје за сите струки / на пример за електротехничката, сообраќајната, кожарската, економската, трговската, здравствената, земјоделската, ветеринарската, природноматематичката и други /.

Целта на изучувањето на вградените содржини, значајни за одбраната и заштитата, била учениците, напоредно со стекнувањето на знаења и вештини за работа и задачи кои професионално ќе ги вршат, да се оспособат стекнатите знаења и вештини да можат успешно да ги применат во вонредни околности, при непосредна воена опасност и во војна.

Анализирајќи ги главно парцијалните, евидентно скромни и недоволно егзактни показатели за успешноста на остварувањето на вградените програмски содржини, кои имавме можност да ги сретнеме во проучувањето на овој проблем, недвосмислен е заклучокот дека на овој план не биле постигнати задоволителни резултати и општо земено, на ова не му се посветувало соодветно внимание. Основните причини за една таква состојба произлегувале од несфаќањето на целта и потребата да се вградат и да се реализираат овие содржини низ редовната настава во предметеите што се изучуваат, присутни кај најголем број од наставниците и на лицата кои се занимаваат со воспитувањето и образованието на учениците. Исто така биле присутни појави на апсолутно невградување на овие содржини во одделни струки, непостоење или неквалитетност на методските прирачници за одделни струки, како и појава на изостанување на овие содржини во одделни учебници за потребите на средното образование.

Потврда на претходно искажаните општи констатации доаѓа и од страна на Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието (41). Имено, според нивните согледувања, постигнатите резултати на овој план биле незадоволителни, а како

основни причини за ваквата состојба се истакнуваат: дел од наставниците оваа задача не ја чувствувале како редовна програмска обврска; одделни наставници ги изоставувале овие содржини поради недоволната стручна подготвеност за нивна разработка /и покрај неколкуте одржани семинари и советувања/, некои содржини не се обработувале поради необезбеденост со соодветни наставни средства и помагала а дел од содржините не можеле да се реализираат во редовната настава поради нивниот мошне голем обем.

*5.2.4. Воннаставните и слободните ученички активности*

Активностите во кои се вградени содржините од одбраната и заштитата, а се остваруваат во средното образование, по своја организација па и програмски се остваруваа слично како и во основното образование, при што се стремело содржајно и по облиците на остварување да бидат прилагодени кон возраста на оваа категорија на воспитаници.

Најголем дел од искажаните констатации и заклучоци кои беа изречени во врска со овие активности во основното образование важат и за средното, при што истите ќе ги дополниме и со следново.

Овие содржини, во најголем број случаи биле остварувани во рамките на одделни секции при што со својата активност во Република Македонија, пред другите биле стрелачките дружини, друштвата на Црвениот крст, спортските секции во училиштата, а определен придонес имале и друштвата на извидници, феријалци, планинари, секциите на народната техника и др. Општа оценка е дека воспитните можности што ги нудат воннаставните активности

недоволно биле искористени, а како основни "виновници" за таквата состојба обично беа апострофирани воспитните и други организации и институции чија помош при реализацијата главно отсуствувала. Дека помошта и соработката на училиштата во реализацијата на дел од овие активноти е особено значајна, говорат и мошне добрите резултати остварени во рамките на масовните ученички натпревари во стрелање, партизанскиот повеќебој и прва помош, одржани по повод четриесетгодишницата на обучувањето, од училишно до сојузно ниво, во 1989 година / такви натпревари имало и порано/.

Нема причини ваквите манифестации и натпревари во иднина да згаснат, особено ако се земат предвид воспитните и образовните ефекти кои се постигнуваат преку нив, од што полза имаат и учениците и пошироката општествена заедница.

### *5.2.5. Има ли потреба од едукација за одбрана и заштита во средното образование*

Прашањето за потребата од воспитување и образование за одбрана и заштита, како што веќе спомнавме, во нашата средина, во последните неколку години во многу нешта беше мошне исполитизирано со присуство на забележителен анахрон пристап кон неговото решавање, проследено со недоволно научни и аргументирани согледувања. Оттука не треба да не зачудуваат барањата и видувањата во врска со оваа дејност кои одат во една или друга крајност. Од една страна имаме настојувања за државен пристап кон оваа проблематика, а од друга минимизирање на оваа потреба, па се до барања за укинување на сите облици на одбранбено-заштитно

образование на младите во средните училишта. При проектирањето на решенијата во однос на барањето на одговорите за тоа "кое" и "какво" едуцирање на младината, пред се, треба да се појде од тоа колку тоа е во функција, односно дали придонесува за унапредувањето на сигурното живеење на граѓаните и обезбедува зачувување на слободата, независноста и територијалната целокупност на Република Македонија.

Ќе потсетиме дека ниту во едно општество одбранбено - заштитната функција не е пренебрегната / па и во оние земји кои се прогласени за неутрални/, туку тоа има третман на витална задача на државата, секогаш актуелна по простор и време. Поради тоа, не може да стане збор за тоа дали да се организира одбраната и заштитата, туку какво одбранбено-заштитно подготвување. Какви и да се решенијата во оваа област, за да можат тие соодветно да заживеат и практично да се остварат, потребно е истата да се сака, да се знае и да се умее да се оствари. Во однос на ова Јовановиќ (42), го истакнува следното: "да се сака - тоа е прашање на моралот, на општочовечка определеност, на политичката освестеност, на љубовта кон татковината, нејзините вредности и луѓето, како и чувство за одговорност за сето она што околу нас и во светот се случува. Да се знае - тоа е прашање на одбранбено заштитно образование, стекнување на знаења кои на човекот му овозможуваат да ги препознае односите, појавите и процесите околу себе, особено на оние кои се однесуваат на неговата општествена сигурност и да се знае во секоја ситуација на вистински начин да се постапи. Да може - тоа е прашање на оспособеноста со која се стекнува моќ и можност за вршење на работите на одбраната и заштитата од било која загрозеност на луѓето, материјалните добра, општеството, државата и екосистемот. Нема ниту една земја која за овие работи

не води сметка, **бидејќи ниту волјата, ниту знаењето ниту способноста за одбрана и заштита не доаѓаат сами од себе.** Според тоа, не е вистинско прашањето дали одбранбено-заштитно образование или не, туку какво воспитување и образование за одбрана и заштита"

Да се надоврзиме на изнесеното со уште некои наши видувања и констатации. Имено општо познати се глобалните показатели за вкупниот човечки потенцијал во Републиката, за националната, половата и старосната структура на населението во Република Македонија / **поглавје 3.**/. Тоа се едни објективно дадени детерминанти кои релативно споро се менуваат, односно тоа е човечкиот потенцијал од кој се црпат и создаваат силите на одбраната на Републиката. Бидејќи човечкиот фактор кај нас во никој поглед не може да се оквaликува како респективен фактор на нашата одбранбена моќ и во квалитативна и квантитативна смисла, апсолутно ќе ни биде важно во дадените услови на загрозување од надвор да обезбедиме активно учество на најголемиот дел од способното население за отпор во услови на војна. Односно, ќе ни биде битно обезбедувањето на учеството на речиси секој способен граѓанин во отпорот, токму поради нашата осетливост на осипување и загуби на тој план. Обично се смета дека планираниот број на учесници во силите на отпорот во крајна линија ќе се обезбеди со помош на законската регулатива. Да претпоставиме дека планираното и фактичкото ангажирање на одделни категории на обврзници во силите на одбраната на определен начин ќе биде остварено. Ако овој предуслов биде реализиран, веднаш се надоврзува прашањето за тоа колку се тие подготвени за учество во дејствата, односно колку тие вистински сакаат да учествуваат, знаат и умеат ? Тоа е онаа квалитативна страна на човечкиот фактор која не доаѓа сама по себе, туку се создава и изградува со текот на време низ различни

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

форми и облици. Малубројноста на живата сила како ограничувачки фактор од аспект на водењето на отпорот, може да се компензира единствено со врвна оспособеност на потенцијалниот и активниот боречки состав и на населението за водење на борба, отпор и преживување во услови на загрозеност, како и со нивно адекватно опремување со современа борбена техника, опрема и заштитни средства. Бидејќи вториот компензивен елемент бара големи материјални вложувања на подолг рок, чија динамика на остварување ќе зависи од нашите економски и други можности, работата околу оспособувањето би требало да се одвива поинтензивно и непречено.

Од друга страна, треба да се има предвид, дека дел од обврзниците нема да ги почитуваат законските обврски, односно нема да земат учество во отпорот. Причините и мотивите можат да бидат најразновидни: заштита на голиот физички опстанок, дека тоа не е "нивна војна", поради чувството дека се втурнати во неа без сопствена волја, тука се и пацифистичките, верските, колаборативните и други моменти. Најверојатно дека ќе има и такви појави, но ако станува збор за занемарлив број, тогаш тоа е "нормално". Што ако тоа поприми масовен карактер, ако бидеме сведоци на напуштање на Републиката на граѓаните способни за отпор, односно изнаоѓање на најразновидни причини да се одбегне учеството во војна ?

Тоа се опасности кои реално демнат, а за чие отстранување или пак намалување во едни подносливи димензии, може да се придонесе, покрај другото и со изучување на содржини од областа на одбраната и заштитата во воспитно образовниот процес на сите категории на младина. Преку нив би се изградувале патриотските чувства и ставовите за неопходноста од учество на граѓаните на Република Македонија во одбраната и заштитата

/мирновременски и воен аспект/ и би се создале предуслови за нивно натамошно оспособување /преку отслужување на воениот рок, распоредување во резервниот состав, во цивилната одбрана и други одбранбени сили/, за во моменти кога е тоа нужно неопходно да се обезбеди максимално ангажирање на човечкиот потенцијал на Републиката како услов за нејзиниот опстанок.

Изнесеното, кога е во прашање средношколската младина, делумно најверојатно може да се оствари и преку други форми надвор од образовниот систем, но во оваа фаза па и во наредниот период од развојот, постојат низа ограничувачки фактори за такво нешто, при што во прв план се економските па и политичките фактори. Поради тоа реализацијата за оспособувањето за одбрана и заштита преку редовниот воспитно образовен систем за наредниот период би била најприфатлива и најефтина варијанта, преку која можат да се остварат мошне големи ефекти.

Со создавањето на поповолни економски и општествени услови од сегашните, најверојатно ќе се овозможи и ќе се наметне потребата од ревалоризирање на пристапот и начините на ова оспособување.

Оттука сметаме дека сега за сега е најприфатливо во средното образование содржините од одбраната и заштитата да се реализираат преку посебен предмет.

### *5.2.6. Поставеноста на програмските содржини од одбрана и заштита во средното образование*

Првото прашање за кое треба да се даде дециден одговор е врзано за дилемата околу тоа колку "одбранбени" а колку "заштитни" теми треба да бидат застапени во наставната програма по предметот Одбрана и заштита ? Дилемата не од скорешен датум, а во нејзиното разрешување биле присутни различни пристапи со ограничувачки резултати. Проучувајќи ги програмите кои беа во употреба во изминатиот период, може да се забележи дека целокупното внимание било насочено кон одбраната, додека пак заштитата била пренебрегнувана. Новото време наметна и донесе спротивен пристап, доминација на заштитата во однос на одбраната во процесот на едукацијата на средношколската популација, за што речит пример е програмата по Одбрана и заштита од учебната 1991/92 година.

По наше мислење во програмата треба да има рамномерен распоред на "одбранбени" и "заштитни" теми, при што тие би ја сочинувале основата на програмата а по обем би биле најзастапени. Но за таа да биде комплетна потребно е да се надополни со уште две релативно самостојни програмски целини:

1. Заштита и одбрана на човековите права, правата и слободите на граѓанинот, физичкиот и правниот интегритет на личноста;

2. Социопатолошките појави како облик на загрозување на човекот и општеството.

Програмската целина која ја именувавме како "заштита" би имала два сегменти со следниве наслови:

- заштита на животната средина;
- заштита на Републиката како социјална средина.

Во рамките на првиот сегмент, најпрвин би се изучувале темите кои би биле насочени кон идентификација на елементите, односно, вредностите на животната средина. Потоа би следеле темите преку кои би се вршела разработка на загрозувачките дејствија и активности / природните и свесните и несвесните човекови постапки/ чии последици фактички го оневозможуваат потврдувањето на вредностите на животната средина.

Пристапот кон разработката на делот од програмската целина која се однесува на заштитата на Република Македонија, како социјална средина во основа е сличен како и за претходниот сегмент. Впрочем, прво би следувале теми со кои би се идентификувале и согледале основните вредности на нашата заедница, потоа би следувала разработката на видовите и носителите на загрозувањето на тие вредности како и нивна заштита.

Глобалната програмска целина која условно кажано би го опфатила чисто одбранбениот аспект би содржела теми со кои би се разработувала војната како манифестација на загрозувањето, специјалната војна и национализмот. Свое место во рамките на ова би имале и темите кои се однесуваат на изучувањето и разработката на нашиот концепт и систем на одбранбено заштитно организирање и подготвување, при што посебно место и внимание би се посветило на изучувањето на цивилната одбрана и цивилниот отпор, со нагласок на местото, улогата и можниот придонес на младината од оваа возраст на овој план.

При разработката на двете доминантни програмски целини "одбрана и заштита" би требало да се пријде на начин кој ќе обезбеди јасно одделување на мирновременскиот аспект на оваа проблематика од онаа што се однесува за условите на војна. На тој начин би се овозможило стекнување на знаења, умеења чије ефектуирање е можно и потребно и за мирновременски цели, при што оваа младина ќе може со своетео однесување и постапување во одделни ситуации да даде свој придонес на планот на одбраната и заштитата на заедницата од разновидни загрозувања во мир.

Од друга страна, би се овозможило учениците да го согледаат и своето место и улога во одбрамбениот систем, пред се во цивилната одбрана, во услови на воено загрозување, а пошироко гледано, оспособувањето би било во функција на нивното натамошно едуцирање и обучување во одделни структури на силите на одбраната.

При изготвувањето на елаборираниот концепт на програмската поставеност на предметот би требало да се уважат следниве принципи:

- научен пристап со висок степен на универзалност;
- деполитизација на содржините;
- актуелност на содржините;
- практична применливост на дел од изучуваните содржини.

Инаугурираниот глобален пристап кон можната структура на предметот, не значи дека претендираме кон тоа дека станува збор за конечни решенија, но според досегашните искуства, актуелните потреби и можности, сметаме дека со ова на некој начин чиниме чекор поблиску до финалното решение, односно дека се приближуваме до она што е потребно.

Едно од прашањата за кое треба нешто повеќе да се каже е името, називот на предметот. Иако навидум можеби изгледа дека не е толку важно како ќе се вика, туку што со него ќе се изучува, во нашите околности тоа има посебно значење. Важноста на името произлегува од фактот што истото мора пред се да го одрази она суштественото што се изучува, од една страна, а од друга јасно да го искаже новиот пристап кон оваа проблематика. Промената на називот, односно изнаоѓање на поадекватно решение од досегашното, треба да овозможи диференцирање и расчистување со минатото. Сметаме дека, според она што го промовиравме како основни содржини на предметот, е создаден простор да понудиме неколку варијанти за можниот назив на предметот. Би ги навеле следниве: Одбрана и заштита на животната и социјалната средина, Одбранбено заштитана култура, Основи на одбраната и заштитата со екологија и сл. Понудените или слични други називи, во суштина би го одразиле новиот пристап кон ова воспитување и образование, примерено на новото време и услови.

Бидејќи во вкупниот пристап кон едуцирање на младите за одбрана и заштита во средните училишта имавме, односно се планираше, покрај предметот да постојат и други видови и форми на воспитно образовна работа од областа на одбраната и заштитата, потребно е да се изградат ставовите и за тие сегменти. Имено, од сите досегашни варијанти кои се нудеа во врска со преструктуитрањето на одбранбено заштитното воспитување и образование во средните училишта, ниту една од нив не ја опфаќаше проблематиката на изборната и факултативната настава, вградените содржини во другите наставни предмети, како и вон наставните и слободни ученички активности значајни за одбраната и заштитата. Тоа може да се толкува на два начини: или се подразбира дека на

овој план останува се "по старо" или дека такви форми и активности воопшто не се предвидува да се спроведуваат. Било која од претпоставките да е точна, не е добро. Имено, ако на некој начин се подразбира дека и натаму е важечки стариот пристап кој се однесува на вградените и вonнаставни содржини /за изборната и факултативната настава веќе кажавме каква била состојбата/, тогаш може да се констатира дека таа и по обем и по содржина речиси воопшто не одговара на сегашното време. Ако е во прашање второто, тоа практично значи дека се пренебрегнува едно извонредно значајно подрачје на воспитната работа - реализација на воннаставни и слободни ученички активности, а се отфрлува одбранбено заштитната програма врзана за струката за која ученикот се школува, за чија полезност или неполезност од елеиминација има место за дискусија.

Во корелација на погоре спомнатово, сакаме да укажеме на едно размислување и идеја за која сметаме дека има своја основа за реализација, а се однесува на можност од развивање на посебни стручни програми врзани за одбраната во одделни средни училишта, во функција на оспособувањето на дел од средношколската популација за воениот позив / за помлади офицери /. Имено, во Република Македонија досега немало ниту едно средно воено училиште, а според наши сознанија не се предвидува нивно отварање на нашата територија. Оттука и прашањето како Армијата на Република Македонија /АРМ/ во иднина ќе ги пополнува своите редови со помлади офицери ? Како преодно решение тоа може да се направи преку активирање на дел од резервниот состав,.со негова дополнителна обука. Но за подолгорочно континуирано решавање на оваа проблематика, а со цел обезбедување на квалитетен кадар, сметаме дека е потребно нешто повеќе да се направи на овој план во определени средни училишта. Нашето мислење е дека треба да се

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

утврдат струки од средношколско ниво кои се интересни и потребни на АРМ и во тие училишта да бидат развиени посебни стручни програми, кои би се реализирале во вид на изборна настава во повисоките години / или во завршната /, а во функција на стручното оспособување на посетителите на таа настава за вршење на одделни задачи во АРМ. Односно, би се дала можност на учениците кои ја изучуваат оваа програма, по завршувањето на средносто образование, да бидат потенцијални кандидати за активирање во АРМ. Впрочем, таквите ученици всушност би се здобиле со диплома за струката за која се остручувале како и нивните соученици, но и со совладана дополнителна програма за потребите на вооружените сили, со што ако ги задоволат и некои други критериуми би можеле да минат во активна служба во АРМ.

Тоа практично значи, повторно заживување на изборната настава во извесен број на стручни средни училишта, при што учениците кои тоа го сакаат и пројавуваат интерес, покрај изучувањето на обврзниот предмет од одбрана и заштита, би ја посетувале и наменски подготвената програма за таа струка, така конципирана и поставена за да овозможи нивно професионално ангажирање во вршењето на работите за потребита на АРМ од нивната струка.

За да се побуди интересот кај учениците да ја посетуваат таа програма покрај нудењето на можност за засновање на работен однос во АРМ, би требало да се воведат и некои други стимулативни мерки за посетителите / на пример давање одредени бенефицији при отслужување на воениот рок, стипендирање на најдобрите и сл./.

Гледано пошироко, започнувањето на подготовката на дел од учениците за војничкиот позив во средното образование преку оваа програма практично би било прва скала во конечното профилирање на помладиот офицер на АРМ. Имено, таквите ученици би требало да поминат и определена дополнителна обука, во рамките на отслужувањето на воениот рок или потоа, за да би можеле успешно да ги извршуваат покрај стручните и командните должности.

Нашите прелиминарни согледувања во однос на можните струки во кои има основа за воведување дополнителна стручна програма од областа на одбраната, упатуваат на следниве: машинската, елктротехничката, сообраќајната, хемиско-технолошката, прехрамбената, ПТТ, природноматематичката и др.

Програмата за воспитување и образование на учениците за одбрана и заштита во предметната и изборната настава би ја реализирале постојните и идните наставници по одбрана и заштита. Ако се прифати понудениот концепт може да се очекуваат определени реакции од страна на други наставници, а пред се по биологија и физика, по однос на прашањето за острученоста на професорите по одбрана и заштита за реализација на теми од областа на заштитата на животната средина, што би се елеиминирало со нивнотото дооспособување на семинари, советувања и сл. Ова се однесува пред се на постојните професори по одбрана и заштита во средните училишта додека проблемот не е присутен кај новодипломираните студенти на Институтот за одбрана бидејќи го изучуваат предметот Екологија со што се соодветно остручени за реализација на тој дел од програмата.

На сличен начин би се решавал проблемот на дополнителната едукација на професорите кои би се нашле во улога на реализатори на изборната програма во одделни училишта. Прашањата врзани за годината во која би се реализирала програмата по одбрана и заштита, фондот на часови и некои други придружни дилеми би се решавале при самата операционализација на програмските целини и би се усогласиле со новите решенија во Законот за образование.

## *5.3. Оспособувањето на студентската популација за одбрана и заштита*

Како што тоа го правевме за другите категории на младина така и за студентската популација ќе наведеме неколку основни статистички податоци.

Вкупниот број на запишани редовни студенти на универзитетите во Македонија во учебната 1990/91 година на факултетите изнесува **20.242** /**10.234** машки и **10.008** женски /, а по години состојбата е следна: I- **6.692**; II-**4.857**; III-**3.726**; IV-**1.594**. На вишите школи се запишани вкупно **1.148** студенти од кои **260** машки и **888** женски, а по години во прва година **567** а во втора година **581** студент. Во истата учебна година дипломирале **2.470** редовни студенти на факултетите и **405** на вишите школи. Податоците не се разложени по национална структура бидејќи процентот на застапеноста на националностите е 7.5 % и тоа албанци 2.09 %, турци 0.86 % и други 4.43 %.

За прв пат оспособувањето на студентите за одбрана и заштита се воведува на факултетите во дамнешна 1948 година и тоа во вид на Предвојничка обука. Но сообразно на нашите потреби нема да вршиме анализа на историјатот на овој вид на едукација на студентската младина од тој временски период, туку ќе се ограничиме на период од донесувањето на повеќепати спомнуваниот Општествен договор' од 1985 година, па до денешни дни. Се определивме за овој временски интервал бидејќи сметавме дека тука се наоѓаат основите на последните решенија и контроверзи кои

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

од нив произлегоа. Врз база на нив и ќе го градиме новиот пристап кон оваа проблематика.

Според член 10 од наведениот Договор беше утврдено дека оспособувањето на студентите ќе се врши преку посебен предмет со 60 часови годишно во I и II студентска година, со вградување на содржини посебно значајни за одбраната во други предмети, со реализација на изборните и факултативните програми посебно значајни за одбраната и со развивање на научно истражувачката работа во областа на одбраната и општествената самозаштита.

Меѓутоа, за да не се исцрпуваме со беспотребни и јалови анализи на нешто што не заживеало, а со цел вниманието да го насочиме кон главните прашања, сметаме за потребно уште на почетокот да нагласиме дека одделни делови на Договорот во врска со оспособувањето на оваа младина не беа почитувани до крај. Имено, почетниот интензитет и широчина на преземените активности на планот на вградувањето на содржините значајни за одбраната, не доживеаа свој континуитет и практична реализација кога се дојде во фаза на нивна примена во наставно научната работа. За таква состојба во голема мера придонесоа и надлежните органи за образование и одбрана, пред се поради својот пасивен однос и неактивност на овој план. Оттука "нормално" беше да се очекува најголем дел од предвидените содржини за вградување, во наставнта практика воопшто да не се остваруваат. Затоа и не е чудно во однос на ова прашање во Републиката не најдовме буквално ниту едно стручно согледување во врска со оваа проблематика.

Идентична состојба имавме и кај изборната и факултативната настава, со една додатна констатација, а тоа е дека таа воопшто не била поставена и воведена на факултетите и вишите школи на универзитетите во Републиката.

Што се однесува до научно-истражувачката работа од областа на одбраната и заштитата на вишите школи и факултетите, може да се забележи дека со исклучок на делумното ангажирање на техничките и медицинските науки, со скромни почетни резултати, оваа дејност иако организациски била поставена, не се развивала, ниту пак успеала да заживее.

Оттука и е разбирливо што спомнатиот период, а особено во сегашниот период и услови, вкупниот интерес на стручните, на надлежните институции па и на пошироката јавност, е насочен кон предметот Одбрана и заштита, и тоа во вид на прашања: Има ли или не потреба од овој предмет на факултетите? Која и каква програмска определба, колку часови и во која година, кој да го предава ? и други. Поради тоа и нашата анализа ќе отпочне со барање на одговори на спомнатите и на другите прашања во обидот да дадеме свој придонес кон создавање на едно прифатливо решение во врска со оваа настава и вкупниот пристап кон ова оспособување во новите услови.

*5.3.1. Предметот Одбрана и заштита*

Овој предмет, како впрочем и вкупниот пристап кон едукацијата на студентите за одбрана и заштита, во претходните години и децении, поминуваше низ бројни и разновидни концепциски, организациски и содржински промени. Промените најчесто се јавуваа како нужност, предизвикани пред се од трансформациите во општеството и околностите и движењата на надворешен план. Истите со себе носеа подобри или полоши резултати, што зависело од

претходните подготовки и по правило биле проследени со помали или поголеми отпори од различни нивоа.

Во изминатиот период вообичаена беше практиката програмата по овој предмет да биде определувана од страна на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, управата за настава, по што главно следуваше формална согласност на просветните органи на Републиките. Поради тоа, во неа доминираше военотрадиционалното, базирано врз филозофијата на колективната безбедност на општеството.

Наставниците и соработниците беа ставени во улога да го прифатат она што на некој начин им било ставено како задача "одозгора" без можност да се внесе определена креативност во изведувањето настава, што всушност и не било многу пожелно.

Во контекст на искажаното, интересно е да се наведе едно гледиште на Стојановиќ (43) кој истакнува дека "устроената практика конституирала една учебничка наука која нужно се јавуваше како крут систематизиран збир на сознанија, составен од елементи кои не можеше покреативно да се вообличат во наставната практика".

Долги години беше вкоренето уверувањето дека тоа е воен предмет, дека други научни кадри освен офицерите нема што да бараат во наставата. Многумина сметаа, а и денес можат да се сретнат такви мислења, дека без оглед на промените на називот на предметот, тоа во основа е "предвојничка обука" која како таква и денес ја паметат постарите генерации.

Беа присутни, а и денес можат да се сретнат, видувањата кои тргнуваат од тоа дека предметот не е во функција на струката, како и тоа дека со доскорашните решенија за отслужување на воениот рок пред да се стапи на студиите, во многу нешта ја наметнуваа дилемата за полезноста на предметот на факултетите.

Оттука, посоченото и некои други моменти, придонесуваа секогаш кога се отварала расправа на институционално ниво, за определени измени или промени во рамките на предметот, скоро секогаш појдовната позиција било барањето за негово укинување. Ако тие барања биле своевиден продукт на политички потреби за промени со волунтеристичка ориентација, ќе биде интересно да видиме до какви заклучоци и констатации дошле определени научни и стручни работници во своите истражувања во врска со некои аспекти на оваа настава и самиот предмет.

Ќе презентираме резултати од истражувања вршени надвор од нашата Република што не би требало да пречи бидејќи станува збор за период кога таа програма беше единствена за југословенскиот простор. Кај нас такви показатели од поново време и не можат да се најдат, бидејќи за жал, проблемот не е истражуван. Така Колев и Срна (44), истражувајќи одделни аспекти на потребата, поставеноста и спроведувањето на предметот Одбрана и заштита на Сараевскиот универзитет, меѓу другото констатираат дека 83 % од испитаниците имале изразито позитивно мислење за важноста на одбранбено-заштитното оспособување на студентите, но дека самиот предмет е потценет и заклучуваат дека во иднина би требало да му се придава, ако не поголема, барем иста важност како и на другите предмети. Тие укажуваат дека 80 % од анкетираните студенти се на становиште дека предметот има значење за општото образование на студентите. Авторите сосема оправдано забележуваат дека студентите најголеми критики упатуваат на тоа дека предметот е недоволно поврзан со струката на студиите и дека содржините не се доволно приспособени кон новите општествени потреби и промени во земјата и во пошироката меѓународна заедница.

До слични резултати дошол и Војчиќ Д.,(45) истражувајќи го истиот проблем на примерок од 2.274 студенти и 58 наставници по предметот Одбрана и заштита. Во примерокот немало испитаници само од нашата Република. Така, според резултатите, 48 % од анкетираните студенти сметале дека наставата по овој предмет е здодевна, огромен број од нив /91 %/ сметале дека таа е корисна, а за тоа дека таа е потребна се изјасниле 87 % од испитаниците , со што се потврдува позитивниот однос на студентите спреме нивното оспособување за одбрана и заштита.

Иако спомнативе и доста други истражувања на овој проблем беа спроведувани пред познатите настани и промени во поранешната СФРЈ, врз основа на сопственото искуство и сознанија од спроведувањето на оваа настава кај нас, сметаме дека презентираните показатели по односните прашања не би бележеле драстични осцилации во една или друга.

При заземањето на ставот за /не/потребноста од оваа настава треба да се има предвид и следниов податок. Во францускиот град Тауре во 1989 година од страна на 45 ректори на западноевропските универзитети, кои застапуваа околу 60 милиони студенти и два милиони професори, потпишана е Декларација за преживувањето на студентите во војна, во природни и технички катастрофи, во економска криза, во услови на насилство и терор и тоа преку посебен предмет за безбедност и мир (46). Според неа, оспособувањето на студентите не се состои само во нивно запознавање со разни опасности и облици на загрозување на човекот и неговото окружување и заштита од разновидни опасности во мир и војна, туку и во пронаоѓањето на причините за војна и начините за одстранувањето на опасностите пред да се појават, односно да почнат да дејствуваат.

Значи, суштината на Декларацијата е студентите и на Универзитетот да учат како да се бранат, како да се штитат, од кого да се бранат и штитат, од кого и зашто да се обезбедуваат, кога, како, со кого и со што да се бранат. Покрај тоа, студентите, подготвувајќи се за струката, формираат свој став, своја мисла, свои сознанија за сличноста и разликите во своето опкружување.

### *5.3.2. Пристап кон оспособувањето на студентската популација за одбрана и заштита*

Поради до неодамна важечкиот принцип за единствена програма по предметот Одбрана и заштита на просторите на поранешна СФРЈ, речиси сите карактеристики, особености и проблеми врзани за овој предмет, со определени варијации и степен на нивно манифестирање, беа присутни и во нашата средина. Но, ќе издвоиме и некој посебности.

Имено, неодминлив е впечатокот дека во нашата средина, во изминатиот период, предметот имал статус и се сметал за режимски и непродуктивен. Ако во бившиот еднопартиски систем таквите мислења и ставови не беа толку јавно изнесувани, туку повеќе се манифестираа како гласни размислувања на одделни поединци и тоа пред се во неформални контакти, во последно време тие полека излегоа на површина како полуофицијални ставови на дел од одговорните лица и институции, директно или индиректно врзани за оваа проблематика. Со оглед на тоа дека се очекуваа такви реакции, платформирани од различни побуди, одговорните наставници и соработници по овој предмет не направија речиси ништо на аргументиран, научно фундиран начин и со факти да се спротивстават

на таквите "повици" по предметот. Простор за пласирање на таквите видувања, покрај други објективни околности создадоа и самите наставници, кои заштитени од државната регулатива и со убедување дека тоа ќе биде секогаш така, се претворија во раскажувачи на постојниот учебник, без посериозна намера нешто повеќе да направат на планот на унапредувањето на оваа дејност на факултетите. Од друга страна, притиснати од законските рокови за дооформување на своето образование /магистратура и докторат/, најголем дел од нив малку обрнуваа внимание на осовременувањето на наставата, методиката и посебно кон градење на ставови / поединечно или во рамките на Катедрата / за престуктуирање на предметот кон новите состојби, времето и условите. Подучени од минатото, нивните очекувања се базираа врз тоа дека промените и вкупниот приод кон овој предмет за нив ќе го направи некој друг.

Од друга страна, една куса анализа на вкупниот број, стручните квалификации и академски звања на ангажираниот наставнички и соработнички потенцијал во изведувањето на наставата по овој предмет на Универзитетите во Република Македонија, покажува загрижувачка состојба. Имено, од вкупно 13 наставници, само двајца се со академско звање доктор на науки, од кои едниот е од Институтот за одбрана ангажиран и на Катедрата за одбрана и заштита, 5 се магистри, а 4 се предавачи без академски степен. На Катедрата има само двајца помлади асистенти за изведување на вежби. Ако подлабоко се навлезе во анализирањето на кадровскиот потенцијал, може да се уочи дека од спомнатиот број на наставници, двајца се пред пензија, шестмина без академски статус и набргу ќе дојдат под удар на Законот за образование.

Овие дополнителни согледувања во врска со кадарот јасно ги отсликуваат промашувањата во водењето на кадровската политика.

Очигледно е дека со овој наставнички и соработнички тим тешко можат да се остварат целите и задачите и на најсовремена наставна програма, пред се поради погоре наведените показатели. Но и голем број на студенти по наставник и соработник е факт кој уште повеќе ја усложнува вкупната состојба. Така, на пример, во учебната 1992/93 година на Универзитетите во Република Македонија беа запишани **5.565** студенти, од кои **5098** редовни и **467** вонредни студенти (47). Просекот од повеќе стотини студенти по наставник и двојно повеќе по асистент е навистина надвор од сите норми, што сакале или не драстично ќе влијае , како што влијаеше и до сега, на начинот обликот и квалитетот на изведувањето на наставата и вежбите.

Дел од наставниците ниту до ден денес не успеале да изградат валидни критериуми за оценување на студентите. Евидентни беа крајностите во една или друга насока, што на определени факултети и виши школи придонесе за создавање на своевиден опортунитет и антагонизам кон овој предмет и кон самите изведувачи на наставата. Во последно време, непријатностите од овој вид се се повеќе изразени и во најдрастични форми.

Би било сосема некоректно ако не издвоиме и некои најкарактеристични објективни состојби кои на определен начин го комплетираат мозаикот на состојбата.

Имено, во ретко кој наставен предмет содржините со таква брзина ја губат својата актуелност како што е тоа случај со предметот Одбрана и заштита, а истовремено да се наметнуваат нови што треба да најдат свое место во наставната програма. Токму поради тоа и учебниците и поширококата стручна литература за овој предмет застаруваат побргу во однос на другите научно наставни дисциплини, што придонесуваше наставниците и студентите да не

можеа подолго време да ги користат.

На многу факултети, наставата се изведуваше во време и термини кои беа надвор од сите педагошки норми. Ако на тоа се надоврзе и непостењето или зафатеноста на адекватни просторни и други услови на одделни високошколски институции, тогаш и постигањата во оваа настава се лимитирачки.

Примената на современи наставни и нагледни средства во оваа настава, според наши сознанија, воопшто не било застапено како поради тоа што ги нема во доволен број, така и поради комплицираноста на процедурата за нивно набавување или пак просторните и други услови не овозможуваат нивна адекватна примена. Но, и наставниците не беа баш многу заинтересирани и мотивирани за нивно користење во наставата. Поради тоа, во реализацијата на наставата доминираа предавањата и објаснувањата како облици на усно излагање.

Што се однесува, пак, до програмата по предметот Одбрана и заштита, треба да се има предвид дека во учебната 1991/92 година, како преодно решение, во Републиката се работеше според наставната програма изготвена ос страна на Катедрата за одбрана и заштита. Објективните состојби беа такви што налагаа потреба таа да почне да се реализира, под услов за наредната учебна година, со определени дополни да ги помине сите процедурални фази и како таква да биде официјално усвоена и одобрена. Тоа е направено од учебната 1992/93 од кога се реализира нова наставна програма за едуцирање на студентската популација од областа на одбраната и заштитата. Програмата во основа предвидува изучување на предметот Одбрана и заштита на сите виши школи и факултети во прва година, во двата семестрри, со вкупен фонд од 90 часови /2 + 1/. Пристапот е сличен како и кај претходната, односно

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

2/3 се однесуваат на општотеоретски теми од областа на одбраната, безбедноста и заштитата а 1/3 се однесува на струката, односно околу 30 % од програмата предвидува изучување на одбранбено - заштитни теми кои би биле во функција на струката - профилот на студиите.

Во неа е утврдено дека општата цел на содржините од оваа научна област е на студентите да им се презентираат научно релевантни сознанија за одбраната и заштитата како значајни и трајни суштински форми и начини на човековото живеење и кај студентите да се изгради критичка свест за современите воено - политички и стратегиски процеси и промени, да се осознаат и елаборираат сите извори и облици кои го загрозуваат животот на луѓето и материјалните добра, и во врска со тоа, потребата за одбранбено-заштитно организирање и дејствување заради одбрана и заштита на луѓето, животната средина, материјалните и други добра, а посебно заради одбрана и заштита на независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Посебна цел на изведувањето на предметот, во рамките на другите поединечни научни области, е да се согледа местото, улогата и можниот придонес на сите струки и научни области во одбранбено-заштитното организирање и оспособување на субјектите на државата со цел севкупно јакнење на нејзината одбранбено-заштитна моќ.

Според тоа, станува збор за програма која во однос на организацијата и приодот е идентична на поранешната, официјалната и преодната, со определени корекции во тематската структуираност.

Дали е ова вистинското, најрационалното и единственото решение, дали има потреба и можности за барање на алтернатива на досегашниот пристап и програмска насоченост на овој предмет?

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Прашањето го поставуваме од причини што сметаме дека последното решение на некој начин е фаќање на здив и обезбедување на простор за изнаоѓање нови решенија. Веќе е речиси неодржливо во последен момент да се отстрануваат неизвесностите околу изучувањето на овој предмет, толку карактеристично за последните неколку години.

Но, пред да ги изложиме нашите видувања за патиштата на решавањето на овој проблем во Република Македонија, сметаме дека би било полезно најнапред да презентираме определени дополнителни образложенија во врска со потребата или не на одбранбено заштитната едукација во вишото и високото образование, макар што веќе на определен начин, во претходните анализи и презентацијата на одделни истражувачки резултати, е одговорено потврдно. Наше мислење е дека образованието за одбрана и заштита на вишите школи и факултетите е потребно додека друго е прашањето за пристапот, поставеноста, облиците и начините на остварување на едукацијата во оваа сфера. Сметаме дека младиот човек мора да знае: што е војна и кои се опасности можат да го загрозат, што е мирот и безбедноста и како за нив треба да се бори.

Гледано пошироко, потребата за оспособување на студентите за одбрана, безбедност и самозаштита не е веќе работа на поединецот или на државата, тоа е општествена и природна нужност, тоа е дел од духовната сфера на човековиот живот.

Во крајна линија, сето она што се случува во животот е врзано за прашањето:како безбедно да се работи, како да се живее во мир, како да се отстранат деструкциите пред тие да настанат.

На студентската популација треба да се гледа од два аспекта и тоа како академски граѓани кои во текот на повеќегодишното образование се дел од оваа општествена заедница, кои активно или пасивно набљудуваат, учествуваат, градат мислења и

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

ставови за сето она што се случува во општеството, и на категоријата на младина која по завршувањето ќе го заземе своето место во процесот на остварување на својот труд и знаење.

Оттука, на студентите треба да им се презентира научно валидна и благовремена информација за политичките, економските, еколошките, социјалните, културните, одбранбените, безбедносно - заштитните аспекти на сигурноста на живеењето. Преку нив академските граѓани би се потикнале на размислување за прашањата на одбраната, безбедноста и заштитата ,одбранбената култура, при што во текот на студирањето би градѐле ставови, мислења и свест како основна платформа за определени квалификувани решенија на дел од тие прашања во услови кога ќе се вработат во определени средини.

По завршувањето на студиите и вработувањето тие треба да бидат во состојба да определуваат и спроведуваат решенија во областа на одбраната, да учествуваат во вршењето на општествен надзор на остварувањето на основните уставни и законски определби и ефикасно да им се спротивставуваат на сите неправилности, да се ангажираат во подготовките на општествено-политичкиот и економскиот систем за одбрана, односно да се раководат од потребите и интересите на безбедноста и одбраната на земјата.

Од друга страна, според новите законски решенија (48), студентите од машки пол одат на отслужување на воениот рок по завршувањето на студиите, што практично значи дека околу 12-13.000 момчиња во периодот на наредните пет години, доколку нема воспитно образовни содржини од областа на одбраната, остануваат практично без овој вид на оспособување. Притоа, ако нема организиран пристап и општествено верификувани едукативни содржини од одбраната реално е присутна опасноста да се појават и меѓу нив да

дејствуваат најразлични политички, идеолошки, верски и други субјекти кои на "свој" начин би ја толкувале општествената стварност и прашањата од одбраната и безбедноста. Постигнатите резултати на овој план брзо би се рефлектирале врз заедницата и државата и тоа особено кога по редот на нештата, најголем дел од студентите би биле ставени во функција да одлучуваат за низа општествени работи меѓу кои и за одбраната. Ако тие ставови и видувања се различни или дијаметрално спротивни на она што во дадента ситуација е објективно единствено решение, колизијата е неминовна, тешко оди замисленото и планираното, што во крајна линија доведува до дестабилизација на државата.

Проблемот може да се разгледува и од следен аспект. Имено од просечниот број на завршени средношколци во Република Македонија по години, околу **21.000**, за приближно 30 % од нив има место на вишите школи и факултети. Со завршувањето на средното образование, со изучувањето на споменатите содржини од областа на одбраната и заштитата во основното и средното, се завршува еден циклус од оваа дејност примерен за тоа ниво и возраст на младите. Младите кои не продолжуваат со школувањето, одат на отслужување на воениот рок со што на определен начин се комплетира и заокружува нивното оспособување за тоа ниво. Дел од оние кои продолжуваат на студии, покрај основните активности на планот на нивното остручување за позивот кој го одбрале, се вклучуваат и во некои од политичките партии, здруженија, студентски форуми или пак тие асоцијации пројавуваат интерес за нивно вклучување во своите редови. Во најголем дел од тие асоцијации студентите, покрај другото, најверојатно во поголем или помал обем, ќе се сретнат и со прашањата врзани и за одбраната, заштитата и безбедноста на државата и поединецот /особено ако се тоа политичките асоцијации /

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

при што толкувањето, ставовите и гледиштата можат да бидат најразлични, од крајно маргинализирање на проблемот па се до милитаристички обоени видувања.

Дел од студентите кои не се директни членови на споменатите облици на здружување на граѓаните, ја следат и преку средствата за јавно информирање примаат определени информации за состојбата во одбранбено заштитната сфера. И едниот и другиот начин може да создаде вистинска конфузија ако информациите, сознанијата се мошне различни и контрадикторни. Сето тоа, во едно плуралистичко општество на некој начин е "нормално" и е дел од општественото и политичкото милје на државата. Притоа академските граѓани треба сами да изградат свои погледи и ставови во врска со оваа проблематика. За да обезбедиме услови и предиспозиции таа изградба да се одвива по текови примерени на едно демократско општество, сметаме дека е потребно, особено за оваа популација, на почетокот на нивното школување да им се понудат информации и сознанија кои проблемот на одбраната и безбедноста би ги расветлиле од сите аспекти / политички, економски, социолошки, културен, филозофски, еколошки, психолошки и др./. Притоа научниот пристап би доминирал, што не значи дека тоа би било крајно аполитично. Нивната едукација ќе мора да биде над дневната политика и политиката воопшто, но тоа не се одвива во некои и за некои апстрактни општествени услови, за некоја друга земја, туку за сопствената заедница, за сопствената земја и за себеси, па според тоа не може да биде одвоена од животот. Тој дел на образованите содржини всушност треба да биде основна платформа која би им овозможила и отворилка простор за критичка анализа, компарација, заземање на лични ставови па и конкретен ангажман во спротивставувањето на идеи и постапки на поединци и општествени

групи во наметнувањето на нештата кои отстапуваат од реалното, можното или се пак во функција на дестабилизација и деструкција на општествената заедница. Преку изучувањето на определени општотеоретски теми од одбраната и заштитата и пошироко, всушност ќе ги оспособиме студентите за сегмент кој би требало да биде составен дел од нивната култура на живеење, односно за реално согледување на присутните процеси на деструкција, несигурност, загрозување, еколошко загадување, загрозување на правата и слободите на човекот и за начините и патиштата за отстранување на загрозувачките фактори и тоа во превентивна фаза и по нивно појавување.

На тој начин, државата од себе би ја симнала одговорноста во смисла на тоа дека не направила ништо на овој план, односно дека преку изучувањето на овие содржини го искажала својот степен на демократичност во општеството и не може да и се префрли дека овие прашања ги концетрирала само во надлежност и одговорност на државните институции. Меѓутоа, треба да се има предвид дека во едно граѓанско општество кон кое стреми и нашава Република, најверојатно на определени слоеви и асоцијации нема да им одговара оваа популација многу да "знае" за оваа проблематика, а со цел да може да ги заштити своите интереси.

Гледано пошироко со завршувањето и вклучувањето на виоскообразовните кадри од различни профили во одделни работни средини, тие со тек на време а сообразно на нивното образование, стручност и вкупната способност, полека ќе заземат високи позиции, како во сопствената работна средина, така и во општествениот, политичкиот и јавниот живот. Мора да ни биде важно и битно, колку и како тие луѓе ќе гледаат на одбранбено заштитните потреби на државата, колку се готови да комуницираат и да ги реализираат

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

потребите и обврските кои преку нив ќе ги поставаат државните органи од аспект на одбраната и заштитата и колку разбирање ќе имаат за такви потреби. Опортунитетот во оваа смисла на никој не му е потребен особено ако тоа е поставено на реални релации и е во функција на безбедноста на државата.

Дел од нив директно ќе се ангажираат на прашањата од областа на одбраната во рамките на нивната струка или пак нивната дејност е потесно врзана со одбраната. За поуспешно вклучување во таквите работи и активности би требало да поседуваат и определени глобални, па и подетални, сознанија кои ќе ги стекнат во текот на самото студирање, за значењето, улогата, и местото на нивната професија од аспект на одбраната.

Најверојатно дека дел од високо образовните кадри во текот на својот работен ангажман само инцидентно ќе се сретнуваат со оваа проблематика, но битно е дека ако се најдат во таква ситуациа, сопствениот ангажман да го сватат како свој личен придонес и придонес на својата организација за безбедноста на државата, а не како нешто наметнато и непотребно. За создавање на таква свест, ставови, и однесување, постоењето на одбранбено-заштитни содржини во рамките на редовниот воспитно-образовен процес е речиси најефикасен и најекономичен начин /особено битно за нас/ на чии основи, со понатамошна надградба, може да се остварат задоволителни резултати.

На кој начин искажаните определби да се остварат во практиката?

Како можни варијанти би ги издвоиле следниве:

1. да остане посебен предмет /со можни промени на самиот назив/ кој би се изучувал на сите виши школи и факултети на универзитетите во Македонија, со програма која во одделна тематска

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

структуираност би била во функција на струката / слично како и до сега /;

2. на одделни факултети да се воведат нови дисциплини кои би ги изучувале одбранбено заштитните аспекти на дејноста со која се занимава факултетот, а на другите факултети би се изучувал засебен предмет како што е дадено под точка 1.;

3. без посебен предмет, а со вградување на содржини од одбраната и заштитата, во одделни научни области и дисциплини;

4. Воведување на посебни стручни програми на одделни факултети, од кои АРМ би вршела дополна на својот активен состав со специјалисти и стручњаци за некои од видовите, родовите и службите.

Во поглед на обврзноста на предметот и наставата можно е тоа да биде како и за другите предмети, да се воведе можност студентите да одберат опции, односно тие да бидат изборни или пак факултативни.

Според првата варијанта, предметот би имал општообразовен карактер со програма која би имала два дела и тоа:

- општотеоретски дел од областа на одбраната, безбедноста и заштитата и

- програмски дел кој би се однесувал на струката.

Општотеоретскиот дел би бил заеднички за сите високообразовнби институции, а за посебниот дел би се извршило претходно групирање на факултетите по сродност и за истите би се изготвила програма чија тематска структуираност би била таква да може да ги одрази потребите на поединечните факултети од областа на одбраната и заштитата. Според наше мислење, групирањето, односно определувањето на посебни програмски содржини, би се развиле за следниве факултети:

- архитектонски и градежен факултет;

- електротехнички, машински и технолошко металуршки и рударско геолошки факултет;

- природноматематички факултет;

- правен;

- економски;

- филозофски, филолошки, педагошките академии и новинарство;

- медицински, стоматолошки, фармацевтски, вишата радиолошка школа и факултетот за физичка култура;

- земјоделски и шумарски факултет;

-.факултет за драмска, ликовна и музичка уметност.

Решавањето на проблемот за изнаоѓање на валидни програмски решенија кои би биле во функција на струката на одделни факултети и вишите школи ќе биде мошне сложено, но не и неостварливо. Тоа особено се однесува на природно математичкиот факултет кој опфаќа студии по математика, информатика, физика, биологија, географија, потоа на филозофскиот и филолошкиот факултет кои имаат повеќе од десетина институти а донекаде и на техничките науки. Изработката на опстојчиви програми, особено за споменатите факултети па и за други, ќе бара особен научен, стручен и интелектуален напор на поголем број експерти и на самите наставници по овој предмет. Нешто полесна задача на овој план би била кога се во прашање правниот, економскиот, медицинските факултети, земјоделскиот, шумарскиот и уметничките факултети, не поради тоа што обемот на активностите е помал, туку поради тоа што за овие научни области има научна и стручна литература за нивната улога и значење во одбраната и заштитата врз основа на која може успешно да се проектираат тематските содржини.

Евидентни се обидите за реализација на овој приод во изминатиот период, но впечаток е дека се некако се завршувало во фазата на експериментирање, без тоа да заживее како што треба. Од лично искуство и од остварените контакти со наставниците и соработниците од Катедрата за одбрана и заштита, се наметнува впечаток дека на одделни факултети сеуште се оди по "старо", а содржините во функција на струката најголем дел од наставниците ги реализираат во различен обем, широчина и длабочина, кој колку бил во можност, кој колку знаел, умеел и сакал тоа да го оствари. Нема многу да згрешиме ако констатираме дека биле направени само мали почетни чекори, со ограничен ефект и сето тоа е мошне далеку од посакуваното, потребното и планираното.

Во однос на втората варијанта, сметаме дека воведувањето на нови дисциплини преку кои би се изучувале одбранбено заштитните аспекти на дејноста со која се занимаваат факултетите, би можело да се оствари пред се на правниот, економскиот и на медицинските факултети. Овие факултети ги преферираме во однос на другите од причини што не е мал бројот од овие професии и кадри, пред се правници и економисти, кои работат на проблемите од одбраната во државните органи и другите средини, при што и натаму ќе има потреба од нивно ангажирање.

Исто така, работниот ангажман на спомнатите профили во стопански, јавни и други дејности и организации, покрај другото, ќе опфати и остврaување на работи и задачи од областа на одбраната и заштитата кои ќе произлезат од барањата на државните органи и во согласност со законските одредби.Со нивно оспособување во текот на студирањето за решавање на прашања од доменот на економската и правната проблематика во одбраната, ќе се создаде база за разбирање на таквите барања, квалификувано решавање на поставените

задачи, како и создавање на еден респективен однос кон оваа потреба.

Значењето на здравството во услови на природни, технички несреќи и катастрофи од поголеми размери во мир, а посебно во војна, ја оправдува потребата од постоење на дисциплина преку која би се изучувале, на пример, организацијата и функционирањето на здравството во мирновременски катастрофи и во војна, како и во други ситуации.

Според третата варијанта, можно е да се изврши определено инкорпорирање на одделни тематски целини во рамките на дел од предметите кои се изучуваат на одделни факултети. За тоа да биде успешно потребни се извонредни претходни подготовки во насока на идентификација на научните области, научните дисциплини, конкретни предмети, во кои може да се врши вградување на содржини од областа на одбраната и заштитата. Посебно е прашањето кои теми, во кој обем, каква содржина, потребен број на часови и друго. Јасно и прецизно ќе мора да се утврди системот на надлежност и начин на следење, вреднување и анализирање на постигањата во оваа област.

За реализација на било која од трите варијанти или за некој вид на нивна комбинација, приоритетно ќе мора да се реши горливиот проблем со кадрите. Можеме да имаме совршено конципиран модел, со извонредна организација и програмска структуираност на тематските содржини, но ако немаме оптимален број на наставници и соработници, соодветно квалификувани и оспособени за остварување на зацртаното, оваа дејност брзо ќе го загуби своето место на универзитетите.

Изготвувањето на учебници, скрипти и други материјали за потребите на студентите е задача која во иднина ќе мора да се

извршува континуирано, со постојано валоризирање на наставната програма од аспект на нејзината актуелност и употребливост.

Презентиравме неколку варијанти кои може да бидат применувани во оспособувањето, односно приоди кои до сега се познати во теоријата и практиката на остварувањето на оваа дејност. Притоа, секој од нив има свои предности и недостатоци, а во одделни средини, некои од нив, се поприфатливи во однос на другите, полесно остварливи, и попримерени за видот на дејноста на факултетите. Поради тоа, сметаме дека може да дојде предвид и градење на еден диференциран пристап кон видот на нивната застапеност, во смисла сите три варијанти да бидат едновремено вклучени на универзитетите, при што дистрибуцијата на пристапите и варијантите на дефинирање би биле по критериумот - значењето на одделни високо образовни профили за одбраната.

Според ова, можно е на дел од високообразовните институции да се оди со вградени содржини, на другите да биде застапен посебен предмет, а на одделни факултети да се развиваат нови научни дисциплини од областа на одбраната.

Се на се, ќе треба да се вложи многу напор и труд ако се сака да се врати и правилно вреднува потребата од ова оспособување и на оваа дисциплина на факултетите.

### *5.3.3. Посебни стручни програми од областа на одбраната на одделни факултети*

Станува збор за приод кој во основа е идентичен со оној што го презентиравме во врска со развивањето на посебни стручни програми за оделни средну училишта. За разлика од нив тука се работи за оспособување на дел од високо образовните кадри во рамките на редовниот школски систем, од кои ќе се врши задоволување на дел од потребите на АРМ за старешини, за лица по договор, и за граѓански лица за служба во вооружените сили, односно за потребите на Министерството за одбрана.

Имено, по познатите настани, во републиката службуваат старешини и граѓански лица од бившата ЈНА кои од различни побуди и причини не заминаа со неа , или,пак се вратија од другите делови на СФРЈ. Тоа го овозможи владата на Република Македонија која донесе одлука за прифаќање на сите лица кои ќе останат без оглед на нивната припадност, чин, образование, потесна специјалност, возраст и слично. По извршената диференцијација на оние кои се определија за служењето во АРМ и бившата ЈНА, и со трансформација на Територијалната одбрана, можеше да се направи анализа за видот и структурата на кадровскиот потенцијал со кој располага АРМ. Споредбената анализа на кадровските потенцијали со кои во моментов располага АРМ и проектираните потреби по видови, родови, служби и специјалности покажува дека за дел од нив се задоволени потребите за подолг рок, за одделни сегменти ќе има потреба за дополнување со нови старешини, додека за определени работни места постои дефицит од соодветни кадри.

Најголем дел од идните потреби за старешинскиот кадар, АРМ најверојатно ќе го обезбедува преку изградување на определен вид на класично воено, образование преку кое претежно би се школувале пешадиските офицери со можност во натамошен период да се врши преориентација и за други родови па и видови. Динамиката на нивното школување ќе се одвива според објективните можности на републиката.

Но, АРМ ќе има потреба и од кадри со поспецифични струки за кои би било нерационално, па и практично неизводливо, да се организира посебно школување и оспособување. Така на пример, современите борбени средства и техника ќе диктираат потреба нашата армија во својот состав да има и инжињери по електроника, машинци, стручњаци од областа на микросметачката техника, од ракетната, сообраќајната струка, офицери - инжињери специјалисти за муниција и минскоексплозивни средства и слично. Оттука, една од можностите АРМ својот состав да го пополнува со кадри од спомантите и други струки, е на одделни факултети / електромашински, природноматематички, медицински, технолошко-металуршки и други / да во завршните години на студии се развијат посебни стручни програми со определен број на теми и часови. Со нивно изучување и успешно завршување, дел од студентите подлабоко би навлегле во соодветните области преименливи и потребни за нашите вооружени сили.

По нивното отслужување на воениот рок, при што најполезно би било тие да служат во школата за резервни воени старешини, а во зависност од потребите, дел од нив би стапиле во активна воена служба. За да се избегне стихијноста и инцидентноста во оваа активност потребно би било воведување на определени стимулативни мерки за оние студенти кои би ги посетувале таквите

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

стручни програми во смисла на нивно стипендирање, определени бенифиции при отслужувањето на воениот рок и обезбедување на работен ангажман.

Најверојатно дека дел од потребите за одделни кадри АРМ ќе мора да ги задоволува и преку школување на извесен број лица во воените академии на други држави, но тоа е веќедруго прашање надвор од нашиот основен интерес.

Реализирањето на замислата околу развивањето на посебни стручни програми на одделни факултети би уследило по претходно извршени подготвителни работи околу утврдувањето на кадровските потреби на АРМ за споменатите и други профили на стручњаци за наредниот период, а врз база на концептот на развојот на АРМ во сите сегменти. Откако тоа ќе се проектира, би следеле активностите околу изборот на факултетеите, изготвувањето на посебни стручни програми за секој од нив, дефинирање и утврдување на наставниот кадар кој таа програма би ја реализирал, број на студенти, часови,литература и друго.

*5.4. Оспособувањето на младината која не посетува средни училишта – воншколска младина*

Самиот наслов на овој сегмент за кој ќе следи елаборација на проблемот, укажува дека станува збор за категорија на младина која по завршувањето на основното образование и воспитување, или истото го прекинала, не продолжува со школувањето во средни училишта, а со тоа и не ја изучува програмата по предметот Одбрана и заштита. Оттука, со Законот за народна одбрана од 1984 /чл. 266 / , а во согласност со Договорот за единствените основи за обучување на младината за одбрана, беше утврдена должноста за обучување на оваа категорија на младинки и младинци во годината во која навршуваат 17 години, под услов да се за неа способни. Обврзник кој од било кои причини не ја посетувал обуката во годината во која наполнува 17 години, должен е да ја посетува следната калемдарска година. Новиот Закон за одбрана на Република Македонија од февруари 1992 година /чл. 115/, исто така, предвидува обучување во центарот за обука, покрај други структури, и на "граѓани кои не посетуваат средно образование". Сите прашања врзани за организирање подготвување и спроведување на ова оспособување се утврдени со посебна Уредба на Владата на Република Македонија, врз чии основи треба да следи изготвување на нов Наставен план и програма за нивно обучување. Бидејќи ова е документ кој допрва треба да се донесе и да заживее во практиката, со што и првите искуства би можеле да се сондираат по неколку години, во состојба сме да ги посочиме сознанијата и карактеристиките на ова оспособување за изминатиот период. Ќе биде опфатен периодот од 1986 година, односно од стапувањето на сила на

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

"сеуште" важечкиот наставен план и програма. Анализата на искуствата од оспособувањето на повеќе генерации на обврзници ќе ни биде во функција на објективното согледување на димензиите, постигнатите резултати, проблемите и оправданоста на овој вид оспособување, како и за укажување на сопствени видувања на варијантите и можните решенија во врска со оваа младина.

Во спомнатата програма е утврдено, наставата да се изведува во центрите за обука, по пат на логорување, со користење на расположливите објекти и наставно-материјални средства на органите на управта за народна одбрана /сега подрачните единици на Министерството за одбрана/ на училиштата, работните организации и единиците и установите на АРМ.

Во општините каде што постои мал број на обврзници за обука или каде што нема услови за организирање на обуката со логорување, во начело се предвидува таа да се врши на регионален принцип, значи организирање на обуката со обврзниците од повеќе општини во една.

Со важечката програма е предвидено обуката да трае 15 работни денови, односно 105 наставни часови, континуирано во текот на една календарска година. Според бројот на часовите најзастапени се следните теми: тактичка обука /31 час/, лично и колективно пешадиско вооружување /12 часови /, подготовка, извршување и анализа на подготвителните стрелања на реден број 1 и 2 /12 часови /, основи на концепцијата и системот на одбраната /11 часови/, нуклеарно, хемиско и биолошко оружје и средства за НХБ заштита и РХБ Деконтаминација /10 часови/, минско експлозивни средства /7 часови/ итн.

Структурата и застапеноста на одделни тематски целини недвосмислено упатуваат на заклучок дека основна цел на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

оспособувањето на оваа младина и тие теоретски и практично да се подготват за водење на вооружена борба. Напоредно со реализацијата на образовниот дел на програмата, во текот на обуката, и тоа пред се на онаа која се остварува по пат на логорувае, во попладневното и слободното време на обврзниците, се предвидуваше реализирање на определени програми за нивно идејно вопситно оспособување. Преку неа се настојуваше да се остварат определени идејно-воспитни и морални резултати како една од претпоставките за нивно ангажирање во областа на одбраната и заштитата.

Потребата за една ваква работа била базирана врз претпоставката и сознанието дека воншколската младина, пред се селската, на ова ниво и статус во општеството, не била активно вклучена во определени општествени активности, туку била препуштена на самата себе, па како таква, можело да биде подложна на делувањето на разни елементи од позиции спротивни на основните општествени определби. Оттука, за да се ублажи овој проблем на некој начин, слободните термини за обука се користеа за преземање и реализација на разновидни вопитни, морални, идејни и општествено -политички активности во функција на оспособувањето за одбрана и заштита. Најголем удел во остварувањето на овие активности имаа определени општествено-политички организации. Исто така забележително внимание се посветувало и на културно-забавниот и спортскиот живот во времето на траење на обуката.

Тоа, во кратки црти, беа програмските определби, а што покажува практиката на нивното спроведување во Република Македонија?

Со анализата беше опфатен периодот од стапувањето на сила на новиот Наставен план и програма од 1986 година па заклучно со 1991/92 година. При сондирањето на овие искуства во најголема

мера се повикавме на одделни податоци на Министерството за одбрана (49) и на лични искуствени сознанија (50).

Прво што може да се забележи од анализата на постоечката документација е дека и покрај тоа што во сите програмски определби е прецизирано таа да се извршува по пат на логорување, поради недостиг на адекватни објекти за такво нешто, во одделни општини и региони, таа се спроведувала и по пат на собирање, пунктовски. Имено, ваквиот вид на обука, само во нешто помалку од половината општини во Република Македонија, а ги има 34, таа се изведува по пат на логорување, при што женската популација е помалку опфатена со ваков вид на обка од машката.

Во Републиката, на законската обврска за оспособување, во, просек годишно подлежат **7-8.500** лица од вонучилишната младина. Според податоците од 1985 - 1990 година женската популација е нешто поголема од машката /околу 60 %/, а според националната структура, тоа е младина претежно од албанска националност, околу 60 %, Македонци, околу 23 %, и други околу 15 %. таквиот однос, со минимални отстапувања е присутен и ако се анализира структурата одделно за секоја година од спомнатиот период. Од вкупниот број на обврзници, половината се од општините Гостивар, тетово, Струга и Куманово и тоа во најголем број од албанска националност.

Во реализацијата на оваа обука се ангажираат околу 300 наставници, претежно со високо образование и со чин на резервен воен старешина.

Во Републиката, во изминатиот период, беше вложуван континуиран и голем напор на планот на унапредувањето на ова оспособување преку изградба, адаптација и приспособување на соодветни објекти за изведување на логорувањето, како и во однос на подготовката и ангажирањето на соодветен кадар за оваа настава.

Во голем дел од средините се забележуваат резултати, но со варијабилен квалитет и ниво на оспособеност на обврзниците во однос на средини и опфатени генерации.

Најкарактеристични проблеми кои ја следеа оваа обука во изминатиот период беа следниве:

- хетерогениот состав на обврзниците во однос на нивното образование / неписмени, со завршено до IV-то одделение, или помалу, со завршено од V-то до VIII, со напуштена I или II година од средносто образование/ значително го отежнуваше процесот на совладувањето на вкупните наставни содржини, а особено теоретскиот дел;

- бидејќи обуката се изведуваше по наставна програма слична на предметот Одбрана и заштита во средното образование, логично беше наставните средства и литературата наменета за средношколското ниво да биде застапена и за оваа категорија на обврзници. Меѓутоа, таа аналогија се покажа како несоодветна, поради недостиг на средства за практична обука на земјиштето, а и теоретското ниво на учебникот ги надминува образовните потреби и можностите на конзументите на истата;

- дел од ангажираниот наставен кадар не беше доволно стручно, педагошки и методски оспособен за овој вид едукација, кој се одликува со доста специфичности;

- во многу средини, поради недостиг на материјални и финансиски средства и објекти за оваа намена, обуката се скратуваше, беа присутни импровизации во наставата, па дури и нејзино формално спроведување со цел да се задоволат законските обврски;

- во одделени средини, каде што таа се спроведуваше по пат на собирање, организаторите и изведувачите на наставата се

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

судруваа со дополнителни проблеми врзани околу превозот на обврзниците, дотурот на наставните и нагледните средства, со организацијата и изведувањето на стрелањето на реден број 1 и 2 и друго, кои објективно го намалуваа ентузијазмот и волјата на изведувачите таа да се реализира како што е предвидено;

- особен проблем претставуваше обуката на женската младина од албанска националност, која требаше да се обучува во некој од центрите по пат на логорување. Оптоварени од традицијата и обичајните закони, најголем број од родителите на младите албанки тешко се согласуваа со фактот дека нивните деца треба да ги остават континуирано 15 дена, без нивно присуство и контрола, што дополнително ја усложнуваше оваа дејност. И покрај огромниот напор кој се вложуваше на планот на создавањето на доверба кај родителите и децата, со определени почетни резултати, сепак овој проблем останува континуирано присутен;

- инфлаторните движења во последните неколку години, енормно ги зголемија финансиските средства потребни за реализација на оваа обука. Тоа организаторите ги стави пред крупни проблеми, што негативно се одрази како на квалитетот така и во поглед на можностите таа воопшто да се реализира во одделни општини;

- вкупните политички состојби во Републиката, присутниот меѓународен набој, делувањето на одделни екстремни лидери од општествено неприфатливи позиции во средините со претежно албанско население, создадоа дополнителни проблеми во обуката, манифестирани во вид на одбување на оваа обврска, наметнување на барања кои објективно не можат да се исполнат.

Како натаму, кои решенија во иднина со оглед на вкупните досегашни искуства и резултати, а согласно на новото време и услови ?

Нашето мислење е дека ова оспособување на воншколската младина треба да се укине, и тоа така што претходно би се обезбедил еден кус период на нејзино одложување, за да се обезбедат определени формално-правни претпоставки за такво нешто. Искажаниот ред на работите е нужен бидејќи, како што веќе нагласивме, со најновиот Закон за одбрана на Република Македонија, предвидено е остварување на оваа обука. Лично сметаме дека е направен превид и грешка што оваа обука е внесена како законска обврска, при што кога тоа го тврдиме ги имаме предвид следниве аргументи:

1. Анализата на досегашната документација и регулативата врзана за оваа обука и објавените стручни трудови на оваа тема, ни наметнаа впечаток дека во образложението на потребата од овој вид на оспособување, пред се се преферираа социјалните ефекти од оваа обука наспроти одбранбените. Односно, многу повеќе се укажува на тоа дека преку овој вид на оспособување се врши определена социјализација на оваа категорија на младина и тоа преку воспитно делување, додека пак одбранбено-заштитните ефекти се некако ставени во втор план или пак се подразбираа, што во основа не може да се прифати. Се тргнуваше од тоа дека на овој начин се обучува главно селската и работничката младина од која се регрутираат земјоделски и неквалификувани работници во производството, па поради "работничко класни причини" на оваа обука треба да и се посвети должно внимание.

Исто така се сметаше дека со тоа би се обезбедил еден вид на рамноправен третман на оваа категорија на младина во областа на одбранбено-заштитното воспитување. Значи, во дел од тие конотации и видувања очигледни се идеолошките постулати

Неоспорно е дека еден од битните моменти и задачи на ова оспособување е и тој специјален аспект, но превасходна е обуката за извршување на определени одбранбени задачи во услови на евентуална војна. Токму за овој, приоритетен аспект, не најдовме доволно цврсти аргументи и теоретски образложенија врз основа на кои би се потпрело оправдувањето на ова оспособување.

2. Половата структура на овие обврзници покажува дека во Република Македонија, во просек годишно за обука стасуваат 2.500 - 3.000 машки. Тие практично веќе по една година, година и пол, се упатуваат на отслужување на воениот рок, бидејќи не продолжуваат со школувањето, а и немаат некаков особен интерес да го пролонгираат, напротив. Од друга страна, помногубројната женска младина, поради своето социјално потекло и присутната традиција и обичаи во средините од каде што тие главно потекнуваат, на релативно помлада возраст засновуваат семејство, така што по завршената обука тие со закон се заштитени во еден подолг временски период, од какви и да е ангажирања во одбраната.

3. Внатрешната инегрираност на нашата општествена заедница, од аспект на меѓуналните односи, во одделни сердини се уште не е на задоволително ниво, поларизацијата е таква што во определен степен е нарушено "единството" и во областа на одбрамбеното организирање. Ова го потенцираме бидејќи 2/3 од обврзниците се од албанска националност, групирани во места и региони во кои се забележени националистички, иредентистички и сепаратистички активности и дејствувања, при што, постои реална опасност таквите идеи да се пласираат и низ обуката на оваа младина. Во "најцрна" варијанта, можно е некој да врши и агитација врз оваа младина, по обуката да членуваат во некои илегални паравоени формации. Имено, постои потенцијална опасност, во

закрилието на легалното, законското, оваа категорија на младина, во чија обука доминира подготовка за водење на вооружена борба, да се врши дополнително регрутирање во разновидни паравоени сили. Колку и да е ова една смела, можна претпоставка, таа сепак не би требало да се испушти, ако се има предвид образовното ниво, социјалниот статус и нивото на комуникативноста на оваа младина со други народи во својата средина. Ова се погодности што овозможуваат релативно лесно остварување на спомнатава хипотетичка мисла од страна на возрасните, при што клучната улога би ја имале организаторите и непосредните реализатори на оваа обука;

4. Основните напомени кои ги истакнавме во врска со полезноста и потребата учениците во основното и средното образование да се сретнуваат со соочуваат со вооружување, кај оваа категорија на младина се уште понагласени;

5. Финансирањето на оваа обука, во услови на ограничени средства за потребите на одбраната, секогаш преставувале особен проблем, кој со сета своја острина ќе се манифестира и наметне и во новите услови. Сметаме дека она Што досега е вложувано и треба допрва да се направи на планот на нивното оспособување, ги надминува крајните ефекти и резултати кои се постигнуваат кај оваа категорија на младина. Ако принципите на рационалност и ефикасност се основни параметри при утврдувањето на нови можни решенија во оспособувањето на граѓаните на Република Македонија, тогаш сметаме дека би било многу пополезно средствата да се посочат за потребите на обуката на други категории на обврзници.

6. Ако општествената заедница навистина сака, а би требало, да се грижи за оваа популација на младина од аспект на нејзино воспитно, културно и друго издигнување, што и беше една од целите на оваа обука, на располагање има богат арсемал на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

средства, методи и институционални облици преку кои тоа би се оствaило во периодот на нивното полнолетство и работно ангажирање.

## 6. ОДБРАМБЕНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВОН ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

За комплексно согледување на искуствата и придобивките на другите цивилизирани земји во областа на оспособувањето на младите за одбрана и заштита вон вооружените сили, потребно е да се даде и приказ на условите во кои тоа се остварува, односно општите околности присутни во одделни земји. Тоа значи дека претходно би мтребало да се презентираат определени податоци за државното уредување на земјата предмет на анализа, позицијата на воениот фактор, правата и обврските на граѓаните спрема одбраната на земјата, па потоа и организацијата на воспитувањето и оспособувањето на младите за одбрана и заштита.

Подлабока анализа на спомнативе елементи би била пожелна и нужна ако изолирано и посебно се разработува само овој сегмент, но со оглед на предметот на нашиот труд, се определивме за искажување на искуствата на другите држави само за делот кој се однесува на оспособувањето без елаборација на другите компоненти. Тоа во определен обем ќе ја осиромаши содржината, а можно е некои моменти да останат недоволно јасни, но сметаме дека целта насочена кон согледување на тоа како е организациски и функционално поставено оспособувањето на младите за одбрана во други земји, и покрај претходни ограничувања, ќе се постигне. При тоа сметаме дека проучувањето на оспособувањето во други земји, а особено на соседните, би требало да биде предмет на посебно проучување и истражување.

Според тоа, во основа на овој дел е содржана интенцијата да се направи една споредбена сиснтетичка анализа на

---

карактеристични примери на други земји во поглед на обучувањето на младината за одбрана и заштита вон вооружените сили, а со цел на евентуално користење во натамошната доградба на едукацијата на младината за одбрана и заштита.

*6.1. Општи карактеристики на оспособувањето на младите за одбрана*

Познато е дека класичен модел на оспособувањето на младите за одбрана на земјата е во вид на задолжителното служење на воениот рок во оперативната армија. Меѓутоа, со развојот на современата техника и начините на водење на војна, доаѓа до подеднакво загрозување како на вооружените сили, така и на другиот дел од населението, што наметнува потреба од вклучување на пошироки слоеви на населението, а посебно на младината, во одбраната и заштитата, покрај редовното служење на воениот рок.

Секоја држава ја организира или настојува да ја организира младината за воено обучување во цивилните установи. Во најголем број земји, оспособувањето на младината е едно од основните права на граѓаните, Преовладува определбата дека граѓанинот кој не е оспособен да ја брани и штити земјата претставува загуба за општествената заедница. Големо внимание се посветува на оспособувањето на младите надвор од класичната обука во оперативната армија, при што, тоа има повеќе политички отколку воен карактер.

Конкретното оспособување на младината се разликува во одделни земји, што е и разбирливо, ако се има предвид дека тие се разликуваат во поглед на општественото уредување, усвоената

доктрина и стратегија на одбраната, геостратегиската положба, расположливите ресурси и др.

Целите на оспособувањето на младината, исто така, се различно поставени, односно не се истоветни за секоја држава. Во некои земји се преферира обучувањето за вооружена борба, во други развивање на патриотски чувства, морални и други доблести врзани за односот кон државата и политичкото уредување. Заедничка карактеристика на сите модели на оспособување на младината за одбрана на земјата, било да се спроведува во рамките на образовниот систем или вон него, е дека, големо внимание се посветува на јакнењето на патриотизмот, љубовта кон сопствената земја.

Може да се уочи дека некои земји без поголеми тешкотии се организираа и спроведуваа обучување за одбраба, но има и држави каде што тоа тешко оди или пак воопшто не се остварува според општествените определби. Причини за една таква различност има повеќе, а главно произлегуваат од политичките и општествените противречности во одделни држави, од специфичната улога и позиција на воениот фактор во општеството и др. Но, без оглед на разликите во поглед на постигнатите резултати, политиката на оспособувањето на младите вон вооружените сили ими стратегиско значење.

Каков е пристапот и начинот на оспособувањето на младината во другите земји, ќе видиме преку примерот на Австрија, Швајцарија, Шведска, Данска, Велика Британија, САД и Израел

## 6.2. Оспособување на младината во Австрија, Швајцарија, Шведска, Данска, Велика Британија, САД и Израел

**Австрија**

Во оспособувањето на австриската младина за одбрана доминира воспитната компонента. Остварувањето на утврдените воспитни цели од страна на сојузните органи, се реализира на два начини: во рамките на редовниот школски систем и вон него.

Првиот начин опфаќа инкорпорирање на одделни одбрамбено - заштитни сдржини низ сите наставни предмети, почнувајќи од училиштата па се до факултетите, при што посебни содржини од одбраната се спроведуваат преку историски предмети.

Вториот начин се спроведува преку насочено обликување интеграција на содржините од програмата, преку средствата за јавно информирање, културно-забавните, спортските и други воннаставни и слободни активности во шклите од сите степени и на друг пригоден начин.

Наместо посебен учебник, како Што е случај кај нас, во Австрија постои публикација под наслов "Негување на традициите кај младите" чија основна намена е да ги запознае младите со австриската воена историја.

Основна цел на предвојничкото воспитување намладинате е кај нив да разбуди интересирање и доверба во современата австриска држава. Во проѓрамата за воспитување на младите особено се нагласува традицијата на австриската војска. Предвојничкото воспитување на младите бара посебно да се почитуваат, покрај традицијата на армијата и христијанакста етика и копнеж за мир. Врз младите се влијае да ги прифатат и војничките доблести какви

---

З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија

што се: храброста, послушноста и верноста на татковината и властите, да ги почитуваат традиционалните и националните симболи и истакнатите личности во државната историја.

Во Австрија е присутна висока компатибилност на подготовките на населението, а во тие рамки и намладината, и воениот фактор.

**Швајцарија**

Одбранбената политика на Швајцарија е насочена кон масовно учество и ангажирање на граѓаните од сите возрасти во одбранбените облици и сили за време на целиот животен и работен век. Поради тоа, во училиштата нема посебен предмет по одбрана и заштита. Тоа е разбирливо ако се има предвид дека оспособувањето на населението за одбрана се остварува во вид на перманентно образование. Со таква обука е опфатен максимален број на граѓани способни за работа и за одбранбено обучување, со Што се намалува ангажирањето на младите за обучување преку образовниот систем. Швајцарија има мошне развиен систем на вонармиско воспитување и предвојничка обука.

Во училиштата, предвојничкото воспитување и обучување на младината се спроведува преку следни содржини:

- задолжително физичко воспитување кое го спроведуваат наставници по физичко воспитување, дипломанти на сојузната школа, која е потчинета на воениот департман;

- општа, доброволна, предвојничка обука, која ги опфаќа младинците што го завршиле задолжителното школување, а се обучуваат заради техничко воспитување и подготвување за воена

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

служба;

- доброволна техничка предвојничка обука, преку која посетителите се оспособуваат за гаѓање со војничка пушка, за телеграфија, за санитетска служба, понтонирство, пилотирање и други специјалности. Успехот на обуката е препорака кај регрутните комисии за одредување на родот и службата на регрутот при отслужувањето на воениот рок.

Така на пример, во 1991 година на младите од 15 до 20 години им беа понудени следниве доброволни предвејнички вежбовни активности (51):

| ВИД НА АКТИВНОСТ | СЛУЧАИ | БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|
| ПРЕДВОЈНИЧКА ОБУКА ВО СТРЕЛАЊЕ | | |
| курсеви за инструктори за стрелање | 9 | 439 |
| курсеви за млади стрелци (пушка) | 1.792 | 22.125 |
| курсеви за пиштол | 11 | 199 |
| курс за идентификација на авиони | 11 | 472 |
| курсеви за добошари | 139 | 616 |
| КУРСЕВИ ЗА ПОНТОНИЕРИ | | |
| сојузно друштво за понтониери | 42 | 510 |
| Швајварско бродарско друштво | 18 | 156 |
| синдикална бродарска асоцијација | 13 | 90 |

| | | |
|---|---|---|
| курсеви за сигнализација | 28 | 616 |
| курс за прва помош | 12 | 194 |
| курс за коњушари | 1 | 28 |
| курс за подготвителна обука во летање | 97 | 242 |
| курс за падобранци | 15 | 138 |
| ВКУПНО - | 2.224 | 25.824 |
| (вкупно претходната година) | 2.189 | 25815 |

**Шведска**

Во рамките на образовниот систем на Шведска не постои посебно одбранбено оспособување на младината. Но, затоа пак во оваа земја, постои голем број на полувоени организации кои се занимаваат со оспособувањето на населението, а преку нив и младината учествува во подготвувањето за цивилна одбрана. При тоа особена улога и значење има Сојузот на цивилна одбрана на Шведска, кој спроведува обука и ја популаризира цивилната одбрана. Една од основните определби на Шведската држава е дека "секој граѓанин мора да даде свој придонес во тоталната одбрана". Шведска како и другите високо развиени земји, со издвоена позиција на воениот фактор, примарно се има определено за оспособување за одбрана на целокупното население, надвор од школскиот систем и под непосредна организација на вооружените сили, до нивона знаења и вештини со кои граѓанинот може да се заштити од непосредно физичко загрозување.

**Данска**

Во Данска некои решенија во областа на оспообувањето на младите се слични како и во Шведска. И во оваа земја, воспитувањето и обучувањето на младината преку школскиот систем не е застапено. Младината се вклучува во обуката на населението во рамките на т.н. млади екипи од граѓани и работници во претпријатијата. Содржината на обуката опфаќа едноставни постапки за самоодбрана како што се гаснење пожари, спасување на луѓе и материјални добра, давање прва помош и др. Наместо школски установи, во обучувањето на граѓаните и младината се вклучуваат полувоени организации какви што се Сојузот за цивилна одбрана, Спасувачката служба на данските жени и др.

**Велика Британија**

Предвојничкото обучување на младината во Велика Британија е воведено уште во XVII-от век како доброволно, во форма на т.н. кадетски корпус. И сегашното обучување на младината има карактер на предвојничка обука. Се изведува во рамките на специјални образовни институции надвор од редовниот школски систем. Образовните облици за стекнување на воени знаења и вештини се остваруваат преку школите за предвојничка обука и британскиот кадетски корпус.

Школите за предвојничка обука ги посетуваат младите на возраст од 18 до 20 години. Наставната програма е насочена кон стекнување на знаења и вештини од три подрачја: поморски вештини, атлетика и планинарање и насочување на воените знаења и вештини неопходни при нивното ангажирање во војна. Постојат два типа на

овие школи и тоа во зависност да ли се тие под ингеренција и раководење на војската или определени цивилни институции. Пријавувањето во овие школи е доброволно, а се собираат младите од цела Британија и од сите општествени слоеви.

Содржината на наставниот план и програма опфаќа три целини: **основни вештини** /бокс,борење, одбрана и напад, строева обука, боречки и други спортски вештини /, **поморски вештини** / веслање, едрење, нуркање, спасување на давеник, поморска сигнализација и други поморски вештини /, и **планинарски вештини** / движење по карта и бусола, качување по јаже, поставување на шатор, испитување на теренот, самостојно подготвување на храна и други вештини /. Во основната обука доминира развивањето на борбените особини и на психофизичките квалитети. Наставната програма е идеологизирана со зададени предмети од областа на официјалната државна политика и од религијата.

Во рамките на Британскиот кадетски корпус, кој нема обележја на целосна војничка организација, постојат два вида на корпуси. Целта на воспитувањето и обучувањето во овие корпуси е двојна: од една страна, тоа е да им се овозможи на младите да умеат и можат адекватно да постапуват во случај на несреќи, стекнување на самодоверба, одговорност, дисциплина и слично, а од друга , младите преку обуката да се заинтересираат и да се мотивираат за активна воена служба како работна професија. Во овие корпуси младите стапуваат на возраст од тринаесет и пол години и можат да членуваат до осумнаесетата година. По завршувањето на обуката стапуваат во воени школи или по студиите занинуваат во резервниот состав

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

**Соединетите Американски Држави**

Во школскиот систем на САД, и покрај тоа што постои обврска на граѓаните за воено обучување нема инкорпорирани форми на воспитување и образование за одбрана. Таквото обучување се врши во вонцколски полувоени организации. Од нив особено значење има организацијата на кадетите од воената морнарица. Обучувањето на кадетите се реализира во циклус од четри години, и тоа секоја година во траење од две недели. Организацијата е доброволна и ги собира младинците на возраст од четиринаесет до осумнаесет години. Наставата се организира и спроведува во посебни центри за обука, на бродовите и во морнаричките бази. По завршувањето на обуката, младинците можат да продолжат со посебна обука заради стапување во воената морнарица. Воспитувањето и оспособувањето на младината е во надлежност на воените власти.

**Израел**

Израелскиот пристап кон одбраната и ангажирањето намладите во многу нешта е специфичен и е во согласност со усвоената доктрина на "активна самоодбрана". Според некои показатели, воената обука на младината од обата пола започнува уште на тринаесетогодишна возраст.

Граѓаните, младината и децата се вклучуват во военизирани организации за обучување. Подготовките на младината се остваруваат во рамките на младинските организации и територијалната одбрана. Младинските организации се основни носители на предвојничката обука при што во нејзини рамки се врши определена селекција на младите за извршување на должностите во

вооружените сили. Преку посебни содржини, кај младината се врши развивање на љубов кон татковината.

Системот на територијалната одбрана се остварува преку два облика: преку единиците и организациите на младината и преку производни полувоени организации. Како најрепрезентативни состави од редовите на младинските единици се издвојуваат **ГОДНА** и **НАХАЛ**, а од производно полувоените состави **КИБУЦИ** и **МАШАВЕ**.

Младинските единици ГОДНА се составени од школската и воншколската младина од обата пола на возраст од четиринаесет до осумнаесет години. Во нив предвојничката обука трае 10 дена во текот на секоја година, а се изведува во специјални логори. Регрутирањето на младите за младинските единици НАХАЛ започнува уште во школите, а собира возрасни членови од осумнаесет години. Обуката се изведува во траење од 30 месеци, а последните 11 месеци младите ги минуваат во земјоделски колективи со име **КИБУЦИ**. Во светот, меѓу воените кругови, владее мислење дека израелските единици од формациите НАХАЛ се најдобро обучени сили на Средниот Исток, а можеби и во светот.

Во рамките на доброволните организации **КИБУЦИ**, кои се заснован врз библиското начело на еднаквост, а кои се занимаваат со обработка на земјиштето, секојдневно се вршат војнички должности какви што се стражарската служба, набљудувањето, патролирањето и други. Основен носител на програмите за воено обучувањето се државните органи.

Проучувајќи ја материјата од оваа област, сретнавме податоци кои говорат дека, на пример во Франција доста се работи на инкорпорирањето на воено-одбранбени содржини во разни факултетски и други дисциплини, дека во Турција предметот Цивилна одбрана е задолжителен за сите школи и т.н., но, во периодот на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

изготвувањето на трудот не успеавме да дојдеме до повеќе податоци, што останува како задача за наредниот период.

Согласно на презентираното може да се наведе следново:

- сите цивилизирани земји со развиена демократија му придаваат големо значење на оспособувањето на младите за одбрана;

- воспитувањето и обучувањето на малдината програмски е насочено кон стекнување на воени знаења и вештини, кон јакнењето на физичката кондиција, кон изградба на патриотски чувства и одбивност и омраза кон агресорот;

- воспитувањето и обучувањето на младината програмски и организационо се во надлежност на највисоките воени органи. Војската ги финансира речиси сите облици на подготвување на младината;

- обучувањето претежно се спроведува во воени гарнизони или полувоени организации, под надзор на воените стручњаци;

- школската и вонишколската младина, доколку со оспособувањето не е опфатена преку школскиот систем, посетува обука во слободно време. Таква обука временски е подолга и економски поскапа во однос на обуката во рамките на редовниот економски систем и

- средствата за јавно информирање, образовните организации и јавните установи се должни позитивно да влијаат и да ја поддржуваат официјалната политика за воспитување и образование на младината за одбрана на земјата пред служењето на воениот рок.

# 7. ОСПОСОБУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

## *7.1. Историски развој на цивилната заштита*

Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра, како активност, присутна е во сите епохи и периоди од развојот на човековата заедница. Развојот на човекот од најраниот период, па се до денешни дни е проткаен со постојана примена на најразлични методи, форми и облици на заштитно-спасувачки дејствија. Тие стануваат составен и неразделен дел од неговиот живот. Оттука и може да се говори за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра како една историска константа.

Самата потреба за заштита и спасување, е многу постара во однос на она што денес се нарекува цивилна заштита. Човекот, во почетокот од својот развој, ја остварувал таа потреба повеќе рефлексно, индивидуално, без некој поорганизиран пристап, за натаму низ развојот тоа да биде поосмислен пристап. Впрочем, се до издигнувањето на далечните преци на ниво на "хомо сапиенс", /човек кој размислува/, неговите активности на планот на заштитата и спасување биле од нагонска природа, сведени на лична зашита и спасување самиот себеси и своето потомство. Тоа е разбирливо, ако се има предвид дека тие не поседувале никакви услови за создавање на какви и да е материјални вредности, па немале ни нагон да ги бранат. Во многу елементи хендикеприарни во однос на поседување на природни, антропогени квалитети, кои би им овозможиле релативно рамноправна борба со посилните животни, во безмилосната конкуренција за опстанок, за да опстанат, тие морале да

---

прибегнуваат кон специфични активности / да се кријат во крошните на дрвјата, одбегнуваат средби со посилните животни, биле упатени на собирање на плодови и сл./.

Почетните и основните опасности кои го загрозувале човекот покрај животните, биле и разните болести, гладта и жедта, водата, огнот, за потоа да биде загрозен од нападите и уништувањето на другите луѓе.

Со издигнувањето на прачовекот на ниво на "хомо сапиенс", а врз основа на свесни реакции за просторот и опасностите кои од него произлегуваат, започнува свесно создавање на активности за заштита и спасување на сопствената индивидуа, потоа и на своето потомство, а низ тоа и на материјалните вредности од животно значење. Тие постапки и облици биле најразлични, а ги спроведувал со средства и методи кои на дадениот степен на развојот и му стоеле на располагање. Со промените и развојот на општествените услови на живеење, се менувале како видовите на загрозување, така и начините за заштита на луѓето. Во услови кога не можел да се заштити, пристапувал кон спасување на себеси, својот дом, своето семејство и имотот. Па така, покрај одбегнувањето на опасностите по пат на разместување, преместување, преселување, градел заштитни објекти и ги приспособувал и прилагодувал на природните услови на живот и се спротивставувал на загрозувањата со орудија и средства кои тогаш му стоеле на располагање. Во почетокот тоа било индивидуално, спонтано и примитивно, за потоа тоа да го прави поорганизирано, на повисоко ниво, со подобри подготовки, а со основна цел, успешно спротивставување и намалување на ефектите од загрозувањата. Во основа, тоа биле мерки насочени кон опстанокот на човекот и ако не се организирал адекватно за да се заштити преку преземање на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

пасивни и активни чекори, човековиот род би бил уништен.

Во одделни историски периоди, опасностите биле различни, а човековиот ум, човековата акција и дејствување, биле постојано упатувани во правец на нивно елиминирање или намалување на последиците, при што успехот на тој план бил условен од познавањето на самите опасности. Но, природата на настанувањето, ширењето и дејството на некои опасности биле такви што човекот не бил во состојба да се брани, туку бил принуден на еден дефанзивен однос кон нив /земјотреси, поплави,ветрови и сл./, а оние кои успевал да ги открива, настојувал да ги одбегне, да ги ублажи последиците или да го отстрани нивното дејство.

Меѓутоа, колку и да биле присутни загрозувањата од природните сили, сепак, човекот најмногу страдал од припадниците на својот вид, особено кога војната и појавата на убивањето, грабежот и уништувањето на материјалните добра, станува редовен придружник на живеењето.

Според тоа, низ историјата заштитата и спасувањето на животот и материјалните добра, со цел преживување и одржување на родот, била една од основните функции на човековата заедница. Оваа активност се развивала,усовршувала согласно со општествените промени и била една од основните причини која доведувала до најниски и основни форми на организирање. Настанувањето на семејството, племето, родовите и пошироките општествени заедници, покрај другото, имале за цел и остварување на одбраната, заштитата и спасувањето во случај на опасностите кои му се заканувале на човекот.

Карактерот на опасностите и последиците кои тие ги предизвикувале бараа и посебно поврзување и организирање заради успешна одбрана и заштита. Иако вистинските почетоци на заштитата

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

и спасувањето не можат прецизно да се утврдат, најверојатно дека спонтаните и природните форми на организирање биле врзани за гаснењето пожари во шумите и населбите, како и отстранување на опасностите кои со себе ги донесоа првите воени дејства. Со текот на развојот, а со тоа и со проширувањето на активностите на планот на одбраната и заштитата. човекот бил во можност и создавал посебни организирани сили за заштита и спасување.

*7.2. Развојот на цивилната заштита во светот и кај нас*

Во стручната литература и кај теоретичарите кои се занимаваат со цивилната заштита, преовладува мислењето дека првите почетоци на организирана заштита на населението и материјалните добра од воени дејства, е поврзано со појавата на авијацијата и бојните отрови во I-та светска војна. Имено, со дејствувањето на воздухопловните средства по цели на земјата во длабочината на неосвоената територија, односно зад линијата на фронтот, во задницата на непријателот, доаѓа до загрозување на цивилното население, поради што има потреба од организирање на заштита. Населените места и големите човечки концетрации во поблиската длабочина на фронтот биле посебно загрозени, не само од бомбардирањето, туку и од употребата на бојни отрови. Почетната неусовршеност, малиот радиус на движење и другите карактеристики на тогашните авиони, сепак влијаеле поодалечените подрачја од линијата на фронтот се уште да бидат безбедни.

Со почетните бомбардирања на урбаните средини во задницата, доаѓа до активирање и на првите конкретни содржини на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

цивилната заштита. Тие беа манифестирани во вид на организирање на набљудувањето и известувањето на населението за претстојниот напад на авијацијата и тоа главно визуелно и со ослушкување. Доаѓа до формирање на екипи и единици за гаснење на пожари, за расчистување на урнатини и за пружање прва медицинска помош, а се градат и засолништа за заштита на населението.

Таквите активности на планот на заштитата и спасувањето дава и свои први резултати во текот на I-та светска војна. Така според англиски и германски извори во првата година на војната со секоја фрлена бомба биле ранувани или убивани 1.6 луѓе, за во последната година на војната тој број да се намали за десет пати.

Најголеми искуства во цивилната заштита се бележат на тлото на Европа и тоа како кај жртвите на агресијата, така и кај агресорот, што е и разбирливо, ако се има предвид дека на нејзината почва започнале и се воделе двете светски војни.

Има мислења, а кои не се осамени, дека зачетоците на цивилната заштита можат да се поврзат и со почетокот на историјата на градовите (52). Некои анализи говорат дека развојот, никнувањето на градовите и селата биле во функција на минатите и идните војни, односно карактерот на опасностите го диктирал обликувањето на населените места. Голем дел од првобитната концепција на градот била базирана врз барањата тие да овозможат физичка заштита на неговите жители. Опкружени со високи и дебели ѕидини и длабоки шанци, тие обезбедувале ефикасен облик на заштита на граѓаните кои живееле во неговите пазуви. До пронаоѓањето на барутот и на артилеријата, одбраната на таквите градови била посупериорна од нападот, а само повеќемесечните опсади и изнурувања на жителите на градовите со глад, во основа претставувало сигурно оружје за негово освојување.

Но, со развојот на артилеријата кон крајот на XIV-от век, градовите со своите ѕидини веќе не се толку сигурни места, тие стануваат ранливи, бедемите биваат пробивани од топовски зрна, а општата осетливост на напад станала поголема од порано.

Во периодот на I-та светска војна доаѓа до интензивен развој на воздухопловството во многу земји. Производството на нови типови на авиони, со поусовршени летачки и борбени карактеристики, наметнаа, покрај другото, и потреба од барање на нови концепции и пристапи за заштита на населението од воени страдања. Проблемите на заштитата и спасувањето се усложнуваа, а решавањето на одделни прашања стануваше се потешко.

Најголем број од европските земји своите подготовки за одбрана и заштита од авијацијата главно ги насочуваа во три насоки: организирање на сили и средства за активна противвоздушна одбрана, преземање на низа мерки и активности на планот на т.н. пасивна противвоздушна одбрана и формирање на наменски сили на цивилната заштита, врз задолжителна или доброволна основа, а со цел заштита и спасување на населението. Најчесто при Министерствата за внатрешни работи, а кај некои и за одбрана, беа формирани посебни органи за заштита од воздух, организациски врзани за командата на воздухопловството или за владата на тие земји.

И Министерството за војска и морнарица на бившата Југославија имаше преземено определени чекори на овој план, во вид на издавање на упатства за одбрана во случај на непријателски напад од воздух, за во 1939 година да биде донесена и Уредба за заштита од воздушни напади.

Во II-та свестка војна, активностите во областа на цивилната заштита беа интензивирани. Водечките земји во тој поглед

---

беа Велика Британија и Германија, како во организациска смисла, така и во поглед на ефектите кои беа остварувани. Во овие земји беа формирани разни служби за заштита, како што се стражарската, за набљудување,известување, пружање на непосредна помош, за спасување од урнатини, прва помош и слично. Посебно значење се придаваше на противпожарната заштита за што беа ангажирани голем број на обврзници и доброволци, како и на засолнувањето. Покрај стационарните сили, биле формирани и подвижни единици за борба против пожари, за спасување и расчистување, за евакуација и згрижување на населението. Самозаштитата претставуваше најширока форма на организирање на населението за заштита и спасување.

Во останатите европски земји, кои беа зафатени со воениот пожар, цивилната заштита не беше толку развиена и главно се сведуваше на активности и акции на Црвениот крст и доброволните организации за заштита, спасување и за засолнување. Притоа ефектите беа различни во одделни држави, што беше условено од вкупните состојби во кои се нашле населението и државата.

Општо гледано, развојот на цивилната заштита во II-та светска војна беше диктиран од воените интереси и планови, што јасно се уочуваше како во нејзиното,организирање, така и во поглед на обуката, опремувањето и раководењето со цивилната заштита.

Во бившата Југославија, паралелно со брзиот војнички пораз на тогашните сили и цивилната заштита практично беше разбиена и нефункционална уште од првиот ден.

Меѓутоа ако се анализира НОВ, може да се уочи дека заштитата и спасувањето, била една од основните функции на борбата и војувањето во целина, иако поради низа специфичности, не постоела посебна организација за цивилна заштита. Имено, во стратегијата на водењето на вооружената борба, биле вградени и

---

компонентите на заштитата и спасувањето. Тоа се манифестирало преку остварување на определени задачи и активности во врска со навременото предупредување на населението за доаѓањето на непријателските единици, известување на населението по пат на организирани збегови, засолнување на ранетите или материјалните добра во најразновидни подземни простории, вршење на маскирни работи и слично.

Оттука, често можат да се сретнат видувања кои укажуваат дека корените и содржината на повоената организација на цивилната заштита се наоѓаат во НОВ.

А како таа се развивала по втората светска војна, се до распадот на поранешната југословенска федерација, може да се види од освртот кој ќе го направиме за тој период. При тоа само во најопшти рамки и претежно фактографски ќе ги посочиме најкарактеристичните моменти врзани за организацијата, поставеноста и содржините на цивилната заштита во изминатиот период.

За прв пат терминот цивилна заштита се дефинира во Законот за одбрана од 1955 година, но тоа не значи дека до тој период немало никаква организација за заштита и спасување. Имено, современата цивилна заштита израсна врз темелите на Одделението за противавионска заштита /ПАЗ/ од 1948 година, кое организациски беше врзано за Министерството за внатрешни работи. Служењето во службата на ПАЗ било задолжително за граѓаните од двата пола, од 16 - 55 години. Општото раководење со ПАЗ било во надлежност на Сојузното министерство за внатрешни работи, а непосредното на Републичките и Покраинските министерства за внатрешни работи, преку отсеците за внатрешни работи при срезовите и градовите.

Со спомнатиот закон од 1953 година битно се менува карактерот на цивилната заштита, бидејќи дејноста на цивилната заштита се проширува и на мирновременскиот период, на тој начин што цивилната заштита ги презема задачите на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра и за елементарни непогоди и други мирновременски катастрофи. Исто така, беше предвидено, /чл. 33/, сета инвестициона изградба во стопанството, сообраќајот, врските, урбанизмот, да мора да биде усклaдена со плановите за одбрана, а според чл.139 беше предвидена задолжителна евакуација на цивилното население. Таквата поставеност на цивилната заштита остана се до 1962 - 1963 година, кога со Законот за одбрана се врши нејзино пренесување од Министерството за внатрешни работи, во надлежност на Сојузниот секретаријат за народна одбарана и органите на управа за народна одбрана.

Со законот за народна одбрана од 1965 година беа регулирани прашањата врзани за служење на цивилната заштита и нејзиното материјално обезбедување, при што, посебна новина беше тоа што на општествено-политичките заедници им се даваше можност да формираат штабови за цивилна заштита /ШЦЗ/.

Мерките на цивилната заштита за првпат беа промовирани со Законот од 1969 година, според кој беше предвидено остварување на вкупно десет мерки и тоа: урбанистички; засолнување на населението и материјалните добра; евакуација; згрижување на загрозеното и настраданото население и материјалните добра; евакуација; маскирање; РХБ заштита; заштита од урнатини, поплави, пожеи и експлозии; прва медицинска помош, прва ветеринарска помош и асанација и мерка за одржување на ред и безбедност. Исто така, во Законот се предвидуваше формирање на единици на ЦЗ со истовремено дефинирање на нивните задачи, начин на создавање и

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

опремување.

И покрај сета регулираност, се до донесувањето на Законот за одбрана од 1974 година, цивилната заштита не се развиваше онака како што беше предвидено и планирано. Со донесувањето на овој Закон, за кој се смета дека претставува пресвртница во развојот на цивилната заштита, се врши комплетирање на системот на ЦЗ со уште еден елемент, а тоа е самозаштитата. Измените во однос на претходниот Закон беа направени во доменот на мерките на заштита и спасување, во смисла што урбанистичките беа изземени, а на посебни мерки беа раздвоени првата медицинска помош, првата ветеринарска помош и асанацијата на теренот.

Со него се врши и регулирање на проблематиката на обучувањето и оспособувањето на населението за ЦЗ, на тој начин што се утврдува постоењето на основна и дополнителна обука и се регулира фондот на часови за реализација на Наставниот план и програма за нивно оспособување.

По донесувањето на овој Закон, следуваа неколку документи кои подетално ја разработуваа и регулираа ЦЗ како што се: Насоките на претседателството на СФРЈ, Доктринарните начела на ЦЗ, документот Политиката и целите на развојот на ЦЗ за период од 1975 до 1985 година, како и идејните и политичките ставови и барања кои беа поставени пред ЦЗ на X-от, XI-от и XII-от конгрес на СКЈ.

Врз основа на резултатите кои во цивилната заштита беа постигнати на планот на омасовувањето, обучувањето, опремувањето со средства и опрема, владееше уверување, карактеристично за тоа време, дека во основа бил изменет односот на одговорните субјекти и раководните фактори во општеството и према оваа компонента на системот на одбрана.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Во 1982 година беше донесен нов Закон за одбрана, со кој, во делот на ЦЗ беше предвидено во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра, покрај единиците и штабовите да се вклучат и сите организации и служби кои се занимаваат со заштитата и спасувањето како редовна дејност, а наместо самозаштитата се воведува лична и заемна заштита.

Овој Закон, предвидуваше постоење на четиринаесет мерки за заштита и спасување и тоа: засолнување на луѓето и материјалните добра; евакуација; згрижување на загрозеното и настраданото население; затемнување; маскирање; РХБ заштита; заштита и спасување од пожари; заштита и спасување од експлозиви; прва медицинска помош; заштита и спасување на животните и намирниците од животинско потекло; заштита и спасување на растенија и растителни производи; асанација на теренот.

Поопштествувањето и масовноста беа основни карактеристики на цивилната заштита.

По овој период следуваат и други доктринарни, законски и подзаконски документи кои во основа не го менуваат концептот и поставеноста на цивилната заштита, туку со нив претежно се врши допрецизирање, проширување, иновирање и дополнување на одделни работи или пак им се дава приоритет на некои активности во цивилната заштита. На дел од нив ние ќе се навратиме во натамошното разгледување на проблематиката на цивилната заштита, па поради тоа сметаме дека нема потреба во овој дел посебно да ги посочуваме. Станува збор за документи со кои на единствен начин беа регулирани определени решенија за целата поранешна СФРЈ и за оние кои врз основа на претходните, ги донесуваа надлежните органи на Република Македонија.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

## 7.3. Глобални аспекти на Цивилната заштита во светот по II-та светска војна

Развојот на современата наука, техника и технологија, како и ангажирањето на човековиот ум за зголемување на квалитетот на живеењето од една страна, и создавање на најразлични оружја, борбени системи и средства за војување, од друга страна, се два паралелни процеси присутни во светот, со своја различна логика на создавање и развој.

Оваа втора компонента, односно квалитативните и квантитативните особини на современата борбена техника и нивната разурнувачка моќ, е од таква природа што ја става цивилната заштита пред разрешување на многу сериозни прашања. Денес, речиси се е подложно на удар и уништување, границата меѓу фронтот и задницата е веќе изгубена а оддалеченоста од фронтот веќе не претставува заштита. Времето, кое по знакот за тревога останува за преземање на заштитни мерки е можне скусено. Огромните количества на НХБ Оружје и последиците кои би биле предизвикани од нивната употреба, се доволен доказ дека во една тотална војна ќе мора да се бара и соодветна тотална заштита.

Но, погрешно би било да се сфати дека нараснатите проблеми во заштитата на човекот и материјалните добра примерно се однесуваат само за во случај на војна и воени разурнувања. Човекот на нашето време е изложен и на различни несреќи, катастрофи, деструкции и страдања, кои по своите размери и последици попримаат загрижувачки димензии. Се повеќе се присутни негативните поледици од техничко-технолошката революција и современата технологија манифестирани во вид на различни хемиски, биолошки, радиолошки и

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

други акциденти, загадувања на еко системот и друго, со што фронтот на делување на цивилната заштита се проширува и во крајна линија го определува карактерот на функциите, системот на заштита и спасување и самата организација на цивилната заштита. Оттука, разбирливо е што денес заштитата и спасувањето станаа составен дел и фактор на организирањето на секојдневниот живот, на современата технологија и производство на вкупниот општествено - економски развој. Затоа, не е ни чудно, што низа мерки на заштита и спасување се повеќе се интегрираат во самите технолошки процеси и вкупниот општествен развој, со цел да се зачуваат човечките животи и материјалните добра од загрозување и уништување.

Оттука и тежишните напори на општествената заедница во целина, како и на секоја земја посебно, се насочени кон спротивставување и отстранување на пратечките, нараснатите и евентуалните опасности. Дека на тој план се постигнати определени резултати говори и податокот дека човекот со свој активен и пасивен однос преку најразлични превентивни и оперативни активности, успеал и понатаму да егзистира и да ја зголеми својата репродуктивна способност.

Но, во поново време, во многу држави е присутно сомневањето на ефикасноста на цивилната заштита, особено во услови на можната употреба на нуклеарното оружје, макар што во ниту една од нив не се одрекнува потребата на цивилната заштита / цивилната одбрана /.

Меѓутоа во многу земји и тоа како кај оние кои располагаат со нуклеарно оружје или овие средства би можеле да бидат употребени на нивна територија, така и во држави кои не би биле директна цел на напад со нуклеарни проектили, туку би ги почуствувале секундарните последици, како единствен фактор

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

поради кој се разработува цивилната заштита примарно ја преферираат нуклеарната војна. Последната деценија ја карактеризира настојувањето на многу земји да ја организираат и поставaт цивилната заштита за функционирање и борба против придружните катастрофи или технички акциденти или заради заштита од конвенционалните облици на напад, сообразно на организацијата на општеството, устроената практика на работењето и други карактеристики.

Одделни тенденции кои се појавија во водењето на војните во минатото, а особено во поново време, упатуваат на заклучоци кои укажуваат на потребата заштитата на населението во војна да стане трајна задача. Имено, од една страна, можностите на потенцијалните средства за водење на војна, вклучувајќи ги конвенционалните и нуклеарните, се толку зголемени и проширени што формата на борба "гради - вгради" се повеќе губи примат, а од друга страна, и војната на "далечина" во значителна мерка ќе го стави цивилното население во позиција да го понесе најголемиот товар во борбените дејства. Податоците кои се графички презентирани на сликата Сл.7.1., тоа недвосмислено го покажуваат.

Оттука прашањето на заштитата и спасувањето на населението, во никој случај, во ниту една земја, не е само од формална природа, туку има суштествено значење.

Честите војни, а и мирновременските катастрофи, по своите последици по луѓето и материјалните добра ги надминуваат националните граници, поради што цивилната заштита мораше да добие и меѓународен третман. Како прв поважен и поопстоен меѓународен документ, за хуманизација на војната и воените последици, се смета Конвенцијата за подобрување за судбината на ранетите и болните во војна, донесена во Женева во 1864 година, чие што настанување беше

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

| | ВОЈНИЦИ | ЦИВИЛИ |
|---|---|---|
| ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА | 20 | 1 |
| | 10.000.000 | 500.000 |
| ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА | 1 | 1 |
| КОРЕЈА | 1 | 5 |
| | 1.000.000 | |
| ВИЕТНАМ | 1 | 20 |
| | 150.000 | 3.000.000 |
| ИДНА ВОЈНА | 1 | 100 |
| 100.000 | | НУКЛЕАРНА ВОЈНА (БЕЗ ЗАСОЛНИШТА) |

Сл.7.1. **Однос помеѓу воени и цивилни губитоци во војна (60)**

инспирирано од жртвите во битката кај Солферино. Меѓутоа, истата Конвенција, на неколку наврати, беше иновирана и дополнувана, При што особено се значајни Хашките конвенции и декларации од 1899 и 1907 година. За жал овие правила многукратно беа непочитувани од завојуваните страни во II-та светска војна.

Значајни резултати на планот на регулирањето на односите во војна, по завршувањето на II-та светска војна, се постигнати со донесувањето на Протоколот за забрана на употребата на задушливци, слични отровни плинови и бактериолошки средства во

1925 година, потоа Женевската конвенција за постапување со воени заробеници од 1929 година и Лондонската поморска конвенција од 1930 година. Но, и во II-та светска војна, како што е познато, овие како и отпорано донесените правила, безброј пати беа кршени, макар што тие, во определена мера, придонесоа и одиграа соодветна улога во заштитата на некои категории на учесници во војната.

Потикнати од тешката положба на ранетите, заробените и од масовно страдање на цивилното население во II-та светска војна, државите во 1949 година ги усвојуваат познатите четри женевски конвенции за заштита на жртвите во војна. Тоа се (53):

1. Конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните припадници на вооружените сили, учесници на војната;

2. Конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните и бродоломниците на море;

3. Конвенција за постапување со воените заробеници;

4. Конвенција за заштита на граѓаните за време на војна.

Во 1977 се прави крупен чекор во напорите за натамошно подобрување на положбата на припадниците на вооружените сили, ранетите, болните и цивилното население во вооружените судири. Се донесуваат Дополнителните протоколи, I-от и II-от, на Женевските конвенции од 1949 година. Непосредно по нивното донесување бившата СФРЈ ги прифати и ги ратификуваше.

Дополнителниот протокол на Женевската конвенција од 1977 година, дава правна рамка за постапување со цивилите во војна. Тој ја истакнува потребата за преземање на одделни специфични мерки "за заштита на цивилното население, цивили и цивилни објекти" во ситуација на спроведувањето на воените операции, односно при преземањето на нападот, од една страна, а од

друга страна преземање на определени мерки на претпазливост од последиците на нападот, за кои се должни да водат сметка и двете страни.

Првиот дел повеќе се однесува на тоа што треба агресорот да чини за да се избегнат, сведат на минимум губитоците на цивилното население. Во следниот /чл.58/, се наведуваат мерките кои треба да ги презема нападнатата земја, како би се избегнале жртвите во војната. Па така "судрените страни во најголем можен степен се должни :

а) ... да настојуваат да го отстранат цивилното население, одделни цивили и цивилни објекти под нивна управа, од околината на воените објекти;

б) ... да се одбегнува лоцирањето на воените објекти во рамките или близу густо населени подрачја;

в) ... да се преземаат други потребни мерки на претпазливост за да се заштити цивилното население, одделни цивили и цивилни објекти под нивна управа, од опасности кои произлегуваат од воените операции" (54).

Цивилната заштита во меѓународното право е дефинерина во членот 61 од Конвенцијата и под тој израз се подразбира извршување на некои или на сите петнаесет хуманитарни активности, со цел цивилното население да се заштити од непријателствата или несреќите и да му се помогне да го совлада нивното непосредно дејствување, како и да му се обезбедат услови потребни за неговиот опстанок.

Наведените петнаесет задачи се:

- предупредување /тревожење/
- евакуација
- ставање на располагање и организирање на засолнување

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- примена на мерки на затемнување
- спасување
- санитетско обезбедување, вклучувајќи ја првата помош
- борба против пожари
- откривање и означување на опасни зони
- деконтаминација и други слични мерки на заштита
- обезбедување на нужно сместување и снабдување
- итна помош при воспоставување и одржување на редот во пострадаsuccите подрачја
- итно воспоставување на служби од јавен интерес
- итно погребување
- помош во зачувувањето на добрата битни за опстанок
- дополнителни активности потребни за извршување на било која од наведените задачи вклучувајќи го планирањето и организирањето, но не ограничувајќи се на тие активности (55)

Основна вредност на Конвенциите е во нивната хуманитарна димензија и морална сила, во општото уверување дека тие ги содржат цивилизациските придобивки, кои треба да се почитуваат.

Кодификацијата на хуманитарните цели на цивилната заштита во меѓународното право е доказ дека цивилната заштита /цивилната одбрана/ се уште поседува известен степен на политичка, морална и психолошка сила која го оправдува нејзиното посотоење.

Иако правилата на меѓународното воено право во сите вооружени судири многупати биле кршени, тие сепак одиграле значајна улога во заштитата во населението, жртвите на војната. Военото право никогаш немало за цел да ја спречи војната, ниту да

ги попречи оние акции и мерки на страните во судирот, кои се нужни за постигнување на победа. Тоа право не го оспорува она што го бара воената потреба, туку само ги забранува оние акции и мерки против противникот кои произведуваат страдања и уништувања, кои не се нужни за постигнување на опрделена воена цел. Со нив се сака да се ублажат суровостите во војната. Поради тоа, военото право не е во спротивност со воените потреби.

Кога се разгледуваат одредбите на Конвенцијата и она што се покажува како искуство од војните водени во минатото и во поново време, може да се уочи дека завојуваните страни од разни причини не ги почитуваат одредбите на конвенцијата. Ако тоа е константа која се провлекува низ сите војни, оправдано се поставува прашањето за тоа во што е вредноста на Конвенцијата, односно каква функција има кодификацијата на хуманитарните цели на цивилната заштита?

Обично се нагласува дека и покрај кршењето на одредбите на Конвенцијата, тие сепак одиграле определена улога во заштитата на некои жртви на војната и не би било добро да не е така. Но, пред се изгледа, дека овие правила, покрај тоа што се насочени кон тоа да го регулираат она што е допуштено, односно забрането во вооружените судири, сепак претставуваат своевидни морални и правно-политички критериуми, а во многу случаи и основа за судска осуда на оние кои не ги почитуваат. Во тие рамки, местото на цивилната заштита во меѓународното право, е доказ дека таа во известен степен поседува политичка, морална и психолошка сила, која го,оправдува нејзиното постоење.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

### 7.4. *Поставеноста на цивилната заштита во нашата Република и образложенија за нејзино постоење во други земји*

Во претходниот дел видовме како активностите на заштитата и спасувањето се развивале во различни периоди на човековото живеење, како и тоа зошто, кога и како заштитата и спасувањето како посебно организирана активност, во вид на цивилна заштита се остварувала кај нас и во другите земји. Целта ни беше да укажеме дека станува збор за една историска константа, дека заштитата и спасувањето станале нужност и составен дел на секоја државна заедница, при што нејзината конкретна поставеност и остварување, постојано се приспособувала кон условите и потребите. Но, сметаме дека искажаните сознанија би требало да се дополнат и со определени глобални ставови во врска со цивилната заштита присутни и важечки до неодамна кај нас, и особено, за погледите кои владеат во високоразвиените западни земји. Што се однесува до нашата земја, нивното елаборирање ќе се сведе само на ниво на наведување на основните доктринарни определби и тоа изведени од соодветни политички, нормативни документи[1] и важечката-официјална, научно теоретска мисла во врска со цивилната заштита. Може да се постави прашањето, зошто да се навраќаме кон поранешните федерални определби во врска со цивилната заштита,кога состојбите радикално се изменија и веќе во Република Македонија се изготвени нови документи за цивилна заштита. Причината е во тоа што новите решенија, за кои ќе говориме и ќе ги анализираме

[1] посебна доктрина на цивилната заштита немало формулирано, но глобалните определби можат да се најдат во спомнатите документи и материјали

понатаму во голем дел се изведени од претходните. Измените се извршени пред се во доменот на изостанувањето на определени идеолошко политички одредници во преформулирање и поинакво дефинирање на одделни категории и поими а во сообразност со новата терминологија и поставеност на државното уредување на Република Македонија.

Впрочем, основниот пристап кон цивилната заштита и во новите услови, во редица елементи е идентичен на претходниот. Навраќањето на досегашните определби ќе ни послужи само како база низ една натамошна критичка анализа да понудиме решенија кои би биле пособразни и поприфатливи за нашите услови. Притоа, ќе одвоиме простор за презентација на глобалните пристапи кон цивилната заштита во земјите кои во овој поглед отишле многу подалеку од нас. Таква една компаративна анализа на нашите досегашни и актуелните странски искуства во поставеноста и тенденциите на развојот на цивилната заштита /цивилната одбрана/ во натамошниот период, треба да ни овозможи антиципирање на можни решенија за цивилната заштита во Република Македонија, како во теоретска така и во апликативна смисла. Она што како позитивно искуство се покажало во повеќе земји, нема причина да не се користи и на определен начин вгради во наши услови, уважувајќи ги при тоа сопствените можности.

Во основа, согледувањето на фундаменталните доктринарни погледи кои важеа кај нас и она што е важечко и актуелно во другите поразвиени земји во поглед на функционалната и организациската поставеност на цивилната заштита, го има за цел следново:

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

1. да ни овозможи создавање на една теоретски, научно фундирана подлога врз чија основа би ги трасирале сопствените погледи и ставови за поставеноста на цивилната заштита во Република Македонија;

2. проектирање на решенија во областа на оспособувањето за цивилна заштита во нашата држава, кои се директно имплицирани и на своевиден начин претставуваат опреационализација на новиот поглед, доктрина и систем на цивилната заштита /цивилната одбрана/.

Она што како доминантен поглед во однос на цивилната заштита досега важеше кај нас, може да се искаже преку неколку основни ставови:

- цивилната заштита кај нас се дефинираше како **стратегиска компонента** на системот на одбрана и заштита чија основна задача била заштита и спасување на населението, материјалните, културните и другите добра од **воени разурнувања, елементарни непогоди и несреќи од поголеми размери.** Со некои специфичности има слични задачи како и цивилната одбрана /ЦО/, во други земји. Нејзината организација и подготовка се поставени на најшироки општествени основи (56);

- цивилната заштита претставуваше интегрален и неделив дел од системот на одбрана и заштита што се обезбедуваше преку вградувањето на цивилната заштита во сите средини каде што луѓето живеат и работат, а со цел успешно делување на сите општествени средини во сложените услови;

- цивилната заштита има свои задачи во мир, вонредни околности и во војна.

При појавата на елементарни и други несреќи во мир, цивилната заштита со својата широка распространета организација на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

единици и штабови, со учество на редовните дејности и служби, претставуваше основен организатор, координатор и сила на заштитата и спасувањето, дури и кога во овие акции учествуваат и деловите на вооружените сили, органите на внатрешни работи и бројните претпријатија.

Цивилната заштита беше целосно во функција, незаменлив дел на целите, задачите и мерките на одбраната и заштитата, особено кога цивилната заштита се ангажираше во спречувањето и отстранувањето на причините за загрозување на луѓето и нивните материјални добра од опасностите од секаков вид. Цивилната заштита имаше задача да придонесува за подобрување на безбедносната состојба за јакнењето на моралната сила на одбраната и граѓаните, во совладувањето на општествено-економските тешкотии во развојот на земјата.

Во услови на агресија, цивилната заштита ги насочуваше своите активности кон вооружената борба и отпор од агресијата и тоа на планот на: спасувањето на граѓаните, намалување на последиците од напад на агресорот, одржување на моралот на населението, а со тоа и моралот на вооружените сили, осигурување и заштитување на работниците и производството на материјалните добра и нивно сочувување од уништување, преземање на одговорност и грижа за евакуација на повредените и ранетите. Со своите активности придонесуваше за успешноста и упорноста на одбраната и ефикасноста на офанзивните дејства на вооружените сили;

- Една од основните задачи на цивилната заштита беше поопштествувањето на работите на заштитата и спасувањето и масовноста.

Имено, цивилната заштита претставуваше непосреден интерес и потреба на секој субјект, и најширок облик на учество на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

работните луѓе и граѓани, претпријатијата и други органи и организации, општествено-политичките заедници во заштитата и спасувањето на работните луѓе и граѓани и нивните материјални добра од опасности во мир и војна.

Една од основните интенции беше во цивилната заштита да учествуваат околу 16 - 18 % од вкупното работноспособно население, што би значело 266.000 припадници на цивилната заштита во Република Македонија.

- една од основните задачи на цивилната заштита била одвраќање од агресијата, а во услови на војна и елемент на "борбениот поредок" од аспект на задачите кои би требала да ги извршува за фронтот или кои на различен начин влијаат на водењето на вооружената борба;

- стратегиска задача на цивилната заштита требало да претставува осигурување на преживувањето на нацијата, сочувување на човечките и матреијалните ресурси, со што и таа би дала свој придонес кон победата.

Ова што го издвоивеме како најкарактеристично во врска со важечките ставови за цивилната заштита, заедно со основните решенија во системот на цивилната заштита, на некој начин овозможува согледување на нејзината поставеност во досегашниот период. Сметаме дека тоа е доволно за разгледување и компарација на овие решенија наспроти показателите кои ќе бидат изнесени во однос на истата проблематика во други земји.

Се определивме за анализа на концепциската поставеност, организацијата, третманот како и тенденциите во развојот на цивилната одбрана во повеќе западноевропски земји / Австрија, Германија, Италија, Швајцарија, Шведска, Данска, Норвешка, Велика Британија / и во САД и поранешниот СССР (57). При тоа сметавме

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

дека е најполезно со оглед на нашата основна ориентација, да ги извлечеме основните, општозаедничките карактеристики во однос на цивилната одбрана, а само во случај кога тоа заслужува внимание ќе издвоиме некои поспецифични особености за одделна земја.

Во сите анализирани земји, во основа, се посветува значајно внимание на цивилната одбрана при што се уочуваат определени варијации во нивото на придавањето на значењето. Разликите кои се јавуваат не се произволни, туку се продукт на нееднакви политички, економски и историски околности во секоја од земјите. При тоа, развиеноста на цивилната одбрана истовремено е и во висока корелација со утврдените проценки за можните извори на загрозување. Самиот квалитет на остварувањето на цивилната одбрана во многу елементи зависи од економската моќ на државите. Уочливо е дека во земјите со висок животен стандард, односот и ангажманот на луѓето кон остварувањето на оваа функција бележи многу попозитивни тенденции, за разлика од другите кои се судруваат со определени проблеми на овој план. Одделни разлики се јавуваат и во поглед на тоа дали некоја земја во изминатиот период веќе имала преживеано некој вид на загрозување и обично тие искуства силно се рефлектираат врз развојот на некои сегменти на цивилната одбрана / на пример, искуствата од бомбардирањата во втората светска војна, поголеми природни и технички несреќи во минатото и слично/.

Поради своето особено значење и влијание кое го остварува во поглед на структуирањето на решенијата во цивилната одбрана, покрај веќе споменативе посебно се истакнуваат следниве фактори: геополитичката положба на некоја држава, внатрешната политика и дали државата поседува нуклеарно оружје или пак има сојузник кој тоа оружје го поседува.

Во земјите кои беа предмет на анализа може да се уочи

една тенденција која говори дека фронтот на насоченоста на цивилната одбрана е значително поширок во сегашно време, за разлика од минатитот период. Имено, ако некаде до осумдесетите години цивилната одбрана главно беше поставена да извршува определени активности во услови на војна, поледниве години таа се повеќе се пренасочува за да функционира во услови на мир, односно да извршува определени мирновременски задачи.

Ако се бараат причините за една таква трансформација, веројатно тие би се нашле во сознанијата кои се присутни во одделни земји или пак во истите на тоа се смета, дека во основа се намалени можностите од агресија, па заради тоа се повеќе се свртуваат кон цивилната одбрана, развојно и акционо насочувајќи ја пред се кон заштитата и одбраната од природни и технички катастрофи. Ако се анализираат вкупните промени кои во светот се случуваат последниве години, особено на релацијат исток запад, во поглед на новата прераспределба на интересните сфери и на моќта, тоа на одделни земји им дава за право така и да ги поставуваат работите. Меѓутоа оваа констатација не може до крај и децидно да биде потврдена. Но како и да е, кај најголем број на анализираните држави евидентна е потребата, цивилната одбрана да се постави, организира и оспособи како состав за вршење на тековните потреби во функција на создавањето на посигурни услови за живот и работа на луѓето во мир. При тоа, не се отфрлува нејзината улога во услови на војна, при што таа се разработува, има третман, како нужен додаток потребен за секоја евентуалност.

Кога се разработува цивилната одбрана за извршување на заштитата и спасувањето во мир тоа се прави за ситуации кога доаѓа до разни природни /елементарни/ и техенички катастрофи па и за ситуации кога доаѓа до загрозувања кои се предизвикани од судирот

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

на различни социјални групи во општеството /политички, етнички, верски и др./.

Во услови на војна, се прават програми за дејствување на цивилната одбрана во ситуации кога доаѓа до напад со класично вооружување, при ограничена употреба на нуклеарно оружје или пак за нуклеарна војна од пошироки размери и ангажирање на цивилната одбрана во услови на појава на радиоактивни врнежи како резултат од употребата на нуклеарното оружје во соседството.

Една од општите карактеристики, врзани за изградбата на цивилната одбрана е дека таа институционално се поставува така што сите нејзини функции се остваруваат во тесна соработка со веќе постоечките општествени структури. Надвладува мислењето дека цивилната одбрана може успешно да се остварува само ако се вклучат сите организации, институции и органи кои директно или индиректно можат да партиципираат во заштитата и одбраната. А свое оправдување за создавање на посебни сили за заштита и спасување има само во ситуации кога редовните дејности не се во состојба да одговорат на планираните задачи. При тоа, особено се нагласува улогата на здравството, противпожарните организации, комуналните служби и службите за домување, полицијата, војската и граничната заштита, железницата, поштата, воздухопловните и копнените транспортни организации, стопанските и услужните претпријатија, производството на енергија и суровини, образованието, социјалните и хуманитарните организации, разни струкови здруженија и друго. Значи се одбегнува цивилната одбрана да биде осамостоена, професионална сила по модел сличен на военатa структура, туку се врши организациско и функционално насочување на постоечките сили и средства,,заради обезбедување на потребното ниво на сигурноста на живеењето, но и за стопански развој. Според нив, цивилната одбрана

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

и економскиот развој се тесно поврзани, бидејќи економските анализи кои ги прават говорат дека сите вложувања во неа практично чинат помалку од губитоците кои би настанале со делувањето на определени деструкции во услови на непостењето или недоволно организаран одбранбено-заштитен систем.

Во поглед на целите кои преку цивилната одбрана треба да се остварат забележливо е дека не постои нивно еднозначно формулирање, но од вкупниот контекст произлегува дека преку неа треба да се придонесе за зачувување на мирот, односно да се намали веројатноста од војна, а со преземање на определени превентивни мерки и за искоренување на изворите на загрозовуње и опасностите. Од друга страна, цивилната одбрана треба да придонесе за зголемување на отпорноста на луѓето и општеството во однос на загрозувањата и опасностите и да го одржи замисleniот стандард на безбедно живеење. А во одбранбен аспект, да создаде најповолни услови за одбрана од најразлични загрозувања, а по настанувањето на деструктивните појави, да обезбеди остварување на максимални ефекти во совладувањето на загрозувањата, како и услови за надминување на штетните појави.

Цивилната одбрана превентивно е насочена кон заштита и одбрана на населението и материјалните добра, но и на општеството, човековата околина и еко системот. Во таа смисла, се прават напори систе невоени активности, кои се преземаат во поглед на одбраната, заштитата и спасувањето, да се поврзат во една целина, во еден коегзистентен општествен организам кој ефектно би дејствувал во сите ситуации.

По прашањето за начинот на вклучувањето и остварувањето на фунциите во рамките на цивилната одбрана присутни се три пристапи и тоа: професионален, доброволен и по законска основа.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Но, треба да се напомене дека има земји во кои не е застапено учеството во цивилната одбрана по сите три основи (58) а, има разлики и во поглед на тоа кој од спомантиве пристапи доминира. Без оглед по која основа е вклучувањето во цивилната одбрана, самото спроведување е под ригорозна контрола на надлежните државни органи.

Ако се анализираат мерките за заштита и спасување /во западната терминологија тие се нарекуваат активности/, кои се спроведуваат во развиените земји, може да се уочи дека меѓу нив, нема големо отстапување во функционална смисла, додека пак во поглед на нивната организациона поставеност, решенијата за некој од нив се различни. Земено вкупно тие се однесуваат на следниве активности:

1. самозаштита;
2. известување на населението за опасностите кои наидуваат и тревожење;
3. заштита од пожари;
4. пружање на прва медицинска помош и санитетска помош;
5. расчистување на урнатините;
6. спасување од различни видови на загрозување;
7. заштита од НХБ загрозувања;
8. згрижување на загрозените и постраданите;
9. заштита на добитокот и животните во случај на загрозување;
10. заштита на природата, флората и фауната при загрозување;
11. засолнување на луѓето, животните, материјалните добра во случај на загрозување;
12. заштита на здравјето на луѓето во сите состојби;

13. заштита на културните добра;

14. организација и спроведување на снабдување на населението и стопанството во сите ситуации;

15. организација и чување на уставниот поредок и функционирање на локалната власт во сите ситуации;

16. пружање на помош на војската во заштитата и спасувањето;

17. подготовка на решенија за функционирање на стопанството во различни ситуации на загрозување;

18. евекуирање на загрозеното население и нивното сместување на побезбедни локации.

Варијациите во ангажирањето на планот на цивилната одбрана не се произволни. тие се последица на сложени политички и историски околности кои не се еднакви за секоја држава. Ако се обидеме попрецизно да ги идентификуваме факторите кои ги детерминираат решенијата во цивилната одбрана во одделни земји, тоа би биле следниве: поранешни искуства од војните, географска положба на некоја држава, внатрешната политика, поранешните искуства со природни катастрофи, дали државите поседуваат или имаат сојузник кој поседува нуклеарно оружје, финансиските средства потребни за изведување на некој програм на цивилна одбрана и друго.

Кога се образложува потребата од цивилна одбрана во одделни земји главно доминираат четри вида објаснувања (59) за тоа кои цели ги има цивилната одбрана. Тоа се:

1. хуманитарно осигурување
2. одвраќање
3. контролирање на кризата
4. опстанок на државата.

---

З. Нацев, *Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Едо од најраширените мислења е дека цивилната одбрана треба да послужи како "полиса за хуманитарно осигурување", при што разликите меѓу одделни земји произлегуваат во доменот во условите за кои важи осигурувањето: дали се применува за природни или технички несреќи, дали се однесува на класична војна, или станува збор за нуклеарен напад. Меѓутоа, без оглед за кои услови важи хуманитарниот аспект на цивилната одбрана, сепак треба да е јасно дека тоа осигурување е од последиците на војната, а не од нејзино избувнување.

Самиот збор "одвраќање" асоцира дека цивилната одбрана има за цел да го убеди евентуалниот агресор дека нападот не се исплатува, односно дека цивилната одбрана на противникот е толку добро развиена што може да го попречи посакуваното ниво на уништување, односно да го примора да ангажира дополнителни средства и оружја, кои ако процени дека се премногу за него, би го приморало да отстапи од нападот. Одвраќањето има и други аспекти кои не би ги елаборирале пошироко.

Во услови на голема затегнатост на односите меѓу одделни држави кога се заканува опасност од агресија, цивилната одбрана има за цел да даде до знаење, преку преземање на конкретни чекори во дадената ситуација / евакуација, преместување и сл./, дека потенцијалниот агресор залудно би напаѓал или со тоа би предизвикал противнапад. Тоа би било на надворешен план а на внатрешен цивилната одбрана има функција да ја контролира кризата преку ограничување на активностите на граѓаните и тоа вообичаено со инструкцијата до нив "остани дома".

Преку преземање на разновидни активности, на планот на цивилната одбрана кои во себе би опфатиле и изградба на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

специјални засолништа за членовите на раководството на државата, мерки насочени за заштита на стопанството /урбанистички мерки, преместување на витални индустриски погони под земја и слично/, ако се доволно убедливи евентуалниот агресор да свати дека ќе биде помалку во состојба да се опорави од нападот, отколку неговата потенцијална жртва, тоа би можело да придонесе да се откаже од агресивните намери.

Глобално гледано, освен првото, останатите три образложенија се директно или индиректно во функција на одвраќање од агресија. Меѓутоа, општо е уверувањето дека постојат определени граници до кои цивилната одбрана може да обезбеди хуманитарно осигурување, да придонесе кон одвраќање, во контролата на кризата и граници во поглед на нејзината улога во зголемувањето на опстанокот на државата, особено во услови на можна употреба на нуклеарно оружје.

Во барањето на прифатливо образложение за некоја програма на цивилната одбрана, во многу земји, а особено кај оние кои располагаат или се во сојуз со држава/и кои имаат нуклеарно оружје, присутен е конфликтот помеѓу цивилната одбрана како средство за заштита на населението и цивилната одбрана како средство на воените стратези.

Сепак владее уверување, дека единствено уверливо образложение за цивилната одбране е хуманитарното осигурување, при што се оди кон тоа да се одбегнуваат необични тврдења за нејзините крајни дострели, макар што тоа во голема мера ќе зависи од претходните подготовки. За другите три образложенија истакнува Веил "има малку корист бидејќи цивилната одбрана не може никогаш да се смета за уверлива на меѓународен план се додека претходно за таква не ја смета населението на таа земја" (60).

### *7.5. Досегашна поставеност на оспособувањето за цивилна заштита во нашата земја*

Основен документ врз основа на кој досега беше утврден и обезбеден единствен пристап во однос на обуката на одделни структури на цивилната заштита во Република Македонија е со наслов Наставни планови и програми за основна и дополнителна обука на штабовите, повереништвата и единиците на цивилната заштита (61). Во него беа утврдени целите, задачите, организацијата на обуката, носителите и начинот на најзиното остварување, како и видови на обука, потребното време за нејзино реализирање и програми за обука на секоја од категориите утврдени во насловот на овој документ.

Како основна цел на оспособувањето на припадниците на цивилната заштита беше утврдена потребата за обезбедување на такво ниво на **"извежбаност, оспособеност и мотивираност** кое би овозможило навремено и квалитетно извршување на наменски одбранбени задачи во заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра **во мир, во војна и во вонредни околности,** како и развивање на свеста за можноста од успешно спротивставување на сите видови на загрозувања на виталните вредности на општеството, во согласност со нивното место и улога во системот на одбраната.

Во однос на задачите на обучувањето тие беа посебно дефинирани за секоја од наведените категории на припадници на цивилната заштита.

Како основни задачи на обучувањето на членовите на штабовите на цивилната заштита беа утврдени следните: низ процесот

на обуката тие треба да се здобијат со повисок степен на индивидуални и стручни знаења за функцијата која ја извршуваат во штабот, за употреба на цивилната заштита во војна, вонредни околности и елементарни непогоди, а во тие рамки да се оспособат за утврдување на основите на планирањето, организирањето и спроведувањето на мерките на цивилната заштита, утврдување на организацијата, подготвувањето, и начините за ефикасна употреба и раководење со единиците на цивилната заштита, планирање, организирање и спроведување на обуката со структурите на цивилната заштита и спроведување на соработка со другите компоненти на системот на одбраната и соседните штабови на цивилна заштита.

Повереницитe на цивилната заштита требаа да се оспособат за: организирање и подготвување на работните луѓе и граѓани за извршување на активности и постапки во рамките на личната и заемната заштита; подготвување на единици за општа намена од својата надлежност; организирање и спроведување на неопходни мерки за заштита и спасување; непосредно организирање на засолнувањето на луѓето и материјалните добра, евакуацијата, згрижување на загрозените и настраданите, прва медицинска помош, заштита и спасување од урнатини, пожари, поплави, НХБ заштита, затемнување, маскирање и други мерки; развивање на нови способности низ обука и учество на вежби; раководењето и насочувањето на акциите на заштитата и спасувањето.

Задачите на оспособувањето на единиците на цивилната заштита за општа намена беа: тие да се обучат и оспособат за давње на прва медицинска помош, згрижување на загрозените и настраданите, локализирање и гаснење на почетни и мали пожари, спасување на плитко затрупани лица, спроведување на примарна РХБ деконатаминација, заштита на животните и растенијата, заштита од

поплави и други елементарни непогоди.

Специјализираните единици на цивилната заштита од сите специјалности преку обука и оспособување требаа да стекнат одередени знаења, вештини, навики, физички и психички способности и умеења за употреба на расположливата формациска и прирачна опрема и технички средства при: пронаоѓање и спасување на луѓе и материјални добра затрупани во урнатини; пробивање, раскопување, уривање на оштетени објекти; изработка на засолништа; откривање и утврдување на РХБ агенси, дозиметриска контрола на загрозеното население, деконтаминација; спасување на луѓето и материјалните добра од поплави; совладување на водени препреки со помош на прирачни средства; спасување и оживување на давеник и згрижување на загрозеното население, локализирање и гаснење на пожари; давање на прва медицинска помош; заштита на животните и намирниците од животинско потекло; заштита и спасување на растенијата и растителни производи; пронаоѓање, евидентирање и погребување на загинатите граѓани, собирање и закопување на пцовисани животни; оспособување на оштетените комунални инфра структури; заштита и спасување од неексплодирани убојни средства, самостојно и во здружени состави.

Утврдените наставни планови и програми се однесуваат на штабовите во претпријатијата, месните заедници, општините, областите /градскиот/ и републичкиот, за повereниците во претпријатијата и месните заедници и на единици за општа и специјализирана намена, без оглед каде се формирани.

Спроведувањето на обуката беше предвидена да се организира и реализира на четири нивоа: федерално, републичко, општинско и во месните заедници и претпријатијата.

На федерално ниво, во поранешниот Сојузен центар за

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

обучување на кадри од областа на одбраната, преку разновидни курсеви и семинари се оспособуваа, републичките, покраинските и регионалните штабови на цивилна заштита као цели состави, стручните работници од органите на одбраната /денешни подрачни единици на Министерството за одбрана/ задолжени за цивилнта заштита, командантите на некои специјализирани единици, а стручно и методски се подготвуваа и наставниците од центрите за обука на основните општествено-политички заедници.

На републичко ниво, во Центарот за обука на кадри се обучуваа градските и обласните штабови на цивилната заштита, кадрите за потребите на потесните општествено политички заедници, стручњаци кои работат врз развојот и оспособувањето на цивилната заштита, наставниците од општинските центри за обука, референтите по одбрана и заштита од претпријатијата кои се од посебен интерес на Републиката.

Во центрите за обука на општините се организираа курсеви и семинари за оспособување на штабовите на цивилната заштита од месните заедници и поголемите претпријатија, старешините на специјализираните единици за општа намена во ранг на вод, чета и здружен одред, одделни специјалисти за потребите на цивилната заштита /геофонисти, лаборанти, идентификатори и др./, референтите по одбрана и заштита од претпријатијата.

Таму каде што постоеа услови во обучувањето на структурите на цивилната заштита од месните заедници и претпријатијата, се ангажираа работничките и народните универзитети, општествените организации и други установи.

Обуката на штабовите, повереницте и единиците на цивилната заштита се предвидуваше да се оствари преку основна и дополнителна обука и по пат на практични вежби.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Основната обука на припадниците на цивилната заштита по однос на содржината, организацијата и изведувањето имаше два свои дела: општ и посебен /специјалистички/ дел. И за двата дела беа утврдени специфичните цели, средствата, содржината, организацијата и методиката за изведување.

Општиот дел на обуката на припадниците на цивилната заштита се остваруваше еднаш во текот на обврската за служење во цивилната заштита и се спроведуваше во првата година на обуката низ две фази и тоа: I фаза-општа обука и II фаза- специјалистичка обука.

Начелно и двете фази требаше да се спроведуваат континуирано во рамките на првото повикување на обврзниците. Во однос на предвидениот фонд на часови за основната обука, за споменатите категории на цивилната заштита беше предвидено, тој да изнесува за единиците за општа намена и повереницитe триесет часови, а за специјализираните единици и штабовите по четриесет часови. Од тој фонд на часови за основна обука, во начело беше предвидено општата обука /I фаза/ да опфати заеднички тематски области за сите категории, но со различен фонд на часови. Така, за штабовите и специјализираните единици се предвидуваа десет часови, а за останатите шест часови. Останатите часови до четриесет односно триесет, претставуваа тематски целини од II-та фаза на специјализтичката обука во рамките на основната.

Доплонителната обука /III фаза/, имаше за цел припадниците на структурите на цивилната заштита да ги прошират и продлабочат знаењата стекнати со основната обука, таа се реализираше како практична и применета обука во четри наставни гиодини и за истата се предвидуваше следниов фонд на часови:

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- за единиците на цивилната заштита за општа намена и повереницитe пет часови годишно, односно дваесет часови за сите четри години;

- за специјализираните единици и штабовите на цивилната заштита на сите нивоа десет часови годишно, односно четриесет за сите четри години.

Изведувањето на практичните вежби и извежбувањето на единиците се предвидуваше да се реализира во рамките на основната и дополнителната обука низ заеднички вежби со другите структури на системот на одбраната и тоа претставуваше составен дел од предвиденото време за обука. Но, учеството на структурите на цивилната заштита на вежбите од сите видови, кои беа планирани во рамките на општото подготвување за одбрана, не се сметаше као дел од предвидениот фонд на часови за основна и дополнителна обука.

Беше предвидено, обуката со сите структури да се реализира во циклус од пет години, во кој, во првата година се завршуваше основната обука /општиот - I фаза и специјалистичкиот дел II фаза/ додека низ другите четри години се изведуваше дополнителната обука во вид на тактичко техничко извежбување и практични вежби. По петогодишниот период, се изведуваше дополнителната обука само според укажаните потреби и по специфични програмски содржини. Односот на теоретскиот и практичниот дел на обуката требаше да се сведе на **20 : 80** проценти во корист на практично применетата обука.

Колку овие решенија заживеаа во практиката и се покажаа како исправни и сообразни на објективните можности, ќе се види од натамошната анализа.

---

*7.6. Новата регулатива за цивилната заштита и можниот начин на оспособувањето на граѓаните за самозаштита, на повереницитe, штабовите и единиците на цивилната заштита*

По осамостојувањето на Република Македонија и во одбранбената сфера беа донесени низа законски и подзаконски акти кои ја регулираат материјата врзана за цивилната заштита и донекаде за оспособувањето на припадниците на цивилната заштита. Како основни би ги посочиле следниве: **Уредба за организирање, подготвување и извршување на активностите и задачите на цивилната заштита во воена состојба и за формирање и подготвување на единиците и штабоците на цивилната заштита** (62), **Уредба за критериумите за обучување за одбрана** (63), **Одлука за формирање на единици и штабови на цивилната заштита** (64). Овие документи детално ќе ги анализираме со цел да понудиме пристап кон оспособувањето за цивилна заштита кој би бил сообразен со важечките решенија во областа на цивилната заштита.

Како тоа го замислуваме, односно кои се нашите видувања, ќе се види од содржината што следи. Сам по себе ќе произлезе и заклучокот за тоа зошто го вклучивме сегментот на самозаштитата.

### *7.6.1. Оспособувањето на граѓаните за самозаштита во рамките на цивилната заштита*

Проучувајќи ја проблематиката на самозаштитата во рамките на цивилната заштита во споменатите документи се соочивме со една парадоксална ситуација. Самозаштитата како поим и облик на ангажирање на граѓаните ја сретнавме само во Уредбта за цивилна заштита, додека во Законот за одбрана и Уредбата за обучување воопшто не се споменува ! По редот на нештата ако во Законот за одбрана таа не е споменатa, односно ако нема законска основа, во Уредбата за цивилна заштита самозаштитата воопшто не би требала да се спомене. Зошто дошло до тоа, како можело да се направи таков превид, не е наше да цениме, но по се изгледа дека изостанала координацијата меѓу одделни ресори задолжени за цивилната заштита. Што се е утврдено во врска со самозаштитата, а индиректно упатува и на содржините за кои треба да се подготви населението за извршување на активностите на планот на личната и заемната заштита /самозаштитата/, може да се види од следните одредби на Уредбата за цивилна заштита. Ќе ги наведеме само таксативно и ќе ги подвлечеме деловите кои што се посебно интересни, а потоа ќе ги анализираме и компарираме.

- Самозаштитата претставува **основен вид на заштита** на луѓето за преживување од воени дејства, вонредни состојби, елементарни непогоди и други опасности, како и за зачувување на човечките и материјалните потенцијали, потребни за водење на вооружена борба и други облици на борба и отпор на агресорот /член 6/;

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- Самозаштитата се организира и спроведува во рамките на секое семејство, станбени и деловни згради, училиште, населба, блок на згради, улица, месна заедница, претпријатие, јавни установи и служби и на сите други места каде граѓаните живеат, работат и се собираат /член 7/;

- Самозаштитата претставува **најмасовна форма** на учество на граѓаните во преземањето на мерки и постапки во областа на **превентивната заштита, укажување на самопомош, заемна помош и прва помош на настраданите и заболените, како и за заштита и спасување на населението и материјалните добра** /член 8/;

- Самозаштитата се подготвува плански, а се изразува преку **обука** на **сите** државјани на Републиката, за активно учество во заштитата и спасувањето во почетен обем, на превентивен и оперативен план /член 8/;

- Во рамките на самозаштитата населението се подготвува **првенствено** за: прва медицинска помош, примарна деконтаминација, локализирање на почетни пожари, спасување на плитко затрупани лица и известување за опасностите /член 8/;

- Населението се оспособува и за **пасивно учество** во заштитата и спасувањето, кое се состои во: засолнување, поместување, евакуација, згрижување и друго /член 8/;

- При укажувањето на заемна помош граѓаните можат да се самоорганизираат во времени групи и екипи ... до пристигнувањето на силите на цивилната заштита /член 9/;

- Заради насочување и организирање на самозаштитата на ниво на станбени и други згради, помали претпријатија и погони, во кои нема формирано месни сили на цивилната заштита, се именуваат **повереници** за самозаштита /член 10/;

- Подготовката за самозаштита во рамките на единиците на локалната самоуправа опфаќаат:

1. Навремено и целосно запознавање на населението со мерките и постапките во случај на воздушна и РХБ опасност, опасност од пожари, елементарни непогоди и други несреќи;

2. Оспособување на населението за активно и пасивно учество во заштитата и спасувањето на загрозените лица, личниот и општествениот имот;

3. Обезбедување на населението и објектите со средствата за лична и колективна заштита;

4. Процена на степенот на загрозеноста на единицата на локалната самоуправа од воени дејства ... и процена на потребите од организирање на сопствени сили за заштита и спасување и отстранување на последиците од овие дејства во рамките на самозаштитата;

5. Формирање на сили на цивилната заштита за сопствени потреби, нивно пополнување, обучување и опремување /член 11/;

- Органите на државната власт, претпријатијата, јавните установи и служби, единиците на локалната самоуправа и општествените организации, во рамките на своите права и должности, утврдуваат соодветни форми за организирање на граѓаните за самозаштита и спроведуваат обучување на граѓаните, кои не се обучуваат по други основи, врз основа на единствените Наставни планови и програми во Републиката, формираат, опремуваат и оспособуваат универзални и специјализирани единици и други состави на цивилната заштита и во рамките на вежбите на цивилната заштита обезбедуваат вклучување на граѓаните што се опфатени во самозаштитата;

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- Затемнувањето го вршат граѓаните ... на даден знак за општа воздушна опасност /член 27/;

- Се преземаат мерки за оспособување на целото население ... за прва медицинска помош /член 40/;

- оспособувањето на граѓаните за отстранување на опасностите кои предизвикуваат пожари, користењето на уредите и средствата и овладувањето со начинот на гаснењето и локализирањето на сите видови почетни пожари /член 42/;

- За успешно спроведување на РХБ заштитата потребно е граѓаните да се обучат, опремат и оспособат за навремено спроведување на мерките и постапките за лична и колективна заштита /член 47/;

- маскирањето го спроведуваат и граѓаните /член 53/.

Нашите размислувања и заклучоци во врска со искажаното би ги започнале со анализа на споменатиот став дека **самозаштитата претставува основен вид на заштита на луѓето за преживување** од воени дејства, воени состојби, елементарни непогоди и други опасности, **како и за зачувување на човечките, материјалните потенцијали,** потребни за успешно водење на вооружената борба и другите облици на борба и отпор.

Со тоа што се нагласува дека самозаштитата е основен вид на заштита на луѓето, недвосмислено се потврдува дека граѓанинот во моментот на манифестирање на определени загрозувања врз неговиот живот, добрата и пошироко, е тој кој со свои постапки и преземени активности на планот на отсранувањето на загрозувачките елементи, практично најмногу во моментот може и треба да си помогне себе си и на другите во непосредната околина. Знаењето, оспособеноста да се спаси и извлече директно ќе биде во

функција на неговото преживување во воена состојба, вонредни околности, елементарни непогоди и други опасности. Степенот на таа индивидуална успешност директно ќе се рефлектира, во глобални рамки, и на пошироко ниво во Република Македонија, во поглед на квантитетот на зачуваната жива сила и материјалните добра, што пак, ќе има свој одраз и врз можностите за натамошнно водење на вооружената борба ако станува збор за војна.

Оттука, не смее да постои индиферентен однос кога е во прашање потребата од преземање на мерки во функција на намалувањето на бројката на настраданите или степенот на уништување на материјалните добра /пред се за основни потреби на населението/. Еден од начините за сведување на последиците од загрозување на поподносливо ниво е граѓаните да бидат оспособени за преземање на превентивна заштита, укажување на самопомош и заемна помош, прва помош на настраданите и заболените, како и за заштитата и спасување на населението и материјалните добра.

Создавање на претпоставки за остварување на самопомошта за преживување во моменти на загрозеност од разновидни опасности /особено во војна/, како основна, примарна активност до доаѓањето на организираните сили на цивилната заштита, гледано низ призмата на нашиот вкупен човечки и материјален потенцијал / особено сме чувствителни на загуби/, треба да биде една од приоритетните задачи во однос на можностите за зачувување на човечкиот потенцијал.

Самопомошта како потреба и активност, гледано пошироко, се однесува на сите граѓани без оглед дали во моментот на згрозувањето се наоѓаат во станбен објект, на улица, во засолниште, на отворен простор, на линијата на фронтот и слично. Таа има исклучително значење ако се има предвид најлошата

---

3. Нацев, *Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

варијанта по нас, кога агресоровите сили би можеле да воспостават ригорозна контрола на територијата и на населените места, кога практично граѓанинот ќе биде лишен од можноста организираните сили на цивилната заштита да се ангажираат на планот на заштитата и спасувањето. Односно, основната заштита /самопомошта/ практично значи дека во моментот на загрозувањето сме препуштени на себе си или на луѓе од непосредната околина, а од нивната оспособеност за давање на помош ќе зависи дали воопшто ќе преживееме или ќе преживееме со што е можно помалку последици по нашиот живот и здравје, или пак инвалидетот ќе биде од таков степен што ќе има потреба од грижа и ангажирање на други лица во подолг временски период.

Исто така и степенот на успешноста на дејствувањето на организираните сили за заштита и спасување /Цивилната заштита/ на граѓаните и материјалните добра, ќе зависи од тоа колку во моментот сме направиле на планот на самопомошта.

Оттука оспособеноста за самозаштитата не е способност која доаѓа сама по себе, односно нагонот за самоодржување во моментот на најразлични загрозувања, треба да се надополни со знаења, вештини и умеења кои во моментот на загрозувањето ќе обезбедат задоволителен облик на потребна реакција. При тоа, потребна е примена на определени методи, облици, форми и средства на дејствување со кои и ефектите би биле на ниво на потребите. Или пак, преземање на активности кои значат одбегнување на такви опасности, односно, преземање на превентивни дејствијаа со кои се отстранува можноста да се најдеме во таква ситуација /дислоцирање, засолнување, евакуација и др./.

Како тоа да се оствари ?

Владата на Република Македонија во Уредбата нагласува дека "самозаштитата се подготвува плански, а се изразува преку обука на сите државјани на републиката за активно учество во заштитата и спасувањето, во почетен обем, на превентивен и оперативен план". Од овој став произлегува дека самозаштитата е планска дејност, не е активност која е декларативно поставена, односно, граѓаните не можат да избираат по однос на учество во нејзе, туку се предвидува обука за тоа да се оствари. Во рамките на споменатово, се предвидува населението за самозаштита превентивно да се подготви за "прва медицинска помош, примарна деконтаминација, локализирање и гаснење на почетни пожари, спасување на плитко затрупани лица и известување за опасностите" како еден од сегментите на тоа оспособување, а другиот е тие да се оспособат за "пасивно учество во заштитата и спасувањето" кое се состои во "засолнување, praместување, евакуација, згрижување и др.

Веќе во овие одредби децидно е наведено за што граѓаните треба да бидат оспособени за да можат да спроведуваат определени самозаштитни мерки. Односно, на определен начин, се дефинирани и содржините на оспособувањето на граѓаните, преку чие совладување се смета дека ќе се овозможи "преживувањето на населението и заштитата на материјалните добра". Јасно е кажано дека обуката се спроведува со "сите државјани на Републиката" што во основа е исправно определување, но кога треба јасно да се дефинира начинот на оспособувањето /обуката/ следи уште една контрадикторност. Се утврдува дека "органите на државната власт, претпријатијата, јавните установи и служби, единиците на локалната самоуправа и општествените организации во рамките на своите должности и права: утврдуваат соодветни форми на организирање на граѓаните за самозаштита и спроведуваат обучување на граѓаните,

кои не се обучуваат по други основи, врз основа на единствените Наставни планови и програми во Републиката, ... во рамките на вежбите на цивилната заштита обезбедуваат вклучување на граѓаните кои се опфатени во самозаштитата".

Нелогичностите и дилемите се очигледни. На една страна се тврди дека "сите граѓани на Републиката" се обучуваат за заштита и спасување /самозаштита/, а од друга страна се "прецизира" дека тоа се однесува само на оние граѓани на Републиката "кои не се обучуваат по други основи". При тоа се утврдува дека тоа ќе се прави врз основа на "единствени наставни планови и програми во Републиката" и преки вежбовни активности.

Фактот дека во органите на државната власт, претпријатијата ... ќе се утврдуваат организационите облици преку кои ќе се врши обуката за самозаштита врз основа на единствени наставни планови и програми за оваа категорија на граѓани не упатува на "старото" решение - обука на населението /наставни планови и програми од 1986 година/, кое се покажа како лошо решение, односно пропадна како идеја. Од ова може да се заклучи дека ќе се издвои посебна категорија на граѓани кои ќе се обучуваат само за самозаштита. Нашата претпоставка е дека се смета оти другите структури на силите на одбраната, во рамките на нивната подготовка /оспособување/ за учество во тие структури, ќе се здобијат со самозаштитна оспособеност. Тоа може да е така за некои категории на обврзници, но како пристап е погрешен. За работите на определен начин да бидат уште поне прецизни придонесува и следнат одредба на Уредбата со која се вели: "Подготовките на самозаштитата во рамките на единиците на локалнта самоуправа опфаќаат:

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- навремено и целосно запознавање на населението со мерките и постапките во случај на воздушна и РХБ опасност, опасност од пожари, елементарни непогоди и други несреќи;

- оспособувањето на населението за активно и пасивно учество во заштитата и спасувањето на загрозените лица, личниот и општествениот имот /не и приватниот ? /;

- обезбедување на населението и објектите со средства за лична и колективна заштита ...

Првиот став, јасно укажува дека во рамките на вкупните подготовки на локалната самоуправа за одбрана, ќе се вршат и определени подготовки на населението за начините и постапките во случај на воздушна и РХБ опасност ... и други несреќи. Како тоа ќе го прават надлежните органи на локалната самоуправа во одредбите не е нагласено. Дали ќе се земе предвид урнекот кој беше применет во минатото, со издавање на посебна брошура или ќе се одберат други форми, во Уредбата не може да се уочи. Но едно е јасно, локалната самоуправа ќе мора да ги запознае граѓаните за постапките и мерките кои треба да ги преземат во случај на спомнатите опасности, а начинот како тоа би можело да се направи ќе го изнесеме нешто подоцна.

Со вториот став надлежните органи за одбрана во локалната самоуправа на себе преземаат обврска да го оспособат населението за активно и пасивно учество во заштитата и спасувањето, при што најверојатно а направен превид кога е нагласено дека тоа се однесува само кога е загрозен "општествениот имот". Сосема друго прашење е ако станува збор за странски фирми, претпријатија со мешовит капитал и друго, но тоа е посебна тема за разгледување. И од овој став, како и од одредбите што следуваат, не произлегува начинот како тоа да се оствари /дали по пат на

определени предавања, курсеви, вежби и друго/.

Од одредбите на Уредбата извлековме и определени ставови кои се однесуваат на граѓаните и нивното учество во самозаштитата, кои индиректно укажуваат на потребата од запознавање или оспособување на населението за извршување на одделни мерки и активности во рамките на цивилната заштита и посебно за самозаштитата. Во скусен обем тоа би биле следниве: "затемнувањето го вршат граѓаните ... на даден знак за општа воздушна опасност", ... се преземаат мерки за оспособување на целото население ... за прва медицинска помош; ... оспособување на граѓаните за отстранувањето на опасностите кои ги предизвикуваат пожарите, користење на уредите и средствата и овладување со начини на гаснењето и локализирањето на сите видови почетни пожари"; "за успешно спроведување на РХБ заштитата потребно е граѓаните да се обучат, опремат и оспособат за навремено спроведување на мерките и постапките на лична и колективна заштита"; "маскирањето го спроведуваат ... и граѓаните" (65).

Од последниве одредби, заедно со претходните кои ги изложивме, веќе можат да се извлечат содржините кои треба да ги усвојат граѓаните за да би можеле во рамките на самозаштитаа, како што таа се подразбира во цивилната заштита, да ја остварат својата улога во заштитата и спасувањето. Извлечени од вкупниот контекст на одредбите во Уредбата, тоа би биле следниве содржини:

- прва медицинска помош;
- примарна деконтаминација;
- локализирање и гаснење на почетни пожари;
- оспособување на граѓаните за отстранување на опасностите кои ги предизвикуваат пожарите;

- користење на уредите и средствата и овладување со начинот на гаснењето на пожари;
- спасување на плитко затрупани лица;
- известување за опасностите;
- запознавање на населението со мерките и постапките во случај на воздушна и РХБ опасност, опасност од пожари, елементарни непогоди и други несреќи;
- оспособување на населението за учество во засолнувањето, praзнувањето
- оспособување на населението за учество во засолнувањето, поместувањето, евакуацијата, згрижувањето;
- оспособување за извршување на затемнувањето на знак на општа воздушна опасност;
- обучување и оспособување на граѓаните за спроведување на мерките и постапките за лична и колективна заштита и начинот на користење на средствата за лична и колективна заштита;
- спроведување на маскирањето;

Како што може да се забележи од структурата на презентираните содржини кои треба да ги совладаат граѓаните во рамките на самозаштитата, дел од нив се во функција и на мирновременското живеење. Односно, оспособеноста за овие активности може и треба да биде добредојдена и во услови кога не демнеат најразлични опасности, предизвикани од самите граѓани, како последица од небрижност или самоповредување или од некои други лица и субјекти /на пример, противпожарната заштита, првата медицинска помош, известувањето за опасностите и др./. Истите, претежно се насочени кон подигнувањето на степенот на сигурноста на живеењето на повисоко ниво. Станува збор за оспособување на граѓаните за знаења и вештини кои би ги примениле и во услови на

---

мирновременско загрозување на луѓето и материјалните добра, како составен дел на окружувањето во кое живееме и од сето она што може да произлезе како опасност по човекот и материјалните добра.

Врз основа на изложеното, во право се оние привrзеници на идејата самозаштитата да не се смета само како дел од цивилната заштита, туку дека треба да биде во функција на вкупното безбедносно живеење на граѓаниет /со што се согласуваме и се заложуваме работите така и да се гледаат/. За дел од активностите на граѓаните кои се во функција на цивилната заштита во воена состојба, вонредни околности и поголеми природни несреќи во мир, неопходно е надоградување и надополнување на базата која условно може да се нарече "основна самозаштитна култура". Таа е многу поширока и опфаќа други сегменти /криминални, социопатолошки појави, безбедност во сообраќајот, заштита на работа, еколошка заштита и др./ за што грижата би ја презеле надлежните државни органи.

Значи, на самозаштита како основен вид на заштита на луѓето и материјалните добра, треба да се гледа како на нешто што не е само задача и обврска на цивилната заштита, туку цивилната заштита се вклучува во самозаштитното оспособување на населението преку најразновидни начини и форми, и тоа не во вид на класично собирање на обврзници за обука од самозаштитни содржини во функција на цивилната заштита, туку преку поинакви форми. Како што вели Јаворовиќ (66), "самозаштитата треба да стане основа на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра ... Таа се јавува ккао општ принцип и начин на однесување на поединецот во несреќи и незгоди, катастрофи и разни збиднувања, како непосредно /спонтано и/или организирано/ дејствување на организирани сили во местото каде што луѓето живеат и работат".

Поради тоа сметаме дека на ниво на Републиката нема потреба од "класичен" наставен план и програма по кој би се вршела обуката на граѓаните, туку треба да постои разработен концепт, начини, патишта и форми преку кои дел од содржините од цивилната заштита би допреле до сите граѓани во рамките на самозаштитата, на начин кој би овозможил тие да сфатат дека тоа е нешто што треба да стане дел од нивната култура на живеење. Имено, неопходно е да се обезбеди тие знаења и умеења да можат да се ефектуираат во евентуална војна и да се сфати дека тоа е во функција на преживување на граѓаните, а не нешто наметната од страна на државата како "обврска и право".

Инвенциите на овој план треба да дојдат во полн израз, при што треба да се користат нашите досегашни искуства и искуствата на другите земји кои на овој план имаат постигнато завидни резултати. Во таа смисла, од аспект на цивилната заштита, преку именувани повереници и нивните заменици, кои ќе се постават во поголеми згради, улици, блокови, населби, маала, погони, смени и слично, би можело во рамките на самозаштитата, да се спроведат активностите на овој план од областа на цивилната заштита. Граѓаните, на доброволна основа, би следеле и учествувале во определени демонстарции на средства, опрема, вежбовни и други активности во својата средина, преку кои би се реализирале однапред "планираните" активности и постапки со кои би се запознавале граѓаните во својата микро средина. Би се одбрале определени поводи, настани и ситуации, на пример после некоја несреќа /пожар, поплава во зграда, повредување на некој работник и станар и сл./ за да се соберат луѓето и по тој настан да им се демонстрираат дејствија кои, ако биле преземени до несреќата не би дошло. Тоа би било она што би се надоградувало или пак би било во

функција на освежување и обновување на отпорано стекнатите знаења и вештини, на база која веќе ја нарековме безбедносно самозаштитна култура.

А таа пак постојано и плански би се изградувала уште од најмлада возраст во училиштата, во семејството, преку масмедиумите и на друг начин. Тоа би требало да се осмисли и за секое ниво - доба од животот, да се изградат такви содржини кои ненаметливо би биле во функција на градењето на свеста од потреба за самозаштитата. Во средните училишта, во рамките на постојниот предмет одбрана и заштита, во определен степен би биле застапени сите скоро сите претходно наброени содржини кои произлегуваат од Уредбата за цивилна заштита, а се однесуваат за оспособувањето на граѓаните.

Вежбовните активности на цивилната заштита во кои би се вклучиле и граѓаните во рамките на самозаштитата, би претставувале само едно финализирано увежбување на претходно стекнатите знаења и вештини, за да се долови вкупната атмосфера и ситуација која би можела да настане во услови на војна.

По наше видување би требало пред или за време на војна /ако условите тоа го дозволуваат/, да се применат посебни програми кои ова оспособување би го поставиле на класични основи и методи, со оглед на тоа дека интересот на населението за обука би бил поголем.

*7.6.2. Оспособување на поверениците на цивилната заштита*

Во делот кој се однесуваше на самозаштитата /7.6.1./, истакнавме една одредба со која се утврдува дека активностите на граѓаните во заштитата и спасувањето, во случај на војна и други несреќи и елементарни непогоди во мир, на определен начин се канализираат со цел да се одбегне појавата на стихијност во спроведувањето на заштитните активности. Но, не е исклучено, во определени ситуации, да надвладува ангажманот на граѓаните во заштитата и спасувањето врз принципот "снајди се како знаеш и умееш". За да не доминира ова второто, односно да се намалат последиците од појава на таков тип на организираност, во Уредбата за цивилна заштита /а тоа беше предвидено и во сите досегашни решенија за цивилната заштита/ утврдено е дека во "поголемите згради, улици, маала, помали претпријатија и погони се именуваат соодветен број на повереници и нивни заменици". Основна улога и задача на поверениците и нивните заменици е да вршат "насочување и организирање на самозаштитата" во наведените средини и тоа само таму каде што нема формирани месни сили на цивилната заштита" /член 10/.

Имено, во членот 87 од Уредбата е предвидено во населбите помали од 200 жители и претпријатија и јавни установи и служби каде што се вработени до 100 работници, за раководење со цивилната заштита да се именуваат повереници со определен број на заменици /начелно 1 до 2/. Нив ги именуваат извршните органи на собранијата на единиците на локалнта самоуправа, односно органите на управување на претпријатијата, јавните установи и служби. Станува збор за решение со кое се настојува да се обезбеди

---

потполна покриеност на територијата на Републиката со органи на цивилната заштита. Повереницитe всушност претставуваат први и по број најмасовни индивидуални раководни органи на цивилната заштита, кои ги извршуваат одлуките на повисоките и надлежните органи на раководење со цивилната заштита. Од друга страна, преку нив, самите претпријатија, јавните установи и служби /до 100 вработени/ и единиците на локалната самоуправа ја реализираат својата обврска за преземање мерки за заштита и спасување на работниците, граѓаните и материјалните добра.

Во рамките на категоријата **повереник на цивилната заштита**, ако средината каде што тие се поставуваат се земе како критериум може да се разликуваат три вида на повереници. На така имаме:

1. повереници кои се именуваат во претпријатијата /помали претпријатија, погони, смени и сл./

2. повереници кои се именуваат во местото на живеење /улица, село, зграда,блок, маало, помали населби/;

3. повереници во јавните установи и служби /во областа на здравството, социјалната заштита, образованието, науката, културата и информативните куќи/;

Предметот на нивната работа е идентичен - самозаштитата во тие средини, но во практиката на вршењето на нивните задачи во цивилната заштита се јавуваат определени посебности кои се резултат на разликите кои постојат помеѓу овие три средини.

Во наведените основни клетки на живеење и работење, организацијата на заштитата и спасувањето е поставена на начин претставен на Шемата бр.1.

Според оваа организациска поставеност, произлегува дека повереницитe ги насочуваат /раководат/ активностите на граѓаните:

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*




Шема бр.1. Организација на заштитата и спасувањето во основните клетки на живеење и работа

во рамките на спроведувањето на самозаштитата, на припадниците на цивилната заштита задолжени за заштитните објекти или засолништата, на групата за прифат на евакуираното население од други места и подрачја или за евакуирање на дел од граѓаните кои според планот се опфатени со оваа мерка и раководат со "месните единици на цивилната заштита" во јачина од екипа /член 10/.

Покрај тоа, повереницте ги ангажираат и насочуваат активностите на членовите на Црвениот крст, доброволните противпожарни друштва и други општествени организации, кои можат да придонесат во остварувањето на определени задачи во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните вредности. Се разбира дека до нивното активирање може да дојде само ако нив ги има во таа средина или организација, или на друг начин се најдат на располагање на местото на загрозување.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република*

Недоволно е јасен делот од шемата на кој е назначено дека во надлежност на повереницитe се универзалните единици на цивилната заштита, со оглед на тоа што во Уредбата /член 9/, децидно е утврдено дека повереницитe се именуваат само во оние микро животни и работни средини, во кои нема формирано месни сили на цивилната заштита. Ова може да се сфати само како еден вид алтернатива, со цел да се обезбеди пофлексибилен пристап во организирањето на цивилната заштита во тие средини. Ако се процени дека на овој начин би се добило во ефикасност, се дава можност повереницитe да раководат и да ги активираат месните универзални единици на цивилната заштита во јачина од екипа /до 5 луѓе/. Овие наши претпоставки, колку и да изглеадаат убедливи, по се изгледа дека не се на линијата на размислување на творците на Уредбта, бидејќи ова се само мал дел од пропустите кои се направени во истата.

Од гледна точка на нашиот основен проблем на разгледување, претходните поставки и констатации ги искажавме во функција на определувањето на основните содржини на оспособувањето на повереницитe. Предвидената улога и задачите на повереницитe во системот на цивилната заштита, во основа ги детерминираат знаењата, умеењата и вештините кои треба да ги поседуваат повереницитe за да можат успешно да ги реализираат задачите во заштитата и спасувањето. Од претходното јасно произлегува дека повереницитe треба да се обучат и оспособат за организирање, подготвување и извршување на активностите и постапките во рамките на личната и заемната заштита во одделни животни и работни средини. За да можат истото да го реализираат во воена состојба, тие мораат претходно да се подготват за вршење на таа дејност, поради тоа што станува збор за лица кои непрофесионално се

ангажират во цивилната заштита.

Оттука и се наметнува прашањето: кои се тие содржини во кои треба да се едуцираат, односно оспособат и извежбаат повереницитe, за да можат да одговорат на барањата во заштитата и спасувањето на населението, вработените и материјалните добра? Одговорот на прашањето ќе го бараме низ призма на согледувањето на самозаштитните активности кои ќе ги спроведуваат граѓаните, а од нив ќе произлезат и наставните содржини и теми кои требада претставуваат основа на обучувањето на повереницитe. Но, нивната оспособеност за лична и заемна заштита треба да биде на повисоко ниво во однос на граѓаните, при што ќе треба да се стекнат и дополнителни знаења и вештини во врска со организацијата и раководењето со определени активности кои на себе ќе ги преземат повереницитe во остварувањето на одделни мерки на заштита и спасување.

Во таа смисла, повереницитe би требало да се оспособат за организирање, насочување и спроведување на следниве мерки на цивилната заштита во својата средина:

- прва медицинска помош;
- противпожарна заштита;
- спасување на плитко затрупани лица;
- за реализација на засолнувањето, поместувањето, евакуацијата и згрижувањето;
- остварување на затемнувањето;
- спроведување на мерки и постапки за лична и колективна заштита и начин на користење на средства за лична и колективна заштита;
- затемнувањето;
- известување за опасностите;

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

- запознавање на населението со конкретните мерки и постапки при воздушна РХБ опасност, опасност од пожари и елементарни непогоди и други несреќи во војна;

Бидејќи повереницитe се дел од системот на цивилната заштита, кој има изградено свој механизам за активирање на одделни сегменти и на системот во целина, потребно е тие да стекнат знаења од содржини кои ќе им обезбедат согледување на нивната улога и место во тој систем, нивните задачи, обврски и одговорности во однос на повисоките и соседните органи на раководење со цивилната заштита. Сообразно на нивната улога во цивилната заштита, од нив треба да се очекува да приберат и да располагаат со определени податоци за граѓаните, работниците и материјални средства, а во функција на цивилната заштита. Поради тоа повереницитe би требало да ја познаваат технологијата на изработка, пополнување и водење на одделни документи за потребите на оперативното извршување на задачите на цивилната заштита, и пошироко, за изработка на плански документи.

Особено е значајно во процесот на оспособувањерто за извршување на нивните основни задачи да се запознаат и увежбаат во користењето на средствата и опремата со кои формациски располагаат или треба да располагаат, како и да се запознаат со нивните основни карактеристики и можности во заштитата и спасувањето.

Во одделни средини и ситуации може да се очекува повереницитe да се појават и во улога на едукатори, односно да спроведуваат определен вид на оспособување за цивилна заштита на населението и вработените, поради што би требало да се запознаат и со основните елементи за начинот на спроведувањето на овој вид на

активност во своите средини.

Како да се рализира оспособувањето на повереницитe?

За прецизно да ги утврдиме формите и содржините на нивното оспособување, ќе се навратиме на претходните решенија, односно на поранешниот наставен план и програма за обука на повереницитe. Ова го правиме од причини што сметаме за потребно да се согледа досегашната поставеност и содржината на оспособувањето на повереницитe, бидејќи според наши сознанија, тој наставен план и програма, по определени појмовни и терминолошки "чистења", најверојатно ќе биде официјален документ за обука на единиците, штабовите и повереницитe. На некој начин ова можеше и да се очекува, и би бил еден "логичен" продукт, бидејќи нема некои посуштествени измени во Уредбата во однос на Насоките од 1986 година (67), особено во делот кој се однесува на организациската поставеност на силите на цивилната заштита. Како Уредбата не е единствен документ за цивилна заштита, ќе презентираме пристап и содржина на оспособувањето на повереницитe /а ќе следи и за единиците и штабовите./, кој ќе соодветствува на она Што сметаме дека треба да ја одрази сегашната поставеност на цивилната заштита, односно ќе одиме во насока на градење на пристап и содржини за одделни категории, кои ќе го одразат важечкото, официјалното, и ќе антиципираме наши видувања кои недоволно или воопшто не се утврдени во важечките законски и подзаконски документи од оваа област. Значи, се определивме за рационализирање на досегашниот пристап во оспособувањето на повереницитe и за вградување на содржини кои би ги одразиле "новите" моменти во цивилната заштита.

"Стариот" наставен план и програма предвидуваше обуката на повереницитe да трае вкупно 50 наставни часови од кои 2/3 беа

за практична обука, а другите се предвидуваа за обработка и совладување на теоретски теми. Оспособувањето опфаќаше и дополнителна обука, чија реализација се остваруваше во циклус од 5 години. Во првата година се предвидуваше реализирање на основната обука, која опфаќаше општа обука /I фаза/ и специјалистичка обука /II фаза/. Во рамките на општата обука, која за повереницте и единиците за општа намена, предвидуваше реализација на 6 наставни часови, а за штабовите и специјализираните единици 10, се разработуваа теми од општо значење. Тоа беа следниве теми:

1. меѓународната, военополитичката положба на Југославија, можности од агресија врз Југославија и видови на отпор против агресорот;

2. основи на концепцијата и системот на одбрана и заштита;

3. специјална војна;

4. Цивилната заштита во системот на одбрана и нејзината организација и оспособувањето на општествено-политичките заедници, месните заедници и организациите на здружен труд;

5. организација и задачи на службата за набљудување и известување;

6. учество на цивилната заштита во спасувањето од елементарни непогоди.

Анализирајќи ги темите од аспект на промените во општеството, а посебно во одбраната и цивилната заштита во Република Македонија, очигледно е што треба да се направи во поглед на "чистењето" и во основа тоа е рутинска работа и повеќе има технички карактер. Она што е посуштествено за нас, е да се процени потребата и полезноста од споменативе или дел од овие теми во обуката на повреницитe /односно и штабовите и единиците/, како

---

заеднички дел за сите нив.

Сметаме дека, ова како што е поставено и формулирано треба комплетно да отпадне, а вложување на напор во нивно "чистење" редефинирање, во крајна линија е некорисно. По наше видување, на нивно место, би требало да се постави една тематска целина која директно би ги опфатила одделните аспекти на организацијата и поставеноста на цивилната заштита во Републиката. Оваа заложба ја темелиме врз проценката дека споменативе теми во основа не се директно во функција на извршување на одделни активности во цивилната заштита, туку повеќе имаат општообразовен карактер /па и политички/. Покрај тоа, со овие содржини повереницитe и другите припадници на силите на цивилната заштита се сретнале во текот на нивното школување, преку наставниот предмет, во другите наставни дисциплини, преку медиумите и на друг начин. Од друга страна, она што го понудивме на планот на новиот приод кон едукацијата за одбрана и заштита на младината на сите нивоа на школување и нашите видувања на проблематиката на самозаштитата, се дополнителни аргументи кои упатуваат на потребата и оправданоста за едно вакво рационализирање. По ова, веќе може да се оди кон спојување на I-та и II-та фаза, односно категоријата основна обука во себе да не содржи два сегменти, туку да биде една целина. Притоа, таа би започнала со една уводна тема преку која би се разработувала организацијата, поставеноста, улогата и задачите на цивилната заштита во системот на одбрана на Република Македонија и посебно во заштитата и спасувањето. Потоа би следеле стручни тематски подрачја посебно за повереницитe, штабовите и специјализираните единици како и единиците за општа намена. Всушност тоа би бил еден вид вовед во конкретната проблематика која всушност треба да има пооперативен, попрактичен

карактер, без поголемо и непотребно теоретизирање.

Како што веќе споменавме, основната обука на повереницте се однесува и за штабовите и единиците на цивилната заштита, па така кога ќе се говори за нивно оспособување нема посебно да го разработуваме овој дел од обуката, туку само ќе се нагласи /ако е потребно/ заради согледување на целината.

Основната специјалистичка обука на повереницте / IIфаза / се предвидуваше да се реализира со вкупно 24 часови, при што од предвидените 7 теми, доминантни во однос на бројот на часовите, беа три, со кои се исцрпуваше 70 % од содржините предвидени за овој дел на обуката, а тоа се: организацијата, подготвување и спроведување на мерките на заштитата и сапсувањето /6 часови/; задачи и должности на повереницте на цивилната заштита во услови на мир, вонредни околности, војна и на привремено запоседната територија /ПЗТ/, со 5 наставни часови и начин на водење на подсетник за работа на повереницте (6). Другите теми се однесуваа на улогата и задачите на повереницте во организацијата и насочувањето на личната и заемната заштита, за нивните должности за време на елементарни непогоди и други несреќи, на материјално-техничко обезбедување на повереницте и нивните заменици, избор и поставување на повереници и нивни заменици.

Имајќи ја предвид, според сегашните законски решенија, основната интенција цивилната заштита да дејствува и се активира само во услови на војна / со определени исклучоци и во мир/, заради вршење на хуманитарни активности во заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра, јасно е дека нејголем дел од погоре искажаните теми ќе треба сериозно да се преструктуираат. Дел од нив би требало да изостанат /избор и поставување на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

повереници и нивни заменици /, а во оваа фаза да се разработат темите кои ги посочивме како основни содржини кои треба да ги усвојат повереницигте, при што би надвладало оспособувањето за организирање на мерките за заштита и спасување во функција на замозаштитата.

Прашањата околу распоредот на темите, бројот на часовите, организацијата и друго е работа која би ја препуштиле на планерите на оваа обука во Министерството за одбрана /сектор за цивилна заштита/.

Дополнителната обука се спроведуваше во циклус од 4 години со по 5 часови годишно /вкупно 20/, при што во IIта, III-та и IV-та година се предвидуваше да се врши тактичко техничко увежбување на повереницигте на цивилната заштита во раководењето со одделни /групирани по години/ мерки на цивилната заштита. Петтата година, како завршна во циклусот, опфаќаше увежбување на повереницигте во извршувањето на задачите во услови на непосредна воена опасност и елементарни непогоди, заедно со штабовите и единиците на цивилната заштита во местото на живеење.

Дополнителната обука, всушност претставуваше практично увежбување на повереницигте за раководење и извршување на одделни мерки и задачи во заштитата и спасувањето, врз база на стекнатите знаења и вештини во рамките на основната обука.

Досегашниот приод кон изведувањето на обучувањето на повереницигте низ дополнителната обука, во начело, би требало да се прифати, особено заради тоа што низ неа се инсистираше на практичното извежбување на одделни активности кои би се остварувале во евентуална воена состојба. На ова, би додале дека при разработката на одделни варијанти посебно треба да се инсистира повереницигте секогаш кога тоа е можно и изводливо, да

бидат ставени во улога и позиција да разработуваат ситуации за средини од каде што доаѓаат /зграда, маало, село, претпријатие, установа/. Особено би било полезно, доколку составот е хетероген повереницитe во текот на обуката да бидат групирани по однос на средината од каде што доаѓаат , или пак, секогаш кога тоа е можно да се повикуваат од еднороден состав врз основа на средината од каде што доаѓаат. На пример, времената група за обука да биде составена само од повереници од стамбените згради или од помали претпријатија, установи или населби. Тоа би придонесло за постигнување на поголеми ефекти во обуката на обврзниците, особено во делот кога се врши разработка на одделни пректични постапки со повереницитe.

Со оглед на тоа што содржините со кои ќе се занимаваат повереницитe во заштитата и спасувањето во определен обем се намалени во однос на претходните / помал е бројот на мерките и активностите кои тие ги организираат и ги раководат/, можно е да се направи едно скусување на времетраењето и на циклусот на оваа обука.

Но, и без ова, тој е премногу долг. Оттука цениме дека тригодишен курс за обука е доволно време за да се заокружи овој вид на оспособување на повереницитe на цивилната заштита, а другите две години од претходниот петогодишен циклус да се употребат за проверка на квалитетот на обученоста и увежбаноста на повереницитe.

Инаку, досегашните искуства во обучувањето на повереницитe говорат за присутноста на голем број проблеми и тешкотии кај овој вид на обучување, а оценките за нивната оспособеност главно се незадоволувачки. Така, според извршените истражувања (68), на прашањето "дали повереницитe се оспособени за

извршување на своите задачи", скоро 2/3 од испитаниците се на мислење дека тие се делумно оспособени а 1/3 дека тие не се оспособени за извршување на своите здачи /Прилог бр 1,Табела бр 1./. Ова е податок кој во секој случај загрижува и упатува на потребата од преземање на дополнителни активности, како во поглед на програмското преструктуирање, така и во делот кој се однесува на организацијата и поставеноста на оваа обука. Како причини за една таква состојба се наведуваат "пропустите кои се прават при изборот на повереницитe" (69) и поради присутниот несоодветен третман и статус кои го имаат во своите средини (70).

Од друга страна се истакнува дека досега во Република Македонија во просек, основната и дополнителната обука ја имаат завршено оклолу 65 % од повереницитe на цивилната заштита (71), што споредено со претходните показатели, упатува на заклучок дека во многу средини се претпочитувало законското во однос на вистинските потреби и квалитетот.

*7.6.3. Оспособувањето на месните единици на цивилната заштита*

Со Законот за одбрана, во член 106, е предвидено дека "хуманитарните активности и задачи во воена состојба и елементарни непогоди и други несреќи во војна се извршуваат ... и со посебни сили на цивилната заштита организирани во единици и штабови". Исто така се утврдува дека единици на цивилната заштита формираат претпријатијата, јавните установи и служби и единиците на локалната самоуправа (72). Начинот на нивното организирање, подготвување и извршувањето на активностите и задачите на цивилната заштита, како и формирањето и подготвувањето на единиците е уредено со Уредбата на Владата на Република Македонија. Оттука, разбирливо е што како основа за разработка на можниот приод кон оспособувањето на овие единици ги анализиравме одредбите на оваа Уредба кои се однесуваат на единиците на цивилната заштита, а ги земавме предвид и поранешните решенија.

Според она што е утврдено, силите на цивилната заштита се делат на месни и маневарски, а поделбата е извршена врз основа на критериумот - начин на организирање, пополнување и употреба на единиците. Месните единици на цивилната заштита се формираат како универзални и специјализирани. Самиот назив "месни сили" јасно асоцира дека станува збор за сили на цивилната заштита кои првенствено се ангажираат во акциите на заштитата и спасувањето во местото каде се формирани, со можност, по потреба, да дејствуваат и на соседни загрозени подрачја. Практично, тие стапуваат во заштитно-спасувачки акции при настанувањето на опасноста во местото и средината во кои се формирани, со цел да ги отстранат последиците од загрозувањето. По извршената задача, припадниците

на овие единици продолжуваат со работа во своите организации или заминуваат во своите домови. Пополнувањето на месните сили се врши со лица распоредени за извршување на работна обврска или обврзници на цивилната заштита.

**а) Месни универзални единици на цивилна заштита**

Во членот 70 од Уредбата, утврдено е дека универзалните единици на цивилната заштита се формираат во јачина на екипа, одделение и вод. Големината на единиците во одделни населби, во претпријатијата, јавните установи и служби е определена од бројноста на жителите и бројот на вработените во споменатите средини. Начелно тоа е извршено според следниве критериуми:

| УНИВЕРЗАЛНИ ЕДИНИЦИ СО ЈАЧИНА | НАСЕЛБИ СО БРОЈ НА ЖИТЕЛИ | ПРЕТПРИЈАТИЈА УСТАНОВИ И СЛУЖБИ СО БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ |
|---|---|---|
| ЕКИПА | до 200 | до 50 |
| ОДДЕЛЕНИЕ | од 200 до 500 | од 50 до 300 |
| ВОД | над 500 | над 300 |

Предвидено е универзалните единици да се опремат, обучат и оспособат за укажување на прва медицинска помош, гаснење на почетни пожари, спасување на загрозени и затрупани лица во плитки урнатини, учество во засолнувањето, евакуацијата и згрижувањето на населението и други задачи.

Од искажните одредби за универзалните единици на цивилната заштита, може да се издвојат неколку констатации и заклучоци.

Ако се компарираат решенијата кои се однесуваат на поверениците и овие за универзалните единици на цивилната заштита, се кристализираат некои дилеми и прашања кои упатуваат на заклучок дека некои работи не се осмислени како што треба. Имено, како што веќе беше нагласено во делот за поверениците, се предвидуваше тие да се именуваат во населби со помалку од 200 жители и претпријатија и јавни установи и служби каде што се вработени до 100 работници, заради насочување и организирање на самозаштитата и тоа само во средини каде што нема формирано месни сили на цивилната заштита. Од ова произлегува дека ако има месни сили на цивилната заштита, тогаш нема повереници и обратно, што никако не оди со одредбата која предвидува формирање /задолжително/ на универзални единици во јачина од екипа во населби кои имаат до 200 жители и претпријатија, јавни установи и служби до 50 вработени. Од друга страна во член 74 се утврдува дека со месните сили на цивилната заштита раководат штабовите и поверениците.

Кога е во прашање формирањето на овие единици по место на живеење, недоволно јасно и прецизно е дефинирано што се подразбира под поимот "населба". Дали под тоа се подразбира едно населено место /село/, со сите свои карактеристики или пак тоа е дел од целината на една поголема урбана средина /град/. во вид на кварт, блок на згради, населба со индивидуални куќи, маало или под тоа се подразбира и едното и другото. Најверојатно дека рутински е извршена замена на поимот месна заедница со населба, без да се согледаат последиците кои можат да произлезат од едно вакво преименување.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Утврдената проблематика за претпријатијата, јавните установи и служби, е нешто појасна, во смисла на разбирањето на она што се сакало со определената организациска поставеност на цивилната заштита во тие средини. Па така, во зависност од бројот на вработените се формираат универзални единици со различна големина и јачина. Припадници на тие сили се вработените кои остануваат во организацијата, односно се ангажираат по основ на работната обврска и тоа се однесува само на оние претпријатија, установи и служби кои продолжуваат со својата работа во војна.

Ќе се навратиме повторно на универзалните единици на цивилната заштита во "населби", од аспект на тоа колку е тоа решение валидно. Така на пример, ако земеме една населба /месна заедница/, со 200 граѓани и направиме категоризација на жителите по пол, возраст, вработеност и распореденост во силите на одбраната, може да се случи формирањето на екипа на универзалната единица на цивилната заштита во таа средина да е практично неизводливо. Тезата ја базираме врз следниве одредби: "обврзници на единици на цивилната заштита не можат да бидат лица распоредени во вооружените сили, во специјализираните единици и штабови на цивилната заштита, ако се вработени, редовно учат и студираат, бремени жени и жени со деца до 7 години и лица неспособни за служба во цивилната заштита" (73). Или ако се види членот 10 од Законот за одбрана кој гласи: "од должност за учество во силите на цивилната заштита се ослободуваат бремени жени, мајки и самохрани родителеи и старатели кои имаат или се грижат за дете до 7 години, односно две и повеќе деца до 10 години, како и воени обврзници кои имаат распоред во АРМ". По се изгледа дека е нереално да се очекува практично реализирање на утврдената потреба од постоење на универзални единици на цивилната заштита во сите средини /населби/

додека пак на "хартија" се е можно.

Слични прашања и дилеми во врска со овие единици на цивилната заштита можат да се поставaт и кога станува збор за нивно формирање и дејствување во најголем дел од претпријатијата, јавните установи и служби. Реално е да се претпостави дека вработените кои не се вклучени во екипи, одделенија, водови на универзални единици на цивилната заштита, а се ангажирани по основ на работна обврска во тие организации, дека нема да останат пасивни кога ќе се најдат во ситуација на загрозување, односно дека извршувањето на конкретните задачи во заштитата и спасувањето би го препуштиле само на силите кои ги формирале /универзални единици на цивилната заштита/, особено ако се имаат предвид активностите на планот на самозаштитата. Не треба да се испушти од вид и тоа дека многу претпријатија имаат и сопствени служби за противпожарна заштита, хигиенско-техничка заштита, потоа за физичко и техничко обезбедување, кои сигурно ќе земат учество во извршувањето на задачите на заштитата и спасувањето во сопствената средина. Оттука, најверојатно би требало конкретно да се процени колку е потребно во одделни средини да се оди по оваа "шема" или да се бараат поинакви решенија, се во функција на реално согледување на потребите и можностите во спроведувањето на активностите на заштитата и спасувањето во нив.

Досега искажаното имаше за цел да укаже на тоа колку е објективно можно реализирање на одделни решенија во практиката, бидејќи не треба да се заборави дека организационата и функционалнта поставеност на одделни сегменти на цивилната заштита, директно се одразуваат на содржините потребни за оспособување на единиците на цивилната заштита. Според Уредбата, универзалните единици на цивилната заштита се обучуваат и

оспособуваат за укажување на прва медицинска помош, гаснење на почетни и помали пожари, спасување на загрозени и затрупани лица во плитки урнатини, учество во засолнувањето, евакуацијата и згрижувањето на населението и други задачи. Ако се погледнат содржините за кои треба да се оспособуваат повереницитe на цивилната заштита, очигледно е дека постои огромна сличност со она што се предвидува во оспособувањето на универзалните единици. Разликата помеѓу нив во програмата, во рамките на основната обука, би се јавиле само во некои теми кои би се однесувале на поинаквата улога на повереницитe од аспект на раководењето и насочувањето на активностите на цивилната заштита. Односно, со оглед на тоа што повереницитe имаат пред се раководна улога, за разлика од универзалните единици, чија приоритетна улога е извршување на определени заштитно спасувачки активности во конкретната ситуација, во рамките на основната обука на припадниците на универзалните единици би надвладувале теми кои се однесуваат на теоретско и практично совладување на проблематиката врзана за прва медицинска помош, приотивпожарнатра заштита, спасување на загрозени и затрупани лица, засолнување на луѓето и материјалните добра, евакуацијата, згрижување на загрозените и настраданите.

Во рамките на дополнителната обука, решенијата би требало да бидат слични со оние за повереницитe, при што, во основа, би имале исто така тактичко техничко извежбување на одделни мерки на цивилната заштита, при што универзалните единици би требале да бидат ставени во позиција да извежбуваат пректично спроведување на одделни активности како колектив. Тоа подразбира усогласување на дејствувањето на поединци и одеелни организациони состави во рамките на колективот и соработка и содејство со други единици и сили на одбраната.

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Задржувајќи ја нашата основна интенција да понудиме решенија и пристап кон оспособувањето на одделни сили и структури на цивилната заштита според важечките прописи на државата во оваа област, се задржавме на оспособувањето на универзалните единици само во мера на глобален пристап. Причината лежи во тоа што постојат редица релевантни искуствени и актуелни факти кои говорат дека треба сериозно да се преиспита постоењето на овие единици воопшто или пак во сите споменати средини. Ние тоа досега повеќепати во различна форма и го искажавме. Во тој контекст ќе презентираме и определени искуствени и истражувачки сознанија и показатели кои говорат во прилог на нашата теза. Тие можат да се прифатат бидејќи, како што веќе истакнавме, новите основни решениа во цивилната заштита во основа се пресликан модел од порано. Имено, податоците со кои располагаме (74) покажуваат дека над 50 % од вкупниот број припадници ангажирани во цивилната заштита се во единиците за општа намена /сега универзални/ и дека половината се жени, дека старостната структура и оспособеноста на овие единици не задоволува, дека голем број на обврзници се стари и болни, а малку од нив успеваат да ги поминат сите фази на обуката. Овие констатации ќе ги поткрепиме и со определени емпириски показатели. Според истражувањето, како основни причини за недоволната оспособеност на овие единици се наведуваат: 93 % од испитаниците ја наведуваат неповолната структура на припадниците, 80 % истакнуваат дека тие се недоволно материјално опремени, а 40 % како причина ја наведуваат недоволната пополнетост на овие единици / Прилог бр.1,Табела бр. 2 /. Еден од заклучоците кои произлегуваа од споменатата студија е дека треба да се надмине практиката тие да се формираат во сите средини, туку да се организираат само таму каде што нема организирани специјализирани единици, односно каде

што има потреба од организирани сили што ја надминува силата и можностите на самозаштитата.

Од друга страна, треба да се има предвид и следново од Уредбата (75): при укажувањето на замената помош граѓаните можат да се самоорганизираат во времени групи и екипи, кои по пристигнувањето на силите на цивилната заштита на загрозеното подрачје се ставаат под нивна команда. Самоорганизирањето на граѓаните во неформални организациски состави за спроведување на одделни активности во заштитата и спасувањето, во многу елементи е слично на активностите за кои се подготвуваат припадниците на универзалните единици на цивилната заштита. Со тоа практично може да се формираат, самоорганизираат и единици на цивилната заштита, кои ако се посматраат и од аспект на тоа дека дејствувањето на групата на граѓани може /треба/ или ќе го координираат и насочуваат повереницитe и нивните заменици, е аргумент кој и по оваа основа не наведува да ја ставиме под лупа потребата од универзалните единици. Ако се претпостави дека најверојатно граѓаните при заштитата и спасувањето ќе користат исзвесни помагала и средства кој по основ на нивниот вид би биле слични на оние кои се утврдуваат како материјален состав на универзалните единици /дурии, лопати, копачи, лостови, кофи, прирачна аптека, скали, ќебиња и др./, тогаш навистина не би требало веќе да има дилеми околу прашањето за оправданоста од постоењето на овие единици. Оттука и не би имало посебно оспособување на обврзниците на универзалните единици на цивилната заштита.

**б) оспособување на месни и маневарски специјализирани единици на цивилната заштита**

За извршување на посложени и пообемни задачи во заштитата и спасувањето, со Уредбата е предвидено формирање на специјализирани единици на цивилната заштита и тоа како месни и маневарски сили. Во настојувањето да утврдиме што е тоа суштествено ново во оваа Уредба, наспроти претходните решенија / Насоките од 1986 година/, извршивме компарација на овие два документа во делот кој се однесува за специјализираните единици. Целта ни беше да ссогледаме кои се тоа организациски и функционални промени на овој план кои битно би можеле да се одразат врз приодот и содржината на оспособувањето на овие единици. Сознанијата до кои дојдовме говорат за постоење на две покрупни промени и тоа:

1. Специјализираните единици на цивилната заштита веќе не се формираат во населби /месни заедници/, туку само во претпријатијата јавните установи и служби кои располагаат со соодветни средства и опремна за заштита и спасување, како и во оние претпријатија чии технолошки процес и производствена програма може да ги загрози вработените и околината, и тоа како месни специјализирани сили на цивилната заштита.

2. За разлика од поранешните решенија новина е во тоа што се формираат републички сили на цивилната заштита како маневарски специјализирани единици, под директна ингеренција и раководење на Министерството за одбрана преку своите штабови.

Од нашиот аспект на разгледување, споменативе измени имаат пред се организациски карактер, што во крајна линија не би

влијаело врз промените на начинот на нивното оспособување, односно содржината на оспособувањето. Според тоа оспособувањето не би претрпело суштински промени во однос на " стариот наставен план и програма". Оттука, измените, односно потребата од барање нови модуси и содржини на нивното оспособување би произлегле од изменетите општи услови, од нужноста за надминување и рационализирање на одделни тематски содржини кои на определен начин се застарени или имаа идеолошко политичка конотација. Од друга страна, потребата за осовременување на дел од темите произлегува од фактот што се направени нови пробиви и усовршувања на техниката и средствата за војување во смисла на последиците кои ги предизвикуваат со нивното дејство врз луѓето и материјалните добра, потоа во однос на опремата за заштита и спасување, во поглед на појава на нови загрозувања и нови научни сознанија за оваа проблематика.

Покрај нагласените општи определби, би требало да се имаат предвид и следниве неколку поставки од Уредбата кои на определен начин влијаат врз приодот кон оспособувањето на специјализираните единици. Имено, месни специјализирани единици се формираат за следниве специјалности /член 73/:

1. противпожрна заштита;
2. прва медицинска помош;
3. асанација на територијата;
4. РХБ деконтаминација;
5. комунални;
6. заштита и спасување на животни и продукти од животинско потекло;
7. заштита и спасување на растенијата и растителни производи.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Нивната јачина пред се е условена од бројот на вработените во претпријатијата јавните установи и служби. Па така, во јачина од екипа се предвидува формирање на специјализирани единици во организации кои имаат до 100 вработени, оделенија во организации со број на вработени од 100 до 500, а во јачина на вод во организации со над 500 вработени.

Маневарските специјализирани единици се формираат за следниве специјалности:

1. противпожарна заштита;
2. прва медицинска помош;
3. асанација на територијата;
4. РХБ деконтаминација;
5. спасување од урнатини;
6. спасување на вода;
7. расчистување на урнатини;
8. извидување;
9. пронаоѓање, дезактивирање и уништување на неексплодирани убојни средства.

Овие единици се формираат со јачина на одделение, вод и чета, а во поголеми градски населби и одреди од истороден или мешовит состав.

Ако се споредат месните и маневарските специјализирани единици по однос на специјалноста за која се формираат, може да се забележи дека првите четри и во едната и во другата група се идентични, односно и на месно ниво и на ниво на Републиката постојат идентични сили, но со различна јачина. Оттука следи логичен заклучок дека за прва медицинска помош,противпожарна заштита, асанација на територијата и РХБ деконтаминација,

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

програмите за оспособување на припадниците на овие единици би требале да бидат истоветни, затоа што се работи за единици кои во основа би извршувале идентични активности на планот на заштитата и спасувањето. Разликите можат да се јават во поглед на нивото на опременоста на овие единици со спасувачки средства и опрема односно, во квантитетот, квалитетот, обемот и асортиманот на истите. На определен начин тоа и фактички би било присутно ако се има предвид тоа како и каде се формираат и кој е за нив надлежен, што не мора да биде изразено кај сите единици. Не е истоветен пристапот и по однос на тоа каде ќе се изведува обучувањето и кој е носител. Како што е предвидено, маневарските сили на цивилната заштита ќе се обучуваат во Републичкиот центар за обука, додека пак грижата за организирањето и спроведувањето на обуката со месните сили е во надлежност на оние кои ги формирале, при што се остава можност тоа да се реализира на најпогоден и најрационелен начин. Со оглед на тоа што Републичкиот центар за обука е специјализирана институција на Министерството за одбрана за оспособување на одделни сили на одбраната, соодветно опремен и екипиран за извршување на оваа дејност, може да се очекуваат и определени квалитативни разлики во степенот на обученоста на обете категории на единици, макар што присутноста на определени објективни и субјективни разлики во обуката не би смееле драстично да се рефлектираат врз нивото на обученоста на оваа втора категорија на единици.

Разгледувајќи ги другите видови на месни и маневарски специјализирани единици може да се уочи дека тие меѓусебно се разликуваат по однос на видот на активноста која ќе ја извршуваат во акциите на заштитата и спасувањето, од што произлегува дека практично би требало да се развијат вкупно дванаесет програми и

тоа за следниве специјалности:

- противпожарна заштита;
- прва медицинска помош;
- РХБ деконтаминација;
- асанација на територијата;
- комунални;
- заштита и спасување на животните и продукти од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенијата и растителните производи;
- спасување од урнатини;
- спасување на вода;
- расчистување на урнатини;
- извидување;
- пронаоѓање, дезактивирање и уништување на неексплодирани убојни средства.

Како основни задачи кои треба да се остварат во оспособувањето на припадниците на специјализираните единици би ги посочиле следниве:

- оспособување за дејство во најтешки услови за работа;
- максимална увежбаност за заедничка работа и дејствување на екипи, одделенија, водови и чети;
- оспособеност за користење на прирачни /месни/ и формациски средства за заштита и спасување;
- оспособување за заедничко дејство, соработка и содејство со другите сили на цивилната заштита;

- оспособување за заедничко делување со другите структури и сили на одбраната;

Со, припадниците на специјализираните единици предвидено е спроведување на основна и дополнителна обука. Според досегашните решенија, пристапот кон оспособувањето на овие обврзници беше речиси идентичен како и за распоредените во единиците за општа намена /сега универзални-месни/, при што, се разбира дека темите не беа исти. Единствената разлика во концептот на обуката кај специјализираните сили беше во тоа што кај основната обука, покрај застапеноста на тематски целини кои беа заеднички за сите структури /штабови, повереници и единици/ - општ дел на обуката, се предвидуваше реализација на посебна програмска целина, со определен број на теми, заеднички за сите специјализирани единици со вкупно осумнаесет наставни часови. Според тоа, беше предвидено во рамките на основната обука, во првата година да се реализираат теми од општиот - заедничкиот дел, со фонд од 10 часови / основна-општа обука I фаза/, потоа да се реализираат заеднички тематски области за сите специјализирани единици /I I фаза/ со фонд од осумнаесет часови, плус дванаесетчасовна програма примерена на секоја специјалност одделно. Тоа значи, дека во првата година на оспособување на припадниците на специјализираните единици се предвидуваше реализација на вкупно четриесет часови од што за општа обука /I фаза/ отпаѓаше десет часови а на специјалистичката /I I фаза/ триесет часови, од кои осумнаесет часови за теми заеднички за сите специјализирани единици, а преку останатите дванаесет часови се обработуваа теми кои беа во функција на конкретното извршување на одделни активности по специјалности /прва медицинска помош,

противпожарнба заштита и ... др./.

Вториот дел од нивното оспособување претставуваше дополнителна обука, која се предвидуваше да се реализира во циклус од четри години со по десет часа годишно. Исто како и кај единиците за општа намена во II, III и IV година се практикуваше тактичко техничкото извежбување на припадниците за вршење на одделни активности од доменот на нивната специјалност. Во петтата година се спроведуваше мобилизациска вежба со практично ангажирање на единиците во извршување на задачи од нивната специјалност. Последната година од циклусот требаше да претставува финализирање и обединување на претходните фази преку практична проверка на стекнатите знаења и вештини во претходните години и тоа како самостојни состави и во содејство со други сили на цивилната заштита и одбраната. За самата потреба, како и за начинот на рационализирање, поставување и обработката на теми во рамките на првата фаза - општа обука, веќе говоревме и практично нема што да се додаде. Нашето внимание ќе го насочиме кон анализа на пристапот и тематските подрачја кои се предвидуваа да се реализираат како единствена целина за сите специјалности во рамките на основната - специјалисичка обука /дел од втората фаза/

Имено, се предвидуваше да се реализираат десет теми со вкупно 18 часови /7 теоретски и 11 практични/ од кои најмногу време се издвојуваше за темите: прва медицинска помош /4 часа/ и РХБ заштита /3 часа/. Со по два часа беа застапени темите: современи нападни средства за масовно уништување; заштита и спасување од пожари и основна организација на цивилната заштита и видови на единици. Со по еден час беа застапени темите од областа на личната и заемната заштита, засолнувањето заштитата и спасувањето од урнатини, заштита од неексплодирани убојни средства и асанација на

теренот.

Анализирајќи ги насловите на темите и нивната содржина, уочлива е интенцијата преку нивното совладување припадниците на специјализираните единици да стекнат еден поширок дијапазон на сознанија за најголем дел од мерките на цивилната заштита, што може да се протолкува и као создавање на една општо образовна платформа за изучување на областите кои потоа следат, а се во функција на тесно специјалистички активности за кои треба да се оспособат овие обврзници. Бидејќи од овие единици се бара и очекува да поседуваат висок степен на оспособеност и увежбаност за извршување на сосема конкретни задачи во заштитата и спасувањето, сметаме дека потребната широчина на сознанијата од цивилната заштита тие би требало да ја стекнат во претходните периоди, особено во процесот на школувањето и преку други форми. Од друга страна, не е логично на пример припадниците на единиците за прва медицинска помош, во тој заеднички дел, да совладуваат одделни содржини од оваа проблематика со фонд од 4 часови, кога во рамките на основната специјалистичка обука предметот на нивното оспособување е првата медицинска помош и тоа во многу поширок обем и широчина, кои во себе ги апсорбираат претходните содржини. Впрочем, се јавува едно непотребно повторување кое временски ја продолжува обуката без некој посебен ефект, а обврзниците непотребно се оптоваруваат. За пример ја зедовме првата медицинска помош, но тоа може да се рече и за другите специјалности.

Поради тоа, сметаме дека во рамките на основната обука треба да има вкупно две заеднички тематски целини, од кои едната би била идентична како и за универзалните единици /организација и поставеност на цивилната заштита во Република Македонија/ со посебен акцент на специјализираните единици и нивните основни

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

задачи, а втората би била насочена кон презентирање на современите нападни средства, низ призма на последиците кои со нивното дејство би настанале врз луѓето и материјалните добра

Циклусот за обука во траење од пет години е премногу долг и би требало да се скуси на три години со тоа што во рамките на петте години повеќе простор би се оставило за проверка на квалитетот на обученоста и увежбаноста на овие единици, со истовремено доградување на оние сегменти за кои се оценило дека биле послабо совладани. Се работи за високоспецијализирани состави, особено тоа се однесува на маневарските, кои во крајна линија би требале да претставуваат најспособен дел од силите на цивилната заштита и ако обуката премногу се разводни тоа би можело негативно да се одрази врз нивната способност за извршување на планираните задачи во заштитата и спасувањето.

Структурата на програмата за одделни специјализирани сили глобално би опфатила изучување на следниве теоретски и практични теми во делот на основната / без заедничкиот дел/ и дополнителната обука:

1. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици на цивилната заштита за прва медицинска помош

Во рамките на основната обука сметаме дека би требало да бидат застапени следниве теми: давање на прва помош и начин на згрижување на повредени од експлозивни убојни средства, од НХБ оружје и на давениците; преглед и транспорт на повредените и заболените до станицата за прва медицинска помош и давање на прва помош.

Дополнителната обука би требала да биде структуирана од следниве теми: тактичко техничко увежбување на поединици, екипи, водови и чети во давањето на прва медицинска помош /тријажа згрижување на повредените и заболените, давање на прва помош при повреди од огнено оружје и на заболени од одделни видови на болести/; употреба на единиците во РХБ контрола на вода и храна, згрижување на контаминирани луѓе, спасувачки акции во реони на Н и Х Удари и активности на единиците за прва медицинска помош при РХБ деконтаминација на санитетски прибор и опрема; активности на единиците во текот на мобилизацијата и упатувањето во реони за дејствување и нивно извежбување за содејство со други специјализирани единици, здравствени установи и други учесници во акции те за заштита и спасување при давање на прва медицинска помош.

2. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици на цивилната заштита за **противпожарна** заштита.

Во рамките на основната обука, како доминантни би биле темите врзани за запознавањето на припадниците на единиците со противпожарната техника со карактеристиките и начинот на употреба на одделни средства во заштитата и спасувањето; тактички постапки во гаснењето и спасувањето на луѓето од запалени објекти.

Во рамките на дополнителната обука би биле застапени и следниве теми: запознавање на припадниците со личната опрема, односно со средства и помагала кои се во функција на нивната лична заштита, како и за извршување на одделни активности; запознавање и употреба на формациски и прирачни средства за гаснење на пожари; тактичко техничко извежбување на единиците во гаснењето на пожари на градежни објекти, на внатрешни и отворени пожари, на запалени

борбени средства, сузбивање на пожари во услови на РХБ контаминација, како и спасување на повредени од опожарени објекти и спасување од повисоки катови со помош на соодветна опрена и техника; противпожарните единици во улога на извршување на РХБ деконтаминација на средства и објекти и на инфраструктурата со помош на расположивата техника; мобилизациска вежба и практично извршување на поставени задачи во спасувањето на луѓето и материјалните добра.

3. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за РХБ деконтаминација

Во рамките на основната обука би се изучувале следниве теми: методи и начини на деконтаминација на луѓето, добитокот, храната, возилата и техничките средства, инфраструктурните објекти и друго со употреба на одделни наменски и месни средства и материјали за деконтаминација; запознавање на припадниците со Р и Х детектори, нивната намена, употреба и начин на чување и одржување; дозиметриска контрола и средства за мерење на степенот на контаминацијата; запознавање со поставеноста, организацијата и функционирањето на системот на РХБ заштитата на одделни нивоа на општествено организирање.

Во рамките на дополнителната обука би се спроведувало практично извежбување на составите за спроведување на Р и Х детекција, дозиметрија и деконтаминациа на луѓето, животните, материјалните добра, транспортни средства и комуникации.

4. Програма за основна и дополнителна обука на припадниците на специјализираните единици за асанација на теренот

Теми за основна обука би биле: прирачни и формациски материјали, опрема и средства за спроведување на асанацијата; пронаоѓање, идентификација, транспортирање и закопување /спалување/ на лешеви од загинати животни; отпадни материи и нивно отстранување, уништување и депортирање; начин, методи, материи и средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просторот; асанација на просторот, објектите и средствата за вода.

Теми за дополнителна обука би биле следниве: извежбување на составите за извршување на активности на асанација на просторот во услови на урнати згради, комунални објекти и патишта, при што посебно би се извежбувале задачите кога се во прашање луѓето, животните бидејќи секоја од овие ситуации бара специфични постапки; како и кај сите завршниот дел би била мобилизациска вежба.

5. Програма за основна и дополнителна обука на припадниците на специјализираните комунални единици

Основната обука би ги опфатила следниве теми: постапки, изведување, и заштита на припадниците при изведувањето на работи на оштетени објекти и инсталации; организација на работата, извршувањето, користењето на средства за изградба на рововски засолништа, заслони и адаптација на природни објекти за заштита.

Дополнителната обука би опфатила тактичко-техничко извежбување на составите за дејствување на објекти и инсталации во

услови кога се контаминирани, под урнатини и опожарени.

6. Програма за основна и дополнителна обука на припадниците на специјализираните единици за заштита и спасување на животни и продукти од животинско потекло

Основна обука: видови, средства и материјали за заштита и помош на повредените и заболените животни; чување и заштита на намирниците од животинско потекло; повреди, заразни болести кај животните, преглед, тријажа, давање прва помош и згрижување на повредените и заболените животни; влијанието на НХБ оружјето врз животните, храната за животни, водата за напојување, продуктите од животинско потекло и нивна заштита; начини и постапки за искористување на повредените и заболените животни и отстранување на неупотребливите животни и продуктите од животинско потекло.

Дополнителна обука: организација на давањето на прва ветеринарска помош на заболените и повредените домашни животни и користење на завоен материјал, при разни повреди на животните; последици од дејството на НХБ оружјето врз животните, храната, водата и продуктите од животинско потекло, методи и постапки за нивна заштита и спасување, деконтаминација, третирање и лечење на контаминирани животни; тактичко техничко увежбување на составите во изведувањето на асанацијата на животните, храната и проддуктите од животинско потекло.

7. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за заштита и спасување на растенијата и растителните производи

Основна обука: значење, видови, задачи и мерки кои се преземаат на планот на зачувувањето на растенијата и растителните производи во услови на војна; препарати, технички средства и начин на користење на истите во заштитата на растенијата и растителните производи; заразни болести, превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување на растенијата и растителните производи; влијанието на НХБ оружјето и запалливите борбени средства врз растенијата и растителните производи.

Дополнителна обука: практична примена на препарати и технички средтва во заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи; заштита и спасување на растенијата и растителните производи од употреба на борбени средства; методи и постапки при заштита и деконтаминација на растенијата и растителните производи; мобилизациска вежба.

8. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за спасување од урнатини

Основна обука: организација на спасувањето и запознавање со опрема и средства за спасување од урнатини и нивна употреба; пронаоѓање на затрупани, совладување на техниката на движење низ урнатините и расчистување; извлекување на повредените од урнатини и давање на прва медицинска помош; асанација на теренот и мерки за заштита за време на извршувањето на асанацијата; начела, принципи и средства за употреба во акциите на

овие единици.

Дополнителна обука: извежбување на членовите на екипите во изведувањето на основни работи при примена на средствата за спасување; извежбување на екипите за прифаќање и транспорт на повредените; вежби во извидување на урнатини и пронаоѓање на затрупани луѓе, спасување и расчистување на урнатини во сите услови; мобилизациска вежба.

9. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за спасување на вода

Основна обука: особините, карактеристиките на водотеченијата и нивното влијание врз плавењето преоѓањето и можностите за излевање и плавење; запознавање и работа со јажина; средства за пловење; нуркачка опрема и изработка на приручни пловни средства, пловење со чамци, скели и сплавови; спасување, згрижување и оживување на давеници.

Дополнителна обука: тактичкотехничко извежбување на единиците во практичното користење на личната и заедничката опрема, изработка на приручни средства за пловење и пловење со формациски средства; извежбување на единиците во спасување на луѓе со помош на чамци, скели и сплавови, вадење на давеници и давање на прва медицинска помош во услови на употреба на НХБ оружје; мобилизациска вежба.

10. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за расчистување на урнатини

Основна обука: односувањето на градежните објекти и конструкции при експлозии и потреси; типови на урнатини и положба на затрупаните под урнатините; запознавање со градежните машини и транспортните средства за спасување од урнатини; изработка на рововски засолништа и заслони.

Дополнителна обука: тактичко техничко извежбување на екипа, одделение и вод во подготвувањето и изработката на рововски засолништа и заслони; расчистување на урнатините и поправка на објекти во услови на РХБ контаминација; тактичко техничко извежбување на единиците во адаптација, доградба и оспособување на објекти за колективна заштита; мобилизациска вежба.

11. Програма за основна и дополнителна обука на припадниците на специјализираните единици за извидување

Основна обука: ориентација на замјиште со помош на топогравска карта, бусола и други средства и знаци; набљудување и известување; организација и средства за дозиметриска контрола; средства за Р и Х детекција; место, улога, задачи и начин на употреба на единиците за извидување.

Дополнителна обука: тактичко техничко извежбување на извидувачот, извидувачката патрола при појава на Н и Х напади; работа и постапки на извидувачка патрола, екипа при хемиско и радиолошко извидување; работа и постапки на вод, одделение, екипа при извидување на реони на нуклеарен удар; мобилизациска вежба.

12. Програма за основна и дополнителна обука на специјализираните единици за пронаоѓање, дезактивирање и уништување на неексплодирани убојни средства

Основна обука: поим и видови на експлозиви, средства за палење и мерки за заштита при ракувањето со експлозивни материјали; поим, намена, видови, карактеристики, принципи на дејство, ракување, транспортирање и превентивни мерки на безбедност кај убојните средства; откривање, дезактивирање, отстранување и уништување на неексплодирани убојни средства.

Доплонителна обука: тактичкот техничко извежбување на единиците во брзо, внимателно и безбедно ракување и практична примена на експлозиви и средства за палење; мобилизациска вежба.

Од глобално презентираните содржини по кои би се обучувале припадниците на специјализираните единици од различни специјалности, можат да се извлечат неколку основни констатации во врска со застапеноста на одделни теми во рамките на основната и дополнителната обука:

1.Во сите дванаесет програми е застапена проблематиката од РХБ заштитата, при што дел од нив во рамките на основната обука, а во сите, во рамките на дополнителната обука. Практично 1/4 од дополнителната обука се однесува на проблематиката на совладувањето и извршувањето на задачите на единиците во услови на контаминирана средина. Притоа оваа проблематика, нешто повеќе во однос на искажаното, е застапена во обуката на единиците за извидување и доминантна кај единиците за РХБ деконтаминација;

2. Последна година од обучувањето во сите програми е

---

мобилизациска вежба со практично ангажирање на единиците во изведувањето на задачите од заштитата и спасувањето, остварувајќи притоа соработка со други сили и органи, пред се во рамките на цивилната заштита, но и со други сили и субјекти на одбраната;

3. За специјализираните комунални единици и за спасување од урнатини може да се рече дека при нивната обука се испреплетуваат теми и практични содржини кои би можеле да се подведат под заеднички именител, што е евидентно, ако се имаат предвид задачите кои ги извршуваат во доменот на заштитата и спасувањето.

Нашето повеќе би се осврнале на првата констатација во смисла на давање дополнителни толкувања за причините кои не раководеа за да ја издвоиме. Сметаме дека таа констатација има свои рефлекси во приодот кон обучувањето на споменатите специјализирани единици и посебно на единиците за РХБ деконтаминација. Имено, се наметнува прашањето за тоа колку е реално Република Македонија да биде објект на напад со НХБ средства? Гледано парцијално и низ призма на сегашните и глобалните движења и состојби во врска со ова оружје, веројатноста на неговата употреба е мала. Неговата употреба во евентуална конфронтација помеѓу големите сили е посебно прашање кое бара поширока елаборација. Но, сето она што се прави на планот на неговото контролирање и другите активности, укажува дека активирањето на ова оружје, особено на нуклеарното, е малку веројатно, но не и невозможно, ако ништо друго поради самиот факт дека тоа постои, иако се намалува. За овој проблем има доста стручни согледувања, особено во земјите кои ова оружје го поседуваат, така што проучувањето на оваа литература дава можност поопсежно да се согледа проблемот. Ние би се задржале на прашањето

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

околу тоа дали е можна употреба на тоа оружје врз нашата територија. Редица релевантни фактори упатуваат на заклучок дека не би се употребило во директен атак врз определени објекти и простории, бидејќи од една страна нема такви особено витални воени и други објекти кои со конвенционално вооружување на некој од соседите, не би можеле да се уништат. Од друга страна, изолирана употреба на ова оружје на наши простори носи други импликации врз поширокиот регион, што упатува на една проценка дека е мала веројатноста од негова употреба. Па и во една општа конфронтација во европски и светски рамки, пореална е проценката дека може да бидеме индиректно загрозени од дејството на ова оружје, ако е употребено на други подрачја /радиоактивни врнежи и сл./ отколку тоа би можело да се случи на овој простор, што не е исклучено ако дојде до грешка или намерно соборување на такви проектили при прелетот над нашата територија од страна на замјата кон која проектилот бил упатен и слично.Оттука, по наше мислење, во определен обем би требало да се редуцира овој сегмент на обучувањето на специјализираните единици на цивилната заштита па и пошироко, додека пак големината на специјализираните единици за РХБ деконтаминација да се сведе во рамки пониски во однос на сегашната поставеност. Ваквиот приод би влијаел и за редуцирање и поинакво структуирање на програмата за обука на единиците за извидување, како и на нивната големина и бројност на територијата на републиката. Проучувањето, следењето и проекцијата на заштитата од НХБ оружјето да се препушти на редовните служби и институции чија што работа во основа го опфаќа и изучувањето на оваа проблематика. Во крајна л;инија ако дојде до масовна употреба на НХБ оружје, катаклизмата би била општа и со неизвесна судбина за сите.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Може да се направи и еден диференциран пристап во смисла да за заштита од нуклеарно оружје се оди пред се во спроведување на превентивни мерки /просторни, урбанистички, градење на засолништа и слично/ а во проценката за можноста од дејствување со такви средства врз наши простори, активностите околу заштитата и спасувањето да ги преземат специјализирани установи од редовните дејности, зајакнати со припадници на цивилната заштита. Таков пристап е можен и според нас е потребно да се вгради кога е во прашање хемиското и биолошкото оружје.

Овие наши размислувања сепак треба да бидат предмет на една поопсежна расправа на повисоко и пошироко ниво, како еден од аспектите на проектирањето на доктрината на одбраната.

Но, во однос на можностите и начините за глобално преструктуирање на оспособувањето на цивилната заштита, а во тие рамки и на специјализираните единици, нешто повеќе ќе кажеме во завршниот дел од поглавието за цивилната заштита.

Инаку, во споменатото истражување општа е оценката дека досегашните резултати во оспособувањето на специјализзираните единици на цивилната заштита е дека тие се делумно оспособени, при што нешто подобри резултати се постигнати кај специјализираните единици во претпријатијата и општинските, додека во месните заедници, на овој план се уочливи негативни тенденции /Прилог бр.1.Табела бр.3./. Со тоа со право се поставува прашањето дали тие воопшто да се формираат во месните заедници.

---

*3. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

*7.6.4. Оспособување на штабовите на цивилна заштита*

Раководењето со цивилната заштита базира врз поставките на штабната организација. Тоа е модел кој свои корени има во минатото и тоа пред се како начин на раководење применет во военатa организација. Низ историјата и со текот на времето овој модел се повеќе наоѓал своја примена и во структури /организации/ надвор од вооружените сили. Денес речиси нема организација во општеството која не се засновува врз некои поставки на штабниот систем. Штабот се појавува во услови кога еден човек, поединец при многукратно зголемениот број на задачи и активности присутни при решавањето на одделни проблеми, бил ставен во безизлезна ситуација и положба, па "спасот" се барал во ангажирањето на поединци кои ќе му помагаат на раководителот во делот на обврските за кои тој ќе одлучи. Покрај тоа, за создавање на штабна организација пресудно влијаела и потребата од се поголема специјализација за извршување на одделни работи, што барало адекватни и соодветни личности, едуцирани за вршење на таква дејност. Бидејќи еден човек со тек на време се помалку можел да стекне такво универзално образование кое би му овозможило познавање на сите области од дејноста на организацијата со која раководи и управува, таков недостиг се решавал со ангажирање на специјалисти за одделни подрачја на работа. Во мошне сложени и големи организации на место на поединци - специјалити доаѓа до формирање на цели тимови од стручњаци, како претставници на својата специјалност за извршување на оделни задачи и активности. Според тоа, штабовите претставуваат органи на раководење или група на стручњаци кои му помагаат на главниот раководител/ командант, начелник, управник и сл./ во раководењето со потчинети организациски состави.

---

Како што нагласивме во почетокот и раководењето со цивилната заштита се остварува токму според овој модел. Штабовите на цивилната заштита претставуваат оперативни и стручни тела кои раководат со акциите за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања и други опасности од воени дејства, елементарни непогоди и други несреќи во војна. Штаб на цивилна заштита формира Републиката., претпријатијата, јавните установи и служби и единиците на локалната самоуправа. Во Уредбата е утврдено дека Министерството за одбрана ги формира, организира и подготвува републичкиот и подрачните штабови на цивилна заштита за командување со маневарските единици на цивилната заштита (76). За раководење со месните сили на цивилната заштита штабови формираат, организираат и подготвуваат, собранијата на единиците на локалната самоуправа и органите на управување на претпријатијата, јавните установи и служби (77).

Според овие решенија, практично имаме два релативно автономни системи и нивоа на раководење со цивилната заштита. Првото ниво се остварува во рамките на локалната самоуправа и на ова рамниште постои заокружена организациска целина на цивилната заштита во чии состав влегуваат штабовите, единиците и поверениците. Според се уште важечката територијална поделба на Република Македонија, постојат 30 локални самоуправи /поранешни општини/ со исто толку штабови на цивилната заштита. Тој е на врвот во хиерархијата на раководење, од каде што линијски и функционално се разгрануваат штабовите на цивилната заштита во претпријатијата, јавнвите установи и служби /само во оние кои имаат над 100 вработени/ и во населби чија што големина е над 200 жители.

Организацијата на раководењето со цивилната заштита во

Република Македонија прикажана е на Шема бр.3.




Шема бр.3. **Организација на раководењето со цивилната заштита во единица на локална самоуправа**

Според тоа, на територијата на една локална самоуправа постои еден "главен" штаб /ШЦЗ на локална самоуправа/, со мрежа на штабови и повереници распоредени по населби, претпријатија, јавни установи и служби.

Начелно, ШЦЗ имаат следен состав: командант, началник, определен број на помошници на началникот на штабот /според утврдените мерки на цивилната заштита за секоја по еден или за неколку мерки еден/, и определен број на стручни и административно технички лица.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Командантот на ШЦЗ во единицата на локалната самоуправа го иманува Собранието и начелно тоа е потпретседател на Собранието или член на извршниот орган или лице со стручни и организациони способности од областа на заштитата и спасувањето. Начелникот на штабот е стручно лице во подрачната единици на Министерството за одбрана, кој професионално ги извршува задачите од областа на цивилната заштита /"референт" и сл./ а ако има повеќе лица ангажирани на проблематиката на цивилната заштита сите влегуваат во составот на ШЦЗ. Другите членови на штабот, особено помошниците на начелникот за одделни мерки за заштита и спасување, се именуваат од страна на извршниот орган на собранието, од редовите на стручњаци за противпожарна заштита, прва медицинска помош, ... и др.

Според тоа ШЦЗ на локалната самоуправа на определен начин е полупрофесионален штаб бидејќи јадрото на штабот го сочинуваат лица од подрачната единица на Министерството за одбрана задолжени за цивилната заштита на кои тоа им е редовна дејност. Токму оваа поставеност и структуираност на штабовите на локалнта самоуправа, па и на Републичкиот Штаб, која во основа не се разликува од поранешните решенија отвара прашања кои говорат во прилог на тоа дека ова не е баш најсоодветно решение особено ако се имаат предвид некои искуства од нивното функционирање во минатото. Имено, како што може да се забележи, начелникот на ШЦЗ и самиот штаб формациски се наоѓаат во подрачните единици на Министерството за одбрана, а командантот надвор од подрачната единица. Тој за својата работа не одговара на раководителот на подрачната единица за одбрана, туку на претседателот на извршниот орган на Собранието. Овој факт создавал и најверојатно и натаму ќе создава тешкотии во работењето, определена двојност во

раководењето со цивилната заштита, а ќе се одрази и на нивото на одбранбено заштитното подготвување во единиците на локална самоуправа. Од друга страна особено е дискутабилно прашањето дали е потребно со цивилната заштита да командуваат толку луѓе. Сметаме дека би било порационално да постои еден командант на Цивилната Заштита во Република Македонија, а на пониските нивоа на раководење началници на штабовите.

Членовите на ШЦЗ во претпријатијата, јавните установи и служби ги именуваат органите на управување, при што тие ја утврдуваат големината, составот и структурата на органот. Начелно тие бројат 10 члена, при што критериумот и пристапот во нивниот избор е идентичен како и кај ШЦЗ во единицата на локалнта самоуправа, но се бројно помали. Извонредно големиот број на ШЦЗ кои треба да се формираат во претпријатијата, јавните установи и служби, според утврдениот критериум, не наведува да се прашаме дали е ова рационално решение, колку е реално остварливо во практиката, нема ли како и во многу случаи до сега до дојде до предоминација на формалното во однос на потребното.

Второто ниво на раководење со цивилната заштита е републичкото ниво, при што Министерството за одбрана ги организира и подготвува републичкиот и подрачните штабови на цивилната заштита. Републичкиот и подрачните ШЦЗ раководат и командуваат со маневарските специјализирани сили на цивилната заштита во акциите за заштита и спасување.

Системот на раководење со маневарските единици на цивилната заштита е класично линиски моделиран, односно, од Републичкиот ШЦЗ линијата на раководење и командување оди преку подрачните ШЦЗ, кои пак раководат и командуваат со специјализираните маневарски единици кои се наоѓаат во зоната на

---

нивната одговорност. Во определени ситуации единиците можат да бидат ангажирани и на поширок регион при што штабот го презема раководењето и командувањето со сите сили ангажирани во акциите на заштита и спасување на тоа подрачје.

Владата на Република Македонија ги именува командантите и начелниците на републичкиот и подрачните ШЦЗ како и другите членови на Републичкиот ШЦЗ /помошници на начелникот за одредени мерки/, додека пак именувањето на членовите на подрачните штабови /помошниците/ е во надлежност на министерот за одбрана. Професионалното јадро на Републичкиот ШЦЗ и подрачните штабови е составено од стручни работници на Министерството за одбрана, а другите членови се именуваат од редовите од стручњаци за одделни области од министерствата надлежни за противпожарната заштита, градежништво, екологија, земјоделство, шумарство, водостопанство, социјална грижа и др. Вкупниот состав на републичкиот и подрачните ШЦЗ, заедно со административно техничкиот персонал се движи од 20 до 30 членови. Републичкиот ШЦЗ на подрачните штабови им издава наредби, инструкции со директивен карактер преку кои ги применува своите одлуки.

Инаку штабовите на цивилната заштита би требало да остваруваат соработка и содејство со Црвениот крст, противпожарните сојузи, воздухопловниот сојуз, сојуз на извидници, комунални, градежни, сообраќајни и други претпријатија, органи служби и организации, за што истите преземаат соодветни мерки и активности на планот на подготвувањето и оспособувањето за извршување на задачи во војна.

Со тоа, ги изнесове основите на организацијата , поставеноста и структурата на штабовите на ЦЗ во Република Македонија а со цел да се согледа составот и надлежностите на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

одделни припадници на штабовите кои треба да се оспособуваат за вршење на оваа дејност. Имено, ако извршиме категоризација на припадниците на штабовите според критериумот - улога и задачи на одделни негови членови имаме:

- команданти
- началници
- помошници на началникот
- советници на командантот
- административно технички персонал.

За да можат да ја вршат својата дејност ШЦЗ мора да бидат оспособени и увежбани за извршување на следниве задачи: адекватно проценување на ситуацијата, брзо и ефикасно спроведување на акциите за заштита и спасување, координирање и усогласување на задачите и мерките на сите учесници во заштитата и спасувањето и притоа да обезбедат ефикасна соработка со други фактори на системот на одбраната. Значи, од една страна, штабовите како опративно стручни тела мораат да бидат во состојба да функционираат тимски, како колектив со висока усогласеност, координација и прецизност во извршувањето на задачите бидејќи слабостите во штабот директно ќе се рефлектираат врз успешноста на дејствувањето на единиците. Од друга страна, за да се постигне хармонија во дејствувањето на штабовите, потребна е висока оспособеност на членовите на штабот. Без тоа нема валидни, навремени и квалитетни решенија во спроведувањето на акциите за заштита и спасување. Тоа практично значи дека за обезбедување на висока стручност и компентенција на штабот, претходно е потребно да се обезбеди квалитетна оспособеност, стручност и обученост на поединците во составот на штабот. Со оглед на тоа што во штабниот

состав постои професионално јадро, по наше согледување, за нив не е нужно потребна посебна обука по програма како за другите припадници на штабот. Тие во рамките на својата редовна дејност, би се усовршувале по пат на самообразование, перманентно образование и преку други форми, а во функција на извршувањето на своите професионални задачи и активностите во рамките на штабот.

Според тоа, останува да се види како да се оспособат командантите и помошниците на началникот на штабот. Можни се две варијанти. Првата, тие да се оспособуваат за вршење на одделни штабни должности така што претходно би посетувале обука по,програма за одеелни специјализирами единици а потоа би се дооспособувале и усовршувале по посебна програма за обука на целиот штабен состав.

Втората би била уште при именувањето на одделни лица на некоја од должностите на штабот да се води сметка тие да располагаат со доволни претходни знаења и умеења од областа за која се поставуваат, а потоа да се врши нивно дополнително оспособување и извежбување за работи кои се поспецифични, а нужни за успешно дејствување во рамките на штабот. Ако проценките покажат дека таквото решение е оствраливо, а нема посебни причини да не биде така, тогаш би се ангажирале одделни стручњаци кои би одговарале за вршење на соодветни специјалности во штабот, кои потоа би се обучувале по програма чија содржина би била во функција на докомплетирање на нивните претходни сознанија. Овој начин, во однос на претходната варријанта има свои предности во смисла што акцентот би бил ставен на доусовршување, увежбување и практична разработка на одделни варијанти на дејствување, а процесот на обуката би траел покусо. Со многу поголема сигурност можеме да тврдиме дека ова е реално остварливо кога се во прашање

Републичкиот, обласните и штабовите на локална самоуправа, додека за штабовите во претпријатијата, јавните установи и служби, степенот на уверенеоста е многу помал, особено ако се знае дека кај нив еден помошник на началникот е задолжен за повеќе мерки за заштита и спасување.

Ако се прифати ориентацијата членовите на штабот да бидат лица кои претходно биле оспособувани по програма за обука за некоја од специјализираните единици на цивлилната заштита /односно да се изберат оние кои покажале особени знаења и интерес/ па потоа да се оспособуваат за вршење на штабни должности, би се судриле со проблемот врзан за времетраењето на циклусот на нивното оспособување. Процесот би бил премногу долг, иако би имале еден покомплексно едуциран и оспособен кадар. Но, ако се имаат предвид искажаните видувања по однос на оспособувањето на младината за одбрана и заштита во воспитно образовниот процес, односно нашиот пристап кон создавање на одбранбено заштитна култура кај граѓаните надвор од образовниот систем, како и самата проблематика со која се занимаваат стручњаците за одделни области на своето редовно работно место а во функција на заштитата и спасувањето, тогаш има оправдување да се оди кон дооспособување на овие припадници. Тие би се оспособувале за содржини кои претходно не ги сретнале или биле малку обработувани, а произлегуваат од определени специфичности присутни во цивилната заштита.

Присутно е уверувањето дека од квалитетот на обученоста на штабовите зависи оспособеноста на целоукупниот систем за заштита и спасување. Тежишните цели на оспособувањето би требале да бидат насочени кон тоа штабовите да бидат во состојба правилно, навремено и квалитетно да ја проценуваат ситуацијата, да раководат успешно со единиците и да обезбедат соодветна координација во

извршувањето на акциите со другите структури и сили на одбраната.

Како основни задачи во.оспособувањето на штабовите би ги посочиле следниве:

- оспособување на секој член на штабот за учество во изработка на проценка на загрозеноста и повредливоста
- оспособување за утврдување на последиците од загрозувањето
- оспособување за утврдување на потребата од заштита и спасување
- оспособување за учество за изработка на документи на цивилната заштита
- оспособување за учество во воспитно образовната работа во цивилната заштита
- оспособување за организирање, координирање и насочување на акциите за заштита и спасување
- оспособување за употреба на единиците на цивилната заштита
- оспособување за раководење и командување со цивилната заштита.

За да се дојде во фазата на остварување и реализација на претходните задачи на оспособување на штабовите како тим, сметаме дека претходно би требало да се изврши една куса подготовка - обука на членовите на штабот и тоа по посебна програма за командантите и за помошниците на начелниците за одделни мерки. Односно командантот на Републичкиот ШЦЗ, на подрачните и на штабовите на единиците на локалната самоуправа би се обучувале според посебно за нив изготвена програма при што тежиштето би било насочено кон изучување на: системот на цивилната

заштита, неговото место, улога и функционирање во системот на одбраната на републиката; содржина и начин на организирање на одделни мерки на заштита и спасување; организација и работа на одделни членови на штабот во остварувањето на раководната улога и посебно на командувањето; изготвување на планови за употреба на силите и др.

За сите помошници на началниците би се изготвил еден блок на општо тематски содржини врзани за организацијата, поставеноста, силите, средствата на цивилната заштита, а потоа за секоја одделна категорија на помошници по однос на меркарта за која се задолжени, да се реализираат тематски содржини врзани за: методологијата на планирањето, за содржината и начинот на употреба на плановите за активирање на цивилната заштита; за организирање, подготвување и функционирање на мерките за заштита и спасување и изработка на планот за конкретната мерка; за водење на работна карта и други документи.

Идентичен приод би имале кога се во прашање командантите и помошниците на штабовите во претпријатијата, јавните установи и служби, со тоа што подготвувањето и спроведувањето на обуката со овие лица би било во рамките и на ниво на локалната самоуправа. Нејзин носител би била подрачната единица на Министерството за одбрана, додека, за претходните категории тоа би бил Републичкиот центар за обука на Министерството за одбрана.

Втората фаза би опфатила оспособување на цели состави на штабовите со примена на групен облик на работа. Како основни задачи би ги издвоиле следниве: извежбување во изработка на оперативни документи од планот за употреба на цивилната заштита во војна; плановите по мерките за заштита и спасување; оспособување

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

за проценка на загрозеноста и повредливоста и проценка на сопствените сили и можности за отстранување на последиците од воени дејства; решавање на тактички задачи и извежбување на штабовите во решавање на раководни задачи; оспособување за командно штабни вежби и заеднички вежби со структурите на цивилната заштита на сите нивоа и со организациите чија основна дејност е во функција на заштитата и спасувањето. Втората фаза би се реализирала во циклус од три години.

Поради особеното значење на штабовите, стекнатите знаења и вештини би требало да се надополнуваат со новините во областа на цивилната заштита, како и за содржини во функција на одржување на достигнатиот степен на оспособеност, по пат на курсеви, семинари или преку доставување на материјали од областа на заштитата и спасувањето до членовите на штабот за нивно самообразование.

Практична проверка на штабовите би се вршела преку организирање и спроведување на смотри, тренажи и вежби.

## 8. ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО ОДДЕЛНИ ЕВРОПСКИ И ДРУГИ ЗЕМЈИ

Пред да преминеме кон презентација на начините на оспособување за цивилна заштита /цивилна одбрана/ во одделни земји, само неколку напомени.

За да може до крај да се разбере поставеноста и остварувањето на оспособувањето во секоја земја која ќе биде предмет на анализа, најадекватно би било ако претходно се изложи одбранбениот систем, местото и улогата на цивилната заштита во тој систем, организацијата на цивилната заштита, системот на раководење и управување со неа и друго, па потоа системот и пристапот кон оспособувањето во сите сегменти. Свесни за фактот дека тоа премногу би не оддалечило од целта која сакаме да ја оствариме во овој дел, се определивме за изнесување само на оние податоци кои се однесуваат на начинот на кој оваа дејност се остварува, со глобално посочување на содржините по кои се оспособуваат одделни категории на припадници на цивилната заштита. Со тоа сметавме дека ќе ги акцептираме основните димензии на оваа проблематика во други земји со тоа што определени сознанија ќе ги искористиме во функција на изнаоѓање на поадекватни решенија во системот на оспособувањето за цивилна заштита во нашата Република.

### а) АВСТРИЈА

Основа за анагажирање на граѓаните во цивилната одбрана претставуваат пред се, нивните стекнати знаења и стручност во рамките на редовниот школски систем. Врз таа основа дополнително

се надоградуваат посебни знаења за потребите на цивилната одбрана. Посебните знаења се категоризирани на две нивоа: првото ниво се знаења од областа на цивилната заштита од општо значење, а второто ниво се посебни насочени стручни знаења.

Посебните знаења од општо значење се стекнуваат на различни предавања и семинари кои ги подготвуваат и реализираат доброволните организации за помош и спасување, центрите за самозаштита и стручните органи и организации. За вршење на посебни задачи и работи во заштитата и спасувањето, за чие вршење се бара повисок степен на стручност и специјалност, предвидено е определени категории на граѓани да се упатуваат во школите за цивилна заштита и во противпожарните школи. За таа цел се организаираат повеќедневни семинари чии посетители се главно раководители на цивилната заштита и работ::ици на различни установи и организации.

Во Австрија, посебно,значење и се придава на самозаштитата. Имено, се предвидува во сите општини да се формираат центри за самозаштита, на чие чело би биле градоначелниците, со основна функција да организираат курсеви за самопомош, самозаштита, взаемна заштита, заштита и спасување, како и да дејствуваат како координативни и информативни центри за потребите на граѓаните во однос на заштитата и спасувањето.

Во рамките на основното оспособување за самозаштита се предвидуваат курсеви во траење од осум часови до четринаесет дена. Се смета дека до сега оваа обука во Австрија ја имаат завршено околу 260.000 доброволци.

Особена улога во оспособувањето за цивилна заштита има австрискиот сојуз за цивилна заштита во кој членуваат поголем број на стручњаци чија дејност е тесно врзана со заштитата и

спасувањето. Својата активност сојузот, покрај друго ја насочува кон информативна и извидувачка работа со граѓаните, организира и подготвува различни изложби, пригодни предавања, за стручно изградување на своите членови.

## б) ШВАЈЦАРИЈА

На обучување за цивилна одбрана подлежат сите распоредени обврзници на цивилната заштита. Исто така, во цивилна заштита се предвидува да служат и за тоа да се оспособуваат милициските воени обврзници кои навршиле педесет години живот, како и подофицери и офицери по 55 година. Таа, организациски е поставена на три нивоа: општинско, кантонално и сојузно. Оспособувањето започнува со посетување на основни, уводни курсеви во траење од пет дена, со тоа што обврзниците по завршувањето на овој курс, продолжуваат да посетуваат курсеви во траење од два дена секоја година. Лица распоредени на старешински должности во цивилната одбрана, како и определени специјалисти, посетуваат основен курс во траење од дванаесет дена, со тоа што е предвидена обврска истите да се усовршуваат секоја година во траење од исто толку дена, по пат на засебни курсеви. Лица предвидени за повисоки функции во цивилната одбрана покрај овие завршуваат и дополнителни курсеви на сојузно ниво во траење од 12 дена.

в) ФРАНЦИЈА

Во Франција оспособувањето за цивилна одбрана се спроведува во рамките на редовниот школски ситем и надвор од него, преку определени курсеви во за тоа специјализирани установи. Во воспитно образовниот систем таа се спроведува во основните, средните училишта и на вишите и високите школи, главно преку инкорпорирани содржини од областа на цивилната одбрана во одделни наставни дисциплиони и во рамките на вонваставни и вонучилишни активности.

Обуката на припадниците на цивилната одбрана, задолжени за вршење на раководни функции и оние кои немаат такви стриктни задолженија, се остварува на три нивоа:

1. во национални центри и школи;
2. во меѓудепартмански школи;
3. во департмански школи.

Обврзниците на цивилната одбрана со средно и високо образование предвидени за раководни задачи се подготвуваат во Националниот институт за проучување на цивилната заштита, Националниот наставен центар за цивилна заштита и во десетици меѓудепартмански центри.

Една од карактеристиките на оспособувањето во овие центри и школи е таа што поголем дел од нив нема постојана наставна програма и вработени лица, туку во зависност од потребите се изготвуваат соодветни програми. За изведување на теоретскиот и практичниот дел од наставата се ангажираат квалификувани цивилни и воени стручњаци.

За разлика од споменативе центри и школи, во кои се применува варијабилна наставна програма во Франција постои Виша

национална школа за пожарникари која својата дејност ја остварува според постојана наставна програма. Од 1988 година во неа се школуваат припадници на пожарникарна служба по програма со вкупно траење од триесет недели, во чии што рамки за изведување на практичниот дел се предвидени 320 школски часови. По завршувањето на оваа школа нејзините посетители се здобиваат со чин потпоручник на пожарникарна служба.

г) ШВЕДСКА

Според наши главно скромни сознанија, шведскиот систем на цивилна одбрана, во чиишто рамки егзистира и сегментот на оспособувањето е мошне интересен за нас, од аспект на можноста дел од него да се примени во наши услови. Поради тоа сметаме дека во натамошни попродлабочени истражувања, покрај некои други земји, шведката цивилна одбрана би требало посебно да се проучи, при што за нас особено би било интересно да се изанализира поставеноста и спроведувањето на обучувањето во нивните четри школи за цивилна одбрана. Но, тоа е она што евентуално би следело како една подолгорочна ориентација.

Инаку, според она што имавме можност да го проучиме, се уочува дека во Шведска тежиштето на оспособувањето е насочено кон самозаштитата, кон обука на евидентирани припадници на цивилната одбрана, како и ангажирање на доброволните организации во овој поглед.

Во однос на самозаштитата која патем речено не е организациски облик на цивилната одбрана, се тргнува од претпоставката дека секој граѓанин, без оглед дали е или не е регистриран во цивилната одбрана, ќе учествува во активностите за

заштита и спасување. Цивилната одбрана мора да биде грижа на секој. Прифатените мерки во мир и достигнатиот степен на оспособеност на служби и граѓани мора да даваат можност да се преживее и да се сочуваат животите на граѓаните во сите кризни ситуации и во војна. Луѓето за тоа мораат да имаат потребни знаења да си помогнат себе си и на другите на најдобар можен начин (78). Се тргнува од една претпоставка дека во многу ситуации цивилната одбрана нема да може во кус рок да интервенира и да пружи помош на сите на кои таа им е потребна, поради што е неопходно да се едуцираат граѓаните за да можат да си помогнат себе си и на други во ситуации на поголеми катастрофи.

Оспособувањето на населението за самозаштита се остварува на два начина: по пат на доброволно ангажирање во обуката и преку пружање на информации за заштита и спасување на граѓаните во вид на брошури, радио и ТВ емисии и сл. Од 1968 година секој граѓанин во шведска може да се информира за евакуацијата преку телефон при што, добива одговори на прашањата кој, како, со кого, каде се евакуира, при што останува непознат одговорот само на прашањето кога. Граѓаните имаат можност преку наменски изготвена публикација под наслов "Ако дојде до војна" да се информираат за тоа како да се однесуваат во различни ситуации кои настануваат како последица од агресијата.

Како што споменавме, обуката за самозаштитата е доброволна и за таа потреба најчесто се организираат три вида курсеви: лична заштита во траење од четри сата, прва самопомош во траење од шест часови и противпожарна заштита со четри часа. Основни организатори на оваа обука се Лигата за цивилна одбрана, Црвениот крст и Пожарникарската асоцијација. Нејзе непосредно ја контролираат покраинските власти а државата ги покрива сите трошкови потребни за реализација на курсевите.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Во поледните неколку години, се формираа посебни помошни доброволни организации на инструктори за цивилната одбрана. Зачленувањето во овие организации, кои бројат вкупно околу 24.000 членови, е условено до претходното посетување на одделни курсеви. Нивната задача како што може да се забележи од самиот назив на организацијата,е да ги пренесат своите знаења и умеења на соседите, да ги известат за начинот на нивното однесување во вонредни прилики, потоа да им го покажат местото каде ќе се засолнуваат или каде ќе бидат евакуирани, потоа да ги едуцираат за самозаштита и др.

Обуката на релативно малиот број на регистрирани припадници на цивилната одбрана се врши во државни школи по програми кои ги подготвува и изработува Централното биро за цивилна одбрана, спасување и заштита од пожари, по претходно одобрување на владата. Школите функционираат цело време, имаат околу 250 постојано вработен наставен и друг персонал, а сместувањето и престојот на посетителите е врз интернатски принцип.

Времето кое се издвојува за обука е различно и зависи од службата за која се подготвуваат припадниците на цивилната одбрана. Тоа се движи од шеесет дена /со посебна одлука на владата и до 80 дена за раководни функции, па до 35 часови. Најдолго трае обуката на командантите за специјални должности, нивните помошници и на припадниците на единиците за спасување.

Триесетдневна обука е предвидена за команданти на станиците за тревожење, припадниците на контролните станици и за контролорите на месна и окружна цивилна одбрана, потоа за командирите на водови на единиците за спасување, за прва медицинска помош, за РХБ и командири на единиците за безбедност.

Околу петнаесет дена се обучуваат старешини на

---

*З. Нанев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

специјализираните единици во амбулантските корпуси, старешините на одделенија од сите видови на единици, припадниците на криптографската служба, техничарите во центрите за тревожење и техничарите на ТВ куќите, како и припадниците на интендантската служба.

Припадниците на единиците за безбедност, пожарникарите, и пожарникарските техничари, како и припадниците на единиците за пружање на прва медицинска помош се обучуваат околу 60 часови.

Најмалку време за обука околу 35 часови е предидено за радиооператори и други сигналисти за припадниците на единиците за детекција и деконтаминација и на санитарните водови.

Во Шведскиот концепт на тотална одбрана, забележително е ангажирање на голем број на волонтерски организации кои на различни начини учес вуваат и ја подржуваат истата. Така, организациите за помош на цивилната одбрана се обединети во Лигата на цивилна одбрана на Шведска, која опфаќа многубројни сојузни, покраински и локални асоцијации.

Меѓу основните задачи на Лигата за цивилна одбрана спаѓаат: промовирање на цивилната одбрана, ширење на знаењата за цивилна одбрана по пат на радио, ТВ, весници и брошури и преку обучување на граѓаните.

Особено значење и улога има Централната женска федерација за вршење на помошни одбранбени активности. Таа регрутира и обучува жени за задачи врзани за евакуацијата и спасувањето на граѓаните во услови на загрозување, како и за исполнување на определни активности во рамките на т.н. "стопанска одбрана". Шведскиот женски автомоболистички корпус, покрај други активности се занимава и со обучување на дел од своето членство за возачи на санитетски возила и камиони за транспорт. Во услови на мир, тие се активираат во вршење на хуманитарни активности како

што е на пример, давање на помош и превоз на хендикеприрани лица, а во случај на војна се планира и нивно ангажирање во извршување на задачи околу сигурноста на сообраќајот. Дел од членките на овој корпус се повикуваат и учествуваат и на воени вежби како возачи на транспортни возила.

Покрај споменативе организации, свој удел во цивилната одбрана има и женскиот ветеринарен корпус "Сина ѕвезда", чии членови, покрај другото имаат задача, во случај на војна да се грижат за животните, како и да ги заменуваат фармерите на нивните фарми кога се тие ангажирани во вооружените сили, а во мирновременска состојба, кога се на воена вежба.

Шведскиот Црвен крст се јавува како дополнителна сила за давање на прва помош во ситуации кога редовните медицински екипи не се во состојба да ги извршат своите основни активности, потоа во самозаштитата, во текот на евакуацијата и се грижат за бегалците. Државните органи во голема мера финансиски ги подржуваат овие волонтерски организации за помош во одбраната на земјата.

д) ГЕРМАНИЈА

Федералното биро за работа на цивилната одбрана преку својот оддел за обука, истражување, развој, експирементирање и школување, е централна институција надлежна за остварување на политиката на обучувањето за цивилна одбрана.

Цивилната одбрана на Германија има масовен карактер и опфаќа:

- оспособување на раководни кадри и комплетни состави на цивилната одбрана;

- оспособување на припадниците на цивилната одбрана и

на самозаштитата;

- оспособување на ученици и возрасно население за познавање на основни начини за одбрана и заштита од оружје за масовно уништување.

Оспособувањето се организира и спроведува на месно ниво, на ниво на земјата /членка на сојузот/ и на сојузно ниво.

Раководните кадри, членовите на штабовите, како и лицата на раководни места во администрацијата и стопанството на сојузно и покраинско ниво, се оспособуваат по пат на специјализирани курсеви во виши научни институти на федерално ниво. Така во 1966 година беше отворена Академија за цивилна одбрана која покрај тоа што се занимава со едукацијата за цивилна одбрана, има обврска да врши научно истражувачка работа од оваа област. Клучна улога во школувањето и усовршувањето во подрачјето на цивилната одбрана има Федералниот сојуз за самопомош во кој се оспособуваат идни наставници и старешини кои потоа се ангажираат во организацијата и изведувањето на едукацијата за цивилна одбрана во државните центри и во местото на живеење.

Покрај тоа, се организираат програми за раководителите на службите за ремонт, ветеринарна служба, служба за известување, РХБ служба, специјализирани програми за лекари и друг медицински персонал, а постојат и почетни и дополнителни програми од подрачјето на заштитата од катастрофи, наменети за раководители на одделни служби.

Освен ова, постои и мрежа на покраински школи во кои се организираат курсеви за одделни специјализирани категории на припадници на цивилната одбрана, а во секоја покраина, постојат и подвижни школи кои изведуваат обука во места каде што нема стационарни центри.

Во големи индустриски претпријатија кои располагаат со

единици на цивилна одбрана, истите се обучуваат по посебна програма во траење од педесет часа, а во претпријатијата кои располагаат со помалку од 100 вработени обуката се остварува според 28 часовна програма задолжителна за секој вработен, со теми од областа на заштитата од пожари, спасување од урнатини, прва помош и РХБ заштита.

Во рамките на самозаштитата, за граѓаните е предвидено спроведување на 12 часовна програма од областа на заштитата од пожари со прирачни средства, спасување од урнатини, РХБ заштита, подготовка на поединец за кризи и несреќи, организирање на засолнишен простор, давање на прва помош на повредени и нивен транспорт.

Во процесот на оспособувањето на населението се користат радио и ТВ емисии, а се организираат и разни предавања, разговори, трибини, како и печатење на посебни брошури и друг пишуван материјал од цивилната одбрана.

## е) НОРВЕШКА

Младите регрути доделени на цивилната одбрана, по извршеното распоредување во одделни служби, мораат да поминат почетна обука во траење од 24 часови. Во основа на програмата се содржините од прва помош а обврзниците се запознаваат и со цивилната одбрана на тоа подрачје. Потоа следи основна обука која трае најмалку две недели, а се изведува во специјализирани школи /ги има три/ и во подвижни колони кои се сместени во логори во кои за тоа време се изведува обуката на локалните сили на цивилната одбрана.

Лица кои на основниот курс покажат способност за раководење, по претходна селекција, одат на офицерски курс за

командири на одделенија. Следната скала за најспособните и за оние кои имаат желба за натамошно усовршување, претставува посебен курс за командири на водови и за виши офицери. Овие курсеви траат најмалку две недели.

Покрај овие структури, предвидено е и специјалистичко школување во траење во три недели за потребите на пополнувањето на пожарникарски бригади и медицинската служба. За локалната администрација се предвидува 8 часовна годишна вежба.

Офицерите на локалните единици на цивилната одбрана, секоја година се повикуваат на вежби во траење од еден ден, а офицерите на подвижните колони секоја четврта година во траење од седум денови. Другите припадници на единиците на цивилнат одбрана се повикуваат секоја четврта година за обновување на од порано стекнатите знаења.

Во Норвешка постои Академија за цивилна одбрана како водечка школска институција за едукација на кадри за потребите на цивилната одбрана.

ж) ДАНСКА

Во Данска, покрај доброволното ангажирање во цивилната одбрана и во одделни асоцијации за заштита и спасување, посебно се истакнува Корпусот на цивилната одбрана. Тоа е организација која е поставена врз војнички основи, односно секоја година се повикуваат над 1.000 регрути за служење во овој Корпус во траење од околу една година. Припадниците на корпусот, во рамките на едногодишното служење, во текот на првата половина од рокот ја поминуваат основната обука, а другиот дел е специјалистичка обука и вежбовни активности на ниво на бригада.

Резервистите кои не се повикани во вооружените сили или во Корпусот, можат да бидат ангажирани за потребите на локалните помошни служби во функција на цивилната одбрана. Нивното обучување трае еден месец а вкупниот фонд на часови за обука /200/ е распореден така што една третина од нив е наменет за спасување и противпожарна обука, а останатите часови се наменети за обука во пружањето на прва помош, заштитата од оружје за масовно уништување, експлоатација и конзервирање на материјали и возила. По завршувањето на овој курс се распоредуваат во единиците на локалната помошна служба, каде што во рок од две години поминуваат дополнителна обука во траење од 100 часови од кои една третина е за специјалистичка обука.

За раководни кадри е предвидена дополнителна обука во траење од 200 часови и тоа во циклус од четри години со по 50 часови годишно.

Младите жени, исто така врз доброволна основа можат да служат во подвижни колони на цивилната одбрана /моторизирани/, по претходна обука во траење од 14 часови.

Во Данска се именуваат раководители и нивни заменици за самоодбрана на станбените блокови /слично како повереници и нивни заменици кај нас/, кои поминуваат осумдневна обука за самоодбрана на станарите на својот блок.

За обука на раководен, инструкторски и технички кадар за цивилната одбрана, во Данска постојат 4 специјализирани школски центри во надлежност на Управата за цивилна одбрана и тоа: Виша школа за цивилна одбрана, во која се школуваат службеници на полицијата, раководителите на цивилната одбрана, градските чиновници и службениците на министерствата; Офицерска школа; Техничка школа и Подофицерска школа.

Освен ова, постојат и седум уредени и опремени касарни за обука на регрути во рамките на Корпусот на цивилната одбрана, како и голем број на други центри за обука на регрути, доброволци и резервисти.

## и) СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

Централно место и значење во системот на оспособување за цивилна одбрана зазема школувањето и подготовката на раководни кадри во цивилната одбрана и обука на населението за постапување во кризни ситуации.

Раководните лица кои заземаат клучни места во комерцијални и индустриски претпријатија, федералната и државната администрација и во вооружените сили, се школуваат во Институтот за цивилна одбрана, кој заедно со Академијата за противпожарна заштита, претставуваат организациски делови на Факултетот за цивилна одбрана и школскиот центар ФЕМА.

За разлика од споменативе највисоки институции за школување во цивилната одбрана, на средниот степен постои една цела мрежа на школи /53/ во кои се школуваат инструкторите и припадниците на штабовите на цивилната одбрана.

Најниското ниво на обучување за потребите на цивилната одбрана опфаќа организирање и спроведување на голем број на курсеви во самите организации, здруженија, корпорации, институции, локални органи на цивилната одбрана, пред се за сопствени потреби.

Програмата за основно оспособување на населението опфаќа курсеви по цивилна одбрана за индивидуални лица, семејства, специјални курсеви за земјоделско население, курсеви за заштита од контаминација и курсеви за пружање на прва помош.

Курсот за семејстава е во траење од 12 часови и во

основа е сличен на оние кои се спроведуваат во западноевропските земји за самозаштита. Предвидена е посебна обука во траење од осум часови за лица кои се задолжени за обезбедување на редот во засолништата. За оспособување на населението за пружање на прва помош се предвидува посебен курс во траење од шеснаесет часови, а специјалниот курс за земјоделското населеми се води преку ТВ, радиото и со печатење на посебни брошури.

Во областа на масовното пропагирање на цивилната одбрана, во огромен тираж се издаваат информативни брошури, како на пример "Кога ќе дојде до опасност".

## ИСТОЧНО - ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ

Од ситочноевропските земји ќе го издвоиме поранешниот СССР, Бугарија и Унгарија, не поради тоа што тие се своевиден репрезент на другите земји од поранешниот т.н. "источен блок", туку поради тоа што за нив успеавме да обезбедиме најмногу податоци. Но сознанијата кои ќе ги презентираме ќе треба да се земат со определена резерва бидејќи изворите кои ги користевме (79), се од постар датум /особено за Бугарија и Унгарија/, а промените кои во меѓувреме се случија најверојатно се одразиле врз дотогашната поставеност на оспособувањето за цивилна одбрана. Во секој случај, сметаме дека и покрај споменатово нема да има поголема штета ако и како, такви бидат изложени.

j) ПОРАНЕШЕН СССР

Основен носител на целокупната обука е Доброволното друштво за соработка со армијата, авијацијата и флотата /ДОСААФ/, цивилно одбранбена организација директно потчинета на министерството за одбрана. Приоритетна задача на оваа организација е да ја јакне одбранбената способност на поранешниот СССР по пат на оспособување на населението за одбрана на својата држава. Станува збор за организација во која можат да членуваат граѓани постари од 14 години, а главната активност на ДОСААФ е насочена кон унапредување на воената мисла на населението, обучување на младите за ракување со оружје, возила, радарскли уреди и нивно запознавање со новините во цивилната одбрана. Оваа организација има свои клубови и спортски објекти како и свои ограноци во фабриките, земјоделските стопанства и во образовните институции.

Иако во еден кус временски период по Втората светска војна, оваа организација беше единствено задолжена за спроведување на активностите на цивилната одбрана, во периодот од средината на шеесетите години се забележува тенденцијата оспособувањето за цивилната одбрана да се постави на пошироки основи. Како резултат на тоа, во почетокот на седумдесеттите години населението задолжително мораше да ја помине 20 часовната програма "Свртување кон практиката". За невработеното возрасно население беше подготвена посебна брошура "Тоа секој мора да го знае". Слично како и во нашата досегашна практика, повремено се спроведуваа вежби на цивилната заштита во фабриките и пошироко.

Членовите на одделениата за цивилна одбрана во градот и селото се оспособуваа по 84 часовна програма годишно, од кои пет работни дена беа одвоени за нивно подготвување и учество во вежби. Повремено се организираа т.н. денови на цивилната одбрана.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

к) БУГАРИЈА

На обука за цивилна одбрана подлежат граѓани од 17 до 60 години, школската и студентската младина, припадниците на спасувачки единици и раководниот кадар на цивилната одбрана.

Граѓаните од споменатава возраст посетуваат курс во траење од 12 часови, кој опфаќа практична обука од областа на првата медицинска помош, противпожарната заштита и засолнувањето.

За оспособување на школската младина во основните училишта се предвидени 18 часови, за средното 60, при што девојките имаат дополнителна обука за пружање на прва медицинска помош во траење од 30 часови. За студентската популација е предвидена 90 часовна програма која е прилагодена на профилот на факултетите.

Во спасувачките единици на цивилната одбрана се ангажираат граѓани кои не се повикуваат во армијата на возраст од 16 до 60 години за мажи и 16 до 55 за жени, за кои е предвидена основна обука во траење од 50 до 60 часови и дополнителна во траење од 12 до 18 часови практична обука.

Подготовката на раководни кадри во цивилната одбрана се изведува по пат на курсеви кои ги организираат државните и окружните центри во траење од 12 до 15 денови. На тој начин се обучуваат членовите на штабовите на спасувачките тимови /единици/, кои покрај основната обука подлежат на обврска за усовршување кое се спроведува во рамките на одделни организациони единици на цивилната одбрана. Дел од кадрите посетуваат посебни инструкторско - методски курсеви.

л) УНГАРИЈА

Масовна обука на населението се спроведува според 15 часовна програма во сите средини на работење и живеење во текот на една година. Носители и изведувачи на обуката се инструктори кои главно се припадници на Унгарскиот сојуз за одбрана. Популаризацијата на цивилната одбрана се врши на повеќе начини и тоа преку издавање на специјализирано месечно списание целосно посветено на цивилната одбрана, преку текстови за цивилната одбрана во разни воени списанија, а надлежното министерство постојано одржува врски со низа цивилни весници и списанија во кои се објавуваат и определени статии и написи за цивилната одбрана. Исто така, се користат и разни филмски проекции, изложби, конкурси, ТВ и радио емисии, демонстрации и слично за популаризација на цивилната одбрана.

Обуката на посебните служби на цивилната одбрана во претпријатијата и градовите се врши секоја година во траење од 16 часови, а нејзе ја водат раководителите на овие служби и инструкторите. Завршната фаза на оваа обука опфаќа изведување на периодични вежби со учество на цели одреди.

Припадниците на раководниот ресор на цивилната одбрана во војводствата, околиите и командите на одреди на цивилната одбрана, во текот на една до две години подлежат на посебна обука која ја планираат и проектираат штабовите на цивилната одбрана на државата. Со офицерите определени за служба во цивилната одбрана, во организација на Академијата на генералштабот, се спроведуваат посебни курсеви од проблематиката на заштитата и спасувањето.

# 9. МОЖНИОТ МОДЕЛ НА НОВАТА ОРГАНИЗАЦИСКА И ФУКЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦИВИЛНАТА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОСПОСОБУВАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во претходното поглавје направивме обид да проектираме еден пристап за начинот и содржината на оспособувањето за цивилна заштита, сообразно на Законот за одбрана и на подзаконските акти кои подетално ја разработуваат проблематиката на цивилната заштита. Сето тоа се движеше во рамките на барање на решенија кој ќе ја одразат сегашната поставеност на цивилната заштита, врз чија основа се и поставките на оспособувањето на одделни структури на цивилната заштита. Сознанијата до кои дојдовме при таа анализа говорат дека "новата" поставеност на цивилната заштита во многу елементи е идентична на онаа која до неодамна важеше. Суштинска разлика во онос на претходната поставеност на цивилната заштита во општеството е во тоа што цивилната заштита сега се организира и подготвува за "заштита и спасување на насленеието и материјалните добра од воени разурнувања и други опасности од воени дејства, елементарни непогоди и други несреќи во војна и за отстранување на последиците од нив" (80). Само во исклучителни околности може да дојде до активирање на "штабови и единици на цивилната заштита што ги формира Републиката ... во вонредни состојби и други несреќи во мир, на начин и постапка утврдени со упатството што го донесува владата (81). Значи тежиштето на цивилната заштита е на подготвување и оспособување на активности и задачи во воена состојба и во определени случаи во мир, со активирање на дел од својот состав. Поранешните решенија предвидуваа анагажирање на цивилната заштита во војна, вонредни околности и елементарни и

други несреќи во мир.

Според тоа се преферира подготвувањето на цивилната заштита за извршување на "хуманитарни активности и задачи" (82) во услови на агресија врз Република Македонија, додека пак во основа решавањето на прашањата на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра во мир е препуштено на редовните дејности, со можност во дадени услови да се активира и цивилната заштита. Овој пристап се разликува од најголемиот број на решенија во западноевропските земји кои се повеќе се ориентирани кон тоа цивилната одбрана да биде пред се насочена кон извршување на задачи на заштитата и спасувањето во мирновременски услови, односно заштита и спасување на населението и добрата од разновидни техничко технолошки, природни и другиу катастрофи и несреќи.

Може да се најдат мотивите и причините за тоа зошто токму онака како што е презентирано е поставена цивилната заштита во нашата земја. Најверојатно дека креаторите на цивилната заштита под силен притисок на потребата од брзо престуктуирање и прилагодување на цивилната заштита кон новото време и услови во кои се најде Републиката, се одлучија за едно прагматично решение во вид на максимално прилагодување на претходните решениа на новонастанатата ситуација. Рокот за изготвување на новиот Закон за одбрана и другите подзаконски акти беше извонредно кус. Тие се изготвува во фаза на осамостојувањето на Републиката, при повлекувањето на ЈНА а воената закана беше наш "природен" амбиент на работење, што примарно го детерминираа пристапот во организирањето на цивилната заштита, кој би бил во функција на овозможување на активирање на дотогашниот систем на цивилната заштита без поголеми потреси и тешкотии. Гледано од тој аспект, односно задржување на "старата" организација на цивилнта заштита,

со претходно редефинирање на определени законски документи и преструктуирање и поинакво димензионирање на одделни сегменти на цивилната заштита /во сонова минимални/ можеби во дадените услови е оправдано. По се изгледа, стручњаците од областа на цивилната заштита ја имаа предвид поговорката "не го затрупувај стариот бунар додека не ископаш нов". Всушност, целата законска и подзаконска материја од областа на цивилната заштита е еден "суптилен спој" на она што треба да функционира во сегашни услови, со поставки кои на определен начин ги антиципираат идните насоки во кои цивилната заштита ќе се развива. Меѓутоа, колку и да е таа суптилност плод на визија за натамошен развој и изградба на цивилната заштита, сепак тоа се само никулци кои допрва треба да се разработат и доосмислат во функција на новите решенија. Во таа смисла и ние во претходните поглавја дадовме дел од нашите видувања за одделни решенија во цивилната заштита и тоа во оној домен кој ги определува рамките на оспособувањето на припадниците на штабовите, единиците и повереницитe на цивилната заштита. Значи, понудивме пристап кон оиспособувањето на силите на цивилната заштита кој ги одразува сегашните законски решенија. За нив сметаме дека треба да претрпат соодветни измени /особено Уредбата за цивилна заштита/ во областа на организацијата и функционирањето на цивилната заштита, а тоа директно би се одразило и врз оспособувањето на цивиланта заштита.

Значи, во претходните поглавја понудивме пристап со оспособувањето за цивилна заштита, кој би бил примерен на она што го донеле органите на власта. Но, ние цивилната заштита, односно новите решенија ги гледаме нешто поразлично од она што е сега на сила. Нив ќе ги презентираме во вид на глобални искажувања, при што тие пртставуваат сублимат на определени наши и странски

искуства во оваа област, а се примерени на нашите услови и можности. При тоа, во максимална можна мера ги земавме сегашните решенија кои се употребливи и даваат основа за проекција на идни решенија во одделни сегменти на цивилната заштита. Од друга страна, ќе се навратиме и кон согледување на основните слабости кои беа присутни и се манифестираа во различни облици во изминатиот период со цел истите на определен начин да се избегнат со новата поставеност на цивилната заштита. Имено, по аналогија, реално е да се очекува дека одредени слабости ќе се појават и во функционирањето на цивилната заштита според сегашните поставки, бидејќи, како што нагласивме, новата поставеност на цивилната заштита во многу елементи е слична на претходната. Како најкарактеристични би ги издвоиле следниве:

- организацијата и развојот на цивилната заштита повеќе била базирана врз сваќањата за нејзината улога и задачи во изминатите војни отколку на проценките за потребите на идниот мир;

- цивилната заштита се сваќала како посебна организациска структура со точно утврдени единици и штабови /началници, помошници и др./ што во добра мера бил пресликан модел на воената организација;

- таа главно се развивала под влијание на еден административен модел на општествено организирање, што за последица имало донесување на решенија што често не беа рационални и соодветни на вистинските потреби;

- оспособувањето за воени потреби, не било доволно програмски и структурално приоспособено за потребите што ги наметнуваат се почестите техничкотехнолошки и еколошки акциденти и опасности што можат да се случат во мир;

- се инсистираше на нејзино омасовување, што за

последица имаше потиснување на стручноста и професионалноста во втор план;

- отсуствувала соработката и тесната поврзаност на цивилната заштита со службата за набљудување и тревожење, односно центрите за известување и тревожење, организациски биле одделени од цивилната заштита со што нејзиното функционирање и натамошно усовршување било значително забавено.

Видовме и тоа кои глобални решенија за цивилната заштита /цивилната одбрана/, се присутни во светот при што ќе укажеме на дел до разликите што произлегуваат и на тој план:

- за разлика од нас кои ја префериравме масовноста, во развиените земји цивилната заштита е државна функција која опфаќа комплекс на подготовки и задачи;

- кај нас цивилната заштита својата основна потрпора ја имаше /барем на хартија/ во единиците на цивилната заштита, а кај нив тоа се професионалните и доброволни оганизации, поретко единиците на цивилната заштита;

- во наши услови цивилната заштита првенствено се занимаваше со заштитата и спасувањето, а нивната и за пружање на разновидна помош за преживување и опстанок на населението и нивното стопанство;

- кај нас цивилната заштита се спроведуваше по пат на утврдени мерки, а кај нив по пат на низа задачи.

Ќе посочиме и одеелни одредби од новиот Закон за одбрана и од Уредбата за цивилна заштита, кои даваат определени основи за антиципирање на можната поставеност на цивилната заштита, а низ призма на тоа и за оспособувањето за цивилна заштита.

Имено, кога во Законот за одбрана се утврдуваат силите

на цивилната заштита (83) јасно стои дека хуманитарните активности и задачи во воена состојба и во елементарни непогоди и други несреќи во војна се извршуваат со **силите и средствата за редовно работење** на претпријатијата, јавните установи и служби, како и со **посебни сили на цивилната заштита организирани во единици и штабови**. Од ова може да се извлечат неколку заклучоци:

1. бидејќи на прво место се ставаат редовните дејности, а потоа посебните сили /непрофесионални/ на цивилната заштита, може да се заклучи дека во основа заштита и спасувањето би требало да ја спроведуваат претрпијатијата, јавните установи и служби чија основна дејност е заштитата и спасувањето или пак во основа со неа се занимаваат;

2. најверојатно се цени дека во одделни ситуации редовните дејности нема да бидат во состојба успешно да ги реализираат хуманитарните активности и задачи во воена состојба, поради што се организираат и посебни сили на цивилната заштита за остварување на заштитата и спасувањето;

3. може да се заклучи дека посебните сили на цивилната заштита, организирани во единици и штабови, се придодаваат на редовните дејности;

4. претпријатијата, јавните установи и служби стануваат колективен припадник на цивилната заштита.

Преферирањето на редовните дејности како основни носители на заштитата и спасувањето во воена состојба, е уочливо и кога во Законот се утврдува што опфаќа цивилната заштита /мерките/. Па така, кога се говори за мерката тревожење на населението (84) која опфаќа пренесување на сигнали за

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

предупредување на населението за опасностите во воена состојба, се вели дека ќе го вршат постоечките центри за известување и тревожење. Службата со својата мрежа на центри, дејноста ја врши во мирновременски услови, истовремено подготвувајќи се за дејствување во воени услови. Значи, оваа служба, со својот редовен и резервен состав, покрај други задачи, ќе врши и тревожење на населението, односно директно ќе се стави во функција на цивилната заштита.

Спасувањето на населението и материјалните добра од уривање, поплави, пожари и други експлозии ... во воена состојба, како и заштита од неексплодирани убојни средства (85) го спроведуваат претпријатијата, јавните установи и служби на кои работењето им е во функција на спасувањето, како и органите на државната управа кои располагаат со соодветни средства и опрема.

За укажување на прва помош на повредени и заболени и нивно пренесување до најблиска здравствена установа учествуваат здравствените установи, Црвениот крст, јавните установи и служби и граѓани кои се оспособени за укажување на прва медицинска помош (86).

Во спроведувањето на активностите и задачите во отстранувањето на опасностите кои ги предизвикуваат пожарите и гаснењето на пожари во воена состојба учествуваат претпријатијата, јавните установи и служби кои со своето редиовно работење вршат заштита од пожари, како и претпријатијата и органите на државната управа кои располагаат со соодветни средства и опрема (87).

Откривањето и означувањето на опасните зони, следењето на РХБ опасноста, деконтаминацијата и други слични мерки кои се преземаат при употреба на НХБ оружје го вршат претпријатијата, јавните установи и служби и државната управа, кои со своето

редовно работење се занимаваат со овие активности и задачи, како и органите на државната власт кои располагаат со соодветни средства и опрема (88).

Организацијата и подготовките на асанацијата на теренот го вршат органите на државната управа, а спроведувањето го вршат претпријатијата, јавните установи и служби кои со своето работење се занимаваат со,овие активности и задачи (89).

Заштитата и спасувањето на животните и продуктите од животинско потекло, како и заштитата и спасувањето на растенијата и растителните производи од воени дејства и последиците од нив го вршат органите на државната управа а го спроведуваат претпријатнјата, јавните установи и служби кои со своето работење се занимаваат со овие активности и задачи (90).

Според тоа, редовните дејности партиципираат во цивилната заштита во нагласен дел од мерките за заштита и спасување, односно тие се основна потпора во вршењето на активностите и задачите на заштитата и спасувањето и во воена состојба.

Претходните одредби од Законот ќе ги надоплониме и со определени решенија кои произлегуваат од Уредбата, а се однесуваат и нешто пошироко и поинаку ги апострофираат редовните дејности од аспект на нивното ангажирање во цивилната заштита. Ќе ги споменеме само оние елементи за кои до сега не станало збор или пак се во функција на допрецизирање на одделни сегменти од Законот кои ги споменавме. Нив само таксативно ќе ги наброиме.

Во рамките на изведувањето на евакуацијата на опрделени категории на население учествуваат и се вклучуваат органите на државната власт, претпријатијта, јавните установи и служби, единиците на локалната самоуправа и општествените организации чија

основна дејност е заштита и спасување (91).

Електростопанските претпријатија го спроведуваат затемнувањето на јавното осветлување преку централнио редуцирање и исклучување (92).

Во заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра од поплави, покрај водостопанските претпријатија, се ангажираат градежните, комуналните и други претпријатија кои располагаат со соодветна опрема, средства и кадри ... (93).

За успешно спроведување на РХБ заштитата ... органите на државната власт, претпријатијата, јавните установи и служби, ки со своето редовно работење се занимаваат со овие активности и задачи, се оспособуваат за детекција, идентификација, дозиметрија, и отстранување и намалување на последиците од НХБ удари (94).

Формирањето и оспособувањето на соодветни станици за деконтаминација пред се го вршат претпријатија кои располагаат со потребна опрема и средства (95).

Прет п ријатијата од областа на земјоделството и сточарството утврдуваат мерки и постапки, сили и задачи за заштита и спасување на животни, растенијата, и производи од нивно потекло (96).

За асанација на теренот првенствено се оспособуваат и подготвуваат соодветни комунални претпријастија ... (97).

Како еден вид заклучок ќе ја посочиме и следната одредба од Уредбата во која се вели дека органите, организациите и претпријатијата ..., чија основна дејност е непосредно врзана со задачите на цивилната заштита, преземаат мерки и активности за обезбедување на сопствени оперативни сили и средства за лична и

колективна заштита и нивно опремеување и оспособување за извршување на задачи во услови на војна (98).

Во ,прилог на претходно искажаните констатации ќе наведеме и некои показатели од споменатото истажување во врска со овој проблем. Така на прашањето Дали цивилната заштита да се развива само за оние мерки на заштитата и спасувањето за кои според проценката редовните дејности не можат да ги задоволат потребите, 51.43 % од испитаниците се на мислење дека цивилната заштита треба да се развива само за оние мерки за кои, според проценката, редовните дејности не можат да ги задоволат потребите, а останатите се против такво решение /Прилог бр.1. Табела бр.4./. Иако мислењата се поделени очигледна е потребата од серизно разгледување на таквата можност.

Интересно е да се наведе и податокот дека 51.43 % од испитаниците се на мислење дека цивилната заштита е одбранбена активност чии сили во заштитата и спасувањето се придодаваат како доплонителни на редовните дејности, а 45.00 % дека таа претствува посебна, независна сила од редовните дејности /Прилог бр.1. Табела бр.5./.

На прашањето колку се подготвени органите и службите на редовните дејности за извршување на одделни мерки, следат одговори кои покажуваат дека најголем дел од испитаниците се на мислење дека тие за одделни мерки се на ниво, "подготвени се", при што интервалот на таа подготвеност се движи од 74.00 % кај мерката заштита и спасување од пожари, 73.00 % од уривање, 64.00 % кај РХБ и асанацијата, 47.00 % кај првата медицинска помош, со тенденција дека кај осум мерки нема адекватна подготвеност /Прилог бр.1 Табела бр.6./

За да би можеле поиздржано и попрецизно да го

претставиме можниот модел на заштита и спасување во Републиката, ќе наведеме уште некои моменти и факти кои ја докомплетираат претставата за цивилната заштита, а се однесуваат на нејзините можности и начини на ангажирање во воена состојба.

Постојат три фази или амбиенти во кои цивилната заштита делува во воена состојба:

1. превентивна фаза изразена низ засолнување, поместување, евакуација, згрижување и др.

2. фаза на ангажирање на силите на цивилна заштита по престанокот или значиително намалениот степен на опасност

3. фаза на самозаштитно делување на цивилната заштита во услови на контрола на територијата од страна на инвазионите трупи.

Според тоа, овие три основни можни варијанти на заштитно делување ги детерминираат и постапките, начините, облиците и во крајна линија и ефектите од нивниот ангажман. Од друга страна, споменативе моменти ја селектираат можноста од дејствување на одделни сили на цивилната заштита, како во поглед на времето на нивното вклучување во заштитата и спасувањето, така и во смисла на приоритетноста на ангажирањето на дел од нив. Но, без оглед на тоа редовните дејности би требало да бидат основен носител на заштитно спасувачките акции. Тие располагаат со средства и опрема за извршување на тие активности, многу повеќе се извежбани за такви и слични ситуации или пак се подготвуваат за дејство во такви ситуации низ вршењето на редовните активности во мирновременскиот период. Со тоа не би сакале да ја намалиме улогата и значењето на непрофесионалните сили на цивилната заштита, туку сметаме дека ефикасноста на нивното дејствување е лимитирана, особено ако тоа се разгледува од аспект на нивото и

рангот на тие единици, големината, опременоста, составот, обученоста и друго.

Врз основа на она што досега го изрековме во овој дел, ако се анализираат решенијата во Законот и Уредбата се наметнуваат повеќе прашања. Имено, ако основата на цивилната заштита лежи на редовните дејности, од каде пак Уредбата предвидува развој на посебен систем на единици по место на живеење и работа, плус маневарски и специјализирани единици кои ги формира Републиката, како своевиден паралелен систем кој по обем поприма извонредно големи димензии ? Очигледно е дека, креаторите на цивилната заштита го испуштиле од вид фактот дека таква разгранета мрежа на единици, штабови и повереници, која е идентична со поранешниот концепт на одбрана, во сегашните услови не може реално да се оствари. Генерално гледано, не е примерна таква организација на цивилната заштита во Република Македонија, пред се затоа што првиот ешелон на поранешниот концепт на одбрана беа федералните вооружени сили, во чии рамки Републиката партиципираше со определен контигент, чија што големина во однос на сегашната АРМ било далеку под она што сега го имаме и се гради на планот на вооружените сили. Неуважувајќи го овој факт поставен е еден систем на цивилна заштита кој во основца смета на поранешната големина и структура на вооружените сили. Бидејќи по осамостојувањето на Републиката состојбите радикално се изменија, новиот одбранбен систем на нашата земја во делот на вооружените сили е проектиран и поставен во склад со објективните можности на државата, додека цивилната заштита задржува во основа стари решенија. Да се има во единиците, штабовите и во делот на повереништве над **200.000** луѓе, гледано од аспект на извршената анализа на човечкиот потенцијал во

во Република Македонија, е неодржливо. Оттука во цивилната заштита се потребни нови решенија, нови идеи кои оваа мошне важна активност би ја поставиле во едни реални рамки за навистина да може да ја оствари својата улога за заштита и спасување на населението и материјалните добра.

Ние ќе се занимаваме со можната поставеност на цивилната заштита во Република Македонија само во глобални рамки и во обем кој ќе обезбеди согледување на насоките во кои треба да се насочи и приоспособи оспособувањето на припадниците и структурите на цивилната заштита. Ние цивилната заштита ја гледаме преку следниве поставки:

1. Долгорочно гледано, во организациска смисла, цивилната заштита би требало да биде компонента на цивилната одбрана. За нас цивилната одбрана претставува дејност која е дел од одбраната на државата, која во себе би ги поврзала сите цивилни активности во одбраната и заштитата на Република Македонија. Нејзините структурни елементи би биле: заштита и спасување на населението, материјалните добра и еко системот од природни, технички и други катастрофи* и воени разурнувања /цивилна заштита/; откривање и известување за опасностите /служба за набљудување и известување /; невооружено спротивставување на агресорот; заднински функции и стопанска одбрана; психолошко пропагандна одбрана и друго.

2. Да се оформи посебна дирекција, управа, сектор или слично како раководен орган за цивилната заштита, со голем степен на автономност во одлучувањето и дејствувањето, потоа, соодветни органи од општествен и стручен карактер врзани за Владата или надлежното министерство, како и оперативно-стручни органи /ШЦЗ/ кои најмногу би се занимавале со подготовката на силите и средствата.

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

3. Во заштитата и спасувањето да се планира учество и на одделни единици и структури на АРМ и полицијата, што практика е во речиси сите земји во светот;

4. Концепцијата, политиката и стратегијата на изградбта и развојот на цивилната заштита би требало своето тежиште да го насочуваат кон заштитата и спасувањето на луѓето, материјалните добра и човековата околина во мир, со основна поставка дека добро конципиран, ефикасен и организиран систем на заштита и спасување во мир може да дејствува и во случај на војна, со определена доградба на тој систем во услови на загрозување со воена агресија;

5. Да се потикнува развојот на редовните организацци и дејности врзани за заштитата и спасувањето, а само таму каде и колку е потребно, организирано и осмислено да се решава масовната подршка, која со ваков селективен пристап, исто така ќе биде добро оспособена и опремена, односно, во подрачјето на заштитата и спасувањето каде постојат соодветни професионални или доброволни организации да не се основаат посебни сили, туку постоечките по потреба, односно според проценката, да се зајакнуваат.

6. Централно место во заштитата и спасувањето да се даде на пожарникарската служба /професионалниот и доброволниот дел/, медицинската служба и на комуналните организации;

7. Во сите развиени земји особено значење им се придава на доброволните општествени организации за заштита и спасување и на оние кои се во функција на заштитата и спасувањето, како што се хуманитарни, технички и други. Оттука, од особено значење ќе биде државните органи да ги насочуваат своите активности кон потикнување , подршка /пред се материјална/ на општествените организации и здруженија какви што се Црвен крст, Пожарникарски сојуз, сојузи на радиоаматери, организации за подводни активности,

извидничките организации, воздухопловниот сојуз, кинолошки друштва и други и соодветно да ги вклопи во заштитата и спасувањето, без да се наруши нивната автономија.

8. Посебно да се изготви, организира и подготви еден реалативно самостоен сегмент на заштитата и спасувањето во стопански организации, јавни установи и служби, кој условно би го нарекле "стопанска цивилна заштита". Тој би имал своја функција во мир, во смисла на обезбедување на поголема секојдневна сигурност на вработените и околината, и посебно во услови на воени загрозувања и тоа пред се во организации кои продолжуваат со работа и во воена состојба;

9. Службата за набљудување и известување да се вклопи и да биде составен дел на цивилната заштита. Во рамките на оваа служба да се развијат "банки на податоци" за изворите, облиците, интензитетот и последиците на загрозување; создавање на наменски програмни во функција на раководењето и обучувањето; евиденција на обврзници и стручњаци од соодветни области; база на податоци за опасните материи /локација, карактеристики и начин на заштита/, податоци за географската инфраструктура /за патната мрежа, водотеците, населението/ и друго.

10. Тргнувајќи од тоа дека техничко-технолошките и елементарните несреќи и катастрофи, а во некои случаеви и воените дејства, не се омеѓени со државни граници, неопходно е цивилната заштита да биде вклучена во меѓународни интеграциони процеси. Ова особено е важно за нас, поради специфичната географска положба и во многу нешта специфичното опкружување. Оттука, би требало цивилната заштита да биде ангажирана во регионални, субрегионални асоцијации, со цел навремено јавување за опасноста, па и заедничко дејствување во погранични и други подрачја.

11. Полезно и ефикасно би било ако на определен начин се издвои концепцијата на заштитата и спасувањето /односно цивилната одбрана/ од концепцијата на одбрана. При тоа би требало да се разработи механизам на поврзување на "одбраната" и "заштитата" во една интегрална целина на која би функционирала пред и во услови на војна.

12. Рационално би било во пазарни услови да дојде до интеграција, односно до организирано и функционално поврзување на цивилната заштита, екологијата и заштитата на работа во една заштитана организација.

Како основен предмет на работа на цивилната заштита би требало да биде:

- набљудувањето, известувањето и тревожењето;
- лична и заемна заштита-самозаштита;
- основна медицинска помош
- противпожарна заштита;
- обезбедување на прехрамбени продукти, лекарства, заштитна опрема и енергија во загрозените подрачја;
- евакуацијата;
- истражувањето на методите и средствата за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;
- меѓународна соработка;

Основна цел на цивилната заштита би требало да биде подготовка и спроведување на хуманитарни задачи /слично како што денес е дефинирано/ заради:

а) заштита и спасување;

б) опстанок на цивилното население од последиците на делувањњето на елементарни непогоди, техничко -технолошки несреќи и војна;

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

Како основни задачи на цивилната заштита би биле: во мирновременки услови да го штити населението и материјалните вредности од елементарни непогоди и катастрофи предизвикани од природни и неконтролирани технички сили; во воена состојба, тоа би требало да овозможи преживување на што е можно поголем број на жители на Републиката, потоа да создаде предуслови за натамошен живот и обновување на државата, како и да ја зголеми способноста за отпор против обидите на уценување, заканување и напад од страна на некоја воена сила.

Силите на цивилната заштита, односно силите за заштита и спасување би биле пред се постојните професионални државни, стопански и општествени организации, кои во рамките на својата дејност се занимаваат со заштитата и спасувањето, какви што се:

- професионални и доброволни противпожарни единици;
- заштитно-спасувачки екипи на производните организации
- служба за хигиенско техничка заштита;
- комунални организации од сите видови;
- Црвениот крст и други општествени организации;
- претпријатијата за патен и воздушен сообраќај;
- хидрометеоролошки и водостопански организации;
- соодветни наставни и научни организации;
- соодветни наменски и специјализирани единици на цивилната заштита од локален карактер.

Според тоа, потребно е да се создаде еден рационален и мобилен систем за заштита и спасување, способен ефикасно да дејствува во случај на било каква опасност која може во поголем обем да ги загрози луѓето и материјалните добра. За таа цел потребно е :

- населението да се оспособи за самозаштита;

- да се подготват и адекватно да се обучат професионални и доброволни организации за стручно и квалитетно извршување на конкретни задачи;
- да се организираат и оспособат наменски единици на цивилната заштита;
- да се организираат и оспособат органи кои ќе раководат со заштитата и спасувањето;

Како да се постави оспообувањето за заштитата и спасувањето кон вака проектираниот модел на цивилна заштита ?

Првиот елемент на системот на цивилната заштита би била самозаштитата, која би претставувала основа, платформа врз која би се надоградувале дополнителни, повисоки аспекти на заштитата и спасувањето. Таа би се изградувала во вид на одбранбено заштитна култура на граѓаните. Нашите видувања за нејзе и општо како да се врши оспособувањето за самозаштита веќе ги изнесовме, па оттаму и нема што да се додаде.

Рековме дека рѐдовните дејности би требале да бидат основни носители на заштитата и спасувањето во мир и во војна, и кон истите би требало да се пренасочи најголем дел од активностите на планот на осмислувањето на приодот кон нивноото оспособување. Тој приод во себе содржи два основни сегменти: мирновременски и воен. Претпоставуваме дека тие се оспособени за вршење на својата редовна дејност во мир, бидејќи тоа им е професионална активност, макар што оваа претпоставка не би можела априори да важи за сите. Подобрување на состојбата во дел на организациите во кои поради внатрешни и надворешни објективни околности и состојбите не се онакви какви што би требало да бидат, би било во надлежност на оделни ресорни органи и институции. Но, за делот кој се однесува

на извршувањето на задачи и активности на планот на заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра при поголеми природни и техничко-технолошки катастрофи, кога по барање на надлежните органи на цивилната заштита тие дејности се активираат, грижата треба да ја преземе надлежниот орган на цивилната заштита /управа, дирекција и сл./, преку раководните структури на тие организации. При извршувањето на задачи во такви околности, тие треба да имаат третман и улога на сили на цивилната заштита, односно да претствуваат "колективен припадник на цивилната заштита". Бидејќи тие по "наредба" на органот на цивилната заштита интервенираат во подрачја, региони и места каде што тоа ќе биде одредено, со екипи и средства со кои располагаат, мораат да бидат оспособени за извршување на тој вид на активности во спасувачките акции. Катастрофите предизвикани од природни и техничко-технолошки несреќи во мир носат со себе и определени специфичности во поглед на манифестирањето на загрозувањето и последиците по луѓето и материјалните добра. За сите специфичности, редовните професионални дејности треба да се подготвуваат преку оспособување на членовите за извршување на задачи кои произлегуваат од функцијата која ја вршат во општеството. Но, на тоа би требало да се надоврзат определени барања кои преку нив цивилната заштита ќе ги остварува во мирновременски услови а особено во воена состојба. За тој дел, од страна на надлежните органи на цивилната заштита, би требало да се изготват посебни програми по кои би се оспособувале овие дејности за вршење на своите основни задачи во мир и/или задачи за кои се претпоставува дека би можеле да ги извршуваат во војна, а во определена мера отстапуваат од нивната основна дејност во мир. Програмата превасходно би била структуирана така да надвладува практичното извежбување на овие состави со средства и опрема кои им се на располагање, како и со

оние кои би им биле дадени за употреба од страна на органите на цивилната заштита, само за воена состојба. Во основа тоа би биле еден вид специјализирани единици на цивилната заштита, слично на маневарските сили. Впрочем со Уредбата за маневарските единици е предвидено дека Министерството за одбрана ќе склучи договор со определени организации кои колективно би влегле како специјализирани единици на цивилната заштита.

Според тоа, редовните дејности кои професионално се занимаваат со заштитата и спасувањето и оние кои со своето работење можат да партиципираат во вршење на одделни задачи од заштитата и спасувањето, всушност би требале да претставуваат специјализирани сили на цивилната заштита /специјализирани единици/. Нивното оспособување за вршење на задачи на цивилната заштита во воена состојба, би требало да се остварува во програма и теми кои во основа би биле слични на оние кои ги изложивме во делот за специјализираните единици. Се разбира дека не би се одело на 5-то годишен циклус /3 годишен/, туку во годишните програми за функционирање и подготвување на овие дејности за вршење на својата функција, би се вградиле специфични содржини од цивилната заштита, кои би се извежбувале во текот на годината, а значат нивна подготовка за дејствување во воена состојба. Оперативните прашања врзани за организацијата, начинот на спроведувањето, опремувањето и финансирањето на овој дел од обуката на редовните дејности би го препуштиле да ги разрешат надлежните органи на цивилната заштита. Наше е да го понудиме пристапот кон ова оспособување.

Третиот сегмент, кој условно го нарековме "стопанска цивилна заштита" се однесува на оние активности на планот на заштитата и спасувањето кои се подготвуваат и реализираат во претпријатијата. Имено во рамките на правото, обврските и должностите на овие организации да ги заштитат вработените и

материјалните добра од загрозувња и деструкции, би се пристапило кон изградување на интерни системи на заштита, сообразно на потребите и можностите на секоја организација, и барањата кои би произлегле од страна на надлежните државни органи во делот кој се однесува за воени потреби. Би требало да доминира пристап кој би имал свој економски, еколошки и воен аспект и функција. Воениот аспект особено би бил изразен кај оние организации кои од Владата се назначени како "организации од посебен интерес" (99), а кои продолжуваат со својата работа и во воена состојба.

Оние кои не се обврзани да продолжат со својата дејност и работа во војна, нагласок би ставиле на првите два аспекта /економскиот и еколошкиот/ на заштитата и спасувањето. При тоа, на организациите би требало да им се остави слободен избор како тоа организациски и функционално да го решат, бидејќи ќе постои нагласен интерес да се заштитат вработените и капиталот токму поради економски интереси.

Државните органи ригорозно би ги контролирале спроведувањето на оние активности кои како законски определби би морале да ги спроведат во своите средини. Можно е во блиска иднина да се очекува појава на приватни агенции кои би нуделе програми за заштита на капиталот и вработените во одделени организации, а се во функција на профитот. Покрај создавање на "интерни" системи на заштита во овие организации, истите во мирновременски период би биле и предмет на заштита и спасување на редовните професионални организации. Дали и какво оспособување на вработените или на дел од нив од областа на заштитата и спасувањето ќе биде спроведувано, или во некој од нив ќе се оди на посебни служби за заштита на работа, е прашње кое би требало да го решат самите сопственици. При тоа нагласено значење во заштитата би имале службите за ХТЗ и ППЗ, физичко техничко обезбедување и друго, во срединиτе каде што

тие би се формиртале.

Посебно значење од аспект на цивилната заштита би имале претпријатијата, јавните установи и служби кои продолжуваат со својата основна /или доплонителна/ дејност, во воена состојба. Во принцип решавањето на проблематиката на заштитата и спасувањето во мирновременски услови не би требало да се разликува од претходните категории на организации. Но, поради нивното особено значење во напорите за истрајување во борбата и отпорот, би требало да се изгради адекватен пристап кон оспособување на вработените за нивно преживување на своите работни места и за заштита на материјалните вредности.

По наше мислење, би требало да се оди кон изградување на висок степен на самозаштитна оспособеност на вработените, а во одделни организации и кон создавање на специјализирани сили од мешовит состав, за извршување на посложени активности кои ќе бидат наметнати од самиот карактер, обем, големина и значењето на организацијата /препртријатијето/. Кај одделни препријатија, кои според својата дејност располагаат со стручњаци, опрема и средства со кои во значителна мера се овозможува остварување на одделни активности по барање или претходен договор со Министерството за одбрана, би можеле да формираат сили на цивилната заштита кои би дејствувале и надвор од организацијата, особено во подрачја каде што се проценува дека редовните дејности не се во состојба да се справат со задачите кои евентуално би се наметнале во воена состојба. Во основа тоа би биле специјализирани сили кои би се придодавале на редовните дејности.

Оспособувањето на овие специјализирани сили би било, по програма /комбинација од програми/ која во многу елементи би била слична на онаа за која говоревме во делот за специјализираните единици. Одстапки во тематската структуираност би биле мали,

особено ако се знае дека во основа задачите кои треба да се извршуваат во рамките на заштитата и спасувањето се слични. По однос на организацијата на оспособувањето би требало да се применат повеќе модалитети, и тоа од давање можност самите организации, ако за тоа имаат услови, тоа да го направат со помош на надлежните органи на цивилната заштита, па се до упатување на припадниците на тие единици во за тоа специјализирани установи /центри за обука/.

Претпријатијата чии технолошки процес и производство, крајниот производ или репроматеријалите кои се употребуваат носат повисок степен на загрозување на вработените и пошироката околина /рудници, топилници, петрохемиски комплекси и др./ би имале сопствени екипи за заштита и спасување, специјализирани за задачи кои произлегуваат од специфичностите на дејноста, а во војна би се зајакнувале со сили од составот на вработените. Оспособувањето на овие екипи и вработените би било слично на претходното.

Посебен сегмент претставуваат органите на раководењето со цивилната заштита, односно за за заштита и спасување и нивно оспособување. Како што веќе споменавме, на ниво на Републиката би постоела една дирекција, управа, сектор на челео со лице /директор, управник, началник и сл./ кој би раководел со целокупниот систем на цивилната заштита. Тој околу себе би имал тим на стручњаци за одделни области, кои оваа дејност професионално би ја извршувале во мир, при што, во услови на војна, составот би се зајакнувал со определен број на стручни советници за одделни специфични области за заштита и спасување. Оваа дирекција би имала и свои истурени одделенија во подрачните единици на Министерството за одбрана, со определен број на лица кои исто така професионално би се занимавале со проблематиката на заштитата и спасувањето. На локално ниво, во единиците на локалнта

самоуправа, овие одделенеија, преку повереницитe во населбите и одговорните лица во претпријатијата, јавните установи и служби, би ги координирале и усогласувале активностите на планот на заштитата и спасувањето, особено кај оние субјекти и органи кои се од посебен интерес за одбраната.

Квалитетно оспособување не би можело да се замисли без постоење на посебни институции и кадри за извршување на една таква дејнсот.Поради тоа, особено е значајно во натамошниот период во Република Македонија да дојде до реактивирање на постоечките центри за обука, во правец на нивно прераснување во основни едукативно-стручни институции, кои професионално би се ангажирале во оспособувањето на различни структури на цивилната заштита и пошироко. Тие би требало да развијат цел спектар на програми од кои дел би претставувале основни облици на оспособување /функционално оспособување/ на кадри и припадници на одделни структури, кои би се организирале пред се за доградување на постоечките знаења. Другиот дел би биле програми кои би се развивале повремено, а со цел стекнување на основни знаења за одделни припадници, потребни за квалитетно извршување на активностите во заштитата и спасувањето, со можност за нивно натамошно оспособување. Оттука сметаме дека споменативе раководни и други структури на цивилната заштита би требале по пат на курсеви, семинари, советувања и други форми да ги доградуваат своите претходни сознанија за цивилната заштита.

За поставеноста и функционирањето на центрите за обука би требало во натамошниот период да се изготви засебна студија, при што досегашните искуства за нивното работење и искуствата од работењето на повеќето слични институции во развиените европски земји, би требало да бидат основни детерминанти при проектирањето на решенијата.

---

*З. Нацев, Оспообувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

# 10. ЗАКЛУЧОК

1. Воспитувањето и образованието на луѓето за војна, како општествена појава и вид на дејност, има своја генеза развојни фази, специфичности и определени законитости. Историските факти покажуваат дека оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита на вкупните вредности во некоја замја зависело од степенот и карактерот на загрозувањето на земјата, од развиеноста на борбените и неборбените средства, од видот на тактичките дејства, од владеачката идеологија и степенот на нејзината прифатеност од страна на најшироките слоеви на народот. Секоја земја, согласно со својот општетсвено политички систем, изградувала сопствен пристап на оспособување за војна, при што помеѓу моделите во одделни држави постојат сличности но и разлики. Постигнатите резултати во оспособувањето на луѓето за одбрана и заштита, покрај другото зависеле од поставеноста и развиеноста на системот на оспособувањето и од нивото на општата образованост на народот. Оспособувањето на младината, во сите фази во развојот на општеството, имало особена улога.

2. Пристапот и остварувањето на обучувањето на луѓето во текот на развојот на општеството воглавно било реализирано преку:

а) воведување на специфични воспитно образовни содржини во програмите на редовните школски системи во функција на развојот на патриотските чувства, оддаденоста на власта и владеачката класа, како и со учење на одделни вештини за создавање на умешен, силен и издржлив војник;

б) во основната дејност на општествените организации со патриотска интонација, спортските друштва, друштвата за негување на традициите на народот, стрелачките и други организации, се врши инкорпорирање на содржини во функција на воспитувањето и увежбувањето на луѓето, а особено младите за подготовка и учество во војна;

в) оспособување на луѓето преку засебен систем на военото воспитување и образование, издвоено од редовниот школски систем на општеството, со посебни цели, задачи, оргагнизација и начин на реализирање.

3. Нашиот современ систем на воспитување и образование за одбрана своите корени ги има во народно ослободителната војна.

4. Анализирајќи го повоениот развој на оспособувањето на граѓаните на нашата земја за одбрана и заштита надвор од вооружените сили, до распадот на поранешна Југославија, може да се уочи дека тој пристап во основа бил сообразен со општественополитичкиот систем, владеачките односи, политиката и доктрината на одбраната и карактерот на воспитно образовниот систем. При тоа сите програми, во значителна мерка беа обоени со владеачката идеологија и политика. Со распадот на поранешната федерација и федералниот концепт на одбрана, во областа на оспособувањето на граѓаните на Република Македонија баравме нови и автентични решенија во областа на едукацијата на младината за одбрана и заштита во основното, средното, вишото и високото образование, вонשколската младина и во областа на оспособувањето на припадниците на цивилната заштита. Градењето на пристап кон оваа дејност во општеството во основа е невозможно ако тоа не се одвива низ призма на одредбите на Уставот и Законот за одбрана,

низ политиката и доктрината на одбраната и расположливите човечки потенцијали, како и преку ползување на поранешни искуства применливи во новите услови. Со тоа обезбедивме реализирање на еден реално остварлив модел во практиката.

5. Според наши видувања во досегашната поставеност на наставата по одбрана и заштита во основното образование би требало да се извршат сериозни трансформации. При тоа предлагаме укинување на курсната настава по Прва помош и заштита, а го преферираме пристапот кој би опфатил оспособување на младината за одбрана и заштита преку патриотското воспитување, со вградување на содржини од областа на одбраната и заштитата во други предмети и преку слободните ученички активности од значење за одбраната и заштитата. Имено, извршената компарација на содржините од Прва медицинска помош, како една од глобалните програмски целини во курсната настава по Прва помош и заштита, со одделни наставни теми кои се обработуваат во рамките на предметите биологија, хемија, физичко, основи на домаќинство може да се изведе заклучок дека во најголем обем и структура `од овој дел на програмата претставува своевидна синтеза на фрагментарно стекнати медицински знаења и уверувања во рамките на спомнативе предмети. Тоа финализирање на знаења и вештини, во крајна линија е нецелисходно. На втората програмска целина Пушка М-48, не и е место во воспитанието и образованието на младината на оваа возраст.

Вградените содржини од одбрана и заштита треба да бидат така вклопени што би претставувале природен дел од програмата на одделни предмети, при што е потребна радикална селекција на нивниот обем и содржина. Досегашните образовни задачи врзани за овие содржини, во најголем дел, треба да им отстапат место на воспитните. Учениците од основното образование треба да се

воспитуваат во духот на ново инаугуираните вредности на македонското општество и да се изградува висок степен на спремност на учениците да ја бранат и одбранат општествената заедница во која живеат.

Во реализацијата на вонnаставните и вонучилиштните активности од интерес за одбраната и заштитата, треба прецизно да се разграничи содржајната и материјалната одговорност за реализација на планираните активности од значење за одбраната и заштитата. При тоа, целокупното одбранбено, заштитно и самозаштитно воспитување преку вонnаставните активности траба да ја уважува основната цел, а тоа е воспитување за мир, чување на човековото достоинство и ненасилство.

6. За средното образование, најприфатлива и најекономична варијанта преку која можат да се остварат мошне големи ефекти во оспособувањето на средношколската младина за одбрана и заштита, е содржините од оваа област да се реализираат преку посебен предмет, но со нови редефинирани програмски содржини. Со создавање на поповолни општествени и економски услови од сегашните, најверојатно ќе се овозможи и ќе се наметне потреба од ревалоризирање на пристапот и начинот на ова оспособување и преку други форми, надвор од образовниот систем.

Во програмата на посебниот предмет, за кој даваме повеќе алтернативни називи, треба да има рамномерен распоред на одбранбени и заштитни теми кои би ја сочинувале основата на програмата, а по обем би биле најзастапени. Во рамките на програмската целина во која би доминирале одбранбени теми би се изучувале содржини преку кои би се разработувала војната како манифестација на загрозување, специјалната војна и национализмот. Втората програмска целина "заштитата" би имала два сегменти со

следни наслови: заштита на животната средина и заштита на Републиката како социјална средина. Покрај овие две глобални програмски целини свое место во програмата би имале и теми преку кои би се изучувал нашиот концепт и систем на одбранбено заштитно организирање, цивилната одбрана и цивилниот отпор со наглска на местото и улогата и можниот придонес на оваа маладина. За да се обезбеди заокружување и комплетирање на програмата во нејзе свое место треба да најдат и уште две релативно самостојни програмски целини и тоа: заштита и одбрана на човековите права и слободи, физичкиот и правниот интегритет на личноста и социопатолошките појави како облик на загрозување на човекот и општеството.

Во одделни средни училишта би требало да се развијат посебни стручни програми од областа на одбраната, во вид на изборна настава во повисоките години или во завршната година на школување, а во функција на оспособување на дел од средношколската популација за воениот позив како прва скала до конечното профилирање на старешините на АРМ.

7. Студентската популација треба да се едуцира за одбрана и заштита при што пристапот, поставеноста, облиците и начинот на остварувањето на оваа дејност можат да се реализираат преку повеќе модалитети. Како можни варијанти ги посочивме следниве:

а) да остане засебен предмет кој би се изучувал на сите виши и високообразовни институции на Универзитетите, со програма која во својот дел би била во функција на струката;

б) на одделни факултети да се воведат нови дисциплини кои би ги изучувале одбранбено заштитните аспекти на дејноста со која факултетот се занимава, а на останатите факултети би се изучувал засебен предмет;

в) без засебен предмет, а со вградување на содржини од одбраната и заштитата во одделни научни области и дисциплини;

г) воведување на посебни стручни програми на одделни факултети преку кои АРМ би вршела пополна на својот активен состав со специјалисти и стручњаци за некои од видовите родовите и службите.

Секоја од варијантите има свои предности и недостатоци, а во одделни средини некои од нив се поприфатливи од другите, полесно остварливи и примерени за видот на дејноста на факултетот. Сметаме дека во вид може да дојде градење на еден диференциран пристап кон видот на нивната застапеност со тоа да првите три варијанти бидат едновремено вклучени на Универзитетите /задолжително, факултативно, изборно/ при што дистибуцијата на пристапите и варијантите на дефинирањето би била по критериумот значење на одделни високо образовани профили за одбраната.

8. Оспособувањето на вонішколската младина би требало да се укине, без оглед што тоа е утврдено како обврска со Законот за одбрана. Нема цврсти аргументи кои говорат во прилог на потребата од егзистирање на оваа обука во иднина а произлегуваат од тоа што веќе не може да опстане образложението за местото и улогата на оваа категорија на младина во одбранбениот систем. Крајните ефекти и резултати кои се постигнуваат и оние кои објективно можат во иднина да се очекуват од овој вид на оспсособување на младината, се под нивото на вложувањата.

9. Анализирајќи ја поставеноста, искуствата во оспособувањето на младината за одбрана и заштита во повеќе земји со развиена демократија, евидентно е дека на оваа обука и се придава посебно значење. Преовладуваат определебите кои говорат

дека граѓаните кои не се оспособени да ја бранат и штитат земјата, претставуваат загуба за општествената заедница. И покрај присутните разлики во однос на моделите на оспособување на младината во одделни земји, забележливо е дека во основата на оваа дејност преовладува воспитувањето и обучувањето /во рамките на школскиот систем и надвор од него во слободното време/ кое програмски е насочено кон стенување на воени знаења и вештини, јакнењење на физичката кондиција, изградба на патриотски чувства и одбивност и омраза кон агресорот. Крајните ефекти и постигнатите резултати во оваа дејност се исто така различни, а се условени од редица фактори кои истата ја детерминираат.

9. Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра претстасвува една историска константа. Таа станала нужност и составен дел од секоја државна заедница., при што нејзина конкретна поставеност и остварувањето се приспособувало кон условите и потребите. Самата потреба за заштита и спасување е многу постара во,однос на она што денеска се нарекува цивилна заштита. Активностите на заштитата и спасувањето имале свои специфични обележја во одделни периоди на човековото живеење за да во поново време /после Првата светска војна/ поприми карактер на организирана активност во вид на цивилна заштита / цивилна одбрана/. Ако светските искуства говорат дека некаде до осумдесеттите години цивилната одбрана главно била поставена за извршување на определени активности во услови на војна, последниве години таа се повеќе се пренасочува да функционира и во мирновременски услови, односно да извршува определени задачи во мир. Тоа е и разбирливо ако се има предвид дека се повеќе се присутни негативните последици од техничко технолошката револуција и современата техеника манифестирани во вид на различни хемиски,

биолошки, нуклеарни и други акциденти, загадување на еко системот. Со тоа фронтот на дејствувањето на цивилната заштита се проширува и во крајна линија го определува карактерот на функционирањето на системот на заштита и спасување како и самата организација на цивилната заштита. Заштитата и спасувањето станува составен дел и фактор во организирањето на секојдневниот живот, во современата технологија и производство и вкупниот општествено економски развој. Притоа постојат различни образложенија за потребата од нејзино постоење, функционирање и крајните ефекти.

10. По осамостојувањето на Република Македонија и во одбранбента сфера беа донесени низа законски и подзаконски акти кои ја регулираат материјата од цивилната заштита а донекаде и оспособувањето на припадниците на цивилната заштита тие решенија во голем дел беа изведени од претходните, со измени во вид на изоставување на определени идеолошко политички одредници, трансформирање и поинакво дефинирање на одделни категории а сообразно со новата терминологија и поставеноста на државното уредување на Република Македонија. Во рамките на ова понудивме два пристапи на оспособување на припадниците на цивилната заштита и тоа:

а) пристап кој кореспондира со ново утврдените и важечките решенија во цивилната заштита;

б) наши видувања за можната, /новата/, организациска и функционална поставеност на цивилната заштита/цивилната одбрана во Република Македонија и кон тоа соодветен систем на оспособување.

Во рамките на првата варијанта разработивме приод и програмски содржини за оспособување на граѓаните за самозаштита, на повереништите, единиците и штабовите на цивилната заштита.

11. Самозаштитата како основен вид на заштита на луѓето и материјалните добра, не смее да се смета како составен дел на цивилната заштита и само нејзина обврска, туку таа се вклучува во самозаштитното оспособување на населението и тоа не во вид на класично собирање на обврзниците за обука. Односно на ниво на Републиката нема потреба од класичен наставен план и програм по кој би се вршела обука на граѓаните за самозаштита, туку треба да има разработен концепт, начини, патишта и форми преку кои дел од содржините од цивилната заштита би допрел до граѓаните како дел од нивната општа култура на живеење. При тоа, како основни содржини за кои би требало да се оспособуваат граѓаните во рамките на самозаштитата, како што тоа се подразбира во цивилната заштита би биле следниве: прва медицинска помош, локализирање и гасненње на почетни пожари, примарна деконтаминација, користење на уреди и средства и овладување со начините на гаснењето пожари, спасување на плитко затрупани лица, известување за опасностите, запознавање на населението со мерките и постапките во случај на воздушна и РХБ опасасност, опасност од пожари, елементарни непогоди и други несреќи, оспсобување на населението за учество во засолнувањето, поместувањето, евакуацијата, тревожењето, оспособување за извршување на затемнувањето на знак на општа воздушна опсаност, обучување и оспособување на граѓаните за спроведување на мерки и постапки за лична и колективна заштита и начин на користење на средствата за лична и колективна заштита и спроведување на маскирањето.

12. Предвидената улога и задачи на повереницитe во системот на цивилната заштита, во основа ги детерминираат знаењата, умеењата и вештините кои треба да ги поседуваат повереницитe за да можат успешно да ги реализираат задачите на

---

*З. Нацев, Оспособувањето за одбрана и заштита во Република Македонија*

заштитата и спасувањето. Оттука поверениците треба да се обучат и оспособат за организирање, подготвување и извршување на активностите и постапките во рамките на личната и заемната заштита во одделни животни и работни средини.

Поверениците би требало да се оспособат и увежбаат за организирање, насочување и спроведување на следниве мерки на цивилната заштита: прва медицинска помош; противпожарна заштита; спасување на плитко затрупани лица; реализирање на затемнувањето; поместувањето; евакуацијата и згрижувањето; остварување на затемнувањето; спроведување на мерки и постапки за лична и колективна заштита; маскирање; известување за опасностите; запознавање на населението со конкретни мерки и постапки при воздушна, РХБ опасност, опасност од пожари, елементарни непогоди и други несреќи во војна.

Покрај тоа, ќе треба да стекнат знаења од содржини кои ќе им обезбедат согледување на нивната улога и место во тој систем, нивните задачи, обврски и одговорности во однос на повисоките и соседните органи на раководење, како и да ја познаваат технологијата на изработка, пополнување и водење на одделни документи за потребите на оперативно извршување на задачите. Тие треба да се запознаат и увежбаат во користење на средства и опрема со кои формациски располагаат или треба да располагаат како и со основите на начинот на спроведувањето на едукацијата на населението во својата средина. Обуката на поверениците би се спроведувала во петтогодишен циклус од кој во рамките на првите три години би се спроведувала основната и дополнителната обука, а преостанатите две години би се искористиле за проверка на квалитетот за обученоста и увежбаноста на поверениците. Во рамките на основната обука, по изучувањето на една уводна тема преку која би се разработила организацијата,

поставеноста, улогата и задачите на цивилната заштита во системот на одбраната, а која би била заедничка и за единиците и штабовите, би следеле стручно тематски подрачја со претежно практичен карактер. Специјалистичката обука би опфатила оспособување на повереницте за организирање на мерките за заштита и спасување во функција на самозаштитата.

13. Во обуката на универзалните месни единици на цивилната заштита понудивме две решенија. Едното е тие како такви да бидат укинати а второто е ако егзистираат нивното оспособување во основа, програмски и содржајно би било слично со повереницте.

14. Во рамките на оспособувањето на специјализираните сили на цивилната заштита /месни иманеварски/ би се подготвиле и развиле вкупно дванаесет програми и тоа за следниве специјалности: противпожарната заштита; првата медицинска помош; РХБ деконтаминацијата; асанација на теренот ; комунални; заштита и спасување на животните и продуктите од животинско потекло; заштита и спасување на растенијата и растителни производи; спасување од урнатини; спасување на вода; расчистување на урнатини; извидување; пронаоѓање, дезактивирање и уништување на неексплодирани средства. Оспособувањето на овие единици би се спровело преку основна и дополнителна обука. Во рамките на основната обука би се реализирале две тематски целини заеднички за сите специјалности преку кои обврзниците би се запознале со организацијата, поставеноста на цивлната заштита во Републиката, како и со современите нападни средства низ призма на последиците кои би настанале со нивно дејство врз луѓето и материјалните добра. Потоа би се разработувале теоретски и практични содржини примерени за секоја специјалност а во функција за стекнување на основни знаења

и вештини за потребите на извршувањае на нивните задачи утврдени со оперативните документи. Циклусот на обучување би траел пет години со тоа што последните две години би биле во функција на проверка на квалитетот на обученоста и увежбаноста на овие единици. За сите дванеесет специјалности даваме структура на теми кои би се изучувале во рамките на основната /без заедничкиот дел/ и дополнителната обука.

15. Штабовите на цивилната заштита како оперативно стручни тела, мораат да бидат во состојба да функционираат како тим со висока усогласеност, координација и прецизност во извршувањето на задачите, бидејќи слабостите во штабот директно ќе се рефлектираат врз успешноста на дејствувањето на единиците. За да се постигне една таква хармонија во дејствувањето на Штабовите потребна е висока оспособеност на членовите на штабовите. Според составот на штабот се издвојуваат три категории на припадници: команданти, начелници и помошници на начелникот. За припадниците на штабот кои професионално се занимаваат со цивилната заштита /начелници и некои од помошниците/ нема потреба од посебна обука по програма како за другите членови на штабот. Тие вио рамките на извршувањето на својата редовна дејнсот би се усовршувале по пат на самообразование, перманентно обучување и други форми во функција на извршувањето на своите редовни задачи.

Командантите на Републичкиот, на подрачните и на штабовите на единиците на локалната самоупрва би се оспособувале според посебна програма, со тежиште насочено кон изучување на: системот на цивилната заштита, неговото место, улога и функција во системот на одбраната на Републиката; содржина и начин на организирање на одделни мерки за заштита и спасување; организација и работа на одделни членови на штабот во остварувањето на

раководната улога и посебно командувањето; изготвување на планови за употреба на силите.

За потребите на обучувањето на помошниците на началниците би се изготвила посебна програма, во чија содржина би имале еден блок на општо теоретски теми во врска со организацијата, поставеноста, силите, средствата на цивилната заштита, а потоа за секоја одделна категорија на помошници по однос на мерката за која се задолжени би се реализирале тематски содржини врзани за: методологијата на планирањето; содржина и начин на употреба на плановите за активирање на цивилната заштита; организирање; подготвување и функционирање на мерките за заштита и спасување и изработка на планот за конкретната мерка; водење на работна карта и други документи.

Втората фаза би опфатила оспособување на цели состави на штабовите, со примена на групен облик на работа, а би било опфатено извежбувањето на штабовите за изработка на оперативни документи од планот за употреба на планот на цивилната заштита во војна; плановите за мерките за заштита и спасување; оспособување за проценка на загрозеноста и повредливоста и проценка на сопствени сили и можности за отстранување на последиците од воени дејства; решавање на тактички задачи; оспособување за командно штабни вежби и заеднички вежби со руктурите на цивилната заштита на сите нивоа и со организации чија основна дејност е во функција на заштитата и спасувањето. Оваа фаза би се реализирала во циклус од три години а стекнатите знаења и вештини би се надоплонувале по пат на посебни курсеви, семинари, советувања и други форми.

16. Врз основа на анализата на пристапите и содржините на оспособувањето на граѓаните за цивилна заштита/цивилна одбрана, како и организациско функционалната поставеност во Австрија, Швајцарија, Франција, Шведска, Германија, Норвешка, Данска, САД, поранешниот СССР, Бугарија и Унгарија проектиран е можен модел на поставеноста на цивлината заштита во Република Македонија кој би бил примерен на нашите услови и можности и нашите достигања и решенија употребливи и вклопливи во таков модел. Компарирајќи ги решенијата во цивилната заштита присутни во светот и кај нас апострофиравме неколку глобални разлики.

17. Цивилната заштита во Република Македонија ја гледаме низ:

а) низ нејзината компоненетност во цивилната одбрана;

б) формирање на засебна дирекција, управа, сектор и сл. како раководен орган со голем степен на автономност во одлучувањето и дејствувањето;

в) планирано учество на определени единици и структури на АРМ и полицијата;

г) насочување на политиката и стратегијата на изградбата и развојот кон заштита и спасувањето на луѓето, материјалните добра и човековата околина во мир, со основна претпроставка дека таков систем со ,определена доградба може да дејствува во војна;

д) поттикнување на редовните организации и дејности директно врзани за заштитата и спасувањето, односно таму каде што постојат соодветни прифесионални или доброволни организации за заштита и спасување да не се формираат засебни сили, туку по, потреба и проценка да се зајакнуваат;

ѓ) поставување на пожарникарната, медицинската и комуналната служба во основата на заштитата и спасувањето;

е) насочување на активностите на државните органи кон потикнување, подршка на општествените организации за нивен ангажман во заштитата и спасувањето а при тоа да не се наруши нивната традиционална автономност;

. ж) организирање и подготвување на релативно самостоен сегмент на заштитата и спасувањето во рамките на стопанските организации, јавните установи и служби, кој би имал свои функционални задачи во мир и во војна;

з) вклопување на службата за набљудување и известување во системот на цивлината заштита како нејзин структурален дел;

и) вклучување во регионални и субрегионални асоцијации од областа на заштитата и спасувањето;

ј) издвојување на концепцискиот приод на заштитата и спасувањето од општата доктрина за одбрана со обезбедување на висок ниво на нивна кофунционалност;

к) интегрирање и функционално поврзување на цивилната заштита, екологијата и заштитата на работа.

18. Основен предмет на работа на цивилната заштита би требало да биде: набљудувањето и известувањето, самозаштитата, основната медицинска помош, противпожарната заштита, обезбедувањето на прехранбени продукти и лекарства, заштитна опрема и енергија на загрозената териоторија, евакуирање, истражување на методите и средствата за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра, меѓународна соработка.

19. Основни задачи на цивилната заштита би биле: во мирновременски услови да го штити населението и материјалните вредности од елементарни непогоди и катастрофи предизвикани од природни и неконтролирани сили; а во воена состојба таа би требала да овозможи преживување на населението, да создаде предуслови за живот и обновување на државата и да ја зголеми способноста за отпор.

20. Силите на цивилната заштита односно силите за заштита и спасување би биле пред се постојните професионални државни, стопански и општествени организации кои во рамките на својата дејност се занимават со заштита и спасувањето.

За таа цел потребно е населението да се оспособи за самозаштита, да се подготват и соодветно да се обучат професионалните и доброволните организации, да се организираат и оспособат наменски единици на цивилната заштита, да се организираат и оспособат органите кои ќе раководат со заштитата и спасувањето.

21. Оспособувањето на граѓаните за самозаштита треба да претставува основа, платформа врз која би се надоградувале доплонителни, повисоки аспекти на заштитата и спасувањето. Тоа би се изградувало во вид на одбранбено - заштитна култура на граѓаните.

22. Оспособувањето на редовните дејности треба да содржи мирновременски и воен аспект. Тие треба да имаат третман и улога на сили на цивилната заштита односно, да претставуваат колективен припадник на цивилната заштита. Во основа, тоа би биле еден вид на специјализирани единици на цивилната заштита, слично

на меневарските. Нивното оспособување за вршење на задачи од цивилната заштита во воена состојба би требало да се остварува по програма која во основа би била слична на онаа која ја изложивме во делот за специјализираните единици.

23. Заштитата на вработените и материјалните добра од загрозувања и деструкции во претрпијатијата би се остварувала преку изградување на интерни системи на заштита сообразно на потребите и можностите на секоја организација и барањата кои би произлегле од страна на надлежните државни органи во делот кој се однесува за воени потреби. Би требело да доминира економска, еколошка и воена функционалност. Военот аспект би бил особено изразен кај оние организации кои продолжуваат со своја работа и во воена состојба.

24. На претпријатијата би требало да им се понудат повеќе модели на организирање на заштитата и спасувањето при што изборот на начинот на оспособувањето на вработените би бил условен од значењето, улогата, местото, големината, видот, технолошкиот процес и видот на сопственоста.

25. Раководните органи и лица во цивилната заштита би се оспособувале и дооспособувале во посебни институции за таа намена - центри за обука, низ семинари, курсеви, советувања и други форми преку постојани и варијабилни програми.

## 11. НАПОМЕМЕНИ


1. Меринг И., Огледи из историје ратне вештине, стр.323

2. Јовашиќ Р., Дијалектика одбране, ВИЗ Београд,1983,стр.193

3. Колар З., Методика васпитања и образовања за ОНО и ДСЗ, Београд 1984,стр. 31.

4. Јовашиќ Р., н.д. стр.34

5. Закон за народну одбрану, Службени лист СФРЈ, бр. 8/1969

6. Бешкер М., Едукација за одбрану и заштиту, Факултет промјетних знаности, Загреб, 1989,стр.33.

7. Колар З., н.д.,стр 43

8. Види пошироко кај Гоцевски Т.,Одбраната на Македонија, НИО Студентски збор, 1992,стр 58-65

9. Закон за одбрана на Република Македонија, Февруари 1992 г., член 3,10 и 11

10. Статистички годишник на Република Македонија. Републички завод за статистика, Скопје, Ноември 1991

11. Закон за одбрана на Република Македонија, член 10 став 2

12. Пујиќ М., Оспособљавање радних људи и граѓана СФРЈ за ОНО и ДСЗ,НИО Пословна Политика, Београд, 1989,стр. 42

13. Гоцевски Т., Одбраната на Македонија, НИО Студентски збор, Скопје, 1992, стр 66-68

14. Јовановиќ Б., Руковоѓење општенародном одбраном и друштвеном самозаштитом, РО Привредапублик, Београд,1988, стр.77-79

15. Статтистички годишник на Република Македонија

16. Договорот го потпишаа СССНО и сите Републички и Покраински секретаријати за народна одбрана и републичките комитети за просвета, физичка и техничка култура, во декември 1985 г.

17. Информација за остварување на наставата по ОНО и ОСЗ во основното и средното образование и воспитание, изготвена од страна на Републичкиот комитет за образование и наука и Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието, Скопје, Октомври, 1982 г.

18. Норматив наставних средстава и опреме за наставу по програму за "Прву помоќ и заштиту" у основним школама, Завод за учбенике и наставна средства, ООУР Стварање и производња наставних средстава, март 1979 г.

19. Колар З., Патриотското воспитување и подготовките на земјата за одбрана, Одбрана и заштита, бр. 3/88 стр 9.

20. Информација за отварувањето на наставата по ОНО и ОСЗ во основното и средното воспитание, н.д. стр.5

21. Гоцевски Т., Адамчевска С., Идејно васпитно изграѓивање ученика основног образовања за ОНО и ДСЗ кроз наставу из других предмета, Зборник радова са симпозијума одржаног у Охриду на тему "Идејност и васпитност оспособљавања младих за ОНО и ДСЗ", Охрид,1989, стр 79-84

22. Анализирана програма за основно образование за учебната 1991/92

23. СССНО, Републичките и Покраинските заводи за унапредување на воспитанието и образованието, спроведоа истражување во врска со оспособувањето на учениците за одбрана и заштита во основните училишта во сите Републики и Покраини на поранешната СФРЈ, во текот на 1982 и 1983 година. Беа тестирани околу 350 ученици и анкетирани 60 наставници во секоја поранешна СР и САП, од кои 30 наставници по предметот "Прва помош и заштита" и по 30 наставници по предеметите во кои беа вградени содржините од одбрана и заштита. Во текот на 1984 и 1985 година беа поднесени извештаи и анализи од организацијата и спроведувањето на ова воспитување и образование на учениците во основните училишта во поранешната СФРЈ. Таква збирна анализа постоеше во поранешниот РСНО а сега Министерство за одбрана, од која користевме определенми резултати кои беа презентирани во истата.

24. Инфромација за остварување на наставата по ОНО и ОСЗ во основното и средното образование и воспитание, н.д.

25. Илиќ М., Југословенски социјалистичи патриотизам, Одбрана и заштита, бр. 4/85 стр.6

26. Ибид

27. Колар З., Патриотското .воспитување во подготовките на земјата за одбрана ... н.д. стр 11

28. Пивац Ј., Школа на прекретници, школске новине, Загреб, 1989, стр. 54

29. Хамлер Ј., Идејно васпитна функција ваннаставне активности у ОНО и ДСЗ, Зборник радова са симпозиума одржаног у Охриду на тему "Идејност и васпитност оспособљавања младих за ОНО и ДСЗ" стр 84 -91

30 Кундачина М., Утицај организованих облика активности младих на оспосособљеност за учење у ОНО и ДСЗ, Симпозијум у Охриду ... стр 155 - 167

31. Податоците се преземени од Информацијата на министерството за образование под наслов: Остварување на правата на националните малцинства во областа на воспитанието и образованието во Република Македонија, Април, 1992

32. Го употребуваме овој назив за да не се направи определена терминолошка збрка, а инаку тој порано се викаше ОНО и ОСЗ на СФРЈ, а сега Одбрана и заштита

34. Иако беа организирани многубројни средби со претставниците на Заводот , Министерството за одбрана и Институтот за одбрана на кои се усогласуваа и конечно се усогласија ставовите и погледите во врска со содржината на програмата, Зводот, мимо сите тие договори инугуираше "своја" програма, со што не беќе испочитуван претходниот договор.

35. Интервју со Пујиќ М., ОНО и ДСЗ, бр.290, од 1990, стр.1

36. Пујиќ М., н.д. стр 133.

37. Јаворовиќ Б., Друштвјене промјене и одбрана и заштита, Отворено свеучилиште, Загреб 1990, стр.87

38. Јаворовиќ Б., Пујиќ М., Вујачиќ Р. и други

39. Срна Е., Средношколскиот предмет одбрана и заШтита пред предизвикот на новото време, Одбрана и заштита, бр.2/91 стр.62-65

40. Сектор за цивилну одбрану ССНО и Заводи за унапреѓење васпитањња и образовања СР и САП., Програмски садржаји значајни за ОНО и ДСЗ који се уграѓују у програме васпитно - образовног рада средњег усмереног образовања и васпитања, Београд, Април, 1985

41. Информација за остварување на наставата по ОНО и ОСЗ во, основното и средното ... н.д.

42. Јаворовиќ Б., н.д. стр 85

43. Одбрана и заштита бр. 5-6/91 стр. 74

44. Колев Д., Срна Е., Ставовите на студентите на Сараевкиот Универзитет спрема предметот ОНО и ОСЗ на СФРЈ, Одбрана и заштита, 1/91 стр.61.

45. Јончиќ В.,Оспсобување на младите за одбрана, Одбрана и заштита бр 2/88 стр 63.

46. Одбрана и заштита бр 5-6/91 страна 74

47. Конкурс за запишување на студенти во учебната 1992/93

48. Закон за одбрана на Република Македонија, 1992.

49. Информација за спроведување на обуката и оспособувањето на вонучилишната младина за ОНО во Република Македонија во 1986/87 и Извештај за изведената обука со младината која не посетува училишта за средно насочено образование во Република Македонија во 1989 година на Министерството за одбрана. Документ од интерен карактер

50. прво вработување на авторот беше во Министерството за одбрана на место стручен соработник за обука на вонучилишната младина

51. Швајцарска армија, превод на Министерството за одбрана за интерна употреба, 1993 стр. 13.

52. Вејл Л., Цивилна одбрана, ВИНЦ Београд, 1991, стр 28.

53. содржините на конвенциите можат да се видат во книгата Меѓународне конвенције о ратном праву и сигурности, Завод за ОНО и ДСЗ СРХ, Загреб, 1979.

54. Ибид, стр 214-215

55. Ибид, стр. 216-217.

56. Војни Лексикон, ВИЗ Београд, 1981, стр. 87.

57. основни извори ни беа Јаворовиќ Б., Сувремени Сустави цивилне одбране /прегледна студија/ отворено свеучилиште, Загреб, 1992; Веејл Л., Цивилна одбрана, ВИНЦ Београд, 1991; Сукњеник К., Цивилна одбрана, ВИЗ Београд, 1976 и текстови од списанието Одбрана и заштита бр. 2/88 стр.51., бр.3/77 стр.78, бр.5-6/84 стр 91, бр. 5-6/85 стр.43, бр.3-4/84 стр.56, бр. 1/86 стр.47 и бр.2-3/85 стр. 39.

58. во Австрија нема законски основи за вклучување во цивилната одбрана

59. Вејл Л., н.д. стр.54.

60. Ибид стр.231

61. Наставни планови и програми за основна и дополнителна обука на штабови, повереници и единици на ЦЗ, РСНО Скопје, 1987.

62. Службен весник на Република Македонија бр. 51 стр 943 од 26 Август 1992

63. Посебен службен весник на Република Македонија бр. 19 год.XII Скопје, 19 Ноември 1992.

64. Службен весник на Република Македонија, посебен службен весник, бр. 15. год. XII, Скопје, 28 септември 1992.

65. Види ги членовите 27, 40, 42, 47 и 53 од Уредбата за ЦЗ.

66. Јаворовиќ Б., Сувремени сустави, ... н.д. стр 177.

67. Насоки за организирање, подготвување и функционирање на ЦЗ во СРМ со мерки и критериуми, Претседателство на СРМ, Скопје, Ноември 1986.

68. Во текот на 1990 година беше извршено емпириско истражување на просторот на Република Македонија со цел да се согледа организационата поставеност на системот на ЦЗ и на неговите делови во Републиката од аспект на потребите и барањата за извршување на конкретни задачи во заштиттата и спасувањето на луѓето и материјалните и други добра. Со анкетата беа опфатени

108 раководни и други стручни кадри кои работат на работите од одбраната и ЦЗ или пак функционално извршуваат задачи во ЦЗ на републичко и општинско ниво и тоа: еден републички секретар за одбрана /министерот/, еден командант и начеленик на РШЦЗ, триесет и пет секретари - начелници на општинските органи на управа за одбрана, 35 команданти и 35 начелници на општинските штабови на ЦЗ. Во најголем дел на фазите од истражувањето земавме учество при што раководител на тимот беше Кузев С., од министерството за одбрана. Најголенм дел од податоците се искористени за изработка на магистерски труд под наслов "Организационата поставеност на ЦЗ во република Македонија во новите услови". Но, оделни истражувачки резултати се директно во функција на нашиот проблем на разгледување. Оттука дел од нив во вид на сепарат од тоа истражување ги даваме во прилог, при што во текстот се повикуваме и на одделни констатации кои беа изнесени во споменатиот магистерски труд.

69. Младеновски М., Подготовки на ЦЗ во СРМ, Одбрана и заштита бр. 3-4/89. стр 66.

70. Кузев С., Организационата поставеност на ЦЗ во Република Македонија во новите општествени услови, / необјавена магистерска теза, бранета на Универзитетот во Скопје 1991 година, библиотека на Институтот за одбрана на Филозофскиот Факултет во Скопје/, стр 127.

71. Анализа на состојбите и проблемите на обучувањето за ОНО и ОСЗ во СРМ, РСНО, 1987

72. член 107 од Законот за одбрана на Република Македонија, 1992 год.

73. Упатство за работа на повереницитe на ЦЗ, РСНО, Скопје, 1984, стр. 16.

74. Кузев С., н.д. стр. 105.

75. член 9 од Уредбата за ЦЗ

76. Ибид член 81

77. Ибид член 82

78. Јаворовиќ Б., Современи суставі ... н.д.

79. се потпревме на делото на Сукњеник К.,Цивилна одбрана, н.д.

80. Закон за одбрана на Република Македонија од 1992. член 86.

81. Ибид, член 109.

82. Ибид, член 88.

83. Ибид, член 106.

84. Ибид, член 89.

85. Ибид, член. 85.

86. Ибид, член 96.

87. Ибид, член 97.

88. Ибид, член 98.
89. Ибид, член 104.

90. Ибид, член 105.

91. Уредба за цивилна заштита, член 19.

92. Ибид, член 28.

93. Ибид, член 33.

94. Ибид, член 47.

95. Ибид, член 49.

96. Ибид, член 56.

97. Ибид, член 58.

98. Ибид, член 96.

99. Уредба за определување на претпријатија, јавни установи и служби од посебно значење за одбраната, Службен весник на Република Македонија - посебен службен весник, бр.19. стр. 4., Ноември 1992.

ПРИЛОГ БРОЈ 1.

Дали повереницитe на цивилната заштита со сегашната организациона поставеност се оспособени за извршување на своите задачи

Табела број 1

| Функција-должност | Одговори | | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Д а | | Делумно | | Н е | | Вкупно | | |
| | број | % | број | % | број | % | број | % | |
| СНО | 1 | 2,86 | 21 | 60,00 | 12 | 34,29 | 35 | 100 | 1-2,86% |
| КШЦЗ | 4 | 11,43 | 27 | 77,14 | 4 | 11,43 | 35 | 100 | |
| НШЦЗ | 2 | 5,71 | 22 | 62,86 | 11 | 31,43 | 35 | 100 | |
| Вкупно | 7* | 6,67 | 70* | 66,67 | 27 | 25,71 | 35 | 100 | 1-0.95% |

$Хи^2$=5,93  дф=2  п>0,05  П=Н.З.

Основни причини за делумната оспособеност, односно за неоспособеноста на единиците на цивилната заштита за општа намена

Табела број 2

| Функција-должност | Одговори | | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не се поп. | | Неп.струк. | | Не се обу. | | Не се опр. | | |
| | број | % | број | % | број | % | број | % | |
| СНО | 11 | 31,43 | 32 | 91,43 | 20 | 57,14 | 25 | 71,43 | За.ЕОНиСЕ |
| КШЦЗ | 13 | 37,14 | 32 | 91,46 | 21 | 60,00 | 30 | 85,71 | |
| НШЦЗ | 18 | 51,43 | 34 | 97,14 | 20 | 57,14 | 30 | 85,71 | |
| Вкупно | 42 | 40,00 | 98 | 93,33 | 42 | 40,00 | 85 | 80,95 | |

## Дали специјализираните единици на цивилната заштита се оспособени за извршување на своите задачи

Табела број: 3

Одговори — во месни заедници

| Функција-должност | да: број | да: % | делумно: број | делумно: % | не: број | не: % | вкупно: број | вкупно: % | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛНО | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| КШЦЗ | - | - | 20 | 57,14 | 6 | 17,14 | 35 | 100 | 9-25,71% |
| НШЦЗ | - | - | 13 | 37,14 | 9 | 25,71 | 35 | 100 | 13-37,14% |
| Вкупно | - | - | 33 | 47,14 | 15 | 21,43 | 70 | 100 | 22-31,43% |

Одговори — во претпријатија

| Функција-должност | да: број | да: % | делумно: број | делумно: % | не: број | не: % | вкупно: број | вкупно: % | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛНО | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| КШЦЗ | 5 | 14,29 | 26 | 74,29 | 1 | 2,86 | 35 | 100 | 3- 8,57% |
| НШЦЗ | 5 | 14,29 | 20 | 57,14 | 3 | 8,57 | 35 | 100 | 7-20,00% |
| Вкупно | 10 | 14,29 | 46 | 65,71 | 4 | 5,71 | 70 | 100 | 10-14,29% |

Одговори — општински СЕ

| Функција-должност | да: број | да: % | делумно: број | делумно: % | не: број | не: % | вкупно: број | вкупно: % | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛНО | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| КШЦЗ | 18 | 51,43 | 17 | 48,57 | - | - | 35 | 100 | - |
| НШЦЗ | 16 | 45,71 | 19 | 54,29 | - | - | 35 | 100 | - |
| Вкупно | 34 | 48,57 | 36 | 51,43 | - | - | 70 | 100 | - |

$M_{(КШЦЗ-МЗ)}$=1,77(26)
$M_{(НШЦЗ-МЗ)}$=1,59(22)

$M_{(КШЦЗ-Прет.)}$=2,12(32)
$M_{(НШЦЗ-Прет.)}$=2,07(28)

$M_{(КШЦЗ-Опш.)}$=2,51(35)
$M_{(НШЦЗ-Опш.)}$=2,46(35)

НАПОМЕНА: М е пресметувано на скала од 1-3 (1-не, 2-делумно, 3-да)

Цивилната заштита треба да се развива само за оние мерки на заштита и спасување, за кои според процената редовните дејности неможат да ги задоволат потребите

Табела број 4

| Функција-должност | Одговори | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | | |
| | број | % | број | % | број | % | |
| СНО | 21 | 60,00 | 14 | 40,00 | 35 | 100 | |
| КШЦЗ | 19 | 54,29 | 16 | 45,71 | 35 | 100 | |
| НШЦЗ | 14 | 40,00 | 21 | 60,00 | 35 | 100 | |
| Вкупно | 54 | 51,43 | 51 | 48,57 | 105 | 100 | |

$Хи^2$=2,97 дф=2 п>0,05 П=Н.З.

Цивилната заштита е одбранбена активност чии сили во заштитата и спасувањето

Табела број 5

| Функција-должност | Одговори | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се придодав. | | Се посеб.сила | | Вкупно | | |
| | број | % | број | % | број | % | |
| СНО | 19 | 54,29 | 15 | 42,86 | 35 | 100 | 1-2,86% |
| КШЦЗ | 17 | 48,57 | 17 | 48,57 | 35 | 100 | 1-2,86% |
| НШЦЗ | 18 | 51,43 | 16 | 45,71 | 35 | 100 | 1-2,86% |
| Вкупно | 54 | 51,43 | 48 | 45,71 | 105 | 100 | 3-2,86% |

$Хи^2$=0,24 дф=2 п>0,05 П=Н.З.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. **Авентик Р**, Основи методологије програмирања образовних садржаја и утврђивање профила кадрова, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1983.

2. **Аранђеловић**, м-р.Д, Образовање и усавршавање наставника, васпитача и сарадника, Нова просвјета, Београд,1986.

3. **Бабић**,д-р.Б, Поливалентна примјена метода у образовању, Свјетлост, Сарајево, 1980.

4. **Баковљев**, д-р М, Дидактика, Научна књига, Београд, 1984.

5. **Блоом Б**, Таксономија или класификација образовних и одгојних циљева, Републички завод за унапређење васпитања и образовања, Београд, 1981.

6. **Беговић**, д-р А, Организовање и припремање за општонародну одбрану, Завод за ОНО и ДСЗ СР Хрватске, Загреб, 1983.

7. **Беговић**, д-р А, Концепција и систем ОНО и ДСЗ, Пословна политика, Београд, 1989.

8. **Безданов**, д-р С, Васпитање и образовање у мислима и делима Е. Кардеља, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1981.

9. **Боројевић** Б, Људи у рату-најважнији фактор у ОНО, Глобус, 1981.

10. **Бузер М**, и др, Друштвена самозаштита у организацијама удруженог рада, Завод за ОНО и ДСЗ, Загреб, 1977.

11. **Бешкер**, д-р М, Едукација за одбрану и заштиту, Факултет прометних знаности, Загреб, 1989.

12. **Војна настава у свјетлу научне теорије**, Војноиздавачки завод, Београд, 1969.

13. **Вученов** Н, Кораци ка савременој настави, учењу и уџбенику, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1988.

14. **Вејл** Л, Цивилна одбрана, ВИНЦ, Београд, 1991.

15. **Гоцевски, д-р Т**, Одбраната на Македонија, НИО Студентски збор, Скопје, 1992.

16. **Деспиник И**, Како би се Југославија борила у рату, Војноиздавачки завод, Београд, 1977.

17. **Долничар И**, Развој теорије и праксе општенародне одбране, Радничка штампа, Београд, 1976.

18. **Дајk Џ**, Северновијетнамске стратегије преживљавања, Савремена војна мисао, Београд, 1975.

19. **Ђорђевиk J. и Поткоњаk Н**, Педагогија, Научна kњига, Београд, 1988.

20. **Ибрахимпашиk, д-р М**, Друштвена припрода општенародног одбранбеног рата, Војноиздавачки завод, Београд, 1977.

21. **Ивезиk Н**, Функција одгоја и образовања у систему ОНО и ДСЗ, Војноиздавачки завод, Београд, 1977.

22. **Идејност и васпитност оспособљавања младих за ОНО и ДСЗ СФРЈ**, Зборник радова, ССНО, Београд, 1989.

23. **Јовановиk, д-р Б**, Планирање развоја ОНО и ДСЗ, Завод за ОНО и ДСЗ, Загреб, 1980.

24. **Јаворовиk, д-р Б**, Друштвене промјене и одбрана и заштита, Отворено свеучилиште, Загреб, 1990.

25. **Јаворовиk, д-р Б**, Сувремени сустави цивилне одбране (прегледна студија), Отворено свеучилиште, Загреб, 1992.

26. **Јовациk, д-р Р**, Дијалектиkа одбрана, Војноиздавачки завод, Београд, 1983.

27. **Јефтиk Б**, Омпладина и одбрана, РО "Центар", Београд, 1989.

28. **Јовановиk, д-р Б**, Руkовођење ОНО и ДСЗ, Привредапублиk, Београд, 1988.

29. **Качаванда, д-р Р**, Омладина у рату и револицији, Еkспорт прес, Београд, 1982.

30. **Копровсkи Љ и Петровсkи Б**, Педагогија, Просветно дело, Сkопје, 1986.

31. **Колар, д-р З**, Теоретсkе основе наставе у армији, Војноиздавачки завод, Београд, 1977.

32. **Колар, д-р З**, Методиkе наставе и васпитно образовног рада одбране и заштите у школама усмереног образовања, Завод за уџбениkе и наставна средства, Београд, 1981.

33. Колар, д-р З, Методика васпитања и образовања за ОНО и ДСЗ, Војноиздавачки завод, Београд, 1984.

34. Колар, д-р З, Методика васпитања и образовања за одбрану и заштиту, Војноиздавачки и новински центар, Београд, 1990.

35. Кадрић, д-р Ш, Заштита друштва и образовање, Педагошка академија, Сарајево, 1991.

36. Камберски К, Високо образование во Македонија во периодот 1945-1975, Просветно дело, Скопје, 1991.

37. Кузев, м-р С, Организациона поставеност на цивилната заштита во Република Македонија во новите општествени услови, (необјавена магистерстка теза, бранета на Универзитетот во Скопје 1991 година, бибилиотека на Институтот за одбрана на Филозофскиот факултет во Скопје).

38. Калвокорези П и Винт Г, Тотални рат, ИРО Рад, Београд, 1987.

39. Милиарет Г, Увод у едукациске знаности, Школске новине, Загреб, 1989.

40. Одгој у функцији општенародне одбране и друштвене самозаштите, Округли сто, Задар, 1981.

41. Љубичић Н, Општенародна одбрана, стратегија мира, Војноиздавачки завод, Београд, 1971.

42. Мамула Б, Савремени свијет и наша одбрана, Војноиздавачки завод, Београд, 1985.

43. Мишковић И и Мандић М, Цивилна заштита у СФРЈ, Пословна политика, Београд, 1987.

44. Мелон К, Милер Ж и Семлен Ж, Неоружани отпор, Војноиздавачки и новоснки центар, Београд, 1989.

45. Мркић С, Прелевић М, и Беговић А, теорија о рату, Војноиздавачки завод, Београд, 1981.

46. Међународне конвенције о ратном праву и сигурности, Завод за ОНО и ДСЗ СР Хрватске, Загреб, 1979.

47. Мали М, Млади у ОНО и ДСЗ, Мисао, Нови Сад, 1982.

48. Петковски Д, Одбрана СФРЈ сопственим снагама, НИО Пословна политика, Београд, 1989.

49. Припрема социјалистичког самоуправног друштва за одбрану, Војна штампарија, Сплит, 1981.

50. Пујић М и др, Васпитање и оспособљавање омпадине за ОНО и ДСЗ, Свјетлост, Сарајево, 1982.

51. Пујиќ М, Васпитање радних људи и грађана СФРЈ за ОНО и ДСЗ, НИО Пословна политка, Београд, 1985.

52. Пујиќ М и др, Одбрана и заштита, Завод за издавање уџбеника СР Србије, Београд, 1983.

53. Пујиќ М, ОНО и ДСЗ у организацијама удруженог рада, НИО Пословна политика, Београд, 1985.

54. Пујиќ М, Оспособљавање радних људи и грађана за ОНО и ДСЗ, НИО Полсовна политкиа, Београд, 1989.

55. Пивац Ј, Школа на прекретници, Школске новине, Загреб, 1989.

56. Припремљеност становништва за ОНО и ДСЗ СФРЈ, проект истраживања, ЦОССИС, Београд, 1986.

57. Промените во општествено-политичкиот систем и нивниот одраз врз ОНО и ДСЗ, НИО Студентски збор, Скопје, 1990.

58. Радиновиќ Р и Станиќ Г, Одбрана и заштита, Уџбеник за више школе и факултете, ИП Наука, Београд, 1991.

59. Ратковиќ М, Образовање за развој, "Тискара", Загреб, 1987.

60. Југословенско саветовање на тему: Утицај закона о предузекима и Закона о страном улагању на организовању и остваривању ОНО и ДСЗ у привреди, Факултет народне одбране у Београду, Београд, 1990.

61. Југословенско саветовање на тему: Статус кадрова и делатности ОНО и ДСЗ у новим друштвеним увјетима, Опатија, 1990.

62. Југословенско саветовање на тему: Научна делатност и одбрана, Зборник радова, Дубровник, ССНО, Београд, 1989.

63. Самоловчев, д-р Б, Теориске основе војног васпитања и образовања, Војноиздавачки завод, Београд, 1976.

64. Самоловчев Б, Теоретските и методските основи на воспитната работа, Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 1984.

65. Стојановиќ Р, Заштита и спасавање људи и материјалних добара у ванредним ситуацијама, Војноиздавачки завод, Београд, 1984.

66. Сукјениќ К, Цивилна одбрана, Војноиздавачки завод, Београд, 1976.

67. Симиќ Џ и Арнаудовиќ О, Прирачник-физичко техничко обезбеђење, противпожарна заштита и цивилна заштита, НИО Пословна политика, Београд, 1987.

68. Статистички годишник на Република Македонија, Републички завод за статистика, Скопје, 1991.

69. Савремени проблеми одгоја, Школске новине, Загреб, 1988.

70. Шамић М, Како настаје научно дело, Свјетлост, Сарајево, 1990.

71. Шаиновић Љ, Когнитивни и афективни чиниоци у моралном развоју, Институт за педагошка истраживања, Београд, 1988.

# ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ


- Устав на република Македонија

- Закон за одбрана на Република Македонија

- Уредба за критериуми за обучување за одбрана

- Уредба за определување на претпријатија, јавни установи и служби од посебно значење за одбраната

- Уредба за условите, начинот и времето на траењето на задачите за кои се воведува работна обврска на граѓаните

- Уредба за определување на задачите кои можат да ги извршуваат жените во резервен состав на Армијата на република Македонија

- Уредба за уредување на територијата за потребите на одбраната

- Уредба за организирање, подготвување и извршување на активностите и задачите на цивилната заштита вов воена состојба и за формирање и подготвување на единиците и штабовите на цивилната заштита

- Одлука за формирање на единици и штабови на цивилната заштита

- Одлука за методологија за спроведување на подготовките за одбрана

- Прописи о обрамби ин зашчити, Часописни завод, Урадни лист Републике Словеније, Љубљана, 1992

- Програм оспособљавање кадров за потребе обрамбе ин зашчите в Републикем центру за обрамбено оспособљавење за лето 1992, Министерство за обрамбо- Републишки центер за обрамбено успосабљање, Пољче, 1991

- Упатство за работа на повереницитe на ЦЗ, РСНО, Скопје, 1984

- Насоки за организирање, подготвување и функционирање на ЦЗ во СРМ со мерки и критериуми, СРМ, Претседателство на СРМ, Скопје, 1986

- Наставен план и програма за основна и дополнителна обука на штабовите, повереницитe и единиците на ЦЗ, РСНО, Скопје, 1987

- Наставен план и програм за обучавање лица који раде на стручним пословима ОНО у области привреде, друштвеног планирања и финансија, Републички секретаријат за послове привреде, Титоград, 1986

- Наставни план и програм за обучавање лица која раде на пословима ОНО и ДСЗ у друштвеним дјелатностима и правосудним органима, Републички комитет за образовање, културу и науку, Титоград, 1986

- Наставен план и програма за обучување на населението за општонародна одбрана, РСНО, Скопје, 1986

- Насоки за обучување за општонародна одбрана, Претседателство на СФРЈ, Белград, 1984

- Информација за остварување на наставата по ОНО и ОСЗ во основното и средното образование и воспитание, Републички комитет за образование и наука и Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието во Р Македонија, Скопје, 1982

- Информација на Министерството за образование под наслов: Остварување на правата на националните малцинства во областа на националните малцинства во областа на воспитанието и образованието во Р. Македонија, април, 1992

- Информација за спроведување на обуката и оспособувањето на вонучилишната младина за ОНО во Р. Македонија во 1986/87 и Извештај за изведената обука со младината која не посетува училишта за средно насочено образование во Р. Македонија во 1989 година, Министерство за одбрана, Скопје

- Анализа на состојбите и проблемите на обучувањето за ОНО и ОСЗ во СРМ, РСНО, Скопје, 1987

- Норматив наставних средстава и опреме за наставу по програму за "Прву помок и заштиту" у основним школама, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1979

- Програмски садржаји значајни за ОНО и ДСЗ који се уграђују у програме васпитно-образовног рада средњег усмереног образовања и васпитања, ССНО и Заводи за унапређење васпитања и образовања СР и САП, Београд, април, 1985

## СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИЈИ

- Одбрана и заштита, броеви 1/84; 5-6/84; 4/85; 5-6/85; 4/86; 1/87; 2/87; 6/87; 1/88; 2/88; 3/88; 6/88; 4-5/88; 3-4/89; 5/89; 6/89; 1/90; 2/90; 3-4/90; 5-6/90; 1/91; 2/91 и 1/92

- Одбрана, броеви 1/92; 2/92; 3/93; 4/93; 5/93

- Весник ОНО и ДСЗ, броеви 274, 275, 273, 281, 282, 283, 286, 284, 290, 294, 301, 307, 312, 313, 316, 317

- Војно политички информатор 18/1981; 14/77; 20/83; 21/84; 22/85

- Војно дело 4/86

- Информативни билтен превода, Центар високох војних школа оружаних снага М. Тито, Центар за ввојнонаучну документацију и информације, број 3/90

- Списанија Андрагогија, броеви 7-9/80; 10-12/87; 1-3/89; 7-9/89; 1-3/90; 10-12/90

- Форум човек и право, броеви 1/91; 2/91; 3-4/91; 7-8/91

- Единство, СРВСЈ, број 2/90